**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - С К О П Ј Е**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА „МАЈКА ТЕРЕЗА"**

# ДИСФУНКЦИОНАЛНОСТА НА СЕМЕЈСТВОТО, ПРИЧИНА ЗА ПОЈАВА НА ПОРЕМЕТЕНО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИТЕ

докторска дисертација -


**Ментор:** **проф.д- р Верица Стаменкова Трајкова**

**Кандидат:** **м-р Ѕала Бојкоска**


Скопје, 2014 год.

## *Благодарност*

*Најголема и искрена благодарност за моралната поддршка и стручните совети, консултации, сугестии и насоки при изработката на оваа докторска дисертација, упатувам до мојот ментор проф.д- р Верица Стаменкова Трајкова.*

*Посебена благодарност изразувам до доц. д-р Софија Георгиевска чија што стручна помош ми беше достапна во секој момент давајќи голем придонес во реализација на овој труд.*

*Исто изразувам благодарност и до остантите членовите на комисијата за оцена и одбрана: проф. д-р Сунчица Димитријоска, проф. д-р Дивна Лакинска, доц. д-р Владимир Илиевски, чии забелешки и сугестии се вградија во конечното оформување на овој труд.*

*Овој докторски труд е резултат на поддршката, трпеливоста и љубовта кои ги добивав од мојот сопруг и моите синови, кои ми ја даваа неопходната сила и упорност да издржам и на кои им должам голема благодарност за сѐ што постигнав во животот.*

## *ИЗЈАВА ЗА ОРИГИНАЛНОСТ НА ТРУДОТ*

*Јас, Ѕала Бојкоска, кандидат за одбрана на докторскара дисертација со наслов* ***„Дисфункционалноста на семејството, причина за појава на пореметено однесување кај адолесцентите“*** ***и з ј а в у в а м*** *под морална, материјална и друга одговорност дека при изработката на докторската дисертација ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди. Тоа значи дека трудот е оригинален, не е плагијат.*

*Скопје*
*2014 година*

*Подносител на изјавата:*

______________________________

*м-р Ѕала Бојкоска*

**Комисија за оцена и  одбрана:**

Ментор: проф. д-р Верица Стаменкова Трајкова

________________________________

**Членови на комисија за оцена и одбрана:**

проф. д-р Сунчица Димитријоска

________________________________

проф. д-р Дивна Лакинска

________________________________

доц. д-р Софија Георгиевска

________________________________

доц. д-р Владимир Илиевски

________________________________

**Датум на одбрана :**

________________________

**Датум на промоција:**

________________________

## СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| **ВОВЕД** | | Стр. |
| **А.** | **ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ** | 2 |
| **1.** | **НАРУШЕНОТО ОДНЕСУВАЊЕ** | 5 |
| 1.1 | ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ НАРУШЕНО ОДНЕСУВАЊЕ | 6 |
| 1.2 | КЛАСИФИКАЦИЈА НА НАРУШЕНО ОДНЕСУВАЊЕ | 11 |
| 1.2.1 | ПАСИВНИ НАРУШУВАЊА ВО ОДНЕСУВАЊЕТО | 13 |
| 1.2.2 | АКТИВНИ НАРУШУВАЊА ВО ОДНЕСУВАЊЕТО | 13 |
| 1.2.2.1 | НАМЕТЛИВО ОДНЕСУВАЊЕ | 15 |
| 1.2.2.2 | БУНТОВНО/ИНАЕТСКО ОДНЕСУВАЊЕ | 17 |
| 1.2.2.3 | АГРЕСИВНО ОДНЕСУВАЊЕ | 18 |
| 1.2.2.4 | БЕГАЊЕ ОД УЧИЛИШТЕ И ДОМОТ | 22 |
| 1.2.2.5 | СЛАБ УЧИЛИШЕН УСПЕХ | 24 |
| 1.2.2.6 | НЕПОЧИТУВАЊЕ НА НОРМИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО | 26 |
| 1.2.2.7 | ЛАЖЕЊЕ | 27 |
| 1.2.2.8 | КРАДЕЊЕ | 30 |
| 1.2.2.9 | ПРЕТЕРАНА АКТИВНОСТ (ХИПЕРАКТИВНОСТ) | 31 |
| 1.2.2.10 | ПУШЕЊЕ ЦИГАРИ | 32 |
| 1.2.2.11 | ПИЕЊЕ АЛКОХОЛ | 32 |
| **2.** | **АДОЛЕСЦЕНЦИЈА** | 36 |
| 2.1 | ПОИМ И КАРАКТЕРИСТИКИ | 36 |
| 2.2 | ПРОМЕНИ ВО АДОЛЕСЦЕНЦИЈАТА | 42 |
| 2.3 | ИДЕНТИТЕТОТ ВО АДОЛЕСЦЕНЦИЈАТА | 45 |
| 2.4 | ОДНОСИ СО РОДИТЕЛИТЕ ВО ПЕРИОДОТ НА АДОЛЕСЦЕНЦИЈАТА | 46 |
| **3.** | **ПРИЧИНИ ЗА ПОЈАВА НА НАРУШЕНО ОДНЕСУВАЊЕ** | 49 |
| 3.1. | ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ ЗА РАЗВОЈОТ НА ЛИЧНОСТА | 50 |
| **3.2.** | **ПСИХОЛОШКИ ФАКТОРИ** | 50 |
| 3.2.1 | ТЕОРИИ ЗА ЛИЧНОСТА И ПОТЕКЛО НА НАРУШУВАЊАТА | 51 |
| 3.2.2 | ПСИХОАНАЛИТИЧКИ ТЕОРИИ | 52 |
| 3.2.3 | ПСИХОДИНАМСКА ТЕОРИЈА | 55 |
| 3.2.3.1 | РАЗВОЈНИ ФАЗИ | 56 |
| 3.2.4 | СОЦИЈАЛНО ПСИХОЛОШКИ ТЕОРИИ | 60 |
| 3.2.5 | БИХЕВИОРАЛНА ТЕОРИЈА | 61 |
| **3.3.** | **БИОЛОШКИ ФАКТОРИ** | 62 |
| 3.3.1 | НЕРВНИОТ СИСТЕМ | 63 |
| 3.3.2 | ЕНДОКРИНИ СИСТЕМ | 63 |
| 3.3.3 | НАСЛЕДНИ ОСОБИНИ | 64 |
| 3.3.4 | ИНДИВИДУАЛНИ ФАКТОРИ | 66 |
| 3.3.5 | СТРУКТУРА НА ЛИЧНОСТА | 67 |
| 3.3.5.1 | ТЕМПЕРАМЕНТ | 68 |
| **3.4** | **СОЦИЈАЛНИ ФАКТОРИ** | 70 |
| 3.4.1 | ПРОЦЕСОТ НА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И НАРУШЕНОТО ОДНЕСУВАЊЕ | 71 |
| 3.4.2 | РИЗИЧНИ ФАКТОРИ ПОВРЗАНИ СО СЕМЕЈСТВОТО | 72 |
| 3.4.2.1 | ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА СЕМЕЈСТВОТО | 79 |

| | | |
|---|---|---|
| 3.4.2.2 | ЕДНОРОДИТЕЛСКО СЕМЕЈСТВО | 82 |
| 3.4.2.3 | РИЗИЧНИ ФАКТОРИ ПОВРЗАНИ СО РОДИТЕЛСКО ОДНЕСУВАЊЕ | 83 |
| 3.4.2.4 | ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ОДНЕСУВАЊЕТО НА РОДИТЕЛИТЕ | 85 |
| 3.4.2.5 | ОДНОСОТ ПОМЕЃУ РОДИТЕЛИТЕ И ДЕЦАТА | 88 |
| 3.4.2.6 | РИЗИЧНИ ФАКТОРИ ПОВРЗАНИ СО ВОСПИТНИТЕ СТИЛОВИ НА РОДИТЕЛИТЕ | 89 |
| 3.4.3 | РИЗИЧНИ ФАКТОРИ ПОВРЗАНИ СО ВЛИЈАНИЕТО НА УЧИЛИШТЕТО | 96 |
| 3.4.4 | РИЗИЧНИ ФАКТОРИ ПОВРЗАНИ СО ВЛИЈАНИЕТО НА ГРУПАТА ВРСНИЦИ | 99 |
| 3.4.5 | РИЗИЧНИ ФАКТОРИ ПОВРЗАНИ СО ВЛИЈАНИЕТО НА СРЕДИНАТА ОПШТЕСТВЕНИОТ СИСТЕМ | 101 |
| **4.** | **ПРЕВЕНЦИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАРУШЕНОТО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИТЕ** | 103 |
| 4.1 | ПРИМЕНА НА ПЕДАГОШКИ МЕРКИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ КОИ ПОКАЖУВААТ ПРОМЕНИ ВО ОДНЕСУВАЊЕТО | 109 |
| **5.** | **РЕЛЕВАНТНИ ЕМПИРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА** | 111 |
| **Б.** | **ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ** | |
| **1.** | **ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** | 116 |
| 2. | ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО | 117 |
| 3. | ПРАКТИЧНА ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО | 117 |
| 4. | НАУЧНА ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО | 118 |
| 5. | ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО | 118 |
| 6. | ХИПОТЕЗИ | 120 |
| 7. | ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО | 122 |
| 8. | МЕТОД И ТЕХНИКИТЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО | 122 |
| 9. | ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО | 126 |
| 10. | ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ | 127 |
| 11. | ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО | 127 |
| 12. | ТЕХНИКИ ЗА СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ | 128 |
| 13. | ОПИС НА ПРИМЕРОКОТ | 129 |
| **14.** | **РЕЗУЛТАТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** | 131 |
| **15.** | **ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ** | 143 |
| **16.** | **ЗАКЛУЧОЦИ** | 189 |
| **17.** | **ПРЕДЛОЗИ И ПРЕПОРАКИ** | 191 |
| **18.** | **РЕЗИМЕ** | 195 |
| **19.** | **КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** | 197 |
| **20.** | **ПРИЛОЗИ** | 204 |

*„ Семејството не е важно нешто.*
*Семејството е сè што е важно.”*

*Мајкл Џ. Фокс*

## Вовед

Нарушеното однесување кај адолесцентите на некој начин е заобиколена тема на секојдневието, тоа отсекогаш е присутно во нашата средина и потребно е да се посвети поголемо внимание од страна на стручни лица (социјални работници, педагози, психолози, лекари и др.), со цел да се елиминираат ризичните однесувања на адолесцентите, бидејќи тоа е важно како за самата личност така и за поширокатa средина.

Во овој труд ќе се посвети внимание на навлегување во сферата на нарушувањето во однесувањето, претежно на активните нарушувања во однесувањето, какрактеристиките на адолесцентите, причните за појавата на нарушеното однесување, влијанието на семејните односи и воспитните стилови на родителите, нивната поврзаност и превенцијата со цел да се дизајнираат превентивни програми за спречување на појавата на нарушеното однесување.

Етиолошкиот пристап се темели врз утврдување на факторите, поврзани со теориите за развојот на личноста, како и социјалните фактори кои придонесуваат за појавата на нарушеното однесување низ објективни емпириски постапки за постоењето на ризичните фактори на појава на нарушеното однесување кај адолесцентите. Направени се испитувања во областа на одделни карактеристики на семејните односи, родителските воспитни стилови, социо-економскиот статус и видовите на нарушеното однесување кои адолесцентите ги манифестираат во средната адолесценција. Досегшаните истражувања од областа на појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите биле насочени кон ризичните фактори кои доведуваат до тоа, а со цел да се добијат повеќе сознанија за самиот проблем.

Ова истражување имаше за цел, од една страна, да ги разгледа ризичните фактори за појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите но, од друга

страна, да се добие увид во тоа колкаво влијание имаат дисфункционалните односи во семејството и влијанието на воспитните стилови кои ги применуваат родителите врз своите деца.

Резултатите добиени од претходните вакви и слични истражувања ќе придонесат за подобро разбирање на оваа појава но и предвидување на соодветни превентивни програми. Мал е бројот на истражувања кои се темелат на дисфункционалноста во семејството како причина за појава на нарушеното однесување. Поради тоа, ова истражување е актуелно и интересно како за секој стручњак кој работи со оваа популација но и за родителите како нај заинтересирани за правилниот развој на своите деца.

Овој труд ќе се обиде да даде одговор на прашањето, дали и во која мера, дисфункционалноста во семејството е клучен фактор, за нарушеното однесување кај адолесцентите. Исто така ќе се даде одговор и на прашањето дали примената на различните воспитни стилови е во директна врска со појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите.

## А. ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Секое поголемо отстапување од вообичаениот емоционален, интелектуален, социјален развој и однесување секогаш го привлекувало вниманието на околината.

Сé до XX-тиот век на нарушувањето на однесувањето кај децата не се посветувало потребното внимание. Со развојот на детската психологија, која се издвојува од другите науки од крајот на XVII-иот и 20-тите години од овој век и детската психијатрија почнува со интензивно набљудување на нормалниот психички развој, а паралелно со тоа и нарушувањето во однесувањето на децата.

Неколку студии го потенцираат проблемот на однесувањето на децата. Тадиќ (1981) смета дека потешкотиите во прилагодувањето и нарушувањето во однесувањето се минливи или трајни отстапувања од вообичаените обрасци на однесување и реални или симболични активности, како израз на неможност детето и младинецот да ги адаптира своите внатрешни барања со барањата на надворешната средина (стр. 236).

Се очекува родителите да ги пренесуваат општествените и културните вредности во семејната група и да ги штитат своите членови од негативните влијанија( Ekermen, 1960).

Бројни истражувања, меѓу кои и истражувањето на Комбарт де Луне (Chombart De Laun, 1959), покажале дека голема е заемната поврзаност на разни видови нарушувања во однесувањето и дисфункционалноста на семејството, променетите семејни односи, презафатеноста на родителите, нискиот општествен и економски статус, искривениот систем на морални вредности и норми на однесување меѓу членовите во семејната група (родители, браќа, сестри и др.), лошите стамбени услови и ниското културно нивó на семејството.

Арнаудовски (1983) истакнува дека нарушеното однесување му претходи на малолетничкото престапништво и тоа се наоѓа во центарот на вниманието на секое општество кое и ги покренува сите механизми со цел да се спречат штетните и негативните последици од оваа појава врз општеството (стр.237).

Постојат разлики во дефинирањето на терминот „нарушено однесување". Поради разноликоста во дефинирањето на самиот термин, во ова истражување ќе биде користена следнава дефиниција: ***нарушеното однесување е збир на активности кои ги презема едно лице кои битно се разликуваат од однесеуваната на останатите, му нанесуваат штета на лицето и средината во која тоа живее и функционира и истите неможат да се надминат без соодветен третман од семејството и пошироката општествена средина.***

Оваа дефиниција кореспондира со дефиницијата на Узелац, кој нарушувањата во однесувањето ги дефинира како однесувања кои значително се разликуваат од вообичаеното однесувања на повеќето млади од одредена средина, однесувања кои се штетни и/или опасни како за лицето кое така се однесува, така и за неговата поширока околина, поради што таквото однесување бара дополнителна стручна и поширока општествена помош заради социјална интеграција на тоа лице (Uzelac, 1995).

Сликата за нарушеното однесување ја обликуваат повеќе фактори како: возраста на детето, темпото на растењето, нивóто на интелегенција и динамичната рамнотежа меѓу детето и средината. Овие патолошки промени можат да се јават во секоја фаза од развојот на детето, ***но критично време кога се јавува неприспособено однесување е периодот од 15-19 год. средна адолесценција.*** Адолесцентот е соочен со нови барања и очекувања на општествената средина, така што оние кои се неспособни конструктивно да ги користат комуникациите на социјално прифатлив начин во училиштето, на улица, во игра, во спортот и др. покажуваат нарушување во

однесувањето.

За сите нарушувања во односите самата основа е неприлагоденото однесување кое најчесто и најсилно се манифестира во адолесценцијата. Причините за тоа треба да се бараат во сложеноста на самата појава и нејзиното јавување во разни социо-културни средини. Затоа за правилен развој на детето потребни се одредени, надворешни емоционални услови, одредена емоционална клима која ја сочинуваат: сигурност и присутност на двата родители, родителската љубов, разбирањето и толерантноста, оптималните услови да може детето да ја изрази својата агресивност, го запознава својот страв, својата амбивалентност и да научи како со нив да се справува.

Детето на кое му се скратени изнесените услови, потполно или делимично или не се пружени на време, ќе се чувствува фрустрирано и неговиот развој сериозно ќе биде нарушен.

Кога детето е фрустрирано реагира со страв и агресивност, почнува да го менува однесувањето во смисла на „подобра" адаптација и афирмација, бара начин како да се ослободи од внатрешната емоционална напнатост. Еден од можните фирми за „решавање" на пречките во сопствениот развој е и нарушеното однесување. Во настанувањето на синдромот на нарушеното однесување, покрај споменатите учествуваат и други причинители: биолошки, психосоцијални, општествени итн.

Кога адолесцентот нема поддршка од родителите и од врсниците, тогаш се јавуваат нарушувања (ниско самовреднување, депресивност, безнадежност). (Шкариќ - Мурџева Олга, 2009,стр.265). Во периодот на средната адолесценција се јавуваат противречности кои не можат да се интегрираат поради когнитивните способности и тоа води до внатрешни конфликти, напнатост и конфузија.

Спротивставени улоги има на сите возрасти, кај адолесцентите противречностите произлегуваат од другите кои за нив се значајни, но исто така кај адолесцентите присутен е и адолесцентниот егоцентризам, т.е. тешкотии да се разграничи меѓу своите ментални преокупации и мислењето на другите. Поради ваквите развојни промени повединијата кај адолесцентите се непредвидливи и проследни со импулсивни реакции. Самовреднувањето и расположениeто кај адолесцентите се менуваат и ова води до напнати односи меѓу родителите и адолесцентите.

Уште на самиот старт на животот децата се диференцираат во поглед на своите можности; животни услови, материјалната сигурност, културната средина, положбата на родителите во општеството од кои произлегуваат односите и разликите во однесувањето и барањата на родителите кон детето.

Бидејќи постои влијание на семејната средина врз формирање на извесни особини кои се јавуваат и се доминантни врз однесувањето на поединците, интересот на овој труд, покрај другото е во насока да се утврди постоењето на поврзаноста меѓу односите во семејството и воспитните стилови на родителите со појава на нарушено однесување кај адолесцентите.

Според тоа и основна цел на примарната превенција во адолесценцијата е обезбедување оптимални услови за раст и развој на адолесцентот во семејството, училиштето и во општеството, за да се овозможи да се одвива кризниот период без поголеми проблеми за личноста и неговото однесување.

***За оваа проблематика се правени доста истражувања и студии, а со овој труд ќе се обидеме да ги појасниме одредени проблеми кои се поврзани со функционалноста, односно дисфункционалноста на семејството и појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите.***

***Конкретно би се задржале на одговор на прашањата, колкаво е влијанието на функционалноста на семејството и воспитните стилови на родителите врз формирањето на однесувањето на адолесцентите, и кои мерки треба да се преземаат да не дојди до појава на нарушено однесување кај адолесцентите.***

## 1. НАРУШЕНО ОДНЕСУВАЊЕ

Сигурни податоци за зачестеност на нарушувањата во однесувањето меѓу децата и младите нема. Но, може да се наведи дека приближно 2,5 - 4 % деца и младинци на школска возраст покажуваат потешкотиии во прилагодувањето и нарушувања во однесувањето кои се од таков степен што бараат третман од страна на стручни лица (Lang, 1962). Односот на оваа појава помеѓу машката и женската популација е 4:1 (Barker , 1972).

Според други значајни интернационални истражувачи како што се Лахеј (Lahey et. al (1999) и Hillenbrand, (2006) укажуваат на преваленција од 10 – 20% деца и млади кај кои постои нарушување во однесувањето.

## 1.1 Дефинирање на поимот нарушено однесување

Постојат тешкотии во дефинирањето на поимот нарушено однесување поради употреба на многу различни термини (емоционално нарушено, едукативно запоставено, невротично, социјално незрело, социјално неприлагодливо, ризично однесување, психопатско итн).

Поимот нарушено однесување се однесува на многу широка лепеза однесувања со различни манифестации, обележја, интензитет, траење, сложеност, ризици и штети. Важноста на социјалниот аспект во појавата на нарушеното однесување е во тоа што без кругот на социјалните услови нарушувањата на однесувањето не се воочливи.

Пред да се објасни терминот *нарушено однесување* треба да се појасни терминот „однесување".

Терминот „однесување" често се користи кога некој сака да се предупреди на однесувањето, владеењето и постапувањето. Во психолошка смисла на зборот однесувањето е начин на кој се изразува човековата личност. Гласер (Glasser), автор на теоријата на избор и терапија на реалност кој однесувањето го дефинира како начин на кој некој владее со себе. Тој потребите ги класифицира на: 1. потреба за преживување 2. потреба за љубов и припадност: 3. потреба за моќ; 4. потреба за слобода и 5. потреба за забава.

Според Худолин (Hudolin, 1985) „однесување", претставува низа наследни и биолошки условени реакции, насочени кон поединецот, кон самиот себе и околината. И Гласер (Glasser, 2000: 71) го дефинира терминот „однесување" како начин на кој некој што владее со себе, и вклучува четири компоненти кои го сочинуваат целокупното однесување (активност, мислење, емоции и физиологија).

Терминот „однесување" значи секоја форма на вербална, моторна и физиолошка реакција на организмот со непосредно или посредно поддржување Пец (Petz, 2005, 351-352).

***Нарушувањето на однесувањето*** порано се толкувало како тврдоглавост, инает и не им се придавало посебно значење, ниту се барале правите причини, сметајќи дека со растењето ќе се измени и однесувањето. Покасно се видело дека нарушувањата во однесувањето претставуваат функционална дезорганизација и дека треба да се уочат, следат и адекватно третираат, за да не се одразат штетно врз формирањето на самата личност.

За нарушеното однесување станува збор кога однесувањето на детето им смета/пречи на родителите и воспитувачите, заради кое детето доаѓа во судир со околината и кое доведува до страдање на детето или на неговите блиски.

Пред да се обидиме да го одредиме поимот „нарушено однесување", накратко ќе се осврнеме на постоената стручна наша и странска литература која го дефинираат овој термин.

За поимот „нарушено однесување" има многуброји теории и слободно може да се каже дека зависно од концептуалниот приод на секој автор тие меѓусебно се разликуваат и затоа е тешко да се пронајде единствена дефиниција која е општоприфатлива. Во рамките на постојните дефиниции има толку дефиниции колку и автори кои го изучувале или се обиделе да го изучуваат овој проблем.

Големата разновидност во делот на терминолошкото и содржинското одредување на нарушеното однесување кај младите, треба да се бара во сé поголемата диференцијација на теориските и опертаивните пристапи на проблемите кај младите, што има за последица појава и на голем број нови појмовни изрази и нивно дефинирање. Така што, во зависност од тоа дали терминот се дефинира од аспект на психологијата, психијатријата, социологијата и криминологијата се даваат различни терминологии за самата појава. Поради тоа многу често е присутно и несогласувањето помеѓу поимот на самата појава и неговата појмовна содржина.

Косичек М. и Косичек Т., (Kosicek M., Kosicek T.,1967) нарушувањето во однесувањето го дефинираат како однесување на младата личност со кои таа го искажува својот негативен став кон воспитувачите, во семејството, но и надвор од него, односно: кон родителите, браќата, сестрите и соучениците, кон работата, учењето, кон позитивните општествени норми и корисни правила за животот во заедницата.

Според Мишкер (Myschker (2005:45), „Нарушувањето во однесувањето е во соодност на специфичното време, култура и очекуваните норми на отстапување од вообичаеното однесување, кое најверојатно е органиски и/или реакција на миљето, кое поради повеќедимензионалност, зачестеност и тежина ги ослабува потенцијалите за развој на детето, учење, работа и кое не може да биде надминато или не може да биде доволно надминато без посебен педагошко-терапевтска помош".

„Општествено неприфатливо/неприлагодено однесување" претставува неуспех

одредена група или поединец да се прилагоди/вклопи на дадените општествени можности и услови, лица кои се однесуваат асоцијално и се индиферентни кон доминантните вредности, вообичаените обичаи и социјалните правила.

Асоцијалното однесување е она однесување кое е спротивно со општествените норми и првила и е штетно за функционирање на некоја група и општество, како и предизвикува спонтана/организирана реакција на општеството. Станува збор за „асоцијален" кој е против општото добро (Klaić, 1990:108).

Комплексноста на нарушувањата во однесувањето го отежнува дефинирањето на овој феномен. Мислењето на Ахенбах, (Achenbach, 1991), укажува на тоа дека тој не ги разбира како категорија или нешто што кај детето постои или не постои, туку тврди дека сите деца можат да ги манифестираат сите форми на однесување но во различен степен и дека за нарушување станува збор само кога во тоа интензивно е присутно нарушувањето (според Lebedina- Manzoni, 2005).

Основни критериуми за препознавање за постоење на нарушено однесување се: 1. Отстапување од нормите на вообичаено однесување за таа возраст, пол, ситуација и опкружување; 2. Присутна на личен план и/или во социјалното опкружување; 3. Неопходната потреба од стручна помош.

Според Колер – Трбовиќ (Koller-Trbović, 2004) нарушувањето во однесувањето е значајно отстапување од вообичаеното општествено прифатливото однесување во одредена средина специфична за возраста, полот на детето во таа ситуација. Тоа се однесувања кои претставуваат непосредно или посредно, опасна ситуација за самото дете и/или неговата средина и укажуваат на јасни показатели за идниот неповолен развој на детето ако не се интервенира и се бара дополнителна стручна помош без која не може да се надминат потешкотиите.

Повеќето автори тврдат дека нарушувањето во однесувањето е индивидуална појава, бидејќи носител е поединецот, но сепак во поново време индивидуалниот карактер доаѓа во контакт со однесувањето на другите луѓе и општеството, правејќи го нарушеното однесување општествена појава (Bouillet & Uzelac, 2007).

Според Добрениќ, и Полудругач (Dobrenić, Poldrugač,1974) - нарушувањето во однесувањето претставува збир и заедничко име за сите биолошки, психолошки и социјални генези кои повеќе или помалку го погодуваат поединецот и неповолно делуваат на неговата активност и реактивност, и непријатно и штетно и опасно делуваат на други личности или општествените заедници (семејство, детски

установи, училишта, потесната и пошироката заедница).

Од степенот на развој на општествената свест, науката и општо развојот на судот за реалноста, зависи нашата способност да го разликуваме нормалното од нарушеното и ненормалното однесување како и прогнозата колку тоа ќе трае, кога ќе може да се повтори или како би можело да се отстрани.

Најчести симптоми кои се среќаваат кај децата и младите со нарушеното однесување се: агресивност, лутење, непослушност, деструктивност, спротивставување, напади на бес, непостојаност, претерана активност, караница, лутење, лажење, крадење, бекства, склоност за тепање, разбојништво, тенденција кон надмоќност, импулсивност, преголема осетливост, незадоволство, слаба концентрација, слаб школски успех и друго.

При проценката на однесувањето се земаат предвид и повеќе фактори: вообичаените однесувања – нормите во општеството и односот на поединецот спрема општеството, компонентите на личноста-интелктот, чувствата, волјата, мотивите, ставовите и друго, моменталната состојба на развојот и зрелоста на единката кој е условен од биолошките фактори и факторите на средината. Развојот е мотивиран од општествените односи и потребите на времето.

Во западната литература се разликуваат две основни групи на нарушувања. Оваа поделба го назначува причинското значење на општествените фактори од една страна и индивидуалните фактори т.е најразличните нарушувања на односите во структурата на личноста кои резултираат во најразлични нарушувања во однесувањето, најповеќе под дејство на општествените фактори. Сите манифестации на однесување се резултат на заемно делување на општествените како и на индивидуалните фактори.

Често за иста категорија се користат различни термини.

***Воспитна запуштеност*** е само една од манифестациите на нарушувањата во социјалниот развој и во задоволувањето на социјалните потреби на децата и младинците.

***Општествена неприлагоденост*** често се употребува за да се означат сите видови и форми на девијација кај младите. Тоа значи неуспех на одредена личност или група да се прилагоди на дадените општествени услови и односи.

Под ***лошо поведение*** се подразбира активност или однесување на поединецот што на било кој начин го погодува неговиот живот, интересите, односите, материјалните

добра на другите луѓе и општеството.

Терминот ***потешкотии во прилагодувањето*** се употребува, бидејќи оваа група на нарушувања ја карактеризираат неприлагоденоста/ неадаптираноста на детето, младинецот, девојката кон сопствените внатрешни потреби и потребите на надворешната средина. Неприлагоденоста што е последица на судир меѓу младата личност и неговата средина, се менува во текот на развојот под дејство на промени во надворешната средина (семејство, училиште, групата врсници и пошироката средина) и може да се намали или исчезни.

Без јасно појмовно одредување на нарушеното однесувањео не е можна успешна идентификација на проблемот во реалноста, и нејзино разликување од сродните слични појави.

Според Стеинхаузен (Steinhausen, 2002) постојат неколку критериуми според кои може да се каже дека се работи за нарушено однесување:

***Адекватност:*** проблематичното однесување не одговара на старосната возраст и полот;

***Перзистентност:*** проблематичното однесување се манифестира подолго време и е потрајно;

***Животните услови:*** посебните животни услови (раѓањето на брат или сестра, почеток на школувањето, промена на одделението или местото на живеење) представуваат посебни потешкотии и со тоа го зголемуваат ризикот од нарушување во однесувањето;

***Социо-културни настани:*** Проблематичното однесување ги крши општествените и културни норми;

***Обемот на нарушувањето на односите:*** проблематичното однесување укажува на постоење на повеќе симптоми и дека односите се на повеќе димензии;

***Видови на симптоми:*** проблематичното однесување се однесува на важни развојни области;

***Зачестеност на симптомите***: проблематичното однесување често се манифестира;

***Промена во однесувањето***: однесувањето не е во сообразност со „нормалниот раст";

***Специфичност на ситуацијата:*** проблематичното однесување се јавува реалативно независно од ситуацијата, односно се јавува во различни ситуации;

***Страдање:*** во набљудувањето на личноста на детето и неговиот темперамент мора да се процени дали заради однесувањето страда и самата личност;

***Социјална ограниченост:*** проблематичното однесување може да има за последица и тешкотии во општествената интеграција;

***Разлики во развојот:*** социјални, емоционални, когнитивни или/и говорни, развојните процеси се успорени, условени или отежнати;

***Влијание врз другите:*** проблематичното однесување се одразува на општественото опкружување и првенствено што се гледа во интеракција дете - средина.

## 1.2 Класификација на нарушеното однесување

Нарушувањата во однесувањето ги вклучува сите однесувања на децата кои не се прилагодени на нивната возраст или околина и го попречуваат функционирањето на детето, доведувајќи го во конфликт и/или до исклучување од средината. Заедничко за сите нарушувања во однесувањето е дека тие најчесто и најсилно се јавуваат во периодот на адолесценцијата. Постојат повеќе видови нарушувања кои може да се присутни во детството и адолесценцијата. Нема совршена класификација според која совршено би можело да ги класифицираат истите, бидејќи нарушувањата во однесувањето често се испреплетуваат на најразличен начин и меѓу нив неможе да се стави јасна граница. Тоа е така затоа што кај некое дете може да се комбинираат повеќе видови однесувања, пр. едно дете може да биде повлечено во училиштето, но наметливо или агресивно во домот и сл. Често во некои активни нарушувања во однесувањето може во себе да имат пасивна црта или обратно некои пасивни однесувања да бидат мотивирани од скриена агресивност. На пр. кај невнимателни/ негрижливи деца, може да се крие преголема амбициозност на родителите или пр. бегањето од домот се карактеризира како активно спротивставување на некои животни услови но во исто време тоа може да е и одбранбен механизам за заштита која е неповолна за младата личност и т.н. поради што не може ваквото однесување да се вброи ниту во едно. Постојано се случува да се појавуваат нови форми на пореметено однесување а исчезнуваат некои од порано идентификуваните.

Класификацијата и нивото на пореметувања во однесувањето Екехард (Ekkehard, 1997) според: Koller-Tŕbović, 1994:34-35) ја предлагаат следната класификација: 1. нарушувања во моторните движења и навики; 2. вегетативни

нарушувања 3. нарушувања во афективно емоционална област 4. нарушувања во играта и работата и 5. нарушувања во општественото опкружување.

Според Класификацијата на Светската здравствена организација и Меѓународната статистичка класификација на болестите и сродните здравствени проблеми на десеттата ревизија (МКВ-10, 1994), емоционалните и растројства на обноските кои обично се појавуваат во детството и адолесценцијата се дефинираат и класифицираат на:

1. хиперкинетички растројства;
2. растројства во поведението;
3. мешани растројства во поведението и емоциите;
4. емоционални растројства со почеток специфичен за детството;
5. растројства во социјалната функција со почеток специфичен за детството и адолесценцијата и

6. растројства со тикови.

Една од највообичаените социјално - педагошки поделби на нарушувањата на однесувањата на децата и младите е поделбата на две основни групи:

*1. Екстернализирани* или претежно ***активни пореметувања*** во однесувањето кои се однесуваат на доволно контролирани однесувања насочени кон други (на пр. наметливост и лажење, хиперактивност, непослушност, бегање од домот и други воспитни средини, спротивставување, непокорност, агресивност, деструктивност, деликвенција). Во активните пореметувања субјектот е активен.

***2. Интернализирани*** или претежно ***пасивни нарушувања*** во однесувањето кои се однесуваат на однесувања кои претерано се контролираат и се насочени спрема себе (на пр. плашливост, повлеченост, негрижливост). ( Bouillet.& Uzelac,2007). Во пасивните нарушувања субјектот е пасивен.

Затоа, во зависност од тоа дали во нарушувањата на однесувањата преовладува пасивна компонента или активна компонента, односно однесување на напад или повлекување, истите може да се класифицираат во ***актвни пореметувања*** во однесувањето и ***пасивни нарушувања*** во однесувањето. За жал, средината повеќе реагира на активните нарушувања бидејќи во таквото однесување лицата си нанесуваат штета на себе, но и на околината, додека на пасивните форми помалку се реагира бидејќи истите потешко се идентификуваат и таквите однесувања пред сѐ му штетат само на детето.

### 1.2.1 Пасивни пореметувања во однесувањето

Пасивниот отпор се карактеризира со тоа што поединецот реагира на тој начин што не обрнува внимание на забраните и наредбите кои се поставуваат пред него, иако е свесен дека таквото однесување нема да има позитивен исход.

Адолесцентниот со вакви нарушувања оддава впечаток дека не сака никого, дека се трга од секого - срамежлив и плашлив. Не се вклопува во заедничките активности и дружењето со врсниците. Ваквите однесувања опфаќаат деца и млади кои се повлечени, често изолирани и неприфатени од врсниците, бидејќи овие деца не предизвикуваат проблеми, истите не се идентификуваат како „проблематични”, поради и што нема интервенција од страна на стручни лица.

Најчесто пасивни нарушувања се: плашливост, повлеченст, потиштеност, депресивност, немарност, мрзеливост, расеаност, заборавеност, незаинтересираност, досада, осаменост и нарушувања во исхраната.

Во пракса многу поретко се евидентираат овие адолесценти од страна на стручните служби како проблематични ученици во однос на адолесцентите со активни пореметувања и во рамките на ова истражување евидентираните ученици беа со активни нарушувања.

### 1.2.2 Активни нарушувања во однесувањето

Овие промени во однесувањето се јавуваат во вид на постојана непослушност, борбеност потреба за задевање/поигрувања при што лесно доаѓа до лутење и физичка агрсија. Ова однесување е почесто кај деца и адолесценти од семејства со невоедначен став на родителите.

Бројни состојби на кои децата и адолесцентите континуирано се изложени во семејството и надвор од него можат младите да ги „претвораат” во личности со ризичен животен стил (конзумирање алкохол, злоупотреба на психотропни супстанции, бегање од училиште и ризични сексуални однесувања и други форми на нарушувања во заедницата).

За овие децата, кои се однесуваат на ваков начин, може да се каже дека се невозможни, злочести, без контрола и слично. Се смета дека за манифстирањето на активните форми на нарушеното однесување како и пасивните форми на нарушено однесување грешките се во начинот на постапувањето на родителите како што е на

пр. авторитетноста, малтретирањето, претераната разгаленост, растење без доволно љубов во средината и од родителите и сл. такви појави. Често кај децата доаѓа и до комбинација на двата вида однесувања - активно и пасивно што сигурно зависи од низа фактори на сложената животна ситуација на детето и од неговата психичка конституција.

Постојат повеќе форми на активни нарушувања но главно истите се сврстуваат во следните три категории:

1) наметливо однесување;
2) бунтовно/инаетско однесување;
3) агресивно однесување.

Покрај оваа група на активни нарушувања можат да се вклучат и следниве однесувања:

- недостаток на внимание /хиперактивни нарушувања;
- нарушување во однесувањето (кршење на општствените норми);
- деструктивност;
- вандализам;
- инает, противење;
- лажење;
- крадење;
- агресивност;
- кршење на јавниот ред и мир;
- псуење како вид на агресивност;
- раздразнетост;
- склоност кон криминалитет;
- употреба на дрога;
- антисоцијално однесување;
- бегање од училиште, недисциплина во училиште;
- непослушност, напади на бес;
- скитање во текот на денот;
- заканување, пушење, конзумирање, алкохол и дрога како и
- останување надвор од домот и покрај забраната на родителите.

Во продолжение од мотиви - што нашето истражување се однесува на нарушеното однесување во средна адолесценција во натамошниот текст ќе бидат

појаснети најзастапените промени во однесувањата поради кои учениците биле евидентирани во стручните служби и поради што им биле изрекувани педагошки мерки: 1) наметливо однесување; 2) инаетско / бунтовно однесување; 3) агресивно однесување; 4) бегање од училиште и домот; 4) слаб училишен успех; 5) непочитување на нормите во училиштето; 6) лажење; 7) крадење; 8) претерана активност (хиперактивност); 9) пушење цигари; 10) пиење алкохол и др. недозволени дејства на адолесцентните личности.

### 1.2.2.1 Наметливо однесување

Ваквото однесување се смета како научено однесување од помала возраст но продолжува и во периодот на младинското време. Многу често тоа се млади кои со своето однесување сакаат да го привлечат вниманието на другите кон нив и тоа преку начинот на упадливо облекување, невообичаена фризура, извештачено држење и изразување на посебен „сленговски" речник користејќи разни сленговски изрази во својот речник.

Целта на ваквото однесување е да се прикажат поинакви во очите на другите луѓе, но и во своите погледи да бидат поинакви од останатите. Тоа се несигурни личности кои без такво однесување би се чувствувале помалку вредни. Ваквото однесување се сретнува кај деца кои се суетно воспитувани од страна на родителите но и „разгалени деца".

Родителите на овие деца често се каректеризираат како суетни, саможиви, социјално изолирани и со постојаното влијание врз децата и наложување на свое мислење дека неговите другари не се дораснати и способни во однос на животниот стандард и општествената положба да бидат во нивно друштво и слично. Исто така му влеваат уверување дека тоа е повредно и поспособно од другите луѓе, го учат да ги омаловажува другите во средината и постојано да изигрува супериорност. Тие сметаат дека без вакво однесување средината не би го прифатила како вреден и способен за да може да се вклопи во одредена средина. Родителите исто така се горделиви и настојуваат да се истакнат на секој чекор. Во овие семејството нема нормална спонтаност ниту природност. Поради ваквата средина во која детето расте тоа се идентификува со родителите и го прифаќа ваквиот начин на однесување. Понекогаш наметливото однесување се гледа и во постапките воглавно кога тоа се наметнува како водач во групата со постојано наметнување на неговото мислење.

Вообичаено оваа форма на наметливо однесување е резултат на недоволно стекната сигурност во контактите со еднаквите на него, не знае да соработува и тој недостаток го заменува со заповед кон другите. Понекогаш овој начин на однесување може да е резултат на неговата повластена улога во семејството и размазеноста и саможивоста на детето, кое со своето наредбодавно однесување кон своите врсници ја продолжува својата повластена улога во семејството. Понекогаш преку заповедувањето на детето на своите другари ги емитира своите автортитативни родители и ја компензира повредата на својата гордост, која му е нанесена од строгото постапување на родителите.

Друга форма кое представува нагласено привлекување на туѓото внимание и истакнување на сопствената важност. Тоа е т.н. будалестото однесување пред другите луѓе, пред сé пред своите врсници кога прави се да ги насмее изигрувајќи понекогаш дури и кукла која ги засмејува другите. Ваквото однесување кај постарите децата е знак на длабоко обесхрабрени деца, запоставени, несакани и емотивно запоставени деца или деца на кои им недостасува самопочитување. Основата на ваквото однесување е чувството на осаменост и неуспех да се вклопат со средината на своите врсници. На овој начин на однесување тие се обидуваат да ја добијат наклоноста од средината, но не ретко ваквото однесување може да е чиста спротивност на нивното вообичаено однесување. Со ваквото однесување се изразува силна желба да се биде поинаков од она што е, но тоа не знае да го направи на вистински и конструктивен начин. Всушност, адолесцентот не е задоволен од ваквото однесување, тој останува незадоволен затоа што ваквото однесување е само моментното чувство дека всушност не е таков. Тој и натаму останува несигурен во себе, и според другите, бидејќи ваквото однесување не му носи вистинска афирмација. Ваквото однесување, вистински го доведува детето и младото лице во средиштето на внимание на неговите врсници, но воедно го изложува на потсмев и задевање.

Провокативното однесување како еден од формите на активно и негативно однесување се состои во тоа што лицето или групата на млади демонстрира една посебна психичка состојба во однос на поставените потреби и наредби од останатите во средината. Негативната реакција од општествените очекувања се изразува не само со реагирање на конкретните наредби и барања, туку и негативно реагирање на одредени норми и кршење на тие норми непосредно или посредно.

### 1.2.2.2 Бунтовно/инаетско однесување

Како негативно реагирање е и инаетското/бунтовното однесување кое се јавува кога лицето престанува да ги извршува обврските кои дотогаш ги извршувало по сопствена желба, или ги врши неодговорно со цел да предизвика реакција кај останатите и индиректно да укаже на неговите потреби.

Најлесната форма на инаетското однесување е и непослушноста, која се смета како најчеста потешкотија во процесот на воспитувањето. Непослушното дете не го прави тоа што му се кажува, не сака да ја извршува задачата која ќе му се даде или ја извршува делимично и површно. Ваквото однесување се манифестира на најразлични начини, некогаш отворено, другпат на прикриен начин. Во извесни случаеви инаетското однесување резултира со недостатокот на амбиција особено во школскиот период. Инаетското однесување во исто време е и агресивно однесување проследено со раздразливост, преосетливост и постојана психичка напнатост. Мотивацијата за инаетското однесување треба да се бара во неговиот отпор против постојаното потиснување, непочитување и негирање на личната слобода.

Во периодот на пубертетот и адолесценцијата, кога пред младата личност се отвораат нови видици, нови интереси и желби, се јавува потреба за слобода, за несекојдневност, за доживување на силни емоции, остварување на свои идеали и непречено манифестирње на својата моќ – на своето его. Често ова е спротивно на сфаќањата и воспоставените обичаи на околината, пред сé на родителите. Постарата генерација понекогаш тешко се прилагодува на младите, не ги разбира и не се соживува со нејзините потреби, поради што лесно доаѓа со нив во конфликт. Одгледувањето без љубов, запуштање на детето и студениот однос исто така се причина за инает/противење, особено ако таквиот однос е проследен со физичко или психичко насилство. Така одгледано дете емоционално ја отфрла средината која емотивно не го прифатила. Од причини што родителите поставуваат пред него некои барања и очекуваат послушност па дури и преданост, детето поминува во отпор дури и во отворена агресија против нив, спротивставувајќи се на нивните неодминливи барања за однесување и кон нив и кон другите.

Инаетот/противењето ја мотивира младата личност на разни форми на нарушено однесување кои значително го успоруваат неговото емоционалното созревање.

Понекогаш младите преку инает/побуна искажуваат непослушност кон секој авторитет. На ваквото однесување неопходно е брза и соодветна интервенција, бидејќи ова однесување го намалува интересот за школување или било каква друга корисна работа. Често ова е причина за заостанување во образовниот процес, незаинтересираност за оспособување за некое занимање во принцип, тоа е отпор према сѐ што се бара од младите. Ваквиот инает може да биде и причина младите да се оддадат на алкохол, дрога и промискуитетно однесување. И деликвентното однесување на младите може да биде израз на неговиот отпор кон воспоставениот ред во општественото живеење кои го застапуваат нивните авторитативни родители.

Инаетот останува основа за развој на различни типови на помалку или повеќе невротични личности, „тешки луѓе" како што се караницата, нетрпеливоста, авторитативноста, непочитување на редот и дисциплината, неприлагодливоста и слично.

Родителите на вакво инаетно однесување кај своите деца треба да го ревидираат својот авторитативен став и да воспостават потопол емоционален однос со младата личност. За тоа треба да се покаже голема умешност, трпеливост и доследност и избегнување на честите конфликти. За да се насочи развојот на детето во правилна насока, родителите мораат систематски да го храбрат и редовно да комуницираат не со некоја си груба гладијаторска комуникација, ами со разговор со разбирање со меѓусебно почитување.

Инаетот, како негативно однесување е почесто застапено во помала возраст но не е исклучено дека ова однесување може да продолжи и во младешкото доба.

### 1.2.2 3 Агресивно однесување

Само еден чекор понапред од инаетското однесување е агресивноста. Агресивното однесување има за цел намерно на друга личност да му се нанесе повреда или да му нанесе штета или непријатност. Беркович (Berkowitz,1993) го дефинира како било кое однесување (физичко или психичко) направено со намера да повреди некого (физички или психички). Жужул (Žužul, 1989), нагласува дека причините за агресивното однесување се слични како кај инаетот, само мотивот на отпор и непријателство према околината зависи дали детето ќе остане само инаетско или ќе премине во напад. Според Пец (Petz,1992) агресивностста се манифестира во

рaлични форми на однесувањето, односно се работи на интерперсонално реагирање какрактеристично за социјалното однесување на некоја личност, во релативно трајна и стабилна особина која своето однесување го насочува во различни животни ситуации, а се каректеризира со чувство на лутина и бес, и во лесно изнаоѓање на бројни цели за директен или индиректен напад, караници, негативизам, противење гладијаторско однесување и комуницирање.

Насилството е посебен облик на агресивноста при што доминантната личност законувачки и агресивно се однесува спрема помалку доминантната личност и тоа во подолг временски период. Притоа поимот агресивност се толкува и како одлика на личност која ја тера личноста на агресивно однесување што е потврдено и со бројните истражувања.

Во прилог на тоа зборуваат и различни истражувања кои говорат за стабилноста на агресијата низ времето. Бор и соработниците (Bor и сор. (2001) сумирајќи ги резултатите од многубројни истражувања ги истакнуваат следниве обележја на агресијата што зборува за стабилноста на овие обележја кај децата и младите:

• постои заначајна корелација помеѓу агресијата и непослушноста на децата меѓу првата и трета година од животот со активни тешкотии во однесувањето и на пет години,

• 86% деца со нарушеност во однесувањето и опозициско однесување во периодот на седмата година, манифестираат такво однесување и на петнаесет годишна возраст,

• стабилноста на агресивното однесување кај машките деца е слична со стабилноста на резултатите од интелегенцијата.

Толан и Лебер (Tolan & Loeber, 1993) наведуваат дека децата и младите кои манифестираат антисоцијално однесување ја користат агресивната социјална когниција во евалвација на проблемот, и почесто ги препишуваат туѓите однесувања како мотив за агресијата, поради што тие агресивно се однесуваат.

Тремлеј и Маркен (Tremlay & LeMarquand, 2001:141, според, Shader, 2004) агресијата ја истакнуваат како карактеристика на социјалното однесување на децата кај кои најдобро може да се предвиди деликвентно однесување дури и со 13 години.

Во училишните услови децата склони на агресивно однесување можат да се препознаат по тоа што се склони на постојано зафаќање, исмејување, заплашување,

заканување, навредување, потсмевање, наредување, туркање, тепање, грубење, оштетување на сопстената и туѓата сопственост. Тие се пркосни и дрски кон возрасните, тешко поднесуваат препреки и одлагања, тешко се прилагодуваат на правилата и прописите, тие се над законските норми, изненадно го менуваат однесувањето, импулсивни се, раздразливи, тешко поднесуваа неуспех. Тие често кон своите врсници се однесуваат насилнички. Насилството може да биде: физичко, психичко, сексуално, економско и емоционално и секогаш е неподносливо.

Агресивното однесување во детството е поврзано и со доцната деликвенција и криминалитетот. Податоците упатуваат на тоа дека агресивното однесување во училиштата е застапено во голем обем и дека истото е присутно повеќе отколку во изминатите 10-15 години кај нас и во светот.

Скот наведува дека насилните реакции се резултат на заедничко делување на агресивноста кај една личност и срединската стимулација, односно, дали едно дете ќе се однесува агресивно зависи од голем број фактори - индивидуални, воспитни и ситуациски (Žužul,1989).

Насилството помеѓу децата покажува дека децата насилници имаат недостаток на чувства за жртвите (Olweus,1998), додека Васта, Хеит и Милер (Vasta, Haith and. Miller, 1998), сметаат дека децата кои се насилници најголем број од ситуациите ги доживуваат како провокативни, што кај нив предизвикува агресивна мотивација.

Исто така Олвејс со голем број истражувања утврдил дека воспитувањето од родителите и условите во кои детето расте влијаат врз појавата на насилништвото и тоа преку четири фактори (според Olweus,1998; Vasta, Haith и Miller (1998). Првите два фактора се однесуваат на димензијата на родителска топлина, кои не се чувствителни на детските емоционални потреби, кои им овозможуваат минимална емоционална поддршка и внимание, често се непослушни, агресивни и манифестираат проблеми во однесувањето. Олвејс (Olweus,1998) укажува на тоа дека недостатокот на топлина и внимание, особено во најраната возраст, ја зголемува опасноста од манифестирање на насилното однесување и непријателство кон другите во подоцните години.

Втората димензија е во однос на родителското однесување и родителскиот надзор, односно степенот на кој детето е набљудувано, дисциплинирано и насочувано. Родителите, кои во текот на воспитувањето на своите деца не им воспостават јасни граници, при манифестирање насилно однесување кон своите

врсници, браќа, сестри но и возрсните, односно попустливите родители спрема манифестирањето агресија ја зголемуваат детската агресивност, а со тоа и опасноста од подоцнежно насилно однесување. Како трет фактор кој влијае врз воспитувањето на децата, а кој го зголемува ризикот од подоцнежно насилно однесување е емоционалното и физичко малтретирање на децата од родителите или старателите (Puhovski, (2002), според Popadić, 2009).

Друг фактор кој го зголемува ризикот од насилното однесување е присуството на насилството во семејството каде децата се сведоци на тоа насилство. Ова толкување го потврдуваат и голем број истражувања како што е и истражувањето на Канадската национална лонгитудијална студија за деца и млади (Canadian National Longitudinal Survey of Children and Youth) според Bardly, 2002), каде резултатите упатуваат на тоа дека децата кои се сведоци на насилството во домот во голема мера директно или индиректно ги малтретираат своите врсници. Друг воспитен фактор кој влијае врз појавата на насилство кај децата се наведуваат и бројни стресови (развод на родителите, алкохолизам на родителите, тешки хронични заболувања, смрт во семејството) на кои може детето да биде изложено одреден период од животот и кои можат да резултираат со зголемена агресивност кај детето (Simić, 2004, според Popadić, 2009).

Како главен ризик фактори за агресивното однесување се издвојуваат индивидуалните одлики, влијанието на семејството, врсниците, социјалните, политичките и културолошки фактори.

Индивидуалните фактори се однесуваат на карактеристиките на личноста кои се поврзани со насилството меѓу младите како што се: хиперактивноста, импулсивноста, слабата контрола на однесувањето, проблеми со вниманието, историја на раното агресивно однесување и слаби образовни постигнувања.

Главните семејни фактори кои се поврзани со адолесцентното насилство се: лошиот надзор над децата од родителите и тешките физички казни за нивно дисциплинирање, честите конфликти меѓу родителите во раното детство, недоволната приватност меѓу родителите и децата, младите мајки кои првото дете го добиле на многу мала возраст, разводот на родителите на помала возраст, ниското нивó на семејната кохезија и нискиот социо-економски статус на семејството.

### 1.2.2.4 Бегање од училиште и од домот

Различните форми на бегање, односно своеволното и недопуштеното оддалечување од средината каде детето расте, без оправдани причини и оправдување на родителите, старателите или други лица, припаѓаат на однесувања кои се вбројуваат меѓу првите сериозни симптоми на нарушување во однесувањето од целокупното однесување на децата и младите. Бегањето од домот се јавува спорадично, но тоа е почесто во адолесценцијата и често се јавува заедно со бегањето од училиште. Тоа може кај младите да значи желба за самостојност, слобода, промена на средината, независност. Понекогаш бегањето од училиштето и домот е мотив на желбата за неограничена слобода, авантура, доживувања на нови или одбегнување на сите правила на однесување и обврски. Бегањето од настава во последните години стана модерна форма на однесување на учениците во средните училишта. Сé повеќе ученици се отсутни без оправдана причина, но поради тоа што родителите често ги оправдуваат отсуствата на нивните деца од училиштето, тоа го зголемува и бројот на оправдани часови на отсуства. Причините се многубројни: индивидуалните карактеристики на учениците, како што се адолесцентските години, емоционалните проблеми, ниска само - контрола, ниско самопочитување, недостиг на самодоверба, вознемиреност и бегство од одговорност, и т.н. како што се проблемите поврзани со врсниците, во поширок општествен контекст.

Во школската средина ризичните фактори за бегање од училиштето е отсуството на поддршка од наставниците, негативната клима (некохезивност) во одделението, обемна школска програма, слаба комуникација со врсниците (неприфатеност од страна на своите врсници), премногу строги наставници, училишта без стручни соработници како и честите антисоцијални однесувања присутни во училиштето.

Бројни истражувања кои досега се направени покажуваат дека условите во семејството се поврзани со сите облици на нарушено однесување во училиштето. Меѓу нив најзначајни се: стилот на воспитување, (авторитативни или премногу попустливи), нарушени брачни односи, родители зависни од алкохол или дрога, економската несигурност, недостаток на контрола непосветени и недоследни родители, нереални очекувања (преголеми или мали), еднородителските семејства, недоволна соработка со наставниците во училиштето. Во последно време и

феноменот на спремност на родителите за оправдување на неоправданите изостаноци, што јо става во врска зголемената толеранција на родителите спрема отсуството од школските обврски.

Во повисоките одделенија и во текот на средното образование повремено неоправдано отсуство на изостанување од настава е присутно кај голем број на ученици.

Бегањето од училиште како сериозно нарушување на однесувањето се смета тогаш кога детето или младото лице тоа го прави често и кога таквото однесување сериозно е спротивно на пропишаните прописи за образованието. Во зависност од степенот на развој на нарушеното однесување се јавува во сите облици на бегање од училиште: Постојано доцнење на настава, отсуство на поедини наставни часови во текот на образовниот процес, напуштање на наставата пред завршувањето, целодневно отсуство или повеќедневно отсуство од наставата (Uzelac,1995).

Во таа смисла Башиќ и Кранжелиќ Тавра (Bašić и Kranželić Tavra, 2004) заклучуваат дека за децата и младите кои се под постојан притисок во училиштето кое произлегува од постојаното доживување на сопствениот неуспех постои многу голема веројатност дека ќе почни да ја избегнува наставата, неоправдано да изостанува, а на крај и да го прекини школувањето. На овој вид нарушено однесување треба да се посвети поголемо внимание и тоа треба да се третира како процес, а не како изолиран случај. Бегањето од училиште може да биде самостојно или во група во знак на солидарност со врсниците кои го бараат од адолесцентот. Ученикот кој бега сам од наставата, се потпира на сопствените сили и тој настојува сам да ги реши, да ги ублажи или да го избегне некој сопствен проблем, конфликт и сл. Групното бегање од училиште е карактеристично со тоа што е мотивирано со некоја цел, при што мал број на врсници го преземаат водството а останатите се препуштаат на нивното водство и постигнувањето на групната цел. Долготрајното бегање од училиште најчесто е од индивидуален карактер, а бегањето во група по правило е минливо. Адолесцентите кои систематски бегаат од училиштето, често манифестираат и промена во карактерот во асоцијален или престапнички тип. Поради ваквото однесување често овие ученици го менуваат училиштето во рамките на применетите дисциплински мерки.

Полудругач (Poldrugač,1981) истакнува дека на бегањето од училиште во зависност од конкретната ситуација можат повеќе или помалку да влијаат:

недоволно развиените интелектуални способности, непостоење на работни навики, неповолна социјална средина во потесна смисла, негативни ставови кон училиштето и наставниците, нарушени семејни односи, социопатолошки појави во потесната социјална средина, слаба родителска контрола од страна на родителите/старателите над децата и младите лица и др. Причините за бегањето од училиште најчесто се наоѓаат во семејстото, а дел и во училиштето.

Како друг вид на нарушено однесување е и бегањето од домот, кое значи недозволено и своеволно оддалечување од домот, односно местото на престој во семејството, кое може да биде и на подолг временски период. За тој период детето или младата личност е изложена на бројни неповолни околности кои имаат негативно влијание на развојот на личноста. Бегањето од домот кој се доживува како непријателски, е мотивирано од потребата да се избегне казна, обврска, да се ослободи од напнатоста и неподносливите семејни услови на живеење, често и да се казнат родителите и да им се предизвика чувство на вина. Бегањето од нарушените семејни односи и вклучувањето во групата на престапници е мотивирано за задоволување на емоционалните потреби кои од било кои причини во семејството останале нерешени дури и се зголемувале.

Напуштањето на домот од семејства со нарушени семејни односи може да биде и прв чекор за вклучување во група на врсници со деликвентно однесување кое претежно е мотивирано од барање на задволување на емоционалните потреби што биле скратени во семејството.

Причините за овој вид на нарушено однесување се повеќестрани, а може да биде и како последица на пубертетскиот авантуризам и бегство од монотониот начин на живот.

### 1.2.2.5 Слаб училишен успех

Слабите училишни постигнувања во текот на образовниот процес може да имаат големо значење за појава на нарушување во однесувањето кај адолесцентите.

Адолесцентот кој се наоѓа во постојан неуспех во учлилиштето се чини дека е несреќна фигура во училиштето и се обидува училишниот неуспех да го компензира со прибегнување кон несоодветно однесување за да го сврти вниманието кон себе.

Учениците кои во училиштето доживуваат неуспех во текот на образовниот процес и кои во него се чувствуваат непожелни од било кои причини имаат аверзија

спрема училиштето и се оттуѓуваат од него. Тие се обидуваат да најдат поле за самопотврдување, слабите ученици често и го прекинуваат образованието поради слабите постигнувања.

Влошувањето на успехот во училиште или слабите училишни постигнувања во текот на образовниот процес може да имаат различна етиологија, губење на интерес, обемноста на училишната програма, заморот, чувството на безвредност во однос на сé она што го прави детето и младото лице и неможност да се совлада наставната програма.

Семејството како основно социјално опкружување во кое личноста се развива и формира и училиштето како претставник на институционалното воспитание и образование се битни чинители за развојот на секој поединец како и општеството во целост.

Мезосистемот заначително влијае на детскиот развој, а непосредните односи во еден микросистем – семејството може да влијаат на односите во друг микро систем – групата врсници, или да се одрази на успехот во учењето.

Скоро во голем број светски истражуања и кај нас, семејството и училиштето се предмет на постојано проучување. Во психодинамиката на семејниот живот Екермен (1987) наметнува многу варијабли кои треба да се истражуваат, почнувајќи од начинот на воспитување, видот на помошта која му се дава на детето, формирањето на работни навики и сл. Дискусијата за воспитувањето и образованието на учениците во училиштата никогаш не се завршува без посочување на семејството, целите на воспитувањето, дисциплината и училишниот успех. Кога учениците не воспоставуваат соодветни односи со врсниците и немаат задоволувачки училишни резултати, наставниците најчесто го обвинуваат семејството, ја истакнуваат непосветеноста на родителите во поглед на систематска работа со децата, неразвиени позитивни навики и самодисциплината. Во соработка со семејството и училиштето може да се најде можност за решавање на проблемот со кои се соочуваат учениците на полето на интерперсоналните односи во училишните постигнувања.

Многу автори се согласуваат дека начините и областа во која делува семејството се многубројни и разновидни и тие зависат од одликите на пошироката општествена и културна заедница во кое детето расте, како и од способноста и подготвеноста на родителите за поддршка и помош на децата во текот на

образовниот процес. Секако дека родителите се разликуваат според способностите за согледување на некој проблем, мотивација и кооперативност, но само родителите имаат континуирано влијание на животот на детето, како и легална и морална и општествена одговорност за своите деца.

Истражувањата покажале дека на причините за училишниот неуспех им претходат многубројни неповолни социјални фактори, од кои повеќето се поврзани со социјалниот и економскиот статус на семејството. Меѓутоа, се покажало дека некои фактори за кои досега не се водело доволно сметка, имаат неповолно влијание врз личноста на ученикот, ако училишниот неуспех се продолжи во подолг временски период се јавува значителен пад на самопочитувањето (Брковиќ,1991). Исто така се покажало дека продолжениот училишен неуспех во училиштето развива агресивност кај учениците, а делува и на појава на нереални професионални аспирации (Вучиќ, и сор.1991). Посебно кај учениците од машки пол училишниот неуспех развива интензивни агресивни реакции кои во содејство со одредени општествени фактори можат да се манифестираат и како делквентно однесување.

### 1.2.2.6 Непочитување на нормите во училиштето

Нарушувањето на редот и дисциплината од страна на ученикот е во групата на нарушувања во однесувањето кои може да се манифестира во подолг временски период и кога таквото однесување значително го пореметува неговото функционирање.

Ваквото однесување се карактеризира со тврдоглавост, отпор со наредби, неподготвеност за компромис, попуштање или преговарање со возрасните и врсниците.

Понекогаш ваквото однесување може да биде со намера да се испроба до каде може да се оди со вакво однесување, односно до каде се границите. Адолесцентот ги игнорира наредбите, се кара при што не ја признава вината за сопствената грешка. Ваквото однесување адолесцентите за себеси не го сметаат како проблематично, туку своето однесување го оправдуваат со неоправданите барања од другите или на околностите во тој момент.

Непризнавањето на авторитетот на лицата кои се вклучени во образовниот процес адолесцентите ги манифестираат преку непочитување на нормите и правилата кои тие се бараат од нив и нивно активно спротивставување на авторитет.

Непочитувањето на нормите, недисциплинираноста се движи во континуитет од непочитување или нарушување на редот на пишаните и непишаните правила и истите можат да се од полесна етиологија до пореметување и спротивставување на се што се бара од претпоставениот авторитет. Тие може да се активни и пасивни и истите може да бидат манифестирани како резултат на искажување отпор за неприфаќање на сите или некои одредени авторитети. Причините кои доведуваат до вакво однесување може да се бараат и во воспитните улоги на родителите како што се:

- *нетолерантни родители* кои не ги толерираат и не им овозможуваат на децата да ги изразат сопствените ставови, *попустливи родители* кои на детето во текот на развојот му допуштаат да прави што сака и никогаш не му поставуваат ограничување, забрани, исто така и
- *неодлучните родители* кои не се доследни, поставуваат меѓусебно спротивни воспитни барања па детето и не може да разбре што точно од него се бара неединствени родители кои неможат меѓусебно да се договорат за начинот на воспитувањето на детето, така што детето ги прифаќа оние барања кои полесно можат да се задоволат.

### 1.2.2.7 Лажење

Лажењето е вид на агресивно однесување. Првите форми на лажење се појавуваат во раното детство (помеѓу четвртата и петтата година). Тие лажат заради постигнување на саканата цел, со цел да ја избегнат казната, избегнување на несакана работа, добивање награда, пофалба, постигнување победа и сл. но и за нанесување штета на друга личност или лага кон своите родители заради нивна освета.

Мотивите за лажење се најразновидни и кај поголемите деца често тоа е со цел да се избегни оптеретувањето, зададената непријатна обврска и сл. Тој мотив на лажење може да се каже дека е нормална појава кај помалите деца кои тврдат дека некоја задача која од нив се бара ја направиле иако тоа не го направиле.

Лажењето може да биде мотивирано за емитирање на возрасните кои прибегнуваат на т.н. општествени лаги и неможност за препознавање на реалноста.

Но, штом детето е постаро, такво избегнување на обврските со помош на лага е се помалку нормална појава па за тоа треба да се интервенира и да се бараат

причините за таквото однесување.

Во кругот на своите врсници детето може да лаже многу лесно, но лажењето на авторитетите најчесто е проследено со манифестирање на црвенило на лицето, пелтечење и други знаци (промени).

Тогаш тоа е показател дека кај детето постои неспособност да се соочува со обврските самостојно да ги решава некои задачи и за ништо да не сноси одговорност. Таквиот мотив на лажење може се сретнува кај плашливи, несамостојни и обесхрабрени деца, а често за тоа причината може да се бара во размазеноста на децата.

Најчеста цел на лажењето е одбрана од непријатните последици на некоја негова постапка, да избегне некој вид казна или физички да биде казнуван од своите родители.

Најповеќе овој вид на нарушено однесување може да се очекува да се јави кај авторитативни родители и оние кои се воспитани на груб начин со застрашување и запоставување.

Лажењето може да биде и израз на асоцијална тенденција, тоа често служи и за фалење.Тогаш таа лага е заради нанесување штета на некој друг, да му се нанесе непријатност или на било кој начин да му се наштети. Зад таквите лаги се крие мотивот за освета, тоа се манифестира со клеветење на други ученици заради разни измислени престапи. Често тоа се забележува кај љубоморни родители кои на тој начин им се осветуваат на своите сопарници кога се чувствуваат запоставено.

Таквиот мотив за лажење се среќава кај физички и психички малтретурани деца и деца одгледани без љубов. Понекогаш мотивот за лажење произлегува од желбата да се прикрие некој недостаток кај родителите. Пр. ако детето има татко алкохоличар, строга мајка и сл., донекаде оваа амбивалентност во чувствата е вродена во секој човек и кај децата, но таа е силно изразена кај несреќни, невротични личности. Често кај децата се среќава тоа да се прекршува помеѓу љубовта и омразата кон родителите, помеѓу противењето со нив и стравот од нив, помеѓу зависноста од нив и осамостојувањето.

Силно изразената амбивалентност е нездрава појава и показател дека детето се развива во нездрава средина и во него предизвикува внатрешна напнатост. Секогаш кон оваа појава треба да се прашаме дали тоа е имитирање на однесувањето на нивните родители или дека тоа е наговорено да лаже и убедувањето дека со помош

на лага може 'подобро да се снајди' во одделни ситуации. Родителите треба да се предупредат дека треба да внимаваат на нивното воспитување и дека не треба да се служат со лажење во текот на воспитниот процес кон своите деца.

Водак и Шулц (Vodak и Šulc, 1966) разликуваат детско лажење и заблуда и невистина. *Детските заблуди* се недостаток на можности во процесот на генерализација, аналитичко систематска активност на мозокот и неспособноста за разликување на фантазијата од стварноста. Главно, заблудите го следат развојот на детското спознавање, мислење и говор. Детските невистини се јавуваат во периодот на т.н. реализам т.е. во раната школска возраст, а се однесува на неправилни, неточни и нелогични ставови и доживувања за работите, суштествата и појавите. Лажењето, од друга страна, е насочено кон некоја ситуација. Одбранбеното лажење кај детето се јавува за да се одбрани од барањата на средината, и ако тоа се повторува често тоа преминува во стална навика.

**Лажењето** *од навика* може да биде предизвикано од различна патологија и често е резултат на воспитната етиологија и тоа се среќава при често манифестирање на било кој вид лага.

**Лажењето во кое преовладува агресивна тенденција** е необзирно лажење заради корист, без обзир на другите луѓе или заради освета.

**Лажење заради фантазирање**, најчесто доаѓа до израз во друштвото со врсниците и се огледа во претерани или измислени различни случки заради постигнување престиж во друштвото. Лажењето често служи за фалење, односно претерано истакнување на своите способности и успеси.

**Лажењето како симптом на болест** се смета ако се исполнети следниве критериуми: а) намерното стекнување на директна или индиректна корист и е релативно мала или воопшто не е изразена, б) се појавува и без влијание на примери од детската средина, в) се лаже без објективни причини, г) јасно е изразена поврзаност со другите симптоми на болеста и д) емоционална компонента на однесување кое некогаш е претерано, а понекогаш помалку изразено.

Кога се работи за лажење од навика кои се насочени за постигнување на директна или индиректна корист, првиот важен чекор за родителите е да го препознаат постоењето на ваков вид на пореметено однесување. Ако детето или адолесцентот подолго време со лажење успева да ги постигнува зацртаните цели, тие ќе го усвојат таквото однесување и ќе истраат да фунционираат на таков начин.

Единствен начин на одвикнувањето од лажење е да се креираат воспитни средини во кои ќе се препознае дека лажењето е непотребно и отповеќе, што подразбира намалување на етиолошките причини кои довеле до такво однесување во меѓучовечките односи.

### 1.2.2.8 Крадење

Крадењето како форма на нарушено однесување најчесто се јавува заедно со лажењето. Кражбите можат да бидат во семејството и надвор од него. Тие во семејството обично се ситни и полесно се поднесуваат од страна на родителите, иако предизвикуваат немир, страв и агресија бидејќи кражбите се доживуваат како повреда на моралот, честа и авторитетот. Но често тоа е несвесна порака за родителите да посветат поголемо внимание на детето.

За малолетните лица кои извршуваат имотно казнени дела и стекнувањето на противправна имотна корист, не ретко е желбата за искусување на сопствената сила и можност, за авантура а можеби и потсвесна желба за освета на родителите и сл. Кражбите се почести кај деца и млади со понизок економски и општествен статус и родители со искривен систем на вредности.

Водак и Шулц (Vodak и Šulc, 1966) мотивите за крадењето кај децата и младите ги поврзува со следниве причини:

- **желбата за поседување:** се работи за развојно условени причини и егоистичната тенденција за поседување на предмети без одлагање и без обзир на средствата кои ќе се искористат за постигнување на целта.
- **задоволување на основните потреби**, храна, облека и други потреби: мотивите кои се среќаваат кај деца кои го напуштиле домот, деца кои скитаат или потекнуваат од родители кои потребите на детето не ги задоволуваат на соодветен начин.
- **случаен (моментен) интерес**: настанува во ситуации кои претходно не се планирани, а овозможуваат присвојување на туѓ предмет.
- **емоционален мотив**: постои кога лицето краде со цел му ги задоволи потребите на сакананата личност или намерно му нанесе штета бидејќи го мрази.
- **желбата за авантура**: вредноста за присвојување на сторителот е ирелевантна и т.н лакоми мотиви кога стекнувањето на имотната корист е мотивот за крадење и има свои карактеристики на казнено дело.

- **психичка болест:** крадење како последица на специфична состојба на свеста кај лицето (опсесија, психопатска состојба, клептоманска и др.).

### 1.2.2.9 Претерана активност (хиперактивност)

Нарушувањето на вниманието и хиперактивните нарушувања (eng. Attention Deficit, Hiperactivity Disorder – ADHD), сé повеќе го привлекува вниманието на помагателните професии, социјални работници, педагози, психолози и сл. Ова нарушување многу рано се забележува, но посебно внимание од родителите, а потоа и наставниот кадар посветуваат кога детето го започнува образованието.

Недостатокот на внимание е еден од најчестите симптоми на хиперактивниот синдром и често се поставува прашањето дали недостатокот на внимание е последица на запирање на дразбите или барањето на дразби (Тадиќ, 1981 стр.102). Расејаноста на вниманието е суштинска поради што детето не може да се прилагоди на барањата во училиштето, каде тоа треба да ја следи наставата, да има насочено внимание кон наставниот процес. Тогаш секој надворешен стимул го одвлекува неговото внимание, задачите ги пишува долго и со грешки, се предава на желбите во текот на денот и не успева да го запамети она што ќе го прочита, ниту да ги следи правилата и игрите со своите врсници. Детето манифестира упадлива неспособност да го организира својот живот во времето и да ги инхибира своите потреби (Cantwell 1977, според Тадиќ, 1981). До ова нарушување доаѓа заради недоволно развиена способност на инхибиција на однесувањето, што се огледа во развојно несоодветен степен на внимание, претерана активност и импулсивност, а го отежнува самонасочувањето и орагнизирањето на своето однесување во однос на иднината (Sekušak-Galešev, 2005).

Рутер, Гилер и Хегел (Rutter, Giller и Hagell ,1998) истакнуваат дека ADHD е поврзан со антисоцијалното однесување и дека службените податоци од извршените казнени дела во младоста и возрасното доба укажуваат на тоа дека кај нив било дијагностицирано и претходно постоење на ADHD синдромот. Од друга страна, Лахи МакБурнет и Лебер (Lahey, McBurnett, Loeber, 2000, според: Wasserman и сораб., 2003) истакнуваат дека хиперактивноста се појавува заедно со физичката агресија или опозициското однесување.

Во поново време сé повеќе странски истражувања ја испитуваат присутноста на психиопатските карактеристики кај адолесцентите, а други автори таквата

карактеристика ја поврзуваат со ADHD синдромот.

Некои автори Лајнам, МакБрид и Вители (Lynam, 1996; McBride, 1998; Vitelli, 1998; според, Kaplan и Cornell, 2004) настојувале да ја утврдат поврзаноста помеѓу ADHD синдром и психопатските карактеристики. Резултатите покажале дека постои корелација помеѓу психопатските карактеристики и ADHD, (главно на вредност r=.40), меѓутоа, Каплан и Корнел (Kaplan и Cornell, 2004) во своите истражувања наоѓаат мала поврзаност помеѓу овие две конструкции кога станува збор за извршителите на насилни деликти.

### 1.2.2.10 Пушење цигари

Пушењето цигари од страна на Светската здравствена организација е прогласено за најголема опасност по здравјето на современиот свет и како главна причина за онаа категорија на смртност што може да се избегне.

Пушењето е присутно скоро кај сите возрасти, но всушност пушењето започнува во адолесцентниот период и тоа меѓу 12-15 година, така што во првата година од средното образование повеќе од 70% учениците имаат искуство со пушењето.

Кај младите пушењето ја задоволува потребата да го пробаат забранетото, да ја покажат својата независност и отпор кон забраните што им ги поставуваат возрасните и поради потребата порано да се вклучат во светот на возрасните (Трајкова Стаменкова, 2001). Многу често адолесцентите пушат заради што тоа го прават и нивните другари, некои сметаат дека со пушењето ќе ја намалат напнатоста, заморот и ќе се релаксираат.

Пушењето од причини што тоа прави зависност, се сврстува и меѓу другите зависности (дрогата и алкохолот). Кон факторите што го поттикнуваат пушењето кај младите се додаваат и факторите на семејството. Најчесто во семејствата каде родителите пушат многу веројатно е дека и нивните деца почнуваат да пушат. Исто така значаен фактор за да се почне со пушење е притисокот што го прави групата врсници врз адолесцентот.

### 1.2.2.11 Пиење алкохол

Пиењето алкохол и последиците од прекумерното пиење на алкохолни пијалоци како јавно здравствен проблем и општествен проблем е во фокусот на интерес на

многу земји. Посебно загрижува проблемот со конзумирањето на алкохолни пијалоци меѓу децата и младите. За појавата со алкохолизмот не може да се зборува воопштено, бидејќи тоа е проблем кој е условен од карактеристиките на општеството и култоролошките специфики на одредена популација.

Штетните последици како за општествената заедница така и за поединецот се бројно евидентирани и докажани. Прекумерното пиење алкохол се поврзува со поголемиот ризик за смртност, а повредите и насилствата поврзани со алкохолот не ги погодуваат само поединците, туку и семејството, тоа влијае на здравјето и социјална сигурност.

Кај младите преовладуваат ризиците од несреќи во сообраќајот и насилство, додека кај постарите почести се здравствените ризици. Со влегувањето во фазата во пубертет, кога младите се среќаваат со низа специфични развојни задачи и внатрешни промени конфликтот на зрелите и незрелите тенденции, кои се произлезени од желбите на младите луѓе за слободно делување, извор е на вознемиреност и несигурност на адолесцентите. Ваквата психичка состојба во нивната личност многу често младите ги води кон патот на алкохолизам како дел од „фаза на негирање."

Штетите од прекумерното пиење кај младите поврзани се, главно, со поседиците од акутното труење, несреќи како и социјални и криминални проблеми.

Развојниот период неминовно носи желба за самопотврдување и градење на сопствени ставови и начини на однесување, кои понекогаш се клучниот проблем на разидување на однесувањата и ставовите помеѓу возрасните и младите.

Експериментирањето со било кои средства на зависност, вклучувајќи го и алкохолот кај младите најчесто е предизвикано од радозналост, желбата за самопотврдување, емитирање, самодокажување, заради притисокот од групата и сл. и најголем број од луѓето со текот на времето го пронаоѓаат патот за контролирано и умерено конзумирање на алкохол. Но честото и прекумерното пиење, побудено од желба за повторно да се искуси дејството на алкохолот кое се доживува како позитивно, може да го отвори патот кон „проблематично пиење".

Причините поради кои пијат младите се многубројни и тоа заради многу причини кои зависат од личните и социјалните параметри и околности. Некои од вообичаените причини се желбата да се биде поинаков од другите, досада и страв од неприпаѓање во групата, пријатниот вкус и верувањето дека после пиењето ќе се

чувствуваат поопуштени и весели (Sakoman и сораб., 1999., časopis Društvena istraživanja- br. 2-3). Ова укажува на тоа дека на навиките за пиење влијаат многубројни норми во социјалното опкружување.

Припадноста на групата (примарна и секундарна на групата) се клучните фактори за формирање (позитивните ставови кон алкохолот, третманот на алкохолните пијалоци како прехранбени производи често и како лек, јавното пиење на алкохол пред децата и слободната продажба...) и специфичните услови на животот (Hudolin, 1981.).

Според истражувањето на Бојкоска, (1991) направено со скалата со тврдења од Ликертов тип на 115 испитаници од кои 59 ученици од средните училишта во Битола и 56 студенти, е потврдено дека процентот на студенти кои имаат позитивен став кон алкохолот е 21,8 % , додека кај учениците тој процент изнесува 23,7% што не е за занемарување, додека оние кои имаат најнегативен став е 6,1 %, и укажува на влијанието на семејството и средината во однос на формирањето ставови кон алкохолот и алкохолизмот.

Брзото темпо на современиот начин на живот е карактристичен по тоа што од младите личности се бара максимум физички, интелектуални, психички, емоционални и општествени напори и способности, за што се потребни големи вложувања и одрекувања.

Постојаните стравови, разните притисоци, кризи и конфликти кои се проследени во животот на човекот, се многу погодни за создавање на склоност кон конзумирањето на алкохолни пијалоци. Во нив младите бараат решение, смирување, олеснување, охрабрување, утеха и бегство од реалноста на животот. Според едно истражување на Сакоман (Sakoman,1998) направено меѓу средношколци покажуваат дека употребата на алкохолот е честа појава, односно 80% од испитаните ученици барем еднаш во тој период пиеле, а скоро половината наведуваат дека пиеле алкохолни пијалоци во последните 30 дена, но не е за запоставување и бројот на оние кои во наведениот период биле под силно влијание на алкохолот. Ова истражување како најважен предуслов за употреба на алкохолот го наведува позитивниот (попустливиот) став кон алкохолот, слабиот училишен успех, етикетирањето, дружењето со врсниците кои пијаат. Ова истражување укажува на честата и интензивна употреба на алкохолни пијалоци како дел од општествената активност со кое се поврзуваат и промените во однесувањето и лошото

функционирање во училиштето.

Нема потврдени податоци за посебна „пре - морбидна” личност која би можело да се смета за наклона кон развојот на алкохолизмот. Еднојајчените близнаци покажуваат поголема склоност спрема злоупотребата на алкохол, а децата на алкохоличари се под поголем ризик за појава на проблемите поврзани со алкохолизмот. Посебно според генетските фактори почесто алкохолизмот се пренесува од татко на син отколку од татко на ќерка (Strang, 1989).

Алкохолот и злоупотребата на алкохол кај младите не е поврзан само со полот, социјалниот статус и етничката припадност и со местото каде се живее (Beman, 1995; Plant, 1989; Thomas и Hsiu, 1993).

Семејството е централно место на пренесување на културните навики на употреба на алкохол.

Клиничките наоди кај адолесцентите кои се наклони кон прекумерно уживање во алкохолот често имаат комплексна фамилијарна анамнеза, што вклучува малтретирање и други трауми во детството (Clark и сор.., 1997; Harbach и Jones, 1995).

Оттуѓеноста и слабата комуникација во семејството како и родителскиот став за конзумирање на алкохол имаат големо влијание на однесувањето на адолесцентите (Patton, 1995; Sieving, 1996; Straus и Kantor, 1994; Windle, 1994). Друго истражување укажува на тоа дека проблемите поврзани со алкохолот, семејството не е свесно додека не се појават проблеми и во училиштето, проблеми со полицијата и други лица надвор од семејството.

Семејството несвесно може да ги негира некои проблеми со алкохолот, препишувајќи му други проблематични однесувања или внатре во семејството може да се развие динамика која го свртува вниманието на проблематичниот адолесцент и да се насочи кон други случувања. Чувството на страв при препознавање на проблемот со алкохолот кај родителите е многу силен, поврзан со чувство на кривица и одговорност (Langfield и сор., 1991).

Врз основа на други истражувања може да се види дека постои поврзаност помеѓу појавата на алкохолизмот и проблемите во однесувањето кај адолесцентите, потоа со функционирањето на семејството, како и со нивниот однос кон училиштето и врсниците. Сеивинг (Sieving, 1996), докажал дека родителскиот став кон конзумирањето алкохол има поголемо влијание на однесувањето на адолесцентот, а

отуѓеноста и непотполноста на семејството директно влијае на прекумерното пиење на алкохол. Постојат и истражувања кои укажуваат на тоа дека во конфликтните и неправедни семејства влијае за зголеменото пиење кај децата. Пиењето на мајките исто така има директно влијание за зголемено пиење кај децата, за разлика од татковците каде влијанието не е толку директно. Пиењето на татковците има индиректно влијание на децата преку пореметените односи во семејството (Narusk, 1991).

Одредени аспекти на т.н демократскиот воспитен стил како што се прифаќање или топлина, контрола и доследност влијае во начинот и увидот во однесувањето на децата и поттикнува психолошка независност и придонесува за поздрав психолошки развој т.е поголемо ниво на општествена компетентност, самопочитување и одговорност и ниско ниво на проблематично однесување (Brown и sur.,1993; Windle, 1992).

Правилниот однос на родителите спрема децата делуваат како заштитен фактор, зашто децата на таквите родители во поголема мера ги прифаќаат родителските норми и вредности и ги пренесуваат на своите пријатели. Поквалитетните родителски постапки во текот на одгледувањето на децата се поврзани со подобри односи на нивните деца со своите врсници (Deković и Raboteg-Sarić, 1997).

## 2. АДОЛЕСЦЕНЦИЈА

## 2.1 Поим и карактеристики

Поимот адолесценција потекнува од латинскиот глагол *adolescere* кој означува растење, развивање (Kapor-Stanulović, 1988).

За адолесценцијата нема единстено теоретско значење што претставува како на пример дали адолесценцијата е универзален развоен период? Дали е таа плод на индустриските општества или продолженото образование. Некои сметааат дека во сите општества каде што се издвојува детството како посебен развоен период има и адолесценција. За адолесценцијата не се наведуваат прецизни знаци со кои почнува и со кои завршува овој период (Мурџева-Шкариќ 2009 стр.255).

Адолесценцијата како посебен период од развитокот се издвојува дури во 20 век, а посебен интерес за овој период во развојната психологија се појавува дури во последната декада од XX век.

Во 1904 год. Стенли Хол формулирал теорија за адолесценцијата и објавил дело под наслов „Адолесценција”. Значењето на ова дело е во тоа што со него се стимулира интересот за проучување на адолесценцијата како посебен развоен период. Возраста на која се протега адолесценцијата варира од повеќе фактори односно од историските и културните услови. Во индустриските земји таа почнува на возраст од 10-13 години и завршува околу 18 - 20 години.

Според некои автори адолесценцијата претставува преоден период од детството кон релативна зрелост. Други сé уште, адолесценцијата ја претставуваат како период на полно созревање и во рамките на оваа теорија главно, прашање за проучување на адолесценцијата станува проучувањето на биолошките фактори врз однесувањето на малолетникот.

Адолесценцијата означува период на транзиција, во кој младите луѓе се наоѓаат на прагот на значајни промени, кои ќе ги воведат во светот на возрасните.

Пубертетот е само дел од адолесценцијата, бидејќи пубертетот е збир на физички и физиолошки промени, врзани првенствено за биолошкото созревање. Адолесценцијата, покрај тоа што е период на психолошко и социјално созревање, на кој му претходи и биолошко созревање, таа ја условува и зрелоста (Капор-Стануловиќ 1988).

Ериксон адолесценцијата ја смета како најбурен период од животниот циклус, бидејќи во него се прекршуваат и сите „лоши” решенија од поранешните развојни фази. Начините на кои детето поминало низ фазата на основната доверба, фазата на стекнување автономија, иницијатива, низ фазата на усвојување на одговорност одредува како ќе се решаваат проблемите во овој животен период.

Постојат повеќе дефиниции за адолесценција но најприфатлива е дефиницијата, според која *„адолесценцијата е преоден период, помеѓу детството и зрелоста и период во кој доаѓа до интензивен раст, физичко, психичко и социјално созревање”* (Трајкова-Стаменкова, 1994).

Периодот на адолесценција е поделен на три подпериоди (Kapor-Stanulović,1988):

- од 10-14 години, рана адолесценција,
- од 15-19 години, средна адолесценција и
- од 20-24 години, доцна адолесценција.

Во периодот на ***рана адолесценција*** доаѓа до бројни промени во телесното

функционирање и физичкиот изглед, меѓу кои најзначајни се:

- промена на хормонскиот статус на организмот (зголемено лачење на полови хормони: тестостерон и естроген, кои влијаат на развојот на сперматозоидите и јајце клетките и ги забрзуваат метаболичките процеси;
- појава на секундарни полови карактеристики како резултат на промената во хормоналниот статус;
- развој на скелетот, нагло зголемување на тежината и висината.

Во раната адолесценција покрај биолошките и физичките промени доаѓа и до раст на когнитивните капацитети и промени во односите со врсниците.

Адолесцентите во раната адолесција се преокупирани со сличностите и со разликите: на кој начин се исти како што биле претходно, а на кој начин се поинакви, на кој начин нивното семејство е исто/поинакво од другите, на кој начин нивните пријатели се слични/поинкави од нив.

Телесното созревање почнува порано кај девојчињата и првите знаци на пубертет се јавуваат између 8-13 години додека кај момчињата промените се јавуваат између 10 и 15 години. Ваквите телесни промени може да доведат до збунетост, загриженост и преокупираност со сопственото тело но истите немаат некое значајно негативно влијание на сликата за себе, доколку во овој период истовремено не се случуваат и други значајни животни промени.

Како ризична група во овој период може да бидат оние адолесценти кои порано или покасно созреваат од своите врсници, посебно раното созревање на девојчињата и касното созревање на машките носи и повеќе потешкотии. Промени кои најчесто се среќаваат кај раното созревање на девојчињата се ризикот од депресија, злоупотреба на дрога, нарушување во однесувањето и нарушувања во исхраната. Додека промени кои се среќаваат кај машките деца кои покасно созреваат може да се сретнат и депресијата, конфликт со родителите и потешкотии во училиштето, ситни кражби поради и што можат да станат жртви на врсничкото насилство. Во овој период големо е влијанието на врсниците, кое го забележуваат родителите поради и што расте нивната загриженост околу изборот на нивните другари. Потребата за припадност доведува до прифаќање на однесувањето на врсничките групи на најразличен начин како што е носење на препозантлива облека, стил, фризура, тетовирања, кај поимотните купување мотор и слично.

Потребата за прифаќање од врсниците и вклопувањето во групните норми

адолесцентите ги прави да подлегнат на притисокот од своите врсници, која кулминира во раната адолесценција, а се намалува после 14 години. Групата врсници имаат многу значајна улога во овој развоен период, кога адолесцентот стекнува вештини кои се темел за пријателството и интимните односи во возрасната доба како и во обликувањето на својот идентитет.

Врсниците на некој начин го олеснуваат развојот и независноста од родителите. Адолесцентите и во овој период имаат потреба од поддршка и насочување од страна на родителите, но тие може да се чувствуваат и повредени и отфрлени поради големата важност која им ја дава адолесцентот на односите со своите врсници и потребата за приватност. Ова привидно одвојување на адолесцентот од родителите и семејството, кога адолесцентот веќе почнува поинаку да гледа на родителските правила и односи и влијанието на врсниците во секојдневниот избор, поврзан со идентитетот, не треба да се смета дека семејството и натаму нема силно влијание во клучните уверувања и изборот на адолесцентот. Во раната адолесценција децата имаат потреба за грижливи родители кои јасно ги изразуваат своите вредности и правила, бидејќи идентитетот на младите во голема мера произлегува од родителите. Во овој период како потребите на адолесцентите стануваат се покомплексни, се потешко родителите наоѓаат рамнотежа помеѓу давањето поддршка и доволно простор за самостојност. Во раната адолесценција какрактеристични се промените во когнитивниот капацитет, развојот на мислењето, решавањето проблеми и донесувањето одлуки и ја зголемуваат способноста за апстрактни концепти, кои не можат да се квалифицираат или мерат. Исто така стануваат поспособни да размислуваат за алтернативни можности и објаснувања, односно развиваат хипотетско размислување, како и способност да размислуваат за работите на повеќе начини и во исто време. Адолесцентите во овој период ги земаат предвид и бројните аспекти на проблемите и спремни се да ги разгледаат пред да донесат одлука или се одлучат на делување за разлика од детството кога фактите ги прифаќаат како апсолутна вистина. Во овој период адолесцентите, охрабрени од новите способности стануваат поспремни да расправаат и да влегуваат во спротивност со мислењата на своите родители отколку кога и тие биле деца како нивните синови и ќерки.

Когнитивните капацитети адолесцентите не ги користат доследно во времето или во различните ситуации. Однесувањето кое произлегува од овие карактеристики

се честа причина за збунетост и фрустрација на родителите, а понекогаш и загриженост за сигурноста на адолесцентот, но најчесто се работи за развојно вообичаените карактеристики.

Некои специфични адолесцентски размислувања, кои се мешаат со нивните когнитивни способности, се наклонети кон ризично однесување и барање предизвик, привидна неповредливост, размислувања насочени кон сегашноста и егоцентризмот.

Кога кај адолесцентот воочуваме нагласена наклоност кон ризично однесување отколку кај другите групи, тоа е и причина за поголема загриженост и неодобрување од возрасните.

Потребите кај адолесцентите во постојано барање предизвици, возбудувања се побрзи од когнитивните и системот на контрола во однесувањето кој ги регулира тие импулси во адолесценцијата кои можат да ги надминат рационалните мисловни процеси кои предупредуваат на ризик и можни последици во однесувањето. Заради тоа тие се наклони кон ризично однесување, а родителските напори да делуваат на когнитивно нивó и да му го објаснат на детето нивóто на опасноста од одредена ситуација или однесување често не го даваат саканиот резултат.

Друга когнитивна грешка која ја забележуваме кај адолесцентите е размислувањето насочено кон сегашноста. Тие ја запоставуваат долгорочната перспектива на одредени нивни одлуки и нивното размислување е насочено кон сегашноста. Исто така значајна каректеристика кај адолесцентите е и нивниот егоцентризам, односно нивната преокупираност со самиот себе. Интензивната свесност за себе може да резултира со тоа што кај адолесцентите се јавува чувството дека останатите постојано го набљудуваат и оценуваат. Егоцентризмот кај оваа возраст се изразува со тоа што тие веруваат дека нивните искуства се единствени и дека нив никој не може да ги разбере.

Надворешните фактори кои се во сооднос со процесот на мислењето се: стресот и стравот кои влијаат на капацитетот на адолесцентот да донесе одлука потоа потешкотиите во учењето, претходното искуство од малтретирањето, кои влијаат на кој начин ќе размислува адолесцентот кога се чувствувал загрозено, зголемувајќи го чувството на опасност и интензитетот на страв и реакција.

Во периодот на **средна адолесценција** се намалува интересот за детството и возрасната доба тие живеат во сегашноста, иако помалку тагуваат за детскиот период. Преокупирани се со сопственото осознавање, кои се тие, кој е сличен на нив

и кој сака да биде со нив. Нивната основна потреба е да се прифатени меѓу врсниците, училиштето и социјалната средина (друштвото) и цело внимание е посветено на луѓето и ситуациите надвор од семејството. Стануваат понезависни од семејството - често насочени едни кон други наспроти светот на возрасните. Во овој период започнуваат спонатно и љубовни врски, за разлика од доцната адолесценција кога имаат поголема потреба за блискост, емоционална интимност, за подлабоко запознавање на другиот, како и на самиот себеси. Но, поради недоволно изградена млада личност, единката во оваа развојна фаза во поголема мера е подложна на влијанието од надворешната средина и нејзиниот развој и однесување можат да го насочат во асоцијално однесување кон антисоцијален правец. Во адолесценцијата станува збор за возраст која се карактеризира со биопсихолошките процеси на созревање и на чиј пат сфатено во поширока смисла на зборот, учењето и личната активност на поединецот ги удира темелите на нејзината идна „личност" (Jašović, 1991., str. 62-3.).

Лениновиот израз „личност на маргините" (Лењин, 1939), со кој го опишува адолецентот, е добра илустрација на положбата која се припишува на адолесцентите во овој период, бидејќи укажува на постојаното колебање помеѓу улогата на дете и улогата на возрасен.

Постојаното експериментирање со новите улоги и бавното напуштање на старите улоги се дел од основните одлики на овој период, кој многу и го нарекуваат период на бунтовништво, период на спротивставување на секој авторитет или период на неопределени и збунети личности.

Во периодот на **доцна адолесценција** младите стануваат пореални во нивните потреби очекувања и задоволство. Тие се приближуваат кон возрасните и размислуваат за тоа кој и какви би сакале да бидат. Во периодот на доцна адолесценција конфликтот со родителите се намалува, тие повеќе се свртуваат кон семејството со изградено сопствено мислење и со поинакви граници, свои правила, повеќе слобода, емоционална стабилност, самодоверба но и грижа за другите.

Според Светската здравствена организација, период на адолесценција се протега во периодот од 10 до 24 години. Почетокот на адолесценцијата започнува со почеток на пубертетот а завршува со следниве критериуми:

1. *Психолошки:* периодот на адолесценција завршува кога ќе се исполнат низа развојни задачи и кога ќе доведе до крај во формирањето на идентитетот.

2. *Социолошки*: завршување на периодот кога личноста е истовремено и дете и возрасен, но не е ниту едното ниту другото во целост.
3. *Биолошки:* стекнување на физичка зрелост.
4. *Легален:* одредена календарска возраст дадена во одредена средина како граница.
5. *Економски:* стекнување економска независност и
6.*Традиционален:* кога неформално, неофицијалните обичаи, прифатени во таа културна средина ќе ја отстранат забраната за привилегија на возрасниот (Kapor-Stanulović, 1988).

Некои автори според Кимел и Винер (Kimmel & Weiner, 1995) предлагаат два можни показатели за одредување на траењето на адолесценцијата: биолошка возраст, за одредување на почетокот и социјална возраст, за одредување на крајот на адолесценцијата. Под биолошка возраст овие автори ги подразбираат промените кои се случуваат во биолошкиот развој на организмот и кои се резултат на промените на хормонскиот статус на организмот, како што се развој на скелетот, појавата на секундарните полови карактеристики и т.н. Под социјална возраст се подразбира социјална зрелост на поединецот која се разликува во различни друштва и култури. Некаде тоа е промена на дотогашните улоги во општеството (од дете до партнер и родител, или од студент до вработено лице), а некаде тоа е формална возраст и очекувања кои ги има општеството за одредена возраст, така да кога некој ќе ја превземе улогата на возрасен, кога и околината го перцепира како возрасен и кога и самиот се доживува така, може да се каже дека тоа лице не е повеќе адолесцент, возрасна личност.

## 2.2 Промени во адолесценцијата

Во адолесценцијата разликите меѓу машките и женските во изгледот и во функционирањето се најнагласени во однос на другите развојни периоди пред и потоа. Сите промени се контролирани и обединети од централниот нервен систем и ендокриниот (хормоналниот систем). Но сé уште не е познат механизмот што го почнува созревањето.

Бројните телесни и физиолошки промени имаат значителен одраз на психолошки план. Многу од нас адолесценцијата ја сметаат дека е тешка затоа што тоа е време на брз физички развој и длабоки емотивни промени. Овие промени се возбудливи, но исто така може да биде збунувачка и непријатна за детето и

родителот. Брзите промени може да се на физички и емотивен план, но исто така адолесцентот се менува и на социјален план (посетуваат средно училиште, поминуваат повеќе време со своите врсници) кое овозможува нови предизвици, како позитивни така и негативни.

Процесот на брзи физички промени во адолесценцијата е наречен пубертет. Таа започнува постепено, од околу единаесет години за девојчиња и тринаесет за момчиња. Возраста на која пубертетот започнува се намалува во повеќето земји, што веројатно се должи на подобрата исхрана. За промените се одговорни хормоните и кај девојчињата тие се поизразени, всушност започнуваат нешто порано отколку кај момчињата. Овие промени вклучуваат:

• За девојчињата: менструалниот циклус , влакнетост на гениталните органи, растот на градите;

• За момчињата: гласовни промени (кој станува подлабок), раст на телото и влакнетост по лицето, коса и сл.

Овие брзи промени некои адолесценти ги прават многу загрижени за нивниот изглед. Тие може да се чувствуваат загрижени, особено ако овие промени се случат порано или подоцна од нивните врсници.

Карактеристично за периодот на адолесценција е тоа што во овој период се случуваат бројни и значајни промени и во физиолошките, емоционалните и во интелектуалните функции како и во социјалните односи.

Сексуалното созревање го следи наглиот физички развој во висина и тежина. Физичките промени во овој период имаат значајно влијание на психичкиот развој и на реакцијата за својот изглед.

На полето на психичкиот развој во адолесцентниот период има и зголемена емоцианална реакција, која во детството не се јавува во така изразена форма. Ваквото однесување често за родителите и наставниците е прашање дали ваквата емоционална преосетливост можеби е знак за некое пореметување. Но оваа емоционална преосетливост е резултат на телесните промени и социјални фактори. Кај адолесцентот нерамнотежата на внатрешните биолошки сили создава постојана емоционална напнатост и вознемирност.

Во периодот на адолесценција доаѓа до квалитативен скок во интелектуалниот развој: премин од конкретни на формални операции на мислење. Социјалната когниција во овој период се однесува на стекнување способност за процена и

предвидување на начинот на кој ќе се однесува лицето во одредена ситуација и како при тоа ќе се чувствува, како и способност за децентрација, т.е. согледување на точката на гледиштето од страна на другото лице. Уште една промена е и начинот на кој адолесцентите се опишуваат себеси.

***Во средно детство сликата за себе пред се́, се состои од споредување со другите***, додека во раната адолесценција сликата за себе е составена од психолошки и социјални поими кои се однесуваат на односите со другите и различни социјални вештини, важни за тие односи и начини на кои некој ќе се претстави. Во доцна адолесценција, сликата за себе ја сочинуваат лични убедувања и верувања, вредности, планови и размислувања, сваќање за себе како активен чинител (Damon & Hart, 1988).

Адолесценцијата е период низ кој детето преминува во возрасното доба. Интензитетот на физичките и сексуалните, емоционални психосоцијални и когнитивни промени со кои се соочува адолесцентот е период на збунетост но и откритие. Овој период може да биде исполнет со голем број на недоразбирања и конфликти во односите со родителите, наставниците и други значајни личности во неговиот живот. Во потрага по сопствениот идентитет и самосталност адолесцентот може да биде склон кон спротиставување кон возрасните посебно со родителите, кои често ги гледаат као лица кои насилно ги задржуваат во детското доба со постојано ограничување на нивната слобода. Во овој период голема загриженост и збунетост за родителите претставува амбиваленцијата на адолесцентите која произлегува од подвоеноста помеѓу потребата за поддршка и сигурност и потребата за независност. Соочувањето со промените со кои адолесцентите се приближуваат кон возрасната доба, периодот на адолесценција го прави период во кој меѓусебните односи на детето со родителите неповратно се менува и расти. Соочувањето со адолесценцијата за радителите може да биде негативно поради општествените ставови за адолесценцијата дека тоа е период на неизбежно бунтовништво, потпаѓање под влијание на врсниците и ризичното однесување. Ваквите ставови може да доведат до пренагласени реакции на родителите кон нормалното и вообичаеното однесувањето во овој период на адолесценција, кое може да претставува и пречка за идентификување на вистинските потешкотии со кои се соочува адолесцентот и да го загрози процесот на созревање. Некои психолози денес ја напуштаат оваа идеја дека адолесценцијата за секое младо лице е нужно

стресен период исполнет со потешкотии и затоа ја нагласуваат потребата од разбирање на развојните специфичности во адолесценцијата кои го обликуваат мислењето, емоциите и однесувањето на адолецентите. Разбирањето на развојните специфичности од страна на родителите и стручњаците го олеснува толкувањето на однесувањето на адолесцентот, создава јасни очекувања кога пооделно однесување ги преминува рамките од она што сметаме дека е нормално и очекувано и ни дава информации како да го поддржиме адолесцентот на тој пат.

## 2.3 Идентитетот во адолесценцијата

Адолесценцијата е период во кој главнатата развојна задача е формирање на идентитетот и доживување на себе си како личност различна од своите искуства во детството, како и различна од своите родители. Сепак ова не значи дека адолесценцијата е единствениот период во кој се формира идентитетот, туку само дека овој процес е најинтензивен токму во тој период. Во тој период младата личност се стреми кон осамостојување од родителите и истовремено задржување на блискоста со нив, но на поинаква основа, како новоизграден однос помеѓу две независни, автономни личности.

Идентитетот е збир на специфични карактеристики кои се одлика на една личност и нејзината животна ориентација. Когнитивни елементи на идентитетот се саморазбирање и самопознавање, а афективната компонента ја сочинува самопочитта.

Постојат повеќе дефиниции и определби на идентитетот, меѓу кои најраспространета е таа на Ериксон (Ericson, 1956), Ерик Ќуриќ (Eric & Ćurcić, 1997) според која идентитетот е основен организирачки принцип на личноста, а адекватно оформениот идентитет обезбедува целосна, интегрирана, постојана, самосвесна и добро прилагодена личност. Краен продукт на процесот на идентификација може да биде и идентитет кој не е до крај дефиниран, не е доволно цврст, ниту пак доследен. Според Ериксон конфузијата на идентитетот е неуспех да се воспостави интегрирана и цврста перцепција за самиот себе.

Формирањето на идентитетот е одбележано со две функции: психолошка и социјална.

Психолошката функција се состои во доживувањето на себе си, континуирано во

времето и просторот. Социјалната функција подразбира дека др. луѓе се уверени во постоењето на личноста непрекинато во времето и просторот. Личноста која формирала свој идентитет има доживување на континуитет помеѓу тоа што се случило во минатото, тоа што се случува денес и тоа што личноста замислува дека ќе се случи во иднина (Trbje,, Anin, 2001).

Топлиот и близок однос на адолесцентите со двата родитела го олеснуваат процесот на формирање на идентитетот, овозможува да се формира на општествено прифатлив и ефикасен модел од страна на родителот од ист пол, со кого адолесцентот лесно ќе се идентификува, како и тоа да родителот од спротивен пол биде зрела и формирана личност, која го поддржува моделот кој го овозможува другиот родител.

## 2.4 Односите со родителите во периодот на адолесценцијата

Експертите се сложуваат дека во текот на адолесценцијата врз однесувањето на адолесцентите, врсниците имаат поголемо влијание од родителите, но исто така, се сложуваат дека во текот на истиот тој период, родителите влијаат врз ставовите повеќе отколку врсниците. Очигледно е дека начините на однесувањето се стекнуваат и се менуваат, но ставовите се долготрајни и квалитетот на односите одредува колку влијание имаат родителите врз адолесцентите во развивање на тие долготрајни ставови, што е секако голем предизвик за секој родител. Основните морални, етички, естетски, комуникациски и други важни вредности, незабележително низ голем број семејни пораки се вткаени во односот на личноста кон најважните животни теми многу рано во животот, така што ниту жештината на адолесцентната бура не може во целост да ги искорени (Kapor-Stanulović, 1988).

Адолесцентите се под притисок да бидат успешни на училиште, да им се допаднат на другите, да имаат добри односи со врсниците и семејството, да ги пребродат разделбите и да донесат важни одлуки за својот живот. Повеќето од овие настани се стресни и неизбежно е понекогаш да предизвикаат загриженост кај адолесцентот и кај родителите. Затоа адолесценцијата е период кој бара огромно приспособување на детето и на родителот.

Родителите знаат за многу предизвици со кои се соочуваат адолесцентите денес, и тоа дека дел од нив се различни од оние со кои тие се соочувале во времето на сопствената адолесценција. Исто така на емоционален план родителите треба да ја

зголемат флексибилноста на семејните граници и да овозможат градење на адолесцентската независност и да ја почитуваат потребата за слобода. Тие треба да го прифатат вредносниот систем на младите, да ги преговараат новите правила на однесување на децата. Родителскиот авторитет треба да се преиспита и истиот да се насочи кон релациите во семејството и брачните релации. Адолесцентите препознаваат дека чувствата кон родителите им се менуваат и често ги вознемирува.

Адолесцентите стануваат свесни дека се почувствителни, но не им е јасно од каде доаѓа таа преосетливост, вознемиреност . Оваа вознемиреност прашање е дали ќе води кон конкретно однесување кое зависи од личноста, но почесто во раната адолесценција ваквиот немир повеќето адолесценти го изразуваат преку конфликтно однесување отколку преку разговор.

Тие се доживуваат како различни и сакаат нивното дејствување да ја одразува таа различност. Основна тема во периодот на адолесценцијата е стекнување на автономност и независност. Основни прашања во адолесценцијата се: *Кој сум? Каде одам? Како ќе стигнам таму?*

Без оглед на тоа дали тој процес на стекнување автономност претставува прекин на раната инфантилна зависност од родителите за да се воспостават нови зрели хетеросексуални врски, како што тврдат психоаналитичарите, или тој процес ќе е одбележан со промена и редефинирање на социјалните улоги, како што тврдат социјалните психолози, тоа сепак претставува една од најзначајните задачи во овој период.

Когнитивните промени придонесуваат да се зголеми чувството на независност на адолесцентите. Тоа е една од најважните задачи на адолесценцијата: стекнувањето автономија и независност. Во овој период момчињата и девојчињата мора да се одвојат од своите родители и да го насочат вниманието кон самите себе. Тоа е потребно заради промените што треба да се поминат во текот на адолесценцијата. Тие мора да се потпрат на сопствените чувства, мисли и реакции и со оглед на тоа мора да имаат доверба во овие внатрешни процеси за да можат независно да функционираат. Без доверба во себе тие би морале често да се слонуваат на ставовите, мислењата и на верувањата на другите. За да станат посвесни за своите доживувања, на адолесцентите им е потребен овој период на насоченост кон себе, кој почнува во раната, а се разрешува во доцната адолесценција.

Според некои автори Ериксон и Марсиа (Erikson, 1976; Marcia, 1966, 1967), постоењето на конфликти помеѓу адолесцентите и нивните родители не само што е пожелно, туку е и неопходно во постигнување јасен идентитет. Потребно е и пожелно, адолесцентот да почне да го преиспитува системот на верувања и вредности кои ги усвоил од родителите и истиот да го тестира и критикува. Она што се подразбира под адолесцентна криза, всушност е процес во кој родителските вредности и раните поистоветувања, критички се преиспитуваат при формирањето на идентитетот кој нема да биде „превземен" од родителите, како што е тоа случај со лицата кои имаат таканаречен „исклучителен статус" (Marcia, 1966, 1967), и кои никогаш не поминале низ кризата на идентитетот, затоа што сите вредности без преиспитување и проверка, ги презеле од своите родители. За да постои автономија, неопходно е потребен конфликт. Прашањето е само дали конфликтот треба да биде толку голем да предизвика оддалечување и несогласувања помеѓу две генерации и длабоки проблеми во прилагодувањето.

Во овој период родителите се многу важни како соодветен модел кој му помага на адолесцентот поуспешно да се снајде во новите улоги и очекувањата кои доаѓаат со нив, но и да овозможат поддршка и помош. Улогата на родителот е да ги валоризира настанатите промени и да му укажува на адолесцентот на можните правци на развој. Само во атмосфера на прифаќање од страна на родителите, адолесцентите можат да експериментираат со новите улоги и вредности, да донесуваат важни одлуки и на тој начин да станат автономни во однос со родителите. Во прилог на ова сфаќање се и резултатите од некои истражувања кои покажуваат дека зачувувањето на афективните врски со родителите е во функција на заштитата на чувството на сигурност и рамнотежа на адолесцентот (Greenwald, 1980), како и тоа дека во периодот на доцна адолесценција, повеќе од било кој друг период, адолесцентите ја перцепираат врската со родителите како врска со најмногу љубов.

Постои разлика во односот кој адолесцентите го имаат со таткото и оној кој го имаат со мајката. Таткото најчесто е опишуван како советодавец кој поставува јасни очекувања. Неговите интереси се насочени кон училишниот успех и плановите за во иднина. Мајката пак има пошироки интереси за адолесцентот, и таа се интересира за неговата иднина, но повеќе е вклучена во неговиот социјален и емоционален живот.

Односот со мајката вклучува блискост и почитување, пријателски однос и однос со авторитет (Kapor-Stanulović, 1988).

## 3. ПРИЧИНИ ЗА ПОЈАВА НА НАРУШЕНО ОДНЕСУВАЊЕ

Во анализата на причините и начинот на настанување на нарушување во однесувањето треба да се подвлечат значајни бројни чинители кои го сочинуваат процесот на социјализација, почнувајќи од индивидуалните (личноста, разлика во темпераментот, карактерот, способностите) и силното влијание на општествената средина која во почетокот делува преку семејната група, потоа директно преку предшколските установи, училиштето, преку групата на врсници до најшироките општествено културни влијанија. Бројните ситуации во кои децата континуирано се изложени во семејството и надвор од него (неповолните влијанија на средината, психосоцијални стресови) можат младите да ги „претворат" во лица со ризичен животен стил (конзумирање алкохол, опијати, бегање од училиште, ризични сексуални однесувања и настранчивања, нервози, гнев и др.).

Не постои единствен фактор кој влијае врз појавата на пореметеното однесување. Причините и условите за настанување на ваквото однесување се многубројни, комплексни и меѓусебно поврзани и тоа:

- ***психолошки фактори*** - структурата на личноста, темпераментот;
- ***социјални фактори*** - семејството, семејната атмосфера, училиштето и друго.).

Основната цел на етиологијата е да ги откријат каузалните врски и значењето на разните психолошки, социјални, општествени и други фактори и нивната поврзаност со нарушеното однесување.

Андрјус и Бонта (Andrews и Bonta, 2006) збирот на ризични фактори ги разгледуваат низ степен на влијание на опкружувањето на одредна личност.

Фрејзер (Fraser, 1997, според Ajduković, 1999) причините ги сврстува во следните три нивоа:

- ***индивидуални*** - индивидуалните и психолошки и биолошки карактеристики;
- ***непосредното опкружување*** - семејството, училиштето, соседството;
- ***поширокото општествено опкружување*** - локалната заедница, подрачје – општина, регион и област - самата држава.

Однесувањето на секое дете (или возрасен човек) е резултат на генетски/биолошки, општествени и срeдински фактори. Денес е присутно уверувањето дека ризичните фактори се во рамките на три доминантни фактори: 1) индивидуални ризични фактори, 2) ризични фактори во семејството и училишното опкружување и 3) ризични фактори во пошироката општествествена заедница.

Од тие причини постои согласување меѓу современите автори дека поедини ризични фактори посебно не се доволни за појава на нарушено однесување и тоа дека можноста за развој на нарушено однесување се зголемува преку бројни ризични фактори. Иако некои ризични фактори се вообичаени кај многу млади со нарушено однесување, обрасците на одредена комбинација на ризичните фактори варира од една до друга личност (Wasserman и сор., 2003).

## 3.1.Фактори кои влијаат за развојот на личноста

Прашањето за можностите условите, факторите и патот за формирање на личноста од секогаш било предизвик на повеќе научни дисциплини, стручни лица, но и пошироката јавност. Тоа е разбирливо бидејќи од тоа како се сфаќа улогата на поедини фактори во текот на развојот на личноста ќе зависи и какво значење ќе му се даде на овој или оној фактор и ќе се усмерат напорите за намалување на нарушувањата кај адолесцентите. Често се разединуваат сфаќањата околу тоа кои се најзначајни фактори во развојот на личноста и според тоа им е придавано различно влијание. Во натамошниот текст ќе се осврнеме на: психолошките, фактори - теориите за личноста, биолошките и социјалните фактори.

## 3.2 ПСИХОЛОШКИ ФАКТОРИ

Човекот е најсовременото живо суштество на земјава затоа и неговиот развој е сложен, поради тоа што е личност и што ја поттикнува на активност и како таа се формира постојат голем број различни тврдења и според тие тврдења и различни дефиниции за личноста. Никола Рот ја одредува личноста како единствена организација на особини која се формира со заедничко делување на организмот и социјалната средина и одредува општи, за поединците карактеристичен начин на однесување. Постојат повеќе теории за развој на личноста, со што и потеклото на нарушувањата се објаснува на различни начини.

Постојат најразлични дефиниции за личноста, но кога е во прашање личноста

на малолетникот, со оглед на проблемот што го разгледуваме, прифатлива е дефиницијата според која „личноста пред сé е однесување кое човекот го покажува во односот спрема средината и луѓето околу себе... Личноста е впечатокот што со своето дејствување го остава на другите (Звонаревиќ,1985, стр.135).

Бихевиористичкото сфаќање за личноста е во согласност со проблемот што го разгледуваме земајќи го предвид и тоа дека адолесцентот е личност што се наоѓа во психофизички и биолошки развој и која минува низ различни стадиуми на развој и создавање, социјализација. Адолесценцијата е период на големи тензии во кој се напушта детството за да се стекне нова зрелост и социјална положба, од тие причини младата (малолетната личност) треба да се опфати во сите нејзини реалитети кои го детерминираат нејзиното созревање (Сингер,1996, стр.220). Неопходно е создавање услови за правилен развој на младата личност, за сигурност во живеењето, без страв, напнатост и фрустрации, но тука се покренува и прашањето за односот меѓу малолетниците кои покажуваат промени во однесувањето во однос на оние кои не покажуваат такво однесување.

### 3.2.1 Теории за личноста и потекло на нарушувањата

Да се дефинира една личност е многу тешка задача. Тоа најдобро се гледа и од постоењето на многубројни теории, од кои за никоја неможе да се каже дека е потполна. Личноста е повеќеслојна и кога зборуваме за неа мора да се даде одговор на некои основни прашања: кои се најважни прашања кои треба да се проучуваат и прикажуваат (структирата на личноста); што ја поттикнува личноста на активност (динамика на личноста); од кои фактори зависат особините на личноста и во кој степен се формираат кај поедини личности (развој на личноста). Обидот за систематизирано објаснување на човековата личност со одредени појдовни тврдења се нарекува теорија на личноста. Со поимот личност се означува релативна доследност, единство и сопственото однесување на човекот.

Издвоеното проучување на психичките процеси, особини и состојби кај човекот, не значи дека истите се одвиваат засебно. Напротив, сите тие се меѓусебно поврзани и чинат целовит систем – човекова личност (Стаменкова Трајкова, 1995 стр. 332).

Иако личноста е резултат на заемно влијание на биолошките, социјалните и самоактивноста на поединецот), во повеќето теории преовладува верувањето дека

една од наведените фактори е означаен од другите. Во основа ниту една теорија за личноста не нуди општо прифатливи ставови и објаснувања на прашањето на динамиката, структурата и најбитните својства на личноста како и нивната врска со факторите кои ги формираат.

Со оглед дека постојат многу теории за развој на личноста, а со тоа и потеклото на нарушувањата се објаснува на различни начини, ние би се задржале на психоаналитичката теорија, социјално психолошките теории и биолошки теории.

### 3.2.2 Психоаналитички теории

Психоаналитичките теории се движат во рамките на длабинската психологија која при појаснувањето на личноста го истакнува значењето на нејзините динамски сили: потребите, нагоните мотивите. Најпозната психоаналитичка теорија е психоаналитичката теорија на австрискиот психијатар Сигмунд Фројд (Freud,1856-1939). Таа е доста сеопфатна за теоријата на човековата природа и развојот на личноста.

Фројд душевниот живот го споредил со санта мраз која плива на морето кој го претставува свесното, додека најголем дел се наоѓа под водата и го претставува несвесното. Во областа на несвесното се наоѓаат двигателите на човековото однесување. Фројдовата теорија е сеопфатна теорија за личноста, затоа што во неа се разработени прашањата за структурата, динамиката и развојот на личноста. Фројд во својата теорија зборува за две групи инстикти: инстикти на живот (глад, жед, сексуален нагон) и инстикти на смрт или деструктивни инстикти (агресивност и самоуништување). Спред теоријата на Фројд ***личноста ја сочинуваат три главни елементи Ид (тоа), Его (јас) и Супер его (над јас)***. Психоаналитичката теорија објаснува како луѓето се справуваат со своите сексуални и агресивни нагони внатре во границата кои ги наметнува општеството.

***Ид (тоа)*** ја претставува биолошката страна на личноста, односно се што е наследено и присутно со раѓањето вклучувајќи ги и инстиктите. Овој дел од личноста е потполно несвесен и претставува внатрешен свет на субјективното доживување кој не знае за објективната стварност. Кога во организмот се јавува напнатост под влијание на надворешни и внатрешни фактори, Ид настојува да се ослободи од напнатоста (Станенкова Трајкова1995 с. 337).

***Его*** е психичката страна на личноста, Его функциите помагаат да стекнеме

искуство, да воопштуваме и да преземаме акции. Главна функција на оваа инстанца на личноста е да посредува помеѓу инстиктивните потреби на организмот и средината која ја опкружува личноста. Извршувајќи ги овие функции, Его мора да се обиди да ги интегрира потребите на Ид (тоа) и Супер его и наворешниот свет кои често се во сукоб. Освен комуникацијата со реалноста, Его се јавува и како интегриран фактор на личноста, а има задача и да ги спречува потиснатите идеи кои доаѓаат од Ид, да не поминат со свесното што е и во функција на интегритетот на личноста. Доколку Его не може да му се спротивстави на притисоците на Ид и Супер его, така што добро ќе го процени своето однесување според вистински постоечкото, личноста ќе попушти или на притисокот на Ид или на притисокот на Супер его, така што ќе се однесува разорувачки или према себе или према другите, ќе биде девијант. Потиснатите нагони „ќе ја туркаат" индивидуата на оние мотивациони подрачја кои се општествено неприфатливи. Ваквото однесување е несвесно мотивирано и претставува регресија на пониски и помалку ценети форми на однесување (Tadić, 1981).

***Супер его*** е трет систем на личноста. Тој е општествената компонента на личноста и внатрешен претставник на традиционалните вредности и општествени идеали протолкувани на детето од страна на родителите и усвоени со помош на системот на наградување и казнување на детето. Супер его е морално оружје на личноста, повеќе го застапува идеалното од реалното и повеќе тежнее кон совршенството отколку на задоволството. Се што родителите кажуваат дека е неумесно и поради што ќе биде казнето детето се стреми да се втемели во неговата свест, што одобруваат родителите кај детето тежнее да се втемели во Его идеал. На овој начин детето ги прима или проектира моралните стандарди на родителите. Совеста ја казнува личноста на тој начин што ја тера личноста да се чувствува виновна, а Его – идеал ја наградува така што лицето чувствува понос. Супер его е внатрешен регулатор на однесувањето.

Однесувањето е резултат на заемното дејствување наови три инстанци, овие се три страни на однесувањето меѓу кои често доаѓа до судир. Кога судирите меѓу Ид , Его и Супер его се остри и чести, доаѓа до нарушување во однесувањето и до разни психички заболувања (неврози, психози). (Стаменкова Трајкова, 1995 стр. 337).







Главните функции на Супер егото се:

- Да ги кочи импулсите на Ид, посебно оние сексуални и од агресивна природа;
- Да го принуди Его реалистичките цели да ги замени со морални;
- Да се стреми на совршенство (Нешиќ, Радомировиќ, 2003: 281).

Фројд бил првиот научник кој ја истакнал одлучувачката улога на првите години од животот, за формирање на основната структура на карактерот на една возрасна личност. Тој верувал дека детето е татко на човекот. Според него раното детство, поточно периодот до петтата година одлучува каков ќе биде возрасниот човек во текот на целиот живот. Во периодот до петтата година Фројд разликува три фази: орална, анална и фалусна.

Сите луѓе минуваат низ исти редослед на развојните фази. Во секоја од овие три фази децата мораат да го разрешат специфичниот конфликт кој се однесува со цел постигнување на сексуално задоволство. Доколку детето успешно не го разреши тој конфликт, може да биде фиксирано во таа фаза.

Преминувањето во повисоката фаза означува постигнување на сексуално задоволство на позрел начин.

Постојат различни варијации на овие психоаналитички теории.

***Нарушувања од емоционални пречки*** – Понекогаш нагоните, желбите и различните човекови потреби се оневозможени, според Доланд (Dolland, 1961), тоа предизвикува фрустрациска агресија која подоцна може да се манифестира со нарушување во однесувањето. Хејли и Бронер (Healy, & Bronner, 1948) развиваат теорија при што укажуваат на тоа дека детето поседува силна нагонска енергија, која исто така е и силно емоционална набиена. Пречките кои го попречуваат

исполнувањето на тие потреби кај детето предизвикува чувство на ускратување и фрустрација. Повеќе несвесно, детето бара замена за тоа, а нарушувањата во однесувањето се една од можностите. Припадноста во деликвентни групи му донесува статус, чувство на припадност и сл. а агресивниот вандализам ги задоволува потребите за расипништво, невообичаеност итн. така што нарушувањата во однесувањето би биле бегање од неподносливите емоционални пречки.

***Извори на нарушувања при либидинозно ускратување*** – Под *либидо* се подразбира сексуална енергија, која во психосоцијалниот развиток треба така да се обликува што индивидуата ќе се чувствува сигурна, љубезна, да биде творечки расположена и наклона кон заедништво.

Во врска со либидинозното ускратување се доведува во врска „мајчинското скусување". Најпознат претставник на „maternal deprivation" - мајчинско скусување е англискиот психијатар Џ. Болби (John Bowlby 1907-1990).

Според него ова мајчинксо скусување настанува тогаш кога детето не доживува цврста топла и трајна внатрешна врска со мајката или нијзината замена (Bowlby,1951). Последиците од тоа може да се најразлични душевни и телесни пречки во нормалниот развиток кои потоа можат да доведат до испади на некои делови од конструктивното однесување. Психоаналитичката теорија на Фројд од страна на критичарите има бројни забелешки меѓу кои најзначајни се: пренагласената улога на наследството и запоставувањето на социјалните фактори, сведување на мотивите на два инстикти и нагласување на улогата на сексуалноста. Исто така не се прифаќа и Фројдовото сфаќање за исклучително значење на првите години од животот за формирање на личноста.

### 3.2.3 Психодинамска теорија

Психодинамската теорија инспирирана од психоанализата на Фројд, го обработува до ситници текот на развојот на личноста, користејќи го богатото искуство од своите теориски и практични искуства.

Според психодинамското учење, личноста се развива во односите меѓу новореденчето, односно тоа и неговиот психолошки потенцијал и надворешниот свет и постепено се дефинира напоредно со доминација на принципите на реалноста и секундарните процеси над принципот за задоволување на примарните процеси.

***Его-то*** со своите механизми на одбрана и процесите, постепено станува

структура која ги презема следните функции: ги регулира односите помеѓу ***Ид-от*** и ***супер егото***, истанца која настанала во меѓучовечките сируации и под силно влијание на општествените и културните чинители, го регулира нагонското растеретување, не инсистира на задоволување, го регулира однесувањето на индивидуата, ја проценува стварноста, учествува и ги контролира функциите на мислење и емоциите.

Според психодинамската теорија, кај нарушувањата во однесувањето на детето центар на конфликтите е односот меѓу однесувањето на детето и родителите.

### 3.2.3.1 Развојни фази

***Фаза на раѓање***

Се претпоставува дека чинот на раѓање е непријатно и повредувачко искуство. Новороденчето треба да се адаптира на надворешниот свет. Механизмите на прилагодување на новороденото се примитивни, но тие се образец на подоцните механизми па и механизмите на одбрана. При раѓањето бебето нема его-систем.

***Орална фаза (прва година од животот)***

Овој период на развој е поврзан со првата година од животот, во кој вниманието на доенчето е насочен на пределот околу устата, бидејќи устата е основен извор на задоволство (остварен преку доењето).

Во првите денови и недели детето неправи разлика меѓу себе и другите објекти кои го опкружуваат и функционираат за него, така да не прави разлика меѓу дразбите кои доаѓаат од телото и оние од надвор. Тоа живее во состојба на семоќ во „центар на светот", во кој му се задоволени сите потреби на магиски начин (Fenichel,1961).

Во оваа фаза е важно да се одбележи пасивноста и зависноста на детето, поготово пред одбивањето од доење. Ако мајката не е смирена и во текот на доењето преовладува страв и несигурност можи да дојди до фиксација на извесна количина на енергија за оралните активности односно тенденција да во покасниот период на развој изворот на задоволство да се бара во оралните активности (Hrnica,1981 стр. 22). Основен извор на конфликт е „одвикнувањето од цицање". Ова може да бие извор на недоверба во светот кој го опкружува во случај ако мајката не одговара на неговите потреби. Оралната фаза има свои специфичности што се однесува до

односите со објектот и начинот на задоволување на нагонските потреби. Благодарение на замислување тоа постепено стекнува и извесна независност во однос на објектот и истовремено замислениот објект во него останува трајно, дури и тогаш кога не е присутен, тогаш не физички, туку како психиолошки објект.

Видот, квалитетот и јачината на сите искуства и одбрани се значајни за формирање на личноста. Оралната фаза има свои специфичности што се однесува до односите со објектот и начинот на задоволување.

Незадоволните потреби во овој стадиум од било кои причини може да има последици во психопатологијата во возрасното доба (зависност, пасивност, агресивност, песимизам, оптимизам, нарцизам, претерана наклоност кон пушење, пиење, јадење, склоност кон гризење на нокти и друго (Fenichel,1961).

Изразувањето на овие црти на личноста ќе зависат од степенот на фиксација во оваа фаза. Ако фиксацијата зафати голем дел од енергијата, останува помалку енергија за премин во наредната фаза на развој.

***Анална фаза (2 до 3 години)***

Во оваа фаза главен извор на задоволство е преку елиминаторните активности, односно задржување на столицата. Главниот извор на конфликт е способноста на детето да стекни самоконтрола. Навикнувањето на чистота е првата соработка помеѓу детето и родителот и првото спротивставување и судир. Детето не смее да врши нужда кога сака, туку кога други сакаат. Да би го довеле до тоа возрасните му зборуваат дека тоа е непријатно и дека тоа треба да е скриено. Тогаш задоволството треба да се замени со друга пристојност. Претерано крут или попустлив став на родителите во овој стадиум може да доведи во текот на развојот до претерана или недоволна функција за контрола на личноста, која се манифестира во вид на опсесивност, тврдоглавост, претерана уредност и точност не само во облекувањето туку и во работата, или спротивно во крајна неуредност, начинот на мислење, моралот и односот према другите, пасивност, скржавост, намалена подносливост, почитување на правилата на однесување, друштвеност, запоставеност во возрасното доба и др.

***Фалусна фаза (3-5 години)***

Во фалусниот ран стадиум, енергијата се поместува на гениталниот дел од телото, его - то зајакнува и се воспоставуваат нови видови на односи со светот што го опкружува. Детето го открива половиот орган, и манипулирањето со него му донесува посебно задоволство. Главен извор на задоволство се гениталните предели, и во овој период се повеќе расти интересот на детето за разликите меѓу половите. Конфликтот меѓу детето, првенствено машките и родителите во овој период, Фројд го нарекува Едипов комплекс, поточно со изразена желба детето да ја ужива цела љубов, време и внимание на родителот од спротивиот пол односно мајката. Конфликтот кој се јавува кај девојчињата во овој период се вика Електрин комплекс.

Според Фројд овие комплекси ја изразуваат желбата на детето да биде со родителот од спротивниот пол, и непријателство спрема родителот од ист пол. Во овој стадиум се формира уште една значајна ментална структура *Супер его свест.* Кога детето станува свесно дека неговите желби кон родителот од спротивниот пол се забранети и погрешни се јавува чувство на вина. Неуспешното разрешување на Едиповиот, односно Електриниот конфликт во покасниот живот можи да се манифестира како конфликт во однос на сопствениот сексуален идентитет и улога и неспособност за воспоставување на интимни сексуални односи.

Во оваа фаза се задржуваат и одредени обележја од претходните фази, но поголем дел од инстиктивната енергија е поместен на полниот орган. Дури во периодот на пубертетот енергијата се усмерува и зајакнува на гениталниот дел и тогаш се зборува за генитална фаза. Претходните фази се викаат и прегенителни. Задржувањето на фалусните карактеристики во одрасната возраст го попречува патот кон конечна генитализација и може да е причина за појава на неурози и слично.

***Латентен стадиум (5-12 година)***

Фазата на мирување почнува после петтата година и трае до почетокот на пубертетот. Во оваа фаза за одбележување е релативно емоционално мирување и постојаност. Во овој период доаѓа до пригушување на либидото. Со разрешување на Едиповиот комплекс детето влегува во помирна фаза. Детето го насочува вниманието кон истиот пол и настојува да се поистовети со него. Во овој стадиум

*Супер его* е интернализован и ги јакни психолошките механизми на одбрана: порекнување (одбивање да се прифати влијание или ситуација која потенцијално е стресогена), рационализација (обид да се намали или оправда психолошкта последица на некој настан), регресија (појава на развојно незрело однесување, посебно во стресни ситуации), поместување (пренос на непријателски или агресивни чувства од првобитниот објект на др. личност, која обично е помалку значајна, односно помалку опасна).

Друг механизам на одбрана е реактивна формација (претворање на непријателски или агресивни импулси обратно односно во социјално прифатлива форма), сублимација (претворање на неприфатливите импулси во социјално прифатлива форма) и интелектуализација (исклучиво логичко разгледување на емоционално значајни настани без признавање на нивната емоционална компонента) кои се ретки во периодот на детството а стануваат почести во периодот на адолесценција.

Фазата на мирување е период на сублимација, владеење со интелектуалните активности, усвојување на естетски и културни вредности, знаења и туѓи мислења. И его-то и супер-егото се поорганизирани, попостојани и реални отколку во претходните фази.

Во системот на вредности влегуваат не само родителските ставови, туку и ставовите на наставниците и другите лица. Учењето зазема значајно место во детскиот живот, отпорот према авторитетот може да биде зголемен исто така и отпор спрема лицата од спротивниот пол.

### *Генитални стадијум (12-18 година)*

Во овој период се зголемува сексуалниот интерес кој бил потиснат во претходните фази. Сега се јавува повторно и води кон развој на зрели хетеросексуални односи, доколку претходните фази се успешно интегрирани. Непотполно разрешена орална фаза може да го попречува воспоставувањето на блиски односи со спротивниот пол, додека неразрешените конфликти во фалусната фаза доведува до конфузија помеѓу сексуалната улога и однесувањето. Адолесцентот во оваа фаза е преокупиран со конкретни проблеми, одвојувањето од родителите, избор на занимање, постојано преиспитување на постоечките и формирање на сопствени етички морални норми. Паралелно со полното будење се

јавуваат и бурни емотивни и социјални промени.

Младата личност се одвојува од родителите и станува полноправен член на оппттствената заедница.

### 3.2.4 Социјално психолошки теории

Извесен број следбеници кои биле незадоволни на Фројдовото запоставување и кратковидност за влијанието на оппттестените фактори на личноста ја напуштиле својата приврзаност за класичната психоанализа и почнале да ја прекројуваат психоаналитичката теорија во однос со она што го наметнува новата ориентација во општествените науки.

Тие кои на психоаналитичката теорија и дале модерен изглед во дваесеттиот век, внесувајќи ја во неа социјалната психологија се: Алфред Адлер, Ерих Фром и Карен Хорнај. Меѓу нив Алфред Адлер (1870-1937) кој се смета за основач на социјално - психолошкиот поглед. Основна разлика помеѓу Фројдовата теорија на личноста и оваа теоријата е во тоа што Адлер им дал предност на општествените фактори во однос на биолошките. Тој претпоставил дека луѓето се мотивирани пред се од општествените стремежи. Луѓето се општествени суштества, тие се поврзуваат со други луѓе, вклучувајќи се во соработка со нив, ставајќи го општественото добро над себичниот интерес и усвојувајќи стил на живот кој е претежно општествено организиран.

Адлер свеста ја сметал за средиште на личноста. Луѓето се свесни суштества, тие се обично свесни за причините на своето однесување. Адлеровата теорија на личноста се базира на неколку поими:

- стремежот кон совршенство,
- чувството на помала вредност и компензација,
- чувството на заедништво,
- стил на живот и творечкото „јас".

Под совршенство тој не подразбира општествено истакнување, преземање водство ниту углед на положба во општеството.

Адлер под овој поим подразбира самоостварување, кој е вроден инстикт и е дел од животот на секој човек. Сите луѓе се обидуваат на свој начин да достигнат совршенство. Така што невротичниот поединец тежнее кон самопотврдување, моќ, односно кон егоистични или себични цели, наспроти нормалниот поединец кој

тежнее кон цели кои се првенствено од општествена природа. Основниот механизам со кој се остварува стремежот кон совршенството е компензацијата. Развојот на личноста според Адлер е непрекинатиот процес за надминување чувството на помала врденост. Тоа чувство на инфериорност може да биде реално или замислено, но и во двата случаева реакцијата на личноста е иста. Тој исто така смета дека лицето кое не ја почуствувало немоќта, кое нема чувство на инфериорност и нема потреба од компензација, нема шанси да се развие во извонредна и творечка личност. Основа на уникатноста (интегритетот) на личноста е содржан во тоа што секоја личност има посебен правец и се стреми за совршенство, односно избира свој сопствен пат за надминување на инфериорноста. Изборот на сопствениот пат зависи од сложениот сплет на внатрешните и надворешните фактори.

### 3.2.5 Бихевиорална теорија

Вистински основач на оваа теорија е Џон Вотсон (Wotson. 1878-1958). Тој сметал дека психологијата во никој случај не смее да се занимава со „немерливи и непристапни" ментални процеси, туку исклучиво со конкретни факти, а тоа се разни форми на однесување на единката. Вотсон сметал дека однесувањето е единствен и можен предмет на научната психологија, бидејќи е лесно видливо и мерливо.

Оваа теорија ги поврзува поттикнувањата за однесувањето на луѓето. Таа ги истражува како се учат одредени однесувања и како тие се менуваат, при што во обликувањето на однесувањето најголема улога има поддршката од средината. Според Вотсон, промените во однесувањето треба да се проучуваат како одговор кој се јавува како реакција на одредена дразба, но никако во однос на свесноста. Прв резултат до кој дошол е теорискиот став дека „болното однесување" не настанува како резултат на „болна свест" туку е резултат на учење.

Покрај моторните однесувања и навики, со условувања се објаснети и процесот на емоционалните реакции па и социјалното учење.

Има доста негови познати истражувања во појавата на емоцијата на страв, по пат на условување кај децата. Малото дете не се плаши од животното, но се плаши од силниот и изненаден страв.

## 3.3 БИОЛОШКИ ФАКТОРИ

Биолошката основа на психичкиот живот е целокупната анатомско физиолошка структура на личноста. Децата својот живот го започнуваат со своите биолошки и наследни особини, способности и предиспозиции, кои доаѓаат во интеракција со срединските фактори, а динамиката помеѓу биолошкото наследство и средината и нивната постојана промена е највозбудливиот аспект на биолошки насочената криминологија. (Le Blanc и Loeber, 1998; според, Andrews и Bonta, 2006).

Последните дваесет години влијанието на биолошките предиспозиции врз нарушеното и деликвентното однесување сé повеќе добиваат на значење како последица на напредокот на биомедицинските науки. Рутер, Гилер и Хегел (Ruterr, Giller и Hagell, 1998), истакнуваат пет причини кои најмногу влијаат во перспективата на објаснувањето на нарушеното и деликвентно однесување и тоа:

1. Растечкото влијание на биолошката психијатрија во објаснувањето на менталните нарушувања;
2. Јасната концептуализација на хетерогенезата на антисоцијалното однесување во кои најмногу придонеле истражувањата кои ги разликуваат тн. упорни и континуирани деликвенти од оние кои не покажуваат деликвентно однесување само во периодот на адолесценција;
3. Зголемениот интерес за причинските процеси и етиолошките фактори на криминалното однесување при што се повеќе до израз доаѓаат заедничките карактеристики на личноста и потребата за проучување на динамиката и итеракцијата помеѓу личните и срединските услови. Овој аспект јасно ги става до подобро разбирање за начинот на кои биолошките фактори влијаат на однесувањето;
4. Истакнувањето и важноста за различните истражувачки чекори кои е потребно да се направат за да се тестира хипотезата и се утврди причинската улога на биолошките ризични фактори, исто така доведе до подобро разбирање за начинот на кој биолошките ризични фактори влијаат на нарушеното однесување;
5. Значителен пораст на емпириски истражувања кои се однесуваат на индивидуалните карактеристики кои се поврзани со антисоцијалното однесување, посебно за генетските аспекти кои се сметаат за први со оглед на тоа што тие ја сочинуваат идната подлога за дискусија и придонесот на индивидуалните обележја.

Главни биолошки услови и фактори се: нервниот систем, ендокриниот систем и телесната конституција и истите пред сé се одредени од наследството (како што се

на пример диспозицијата за интелегенцијата и другите способности како и диспозицијата на темпераментот.

Развојот и менувањето на личноста се остварува со влијание на средината и на она што поединецот го носи со себе по пат на наследството. Во основа секој поединец со своите вродени диспозиции реагира на средината.

Но не е доволно да се зборува само за наследните туку треба да се разгледаат и биолошките фактори кои влијаат на развитокот на личноста.

### 3.3.1 Нервниот систем

Важен фактор од кој зависи развојот на личноста е нервниот систем, а неговата структура зависи од наследните и стекнати диспозиции. Постои автономни и вегетативен нервен систем. Од структурата на нервниот систем на пр. зависи диспозицијата на интелегенцијата.

Функцијата на централниот нервен систем, особено на вегетативниот нервен систем, заедно со ендокриниот систем во голема мера го одредуваат темпераментот.

Испитувањата покажале дека единките со интензивна функција на вегетативниот нервен систем покажуваат поголема живост и реагирање, а единките кај кои што функцијата на вегетативниот нервен систем е поспора, покажуваат тенденција на емоционална неурамнотеженост и нервоза.

Невролошките истражувања се усмерени кон функционирањето на мозокот, а истражувањата од 70-тите години од дваесетиот век посебно внимание посветиле на лимбичкиот систем. Истражувачите наведуваат дека насилното однесување е тоа кое предизвикало слаба контрола на импулсите и дека тие се поврзани во комбинација со лимбичкиот систем и префронталниот кортекс на мозокот (Bufkin и Luttrell, 2005; Seguin и сораб., 1999; Volavka, 2002; според Andrews и Bonta, 2006:170).

### 3.3.2 Ендокрини систем

Друг важен биолошки фактор е ендокриниот систем. Него го сочинуваат жлездите со внатрешно лачење (хипофиза, тиреоидеа, надбубрежна и половни жлезди), односно жлездите што лачат течност, хормони директно во крвта при што предизвикуваат промени во однесувањето на организмот. Нивната основна функција е да го регулираат метаболизмот. Хипофизата излачува хормони со кои ја регулира работата на останатите жлезди, штитната жлезда лачи тироксин кој ја регулира

активноста на организмот, адреналната жлезда влијае на емоционалното реагирање додека полните жлезди влијаат на сексуалната активност и репродуктивното однесување во целост. Денес во медицинските науки неуроендокринолошките фактори се поврзуваат со агресивното однесување.

Истражувањата покажуваат дека зголеменото количество на тестостерон посебно кај машките деца во адолесценцијата се во корелација со агресивното однесување на младите (Olweus и сораб., 1988; според, Hann и Borek (ur), 2001). Додека Арчер (Archer, 1994; според, Reppucci, Fried и Schmidt, 2002) наведува дека најверојатно тестостеронот и агресијата влијаат едно наспроти друго на реципрочен начин, сметајќи дека тестостеронот е можно да се гледа и како причина, но и како последица на агресијата. Во областа на хормоналните објаснувања, зголемената реактивност на кортизонот исто така се поврзува со екстернализирани промени во однесувањето (Susman и сор. 1997; според, Hann и Borek (ur), 2001). Понатаму, некои истражувања правени на невротрансмитерите укажуваат на ниско нивó серотонин кај лицата со агресивни тенденции (Cleare и Bond, 1995; според, Reppucci, Fried и Schmidt,, 2002).

Истражувањето на Лабедина - Манзони (Lebedina-Manzoni, 2007) го истакнува влијанието на биолошките фактори преку недостатокот на емоционалната возбудливост, која е условена со помалата одговорност кон околината и помала осетливост на пофалбите и поттикнувањето од средината.

### 3.3.3 Наследни особини

Улогата на биолошките фактори, особено на наследното има големо влијание на психичките особини. Прашањата, поврзани за влијанието на наследните особини и нивното влијание врз психичкиот живот се наметнати со цел да се види во која мера наследно се детерминирни процесите кои се одвиваат во нервниот систем, чии резултат се различните процеси, особини и состојби односно нивната генетска детерминираност на психичките процеси.

Со истражувањата во областа на психичките процеси се занимавале психогенетичарите кои барале одговор на прашањето: Кои биолошки механизми лежат во основата на наследувањето на разните психички карактеристики на човекот? Истражувачите за наследноста, особините и способностите кај луѓето ја испитувале интеракцијата на генетските и срединските фактори, поаѓајќи од

претпоставка дека поттикнувањето од средината е неопходен услов за развивање на генетските потенцијали. За таа цел тие се служеле со споредбени методи меѓу кои: метод на близнаци (идентични и неидентични) кои живееле во иста или различна средина споредување на сродници со различен степен на крвно сродство и несродници (посвоител и посвоеник) кои живет во иста средина и др.

Се смета дека се наследуваат следните особини:

- Карактеристиките на видот и расата (боја на кожа);
- Телесната конституција на одредени делови (уста, нос,очи);
- Карактеристики на одредени сетилни органи (боја на очи, квалитет на коса, папиларните отисоци, квалитетот на забите и бојата и
- Осетливоста на сетилата.

Наследните фактори имаат големо влијание и за темпераментот, интелегенцијата и одредени телесни и психички нарушувања.

Многу истражувачи со цел да го согледаат влијанието на наследните биолошките фактори своите истражувања ги усмериле на студии со близнаци и студии на посвоени деца. Во истражувањата посебно внимание привлекувале студиите со еднојајчените близнаци заради својот идентичен генотип, што значи доколку постои генетски фактор за деликвенцијата, еднојајчените близнаци би трабало да се послични отколку двојајчените. Тоа истражувачите го нарекуваат конкорданција (ако се двата близнаци деликвенти или неделиквенти) или дискорданција доколку од двата едниот од близнаците е деликвент а другиот не (Regoli и Hewitt, 1991).

Постои истражување кое го спровеле Далгард и Кринглер (Dalgard и Kringler според Kratcoski и Kratcoski, 1990) во Норвешка кон крајот на 70-тите години кое покажало како антисоцијалното однесување кај еднојајчените близнаци е послично во однос на двојајчените. Друго истражување кое било спроведено во Данска на 3 586 близнаци кои го спровел Кристиансен (Christiansen, 1977, според Andrews и Bonta, 2006) зборува дека резултатите се слични со претходното истражување односно кај 35% од еднојајчените близнаци е присутно деликвентното однесување наспроти 12% за двојајчените близнаци.

Недостатокот на овие истражувања е во тоа што не се земени предвид други фактори во потесна и поширока смисла на социјалното опкружување на близнаците. Нивното постојано заедничко живеење, средината која влијае на нивното

размислување, интереси, дружење со исти лица од што може да се извлечи заклучок дека и околината се однесува кон нив на ист начин.

Но, постојат и такви истражувања кои се сметаат и за поквалитетни кои правеле студии со еднојајчени близнаци кои биле раздвоени пред петтата година и истите биле пратени до зрелата возраст просечно до 43 - та година.

Такво истражување спровел Гров (Grove и сораб.,19900 според Andrews и Bonta, 2006) на 32 парови на еднојајчени близнаци каде се утврдило дека кај 29% е присутно деликвентното однесување нешто помал процент од претходното истражување. Ваквите истражувања придонесуваат во објаснувањето на ризичните биолошки предиспозиции за појава на пореметено однесување.

Други истражувања кои настојуваат да го потврдат влијанието на биолошките фактори на тој начин што го изолираат влијанието на средината се истражувањата правени на посвоените деца. Реголи и Хјуит (Regoli и Hewitt ,1991) го опишуваат истражувањето на Бакра од 1986 година (Bakra,1986) кои на примерок од 2 530 машки посвоени деца го утврдиле влијанието на наследството за имотните деликти и некои психијатриски варијабли, додека Андрјус и Бонта (Andrews & Bonta, 2006) наведуваат истражување кое го спровеле Медник, Габриели и Хатчинг 1984 година (Mednick, Gabrielli & Hutchings, 1984) на примерок од 14.000 деца во Данска, кое покажало дека 20% од посвоените деца, чии биолошки родители биле сторители на казнени дела, а посвоителите не, манифестирале деликвентно однесување, во однос на 13,5% деликвентни посвоени деца каде ниту биолошките родители, ниту посвоителите биле сторители на казнени дела. Волш (Walsh, 2000, според Andrews и Bonta, 2006:167) наведува дека гените ги контролираат генетските биохемиските реакции, а не мислите, чувствата и уверувања, како што социјализацијата ги обликува овие психички процеси.

### 3.3.4 Индивидуални фактори

Во рамките на самата личност и особините на личноста како личните, биолошките и психолошките процеси се вбројуваат различни причини за појавата на пореметено и деликвентно однесување. Истражувањата кои одат во прилог зборуваат за значењето на индивидуалните карактеристики кои во корелација со нарушеното однесување ги истакнуваат биохемиските процеси и особините на личноста кои се категоризирани во две групи: 1) биолшки и наследни и 2)

когнитивно емоционални.

Покрај влијанието врз личноста на биолошките, физичките, интелектуалните, психичките способности и карактеристики на личноста и нивното обликување низ силното влијание на социјалните услови и средина во која живее, расте, се развива и формира личноста на малолетникот, од доминантно значење и влијание се две битни детерминанти. Прво, тоа дека личноста на малолетникот и нивните желби и потреби од кои некои се дефинирани, некои недефинирани и во ситуации кога тие не се во можност да ги остварат, кај малолетникот предизвикуваат фрустрации кои се совладуваат низ екцесни поведенија и второ, малолетниците се личности кои што не можат да ги дефинираат своите желби, исто така, не се способни да ги одложат истите. Тие факти уште повеќе ги нагласуваат фрустрационите состојби од кои произлегуваат и девијантните однесувања како начин на совладување на фрустрациите. На општествен и социјален план малолетната личност бара сигурност во условите за нејзиниот непречен развој, за сигурност во живеењето и созревањето, за остварување на перспектива, на сопствено влијание врз својата судбина, живот и развој.

### 3.3.5 Структура на личноста

При испитувањето на нарушеното однесување не може да се избегне прашањето за личноста на адолесцентот, односно дејствувањето на личните фактори. Човековата личност никогаш не е пасивна спрема влијанието на средината. Личноста со сите својства (способности, особини и црти) се вклучува во системот на други фактори кои сите заедно во интеракција го определуваат начинот и степенот на приспособеност.

Различни автори имаат различни сфаќања за тоа што е битно за проучување на личноста, што ја сочинува структурата на личноста.

Некои автори сметаат дека најважни се навиките и дека преку навиките можи да се објасни целокупното однесување на поединецот.

Други автори сметаат дека основни моменти од кои е можно најуспешно да се прикажи личноста се мотивите. Според ова сфаќање мотивите претставуваат фактори кои го одредуваат начинот на реагирање на поединецот.

Од мотивите и ставовите зависат активностите на поединецот, фрустрацијата и депривацијата на задоволување на мотивите што доведува до зајакнување на

активностите. Различно е влијанието од незадоволените мотиви и потреби кое може да го поттикнат и лоши личности од неговата средина. Правните и други норми, обрасци на однесување и принципи, обичаите, моралот и т.н. можат да делуваат како препрека или да го условуваат начинот на задоволување на потребите. Семејството кај личноста вградуваат одредени морални и културни принципи кои во поединецот и неговата личност стануваат двигател на неговите активности.

Детето настојува потребите да ги задоволува веднаш, а додека возрасните вршат проценка. Ако поединецот поради одредени притисоци се откаже од задоволување на своите потреби може да дојди до нагласено користење на психосоцијалните одбрамбено - адаптивни механизми и да доведе до потешки последици, како што е агресивност и бегање во неуроза во вид на неуротични реакции во кои спаѓаат психосоматските пореметувања и недоразбирањата со средината.

Според Фром, механизмите на бегство му служат на човекот да се ослободи од тешкото чувство на лично издвојување од светот. Негирањето на овие чувства на беспомошност и осаменост, човекот може да го водат по патот на спонтаноста и креативноста, позитивна слобода или по патиштата на негативна слобода.

Други автори нагласуваат дека најважно е да се утврди интенцијата, аспирацијата, намерите, основните вредности кон чие остварување тежнее поединецот, неговите ставови и интереси.

За структурата на личноста е присутно и сфаќањето дека личноста најцелисходно и најрационално можи да се прикажи на тој начин што ќе се изнесат својствата, цртите, особините или аспектите на личноста.

Ако во поимот особини покрај особините на темперамент, карактер, телесна конституција и способостите се сврстат и мотивите, ставовите и интересите тогаш можиме да ја дефинираме како организација на особини и црти (Тадиќ, 1971).

### *3.3.5.1 Темперамент*

При описот на особините на личноста на одредена личност се користи поимот темперамент. Морган и Кинг (Morgan & King,1971, стр.364) укажуваат на тоа дека психолозите најчесто терминот темперамент го користат за да се означат структурните карактеритики на личноста кои се однесуваат на емоционалните аспекти на личноста: лесно емоционално возбудување, карактеристични форми на

емоционално реагирање и типичната емоционална состојба на едно лице.

Според Креч и Крачфилд (1973), тоа што се нарекува темперамент опфаќа типични емоционални реакции, состојби на расположенија и енергетски атрибути на личноста. Според Рот темпераментот не го покажува само емоционалниот начин на реагирање на поединецот, туку и брзината, силата и траењето на сите активности на поединецот воопшто. Со поимот темперамент се означува, колку често, со кој интензитет и со кое траење се јавуваат чувствата, како и тоа со кој емоционален тон.

Според тоа темпераментот би можел да се определи како карактеристичен начин на реагирање на поединецот на различни дразби. ( Рот, 1985 стр.232).

Разликите во темпераментот се делумно одговорни за разликите кај поедини особини на личноста, и тој може да претставува основа за помала или поголема повредливост односно за психотолошки реакции и манифестации. Изгледа дека некои обележја на темпераментот претставуваат предиспозиција за појава на нарушување во однесувањето под поволни услови, под влијание на односите кое детето ги воспоставува со мајката и околината.

Особините на личноста како што се друштвеност или импулсивност опишуваат низа предиспозиции за реагирање на одреден начин, па и според тоа темпераментот се смета детски еквивалент на личноста (Farrington, 2005). Темпераментот кај децата доаѓа до израз уште во најраната возраст. Некои карактеристики на темпераментот остануваат трајни во текот на детството, младоста и возрасното доба, а некои се менуваат под влијание на развојните и надворешни културни фактори и начинот на одгледувањето. Постои доследност во манифестирањето на некои обележја на темпераментот од година во година, но прогнозата за конечниот развој е несигурна.

Некои истражувачи покажале интерес кон дефинирањето на различни видови на детскиот темперамент, посебно е важно да се спомене истражувањето на Чеса и Томас (Chessa & Thomas ,1984, според: Andrews & Bonta, 2006) на примерок од 133 новороденчиња. Тие се категоризирни во три видови на темперамент: „лесен", „бавен/топол", и „тежок темперамент". Со оглед на тоа што наш интерес е поврзаноста на темпераментот во врска со нарушеното однесување во покасниот период би ги навеле особините кои го карактеризираат „тешкиот карактер".

Карактеристиките на 'тешкиот темперамент' се: интензивна реакција на стимул, општо негативно расположение, споро прилагодување на промени, неправилни карактеристики на спиење, глад и други телесни функции.

Денес многу истражувачи идентификувале бројни обележја на темпераментот кои се поврзани со нарушеното однесување.

Лонгитудиналната студија за здравјето на адолесцентите која била спроведена во САД  на примерок од 20 000 машки и женски адолесценти, авторите на ова истражување ги интересирало поврзаноста помеѓу импулсивноста, недостатокот на самоконтрола и различните облици на нарушеното однесување со дополнителна проверка и за значењето на соседството, средината односно општествениот контекс во кој адолесцентите растат. Реултатите од истражувањето зборуваат во прилог на импулсивноста и недостатокот на контрола како најважен предуслов за нарушување во однесувањето.

Денес авторите идентификувале многу карактеристики на темпераментот кои се поврзани и со деликвентното однесување. Постојат различни категории, но најголем консензус постои околу двата типа 'тежок' темперамент на децата кои се пресудни за разбирање на деликвентното однесување (Andrews и Bonta, 2006).

Првата карактеристика ги опишува лицата со високо нивό и потреба од возбудувања во комбинација со ниска самоконтролата. Во овој случај тоа се поврзува со социјализираноста, односно асоцијалните тенденции и потрага по возбудувања. Друг тип на темперамент кој е во голема корелација со однесувањето се вика негативна емоционалност, а го карактеризираат обележја како што се нагли промени во расположениието и емоционалната нестабилност.

Сите обележја на темпераментот се значајни но однесувањето зависи и од условите во кои детето расти .

**3.4 СОЦИЈАЛНИ ФАКТОРИ**

Меѓу факторите што ја сочинуваат средината и влијаат на развојот на личноста, најважни се социјалните фактори. Од особено влијание се социјалните фактори кои доведуваат до развој и менување на личноста, тие имаат значајна улога за развојот на личноста за што покажуваат и бројни примери за децата кои што се израснати во несоодветна социјална средина.

Голем е бројот на социјалните фактори кои имаат влијание во развојот на личноста и тоа се: семејството и семејните услови во кои што детето расте, училиштето, неговите врсници, неговото непосредно опкружување, роднините и

пријателите со кои што детето често пати доаѓа до контакт, мас медиумите, социјално-економскиот систем во кој што живее, културата во која што пораснал и во која што живее како и други фактори.

### 3.4.1 Процесот на социјализација и нарушеното однесување

Во анализата на причините и начинот на појава на нарушено однесување треба да се подвлечат значајни бројни чинители кои го сочинуваат процесот на социјализација.

Процесот на социјализација се остварува преку т.н. социјалното учење при што значајна улога играат социјалните фактори, пред сé интеракцијата со другите лица, меѓу кои постои трајна емоционална врска, кои свесно и намерно влијаат на формирањето на личноста.

Социјализација е процес во кој учествуваат многу системски и несистемски фактори како што се: семејството, училиштето, групата врсници и т.н. Под социјализација се подразбираат постапки со кои детето се учи на оние начини на однесување кои се карактеристични за одредена група, тоа е процес кој почнува од раѓањето, трае цел живот, но за време на детството и младоста е најважен.

Постапката на социјализација се стреми кон тоа општествените норми и вредности и т.н. да се „инкорпорираат" така што поединцот се поистоветува со нив. Поради недоволно емпириски истражувања на ова поле сé уште остануваат отворени прашањата за тоа: Каде и зошто процесот на социјализација оди лошо? Дали е можно да се идентификуваат потенцијалните опасности во процесот на социјализација? Какво е влијанието на социјалните фактори при обликувањето на асоцијалното однесување (семејството, семејната атмосфера, стиловите на воспитување на родителите и сл.)? Како и за секоја друга појава така и за нарушеното однесување кај адолесцентите треба да се испитуваат потребните, можностите и доволните услови за негово појавување.

Осознавањето и објаснувањето на нарушеното однесување кај адолесцентите се сврзани со интеракцијата на социјалните, психолошките, културните и други фактори во процесот на социјализација. Во основа, сите форми на однесување, дури и делумно, претставуваат ефект на социјализацијата. Според тоа, резултат на социјализацијата е и однесувањето кое општеството понекогаш го осудува. Тоа во основа значи, дека адолесцентите со промени во однесувањето се регрутираат од

личности кај кои во процесот на социјализацијата, има одредени пропусти или биле изложени на негативни влијанија.

### 3.4.2 Ризични фактори поврзани со семејството

Семејството е основната клетка во која човековата единка го започнува својот живот и правилен развој од самото раѓање. Средината во која личноста израснала пред се семејната е исклучиво знажен фактор.

Во современата психологија, социологија и педагогија се повеќе се истакнува значењето на семејството како агенс за социјализација на детето. Како што констатира Рот (1973) „не се битни одделни специфични постапки во односот кон детето, колку што е битен општиот однос и општата атмосфера во семејството, а пред се чувството на сигурност на детето"(стр.119).

Семејството како животна институција има општествено значење. Од него потекнува нов човек, ново општествено битие. На семејството му е доверена задачата за примарна социјализација на детето, тоа мора својот нов член да го соедини во семејната и пошироката општествена заедница и во неа да му обезбеди посебно место.

Семејството е прв и најважен фактор во социјаната средина на детето која го започнува процесот на неговата социјализација. Во нашата цивилизација влијанието на семејството е големо во однос на усвојување на основниот систем на етички и други општствени вредности кои се од исклучителна важност во сложениот процес на социјализација. Влијанието на семејството опаѓа со текот на годините, бидејќи како детето расти се вклучува во други социјални групи кои што исто така имаат големо влијание во процесот на социјализацијата.

Бидејќи личноста најдолго се создава во семејството, се чини дека е од најголемо значење. Тука се прават првите чекори на адаптација, социјализација и постепено и систематски детето се вклучува во воспитните и образовни влијанија на средината.

Семејството како систем игра централна улога во социјализацијата, воспитувањето, психолошко и биолошко одржување на членовите во семејството кое подразбира и исполнување на три задачи кое семејството треба да ги исполни (Vukov,1989).

1. Основните задачи кои се однесуваат на исхрана и заштита на членовите во

семејството. Основните потреби на емоционален план се однесуваат на поддршка, љубов и разбирање.

2. Развојните задачи се однесуваат на раст и развој и созревање на членовите во семејството и тоа со давање поддршка низ сите фази на индивидуалниот и семејниот животен циклус.

3. Третата задача на семејството се однесува на прилагодување и дејствување на семејството во ситуации кога ќе се појави неочекувана ситуација: болест, смрт, развод. Семејството во такви ситуации треба да ги прилгоди промените од економски и општествен план, со што и натаму ќе пружа поддршка за што побезболно да им овозможи раст и развој на своите членови.

Овие задачи семејството треба да ги реализира во рамките на животниот циклус кој подразбира и различни задачи во рамките на одредени фази за раст и развој на семјството.

Во семејството се задоволуваат најелементарните потреби важни за биолошкиот опстанок на детето, како што се потребата за храна, сон, хигиена, нежност и социјални контакти. Родителите имаат огромна улога и во стекнување на знаења, вештини, карактеристики, вредности, ставови и слично. Детето преку комуникацијата со своите родители учи да зборува, да ги покажува чувствата, да ги искажува мислите, да игра, да црта, да учи, да создава пријателства, да се доживува себе си на одреден начин.

Општата атмосфера во семејството е поважна, отколку поединечните видови на постапки кои се користат кон децата. Додека детето расте и се развива, родителите можат да покажат различен степен на прифаќање и неприфаќање. За правилен развој на личноста, важно е детето да се чувствува сакано и сигурно во семејството.

Децата кои потекнуваат од семејства во кои постои меѓусебна доверба, љубов и другарски однос и помеѓу родителите и помеѓу родителите и децата стекнуваат попозитивни особини: независност, сигурност во себе, адаптибилност, добри социјални контакти отколку децата кои потекнуваат од семејства во кои има чести конфликти и во кои нема грижа и љубов за нив.

Општествениот начин на живеење и социјализацијата во текот на развојот на личноста, можат да го ограничат и попречат развојот на креативноста, особено ако правилата на пожелно однесување се премногу крути. Со својата крутост тие ја инхибираат спонтаноста која претставува основен услов за креативно дејствување.

Поаѓајќи од фактот дека семејството е прва општествена средина во која детето ги стекнува своите искуства тоа ја предодредува индивидуата за креативност или и поставува интрапсихички бариери, па во таа смисла е битно каков стил на воспитување се преферира во семејството.

Адлер го набљудува семејството како основен образец на меѓучовечките социјални односи со последици особено по децата.

Семејството претставува првата скала во процесот на социјализацијата кај секој поединец, па поради тоа квалитетот на односите со родителите, како и динамиката во семејното опкружување се клучни фактори за развој на детето.

На семејните услови и општата атмосфера во семејството, во стручната литература им се придава најголема важност за развојот и формирањето на личноста. Од семејната атмосфера во голема мера зависи каква личност ќе се формира и каква ќе биде таа личност во текот на целиот живот. Раното детство, има огромно значење каква ќе биде личноста на возрасниот човек.

Неадекватното семејство односно неадекватната примарна социјализација на единката во него е еден од главните фактори за појава на нарушено однесување кај адолесцентите. Недоволната грижа и недостигот на љубов кон него се првенствени причини за развивање на определени општествено непожелни особини и непожелно однесување како што е агресивноста и непријателскиот став према околината или затворање пред околината, повлеченост, пасивност.

Од исклучителна важност е општата атмосфера во семјството. Децата од семејства во кои постои меѓусебна доверба, љубов и другарски однос помеѓу самите родители и помеѓу родителите и децата, најверојатно ќе бидат возрасни луѓе со позитивни особини (со чувство за независност, сигурност во себе, урамнотежени, со добри социјални контакти) отколку децата од семејства каде се чести караниците и расправиите и во кои нема доволно грижа и љубов за детето.

При разгледување на влијанието на семејната група врз развојот и нарушувањата во развојот на децата и младите, треба да се земат предвид: составот на семејството, односите меѓу родителите, функциите и составот на семејството, семејните односи, квалитетот на стамбените услови, лошите материјални услови, родителската контрола, динамиката и развојот на семејните односи, начинот на одгледување и воспитување на децата, начинот на комуникација меѓу членовите во семејството, системот на моралните вредности и норми на однесување и други

значајни варијабли. Сите овие карактеристики на семејството делуваат поврзано и не можат да се набљудуваат одвоено.

Голем број на истражувања укажуваат и на важноста на односите меѓу родителите. Тие ја истакнуваат важноста на складните односи меѓу родителите за развој на детето. Недоразбирањето меѓу родителите доведува до појава на промени во однесувањето и до конфликт во самото дете.

Несомнена е важноста за влијанието на семејните услови како ризични фактори за појава на нарушено однесување. Тоа го потврдуваат и многу автори (Farrington, 1992, 2004, 2005; Ruchkin, 2002; Vazsonyi и Flannery, 1997; de Kemp и cop., 2006; Hoeve и cop., 2007; Andrews и Bonta, 2006; Shader, 2004 и други) кои во прилог зборуваат за квалитетот на семејните односи и поврзаноста, ниското ниво на родителски надзор, грубите облици на родителската контрола, брачните проблеми, родитеското отфрлање на детето, слабата вклученост во развојот на детето, криминално или зависничко однесување како важни причинители за идното деликвентно однесување на децата.

***Лошите материјални услови на*** семејството - најчесто се карактеристични за повеќе бројни семејства и за семејства со социјални проблеми (алкохолизам, бракоразвод, инвалидност, материјална необезбеденост). Семејствата со низок социо економски статус (сиромаштија и низок социјален статус), имаат значајно влијание врз појавата на нарушеното однесување. Ако адолесцентот живее во атмосфера со постојано ограничување на пари, несоодветен стандард, престојува подолго време во гужва во семејтвото кај него се јавува напнатост.

Преголемата окупираност на родителите со егзистенцијални и други проблеми, се една од причините кои можат да доведат до развој на негативни или општествено неприфатливи особини како што се: агресивност, затворање во себе, бегање од средината, пасивност и сл.

Меѓусебната поврзаност и испреплетеност на ризичните фактори врз појавата на нарушено однесување кај адолесцентите можат да се поделат на четири групи ризични фактори во семејното опкружување а тоа се:

1. односот меѓу родителите и децата;
2. родителските воспитни стилови;
3. еднородителски семејства и
4. социопатолошки појави во семејството.

Јосиповиќ (Josipović, 2003) истакнува дека структурата на семејството индиректно влијание како ризичен фактор за развој на детето, при што акцентот го става на квалитетот на односите меѓу родителите и децата, економските услови и материјалниот статус, поддршката и перцепција за разводот како и потесната и поширока општествена средина.

Дисхармоничните односи во семејството што се манифестираат најчесто преку алкохолизам на еден од родителите, а исто така преку нарушените брачни односи многу штетно влијаат врз развојот на детето. Бројните истражувања покажуваат дека од вакви средински услови потекнуваат потенцијалните престапници кои имаат многу лошо влијание и врз своите врсници, се јавуваат потешкотии во учењето, бегање од училиште, домот и т.н. ( Матерне, 1988).

Од голема важност за семејството е хармоничноста, емоционалната атмосфера во семејството која треба да биде пријатна, ведра без напнати ситуации со заемна љубов меѓу родителите и нивната заедничка грижа за децата, со настојување на сите членови животот во семејството да го направат посодржаен и поубав.

За да се формира детето како позитивна личност секогаш му е потребна љубов и близина и од двајцата родители. Штом е детето поврзано само со еден од нив значи дека семејната организација е растроена, а тоа нужно раѓа чувство на несигурност, страв од омраза спрема оној кој е причина за таквото растројство, со што се нарушува личноста. Односите помеѓу децата и родителите треба да се проучуваат поради нивната динамика и променливост и тоа зависно како од развојот на децата, така и од развојот на родителите.

Во адолесценцијата се менуваат некои функции, улоги на семејството и се менува рамнотежата во динамиката на семејните интеракции. Истражувањата покажуваат дека најчести конфликти и судири настануваат околу процесот на одвојување индивидуализацијата, независноста и сексуалното ослободување, заради различни вредносни систем, естетски, политички и религиозни убедувања.

Голем број на ученици тврдат дека основните обележја на личноста се формираат во рамките на семејството, во родителскиот дом, уште во периодот на детството. Со самото раѓање човечкото суштество е толку зависно и беспомошно, така што за одржување во живот безусловно му е потребна помош и грижа од возрасните. Тоа сé уште ги нема развиено сите особини кои се карактеристични за човекот, туку поседува основи и диспозиции од кои тие можат да се развијат.

Истражувањата покажуваат дека односот помеѓу родителите и детето е основа за успешна социјализација на детето и за развојот на здрава личност. Семејството е значаен фактор за развој заради долгиот временски период на влијание врз детето, односно семејството е единствен фактор на социјализација во периодот на детскиот живот, кој повеќето автори го сметаат за најзначаен за севкупниот развој на личноста.

Во семејната средина се стекнуваат првите морални претстави, се стекнуваат најосновните навики, емотивната стабилност за успешно решавање на животните задачи. Под влијание на семејството се определува и формира првиот однос спрема општеството, традицијата, идеалите итн. Затоа, семејната средина не треба да се сфати како затворен свет за ѕебе. Семејството иако е специфичен социјален фактор тоа не е изолиран од општеството. Напротив, за детето семејната средина е првата мала социјална заедница во која уште од најрана возраст се оспособува за општествен живот, за првите општествени права и обврски.

Во семејните услови детето учи да сака, да ги надминува егоистичните чувства што се јавува како услов да ги развие и другите социјални чувства. Семејството, воспитната работа може да ја врши доколку самите родители се подготвени за тоа. Родителите влијаат врз своите деца пасивно и несвесно преку својот пример. Често децата низ игра емитираат „семејство", тие копираат тоа што го гледаат од мајката и од таткото. Се чини тоа е природно бидејќо тие се сведоци на заемното уважување и љубов, внимание и нежност и тие тоа го прифаќаат природно. Во семејства каде има постојано семејни конфликти, раздор, грубост, меѓусебно непочитување на родителите, таквата состојба ја ранува детската душа и создава непочитување кон родителите и семејството како институција. Семејството, воспитната улога може да ја врши доколку самите родители се подготвени за тоа. За жал има родителите кои не се подготвени за таа улога, односно немаат конкретни знаења па сета таа воспитна улога ја препуштаат на училиштата.

Многубројните истражувања и сознанија покажуваат дека еден од најзначајните услови за позитивен развиток на децата е социоемоционалната атмосфера во семејството. Во оние семејства каде што постои љубов, срдечност, меѓусебна комуникација, почитување, заемно помагање, децата се развиваат нормално, со чувство на безбедност, емоционално се постабилни, достоинствени но и кооперативни, додека пак децата кои биле лишени од семејната атмосфера и

љубов заостанувале во секој поглед од развојот. Тие покажувале слаб физички развој, иако имале добра исхрана и хигиена. Особено слаби резултати биле забележани во нивниот ментален развој, нивниот ментален количник бил многу понизок во споредба со оние деца кои живееле и се развивале во семејство (Фром, 2006, според Ангеловска, 2009).

Најважни односи кои се битни за процесот на социјализација се срдечениот однос кон детето наспроти ладниот, односно овозможување на слободни активности на детето наспроти строго ограничување на неговите активности. Постојат голем број на истражувања кои покажуваат дека срдечниот родителски однос кон децата претставува важен услов за успешна социјализација. Во семејствата во кои постои срдечен однос кон детето полесно се формира чувството на одговорност. Исто така и полесно се јавува чувство на вина кога детето ќе постапи спротивно од поставените норми.

Родителите кои служат како модел и покажуваат срдечен однос се поефикасни во процесот на социјализација, бидејќи повеќе ги поддржуваат своите деца, а како резултат на тоа децата се спремни да ја прифатат пораката од нивните родители. Детето, чии родители имаат срдечен однос со него ќе се чувствува повеќе поврзано со нив, тоа повеќе ќе сака да биде со родителите и ќе биде мотивирано да стекне одобрување од родителите, и да го избегнува неодобрувањето.

Големината на семејството исто така влијае врз појавата на промени во однесувањето, има мислења според кои нарушувањата во однесувањето е почесто кај деца кои живеат во големи семејства. Големите семејства можат да придонесат кон потешкотии во воспоставување на дисциплина во истите, недоволна грижа и чести конфликти.

Во поголемите семејства со повеќе деца, најмалото дете често е галениче и може долго да биде задржано во детинеста и зависна положба. Но и едно дете како централна фигура во семејството има шанса да остани долго во нарцисоидно самозадоволство со потешкотии во одвојувањето и воспоставување на нови емотивни општествени односи.

Како причина за појава на нарушено однесување може да бидат и непотполните семејства. Поделбата на семејствата на потполни и непотполни се врши според два вида на врски: општествени и емотивни. Во оваа смисла како непотполно семејство не се смета само она во кое недостасува само еден родител, туку она семејство во

кое се присутни и двајцата родители, но се прекинати емотивните врски помеѓу нив или помеѓу родителите и децата.

### 3.4.2.1 Функционалноста на семејството

Функциите во семејството имаат значајно влијание врз сите членови во семејството. Во адолесцентниот период функцијата на семејството се менува и семејството ги губи некои свои улоги. По секоја цена задржување на старите обрасци на однесување за младинецот или девојката станува извор на судир или тоа доведува да адолесцентот се покорува на родителските барања, жртвувајќи ја на тој начин својата индивидуалност и автономија. Најчестите судири кои ја нарушуваат семејната динамика се судирите кои се кристализираат околу процесот на одвојување – индивидуализацијата, зависност – независност, конфликтите околу сексуалното ослободување, различен систем на вредности, естетски, политички и религиозни убедувања. Ако семејната група не одржува поврзаност помеѓу семејниот и општествениот идентитет, односно живее на работ од општеството, постои опасност да се развие нарушено однесување.

Составот на семејството има значајна улога и врз појавата на промените во однесувањето. Патолошки развој на личноста на детето (невротичност, несигурност, агресивност, егоизам) е присутен во семејства кои се непотполни, во кои има чести несогласувања, рамнодушен, циничен и потценувачки однос кон децата, како и недоследност во наградувањето и казнувањето (Трбе Анин, 2001).

Основата за остварување на воспитните функции на семејството ја сочинуваат фунционалноста на семејството, која може да биде појаснета од аспект на систематски пристап на семејството.

***Семејството е систем со внатрешни случувања*** кој е поврзан со надворешниот свет. Системот на семејството не е збир на поединци, во него се обликуваат односите меѓу членовите, односно се развива интеракција помеѓу нив. ***Семејната интеракција*** *најчесто подразбира четири системи* (односно подсистеми), како што се: *интеракцијата меѓу партнерите, интеракцијата меѓу родителите и децата, интеракцијата помеѓу децата и интеракцијата на семејството со надворешниот свет.*

Авторот Хендрик (Hendrick,1992) наведува дека семејството ги исполнува

биолошките, психолошките и општествените функции:

- негува, одгледува, штити и му дава на своите членови психосоцијална поддршка;
- овозможува на своите членови да се прилагоди на културата во која семејството живее;
- ги негува општествено културните обележја и специфичности и ги пренесува од колено на колено;
- на своите членови им овозможува равој на идентитетот на секого поединечно.

Семејстовата кои ги исполнуваат овие функции ги нарекуваме ***функционални*** а оние кои не се во состојба да ги исполнат ги нарекуваме ***дисфункционални.*** ***Функционални*** се сметаат семејните обрасци кои овозможуваат постигнување на основните семејните цели кои себе си ги поставува семејството. Во функционално семејства спаѓа и демократското семејство кое се карактеризира со изразено почитување, вреднување, уважување на членовите и потврдување.

***Дисфункционални*** се сметаат семејните обрасци со кои не се исполнува задачата, туку доаѓа до појава на одредени симптоми или незадоволство. Дисфункционалните семејства се недемократски т.е автократско семејство, во кое нема почитување, признавање, уважување и потврдување.

Друг автор дисфункционалното семејство го дефинира она семејство во кое има конфликт, несоодветно однесување и злоупотреба, на поедини членови на семејството, при што останатите во домот се приморани да се приспособат на ваквите акции (Stoop & Masteller,1997).

Според Џорџевиќ, (Dzordzević,1981) функционално е она семејство кое создава услови за развој на здрави и зрели членови во согласност со нивните интелектуални и креативни способности.

***Функционалноста*** *на семејството може да се проучува во однос на организационите процеси* кои ја поддржуваат интеграцијата во семејството како целина. Елементите на овие ***организациони процеси*** се ***кохезивност***, ***флексибилност и комуникација***.

***Функционалноста на семејниот систем*** може да се дефинира преку следниве димензии: ***семејна флексибилност***, која претставува баланс измеѓу стабилноста и промените, ***семејната кохезивност*** која претставува баланс помеѓу ***блискоста и индивидуализацијата и семејната комуникација***.

Позитивната комуникација има големо значење за оптимално фамилијарно

комуницирање и има важни импликации за појава на пореметено однесување кај адолесцентите. Рофеј (Roffey, 2002., 27- 45), нагласува дека ***функционалното семејство*** е флексибилно и прилагодливо. Доколку се потребни промени од внатре или надвор од него тоа е способно брзо да реагира и да се реорганизира, така што тоа ќе им одговара на сите членови. Овие смејства овозможуваат потребна автономија и го поттикнува индивидуалниот развој.

***Дисфункционалното семејство*** е доста ригидно и тешко прилагодливо. Без туѓа помош тоа не е способно на брз и соодветен начин да се реорганизира во даден момент. Не може да воспостави позитивна комуникација. Дисфункционалното семејство го попречува и го оневозможува индивидуалниот развој и на несоодветен начин допира до индивидуалноста и автономноста на секој член во семејството.

Комуникацијата помеѓу членовите во семејството е една од најважните фактори која влијае на интерперсоналните односи, и се чини дека е клуч на динамичните семејни односи. Семејството е дефинирано како систем во кое владеат правила чии членови ја дефинираат и редефинираат природата на нивните односи преку разни форми на комуникација. Се претпоставува дека членовите на семејствата кои користат позитивни форми на комуникација се организираат себеси во предвидливи модели на однесување (Galvin and Brommel 1991).

Како ризични фактори во семејството меѓу другите е и присуството на социопатолошки појави во него. Во областа на социопатолошките појави во семејството потојат разни форми на неприфатливо, девијантно и опасно однесување. Со оглед на тоа што присуството на социопатолошките појави во семејството од аспект на идното ризично однесување на децата од такво семејство ние ќе се обрнеме само на дел од истите за кои сметаме дека се најзначајни. Според Стотхамер и Лејбер (Stouthamer-Loeber,1986) идентификувани се четири модели на 'семејство под ризик' кои ги имаат следниве карактеристики:

1. ***Занемарувачко семејство*** - во овие семејства малку внимание се посветува на децата и ретко се надгледуваат. Не проверуваат каде се и со кого децата го минуваат времето, ниту пак што тие прават.

2. ***Конфликтно семејство*** - во овие семејства присутни се постојаните недоразбирања и расправии помеѓу родителите како и меѓу родителите и децата. Во овие семејства присутно е и насилното однесување. Сите методи кои се применуваат кон децата се без успех. Во овие семејства децата учат дека недоразбирањата

единствено можат да се решат со насилство, поради што често се чувствуваат отфрлени од родителите и се повлекуваат во себе.

3. ***Девијантни семејства*** - го толерираат или кришум дури и го поддржуваат деликвентното однесување. Во овие семејстваи и самите родители најчесто се агресивни и наклонети кон деликвентно однесување, а детето е под висок ризик да развие тешко деликвентно однесување, вклучувајќи и насилни деликти.

4. ***Хаотично семејство*** - Во овие семејства нема јасни граници, ниту кој за што е одговорен. Чувството за припадност во овие семејства е слабо развиено исто така и блискоста (поврзаноста) со членовите од семејството е мала. Во овие семејства многу често и значајните и тешки одлуки се носат брзоплето и во многу кратко време. Родителите често не водат грижа за потребите на децата. Ваквите семејства често имаат низок социо - економски статус, а членовите имат повеќеструки потешкотии во социјалното и емоционалното функционирање.

### 3.4.2.2 Еднородителско семејство

Еднородителските семејства според некои истражувања имаат исто така влијание врз појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите.

Во истражувањата за влијанието на еднородителското семјество, што го вклучуваат и разводот на бракот не се подеднакво значајни. Додека некои истражувања на еднородителските семејства покажуваат како тие ја зголемуваат можноста за појава на нарушувања во однесувањето МекКорд, Видом и Крауел (McCord, Widom и Crowell, 2001; според, Shader, 2004), други резултати кои го контролирале влијанието на социо - економските варијабли, го минимизираат влијанието на еднородителските семејства (Austin, 1978; Crockett, Eggebeen & Hawkins, 1993; според Shader, 2004).

Постои верување дека децата израснати во семејства со еден родител се лишени од подучување и прифаќање на општествените норми од двата родители.

Фарингтон (Farrington,1992) наведува дека разводот на бракот во раната детска возраст не е посебно значаен фактор, што може да се изведе заклучок дека најверојатно поправилно е да се разгледуваат ефектите од самиот развод отколку самиот развод, „квалитетот" на разводот во однос на фактот дека тие повеќе не се заедно. Во прилог на ова зборува Работег - Шариќ, Пеќник и Јосиповиќ (Raboteg - Šarić,Pećnik и Josipović, 2003) истакнувајќи го незначително влијанието на

структурата на семејството како ризичен фактор за развој на детето, тие ставаат поголем акцент на квалитетните односи меѓу родителите и децата, економските прилики и материјалниот статус, поддршката и перцепцијата за разводот во пошироката општствена средина.

Поголема значајност треба да се даде на воспоставување на топлиот и непосреден однос на детето со родителот отколку на влијанието на еднородителското семејство врз појавата на пореметеното однесување. Едно големо истражување на Демута и Браун (Demutha и Browna 2004; според Andrews и Bonta, 2006) на примерок од 16.000 адолесценти, во кое биле вклучени околу 7.000 млади од еднородителски семејства ја потврдуваат оваа теза. Нивните резултати покажуваат најголемо нивó на нарушено однесување е забележано кај младите кои живееле со татковците. Меѓутоа, кога авторите вклучиле и обработка на варијаблите поврзани со односот помеѓу татковците и младите, еднородителското семејство повеќе не било значајно. Оваа студија потврдила дека доколку таткото има топол однос со своите деца и има адекватен надзор, веројатноста за појава на нарушено однесување не би била поголема во однос на дводителските семејства. Овие резултати не упатуваат на тоа дека поголема е важноста на поголемата кохезија, топлина и приврзаност меѓу родителите и децата отколку структурта на семејството. Во основа квалитетот на односите помеѓу родителите и децата има силно влијание како заштитен фактор за идно делквентно однесување отколку структурата на семејството.

### 3.4.2.3 Ризични фактори поврзани со родителско однесување

Постојат многу фактори кои влијаат на родителското однесување. Многубројните истражуваања спроведени во оваа област покажуваат значајна стабилност во индивидуалните разлики во однесувањето на родителите кон децата низ текот на развојот.

Без разлика на возраста на детето истражувањата покажуваат на две темелни димензии на родителското однесување (Darling & Steinberg, 1993 според Vizler, 2004) а тоа се: емоционалност и контрола.

***Димензијата на емоционалност*** се однесува на емоциите кои родителите ги доживуваат во интеракцијата со детето. Таа е биполарна димензија, на едниот крај е димензијата емоционалана топлина, а на другиот крај емоционалниот ладен однос.

Многу автори емоционалната топлина ја наведуваат како аспект на семејното опкружување кое најмногу влијае на детскиот развој (Vander–Zanden, 1993 според Vizler, 2004). Емоционално топлите родители ги прифаќаат своите деца, им даваат поддршка, внимание, разбирање, грижа при што како методи за дисциплина користат објаснување, охрабрување и пофалба. Емоционално ладните родители ги занемаруваат своите деца, непријателски се расположени кон нив, ги критикуваат и казнуваат.

***Димензијата на контрола*** се однесува на она однесување кое родителите го користат во интеракцијата со децата, за да го менуваат нивното однесување и внатрешната состојба (Peterson & Rollins, 1987 според Vizler, 2004). Нормално е младите да настојуваат да ги задоволат нивните потреби на најлесен, најдиректен начин, а потоа ако социјалната контрола е отсутна тие ќе манифестираат нарушено однесување (Eliot, Huizingo, Ageton,1985). Слабата социјална контрола може да се движи кон следното:

1. неуспех да се развие внатрешна контрола за време на детството;
2. губење на контрола или поттикнување на претходно воспосатавена внатрешна контрола посебно за време на адолесценцијата и
3. социјална дезорганизација во посебни социјални единици (семејства), што резултира со слаба надворешна контрола.

Семејството има многу начини на кои може да го спречи нарушеното однесување. Недостатокот на семејни улоги подразбира и отсуство на контрола што ја зголемува можноста за појава на промени во однесувањето.

Родителската контрола е биполарна, така што на едниот крај на оваа димензија се постапките на цврста контрола на однесувањето на детето, а на другиот крај постапките на слаба контрола. Родителите кои применуваат цврста контрола строго го контролираат однесувањето на детето и се насочени кон тоа детето да се придржува на правилата кои тие ги поставиле. Родителите кои користат слаба контрола поставуваат мал број правила, помалку го набљудуваат однесувањето на детето, односно му даваат потполна слобода.

Истражувањата покажуваат дека родителското однесување на двете димензии на контрола може да бидат ризик фактор за развојот на детето. Претераната контрола може да предизвика зависност, субмисивно однесување и намалување на мотивот за постигнување, а слабата контрола може да предизвика агресивно и

недоследно однесување кај децата (Vander–Zanden, 1993 според Vizler, 2004).

Бидејќи резултатите од истражувањата укажуваат на спротивни ефекти на родителската контрола врз однесувањето на детето, некои автори се обиделе да дефинираат поддимензии на димензиите на контрола. Новите истражувања укажуваат на постоење на две одвоени димензии на родителска контрола, а тоа се психолошка контрола и бихевиорална контрола (Dornbusch & Darling, 1992; Darling & Steinberg, 1993 според Vizler, 2004). Главна разлика помеѓу овие две димензии на контрола е во целите кои родителите сакаат да ги постигнат при нивна примена. Со примена на психолошката контрола родителите настојуваат да го контролираат психолошкиот свет на детето, а со примена на бихевиоралната контрола тие се насочени кон контролирање на однесувањето на детето посебно на непожелното однесување.

Развојот на детето бара одреден степен на психолошка автономија за да може низ различната социјала интеракција да развие независност и самостојност. Претераната психолошка контрола го оневозможува процесот на индивидуализација и доаѓа до развој на психолошка зависност, недоверба во сопствениот идентитет и се јавува страв од губење на поврзаноста со родителите. Правилниот развој бара одреден степен на регулирање на однесувањето така што детето ќе научи во социјалната интеркација да вклучува правила на однесување и ќе има одредена структура која треба да ја почитува за да може да се прилагоди во социјалната средина. Преголемото психолошко контролирање на детето претставува ризик фактор во развојот, но од друга страна и отсуството на бихевиоралната контрола исто така влијаае на развојот на детето. Овие две димензи имаат различно влијание на однесувањето на детето.

Истражувањата покажуваат дека силната психолошка контрола на децата е поврзана со интернализирани проблеми во адолесценција, додека силната бихевиорална контрола е поврзана со екстернализирани проблеми (Barber, Olsen & Shagle, 1994 според Vizler, 2004).

### 3.4.2.4 Фактори кои влијаат врз однесувањето на родителите

За важноста на родителите уште во првите години од животот на детето во литературата се среќаваат многу податоци Худсон Генц и Ѓорѓевиќ (Hudson,1967; Генц,1988; Џорџевиќ ,1985 и др. ) кои го потенцираат нивниот однос кон детето и

општата семејна клима која се јавува како детерминатор на идните интереси, стилот на живот на личноста, нејзината структура и сл.

Постојат голем број на истражувања што се спроведени со цел да се утврди зошто родителите се однесуваат кон своите деца на определен начин, односно што го одредува родителското однесување. Постојат три главни фактори (Belsky, 1984 според Vizler, 2004):

1. индивидуалните особини на родителите;
2. особините на детето и
3. контекстуалните фактори.

Индивидуални особини на родителите кои влијаат на родителското однесување се: возраста на родителот, полот, особините на личноста, однесувањето на нивните родители кон нив, знаењето и верувањето за детскиот развој и задоволството од бракот. Истражувањата покажуваат дека и интеракцијата на повозрасните мајки со децата е потопла, позитивна повеќе стимулативна отколку интеракцијата на помладите мајки со децата. Исто така, се покажало дека малолетните мајки покажуваат повеќе непожелно однесување кон своите деца, имаат помалку реалистични очекувања од детскиот развој и помалку чувство за задоволување на детските потреби (Belsky, 1984 според Vizler, 2004).

Полот на родителите е еден од битните фактори. Мајките повеќе се окупирани со активности кои се поврзани со негата на детето, а интеракцијата на татковците и децата повеќе се сведува на игра и исполнување на слободното време. Исто така докажано е дека мајките поминуваат повеќе време со своите деца отколку татковците. Мајките повеќе користат постапки за психолошка контрола на детето, а татковците повеќе користат бихевиорална контрола (Collins и Russell, 1991 според Vizler, 2004).

Особините на личноста на родителите и нивното влијание најмногу доаѓа до израз во истражувањата кои се занимаваат со родителите со емоционални нарушувања. Утврдено е дека депресивните мајки покажуваат помалку прифаќање, топлина и трпение односно повеќе ги казнуваат децата во однос на недепресивните мајки.

Полот, возраста, темпераментот и способностите на детето се особини кои најповеќе влијаат на родителското однесување. Истражувањата покажуваат дека родителите различно се однесуваат кон децата од различен пол (Russell и Russell

1987 според Vizler, 2004). Се наведува дека родителите на шестогодишните и седмогодишните деца покажуваат повеќе емоционалност во интеракцијата со девојчињата, а сé повеќе доминација во интеракцијата со момчињата. Некои истражувања укажуваат и на интеракција на полот на детето и полот на родителот. Во периодот на доенче мајките повеќе разговараат и се насмевнуваат на девојчињата отколку на момчињата, а татковците повеќе се насочени кон момчињата отколку кон девојчињата особено ако се работи за прво родено дете (Keresteš, 1999, според Vizler, 2004). Во адолесценцијата потешкотии се јавуваат во интеракцијата со родителот од ист пол (мајка- ќерка, татко- син).

Битен фактор во родителското однесување е и возраста на детето. Иако наодите од истражувањата не се секогаш конзистентни, утврдено е дека со растењето на детето доаѓа до намалување на психолошката контрола, физичкото покажување на љубов, односно времето кое се поминува со детето, а се зголемува бихевиоралната контрола и употребата на вербални методи за дисциплина и се нагласува автономијата на детето (Keresteš, 1999 според Vizler, 2004).

Родителското однесување не се одвива во социјална изолација. Важни контекстуални фактори се: социјаната мрежа на родителот, работното место и брачниот однос (Belsky, 1984 според Vizler, 2004). Сите овие фактори можат да бидат извор на стрес и поддршка.

*Стресот* кој е предизвикан од проблемите на работното место може да го промени однесувањето кон детето. Исто така, влијание има и перцепцијата на брачните односи. Доколку жената чувствува поддршка од својот сопруг повеќе ќе се посвети на своите деца. Социјалната поддршка која произлегува од вклученоста во социјалната мрежа има позитивно влијание и на однесувањето, го смалува негативното влијание од стресот (Vander–Zanden, 1993, според Vizler, 2004).

Истражувањата покажуваат дека родителите со помала социјална поддршка помалку се успешни и одговорни од оние кои се добро интегрирани во социјалната мрежа. Родителите со помала социјална поддршка поставуваат повеќе правила и користат авторитетни методи на казнување (Belsky, 1984, според Vizler, 2004).

Битни фактори се и социо-економскиот статус, структурата на семејството (бројот на членови во семејството, бројот на деца, редоследот на раѓањето), културолошките фактори односно, различните извори на стрес. Социо-економскиот статус влијае на начинот на живот во семејството, на улогата на родителите и на

односите во семејството. Мајките со различен социо-економски статус може да имаат заеднички вредности, но тие вредности може да ги остваруваат на различни начини. Мајките од понизок социо-економски статус се повеќе рестриктивни, додека мајките со повисок социо-економски статус повеќе комуницираат со своите деца и повеќе ги поддржуваат (Peterson и Rollins, 1987, според Vizler, 2004).

Од сето претходно изнесено може да заклучиме дека родителското однесување треба да се сфати како повеќе димензионален концепт кој ги обединува индивидуалните особини на родителите и децата но и односите на пошироката социјална средина кон семејството и улогата на родителите и децата во неа.

### 3.4.2.5 Односот помеѓу родителите и децата

Присутни се бројни истражувања за испитување влијанието на односите помеѓу родителите и децата за појавата на нарушеното однесување. Тие ги испитуваат односите помеѓу родителите и децата во корелација со нарушеното однесувања, го проучуваат односот низ родителиската топлина, прифаќањето на децата и нивната блискост односно нивната меѓусеба поврзаност.

Леду и сораб. (Ledoux и сораб., 2002) наведуваат дека блискоста помеѓу родителите и децата е заштитен фактор за многу форми на нарушено однесување. Фериќ и Шлехан, (Ferić & Šlehan ,2006) ги сумирале резултатите од истражувањата на разни автори за значењето на семејната динамика, како што се семејните слави, јачината на семејството, времето и рутината на семејните традиции како најважни заштитни семејни фактори. За сите овие обележја можи да се дефинира заеднички фактор, а тоа се факторите на меѓусебна кохезија, односно приврзаност на членовите во семејството.

Семејната атмосфера е извор на поврзаност бидејќи родителите дејствуваат како контрола и ги поттикнуваат нивните деца на општествено прифатливо однесување. Семејната нестабилност, недостатокот на семејна кохезија и слабиот квалитет на односите меѓу родителите и децата е поврзано со појавата на нарушеното однесување.

Адолесцентите кои имаат силна фамилијарна поддршка имаат самодоверба и тие се способни да ги поддржуваат општествените вредности и им се спротивставуват на притисоците кои доаѓаат од надвор за да манифестираат

нарушено однесување. Оттука може да се донеси логичен заклучок дека ако постои недостаток на овие карактеристики во семејството има ризични фактори за појава на нарушено однесување.

Поврзаноста помеѓу родителите и децата јасно ни укажува за влијанието кое родителите го имаат на своите деца. Адолесцентот во семејството треба да биде рамноправен член, значи активно да учествува во основните домашни задачи.

Доколку детето не се чувствува поврзано со своите родители, тоа не ги перцепира како важни личности чии морални вредности и однесувања е потребно да се почитуваат и прифатат.

### 3.4.2.6 Ризични фактори поврзани со воспитни стилови на родителите

Кенер (Kanner, 1935, според Todorović, 2005) ја дал првата поделба на родителските ставови во односот кон детето. Тој во својата класификација ги издвоил следниве родителски ставови: прифаќање и љубов, јавно отфрлање, преголема грижа и преголеми барања. Нивните специфичности од аспект на говорните искази, постапките со детето и нивните последици врз неговиот развој се прикажани подолу.

***Прифаќање и љубов***

*Говорни искази*: Најмногу ме интересира детето.

*Постапки со детето*: Нежност во играта, галење, трпение.

*Последици врз развојот на детето*: Чувство на сигурност, нормален развој на личноста.

***Јавно отфрлање***

*Говорни искази:* Не го поднесувам, не сакам да се мачам поради детето.

*Постапки со детето:* Запоставување, грубо однесување, избегнување блискост и разговор, понижувања, навредувања со погрдности.

*Последици на развојот на детето:* агресивност, заостанување на емоционалниот развој, разбојништво.

**Преголеми барања**

*Говорни искази:* Не сакам такво дете морам да го направам да биде нај - нај.

*Постапки со детето:* Избегнување пофалби, кртитицизам, преувеличување на беззначајните грешки на детето.

*Последици на развојот на детето:* фрустации, чувство на страв, недостаток на

доверба во сопствените можности.

**Преголема грижа**

*Говорни искази:* Се правам за детето, се жртвувам за него!

*Постапки со детето:* галење, преголемо попуштање или скратување на слободата.

***Последици на развојот на детето:*** задоцнето морално созревање, неспособност за самостоен живот, секогаш зависен од наредбите на своите родители и наставници. Сé што ќе му се рече за него е покорно извршување.

Воспитниот стил подразбира проценка на воспитни постапки на родителите со кои најуспешно ќе ги остварат своите воспитни цели, без да го нарушат емоционалниот однос кон детето. Овие постапки произлегуваат од базичното прифаќање и љубов кон детето, или негово отфрлање и условна љубов. Емоционалниот фактор се смета за најважна компонента на воспитниот стил на родителите.

Под воспитен стил на родителите се подразбира релативно доследен начин на однесување на родителите, со кој се воспоставува однос кон децата (Matejevic, 2000).

Воспитниот стил може да се одреди како синдром на различни постапки кон детето кој се манифестира во низа животни ситуации низ интеракција родител-дете. Тие постапки имаат тенденција на групирање, во смисла на доминација на некои видови, што дава обележје на целокупното родителско однесување и се разликува од другите (Лацковиќ- Грин, 1982, според Котева-Мојсовска, 2006).

Воспитниот стил на родителите е специфичен начин на однесување, збир од намерни или ненамерни постапки на родителите кон децата кој всушност го одредува карактерот на меѓусебната комуникација и развивањето на одредени способности и особини кај децата.

Денес има бројни промени во однос на традиционалното воспитување така што сега и двата родители имаат подеднаква улога во воспитувањето, кое пак е повеќе интерактивно и со помалку казнување.

Класифицирањето на воспитните стилови, во зависност од високите и ниските одговорности и барањата на родителите, креира четири воспитни стилови, и секој од нив се карактеризира со различна природа на воспитувањето, различни родителски вредности, постапки и различен баланс помеѓу одговорноста и барањата на родителите.

Наталија Витас (Витас,1983), (според Котева - Мојсовска, 2006), однесувањето на родителите го класифицира преку категоризацијата на родителската личност и нејзините карактеристични ставови. Таа разликува:

***Емоционално зрели родители***, кои умеат да ги покажат емоциите и да ги прифатат децата, и кои по пат на емоционална поддршка, градат самостојна личност.

Истражувањата покажуваат дека децата кои најдобро се адаптирани, посебно во социјалните релации, имаат родители кои го негуваат авторитативниот воспитен стил.

***Презагрижени родители***, кои или претерано или недоволно го контролираат детето, го бранат и ги решаваат неговите проблеми. Како последица на ова однесување, детето е емоционално нестабилно и неадаптирано во социјалните норми. Тоа е несамостојно и плашливо и секогаш во потрага по внимание и признание.

Претерана заштита или размазаност, го забавува психосоцијалното созревање. Овие деца се дрски, вообразени, себични, ги злоупотребуваат своите родители, и им поставуваат големи барања. Но кога овие деца ќе се најдат во ситуација да не се со своите родители, стануваат несигурни и вознемирени (Todorovć, 2005). Децата чии родители се однесуваат претерано заштитнички кон нив, се зависни од авторитет и имаат недостаток на спонтаност.

***Попустливи родители***, кои Витас ги дели на претерано и умерено попустливи. Децата од умерено попустливи родители се секогаш подготвени на соработка и самостојни, додека другите се себични и тешко прилагодливи во социјалните контакти.

***Родители кои отфрлуваат***, чии карактеристики се незаинтересираност, инертност и негрижа. Детето кое од родителот често е отфрлано станува уплашено, интровертно, или пак агресивно и наметливо. Кај деца чии родители го застапуваат воспитниот стил на отфрлање, чести појави се агресивноста и непослушноста. Кај нив емоциите како што е сочувство, несебичност, пожртвуваност, дружељубивост, се мошне слабо развиени. Тие често се исплашени, беспомошни лути, тешко се прилагодуваат и често пати имаат забавен ментален и физички развој (Todorović,2005).

Татјана Котева - Мојсовска(2006) ги издвојува следниве воспитни стилови: ***Демократски***, преферира почитување на личноста на детето како рамноправен

член кој има свои права во семејството. Родителите ги фалат своите деца, ги поттикнуваат, ги охрабруваат, ги мотивираат, ги наградуваат, заеднички ги решаваат проблемите, покажуваат трпеливост и емпатија. Детето кое се чувствува прифатено од страна на своите родители е добро расположено, весело, динамично, сигурно во себе, чувствително и храбро. Физичките нежности кои се користат како награда, кога детето ќе ги исполни барањата на своите родители, кај него развиваат голема потреба за постигнувања ( Todorović,2005).

***Автократски воспитен стил***, се карактеризира со строгост, чести казнувања и за мали грешки направени од страна на детето. Не се почитуваат потребите на детето, се поставуваат безусловни барања и се очекува безпрекорна послушност. Доминантна е контролата врз детето, се поставуваат превисоки и нереални очекувања, не се покажува доверба во способностите на детето, се наметнуваат сопствените идеи и ставови. Често омаловажувано и критикувано дете, развива чувство на помала вредност.

***Анархичен воспитен стил***, во кој децата се препуштени сами на себе или на образовните институции, додека родителите покажуваат незаинтересираност и рамнодушност кон детскиот раст и развој. Родителите не се запознати со животниот тек на своето дете, не знаат доволно што му се случува. Комуникацијата меѓу родителите и децата е усилена и почесто за површни отколку за суштински содржини. Присутна е незаинтересираност за потребите и активностите на детето.

***Родителите кои се незаинтересирани*** кај своето дете предизвикуваат интензивна потреба за љубов, внимание и наклоност. Детето во своите родители не гледа поткрепа и помош. Тоа се чувствува напуштено и осамено во својот дом. Ова може да предизвика целосен или делумен застој во развојот на сложените чувства, а може да доведе дури до неспособност за трајно врзување за други личности (Todorović, 2005). Децата од овие семејства имаат ниско чувство на самодоверба поради тоа што не ја чувствуваат родителската грижа (Котева-Мојсовска, 2006).

Односот родител - дете може да се набљудува и во однос на различните стилови на родителското однесување кое преставува комбинација на горе наведените димензи.

Воспитните стилови започнуваат да се формираат рано и се протегаат низ целото детство и младоста. Иако со развојните промени, потребите на детето и родителите, воспитните цели, дисциплинските барања, постепено се менуваат, сепак

во основа емоционалниот однос ја задржува својата постојаност.

Според Олга Мурџева - Шкариќ (2004), родителските стилови се разликуваат во однос на две основи димензии: 1. дали интеракцијата е со љубов или е спротивна на ова – со непријателство и 2. дали се тие попустливи родители или се со авторитарна контрола. Со тоа се издвојуваат неколку стилови во потенцирање на родителство како воспитен фактор и тоа:

***Авторитарните родители*** (авторитарен-диктаторски стил) се засноваат врз моќта, ја вреднуваат послушноста како доблест и предност им дават на мерките на казнување и на силата за да ги потисне иницијативите кај децата. Има многу дисциплина и барања, а малку љубов и комуникација. Детето се држи подредено и со ограничена автономија, а не се стимулира ни вербална размена, родителите можат да бидат многу загрижени и да се поставaт заштитнички кон децата или да ги занемаруваат.

***Попустливите родители*** (попустлив стил) се однесуваат афирмативно, ги следат и се благи кон детските имплуси и поведенија. На децата им даваат нежност, но имаат малку барања, малку дисциплина и малку комуникација. Себе си се гледаат како извор за детето, но не како активен и одговорен фактор за моделирање на неговите идни поведенија. Тие ги сакаат децата и ги заштитуваат но, им даваат слобода што им овозмозува да немаат одговорност за детскиот развој.

***Компетентните родители*** или родителите со авторитет (демократски стил) ги насочуваат детските активности на рационален и целисходен начин. Односите се засноваат на реципрочност: родителите имаат високи барања од детето и висока дисциплина, но исто така има и голема љубов и прифаќање на детето. Родителите даваат добро одмерена доза на љубов, барајќи дисциплина и комуникација. Го охрабруваат разговорот и размената на мислења, а ако детето одбива, ја почитуваат неговата одлука. Се вреднува автономната желба, но и се контролира поведението според прифатливи стандарди. Се препознаваат индивидуалните детски интереси и стилови, но се држи до стандардните правила прифатени од возрасните кои треба и децата да ги усвојат. Овие родители се топли, постојани и разумни. Детето може да го предвиди нивното однесување кон него и знае што се очекува од него бидејќи тоа му се објаснува на достапен начин. Позитивното поткрепување е поефикасно за учење на пожелните поведенија и е почесто користено од овие родители.

***Незаинтересирани родители*** се оние кои се индиферентни, невнимателни и безгрижни во дисциплинирањето на децата или споделувањето на нежност со нив. Тие не се вклучуваат во родителството, туку се насочени кон својот комфор и други активности кои ним им се значајни.

Дијана Баумринд (Diana Baumrind, 1970 според Vizler, 2004) наведува три разлчни родителски стила, а тоа се: авторитативен, авторитарен и попустлив. ***Авторитативните родители*** поставуваат јасни правила на однесување, јасни барања, даваат објаснување на постапките кои ги применуваат и го земаат предвид развојниот период во кој се наоѓа детето. Оваа контрола се применува во топла емоционална атмосфера, односно се почитуваат потребите на детето. Со ова се овозможува развој на автономија кај детето како и слободно изразување на неговите идеи.

Помеѓу ***авторитарните родители*** и нивните деца владее однос на подреденост и надреденост. Овие родители максимално го контролираат однесувањето на детето и очекуваат максимална послушност, при што не се земаат предвид потребите на детето. Користат строги техники за дисциплинирање кои вклучуваат и физичко казнување.

***Попустливите родители*** отфрлаат било каква контрола над детето. Детето се поттикнува само да ги донесува своите одлуки и да развива независност при што нема никакво водење и контрола од страна на родителите. Пред детето се поставуваат многу малку барања и очекувања, односно се одобруваат сите постапки и одлуки на детето.

***Авторитативните и авторитарните родителски*** стилови подразбираат цврста контрола во однесувањето на детето. Разликата помеѓу нив е во димензијата емоционалност но, и во видот на контролата. Авторитативните родители повеќе применуваат бихевиорална контрола. Авторитарните родители покрај бихевиоралната контрола применуваат и психолошка и дисфункционала контрола, а со тоа го оневозмозуваат автономниот развој на детето.

Мекоби и Мартин (Maccoby & Martin 1983, според Vizler, 2004) даваат уште еден родителски стил. Според нив попустливиот родителски стил кој е ниско на димензијата контрола не ги зема предвид разликите во емоционалноста.

Затоа тие разликуваат *авторитативен, авторитарен, пермисивен* и *незаинтересиран родителски стил*. Овие четири стила настануваат со комбинација

на спротивните пола на димезиите на родителското однесување.

***Авторитативниот*** родителски стил е комбинација од емоционалната топлина и цврстата контрола, *авторитарниот* од цврста контрола и ладен емоционален однос.

***Пермисивниот*** родителски стил е комбинација од емоционална топлина и слаба контрола, ***незаинтересираниот*** родителски стил е комбинација од емоционално ладни родители кои поставуваат слаба контрола.

За тоа како воспитните стилови влијаат на однесувањето постојат многу истражувања.

Горман и Смит и сораб. (Gorman - Smith и sur. 2000), според Hoeve и сор., (2008), дошле до резултати дека занемарувачкиот воспитен родителски стил (ниско нивó на дисциплинирање, надзор, емоционалност и поврзаност) е значаен причинител за сите форми на нарушено однесување на младите додека Фарингтон (Farrington, 2005) наведува дека ниското ниво на родителскиот надзор е предуслов за деликвентно однесување. За тоа дека во семејството е од исклучителна важност и комуникацијата за појавата на пореметувањата зборуваат и Башиќ и Жижак (Bašić и Žižak, 1994) кои наведуваат дека неискрената комуникација, недостатокот на заедништво во семејството, индивидуализмот, критиките, омаловажувањата и негативните пораки кои си ги упатуваат членовите се ризични фактори за различни видови на однесување.

Во едно истражување направено на 200 адолесценти, ученици во средно училиште во Ниш испитувана е поврзаноста меѓу воспитните стилови, особините на личноста и склоноста кон алкохол. Податоците кои се добиени покажале дека постои значајна поврзаност речиси на сите воспитни стилови и наклоноста на злоупотреба на алкохол кај младите.

Емоционалната топлина на таткото и на мајката се од неизмерно значење за развојот на свесноста како особина на личноста, додека недоследноста негативно корелира. Значи, додека мајката почесто критикува, казнува, навредува и отфрла, толку е помала веројатноста дека ќе се развие свесноста како особина на зрелата личност.

Истражувањата на Тодоровиќ (Todorović, 2005) за поврзаноста на воспитните стилови и самопочитувањето кај адолесцентите покажале дека нестабилни самопроценки најчесто настануваат кај семејства каде се негува претерана контрола

во воспитувањето. Кај т.н. претерано заштитнички стил, најважни обележја се контрола и надзор на однесувањето како и истакнување на високи барања во однос на детето посебно во поглед на училишниот успех, и придонесува за развој на висок ЈАС идеал, но поттикнуваат и несигурност и непристоен однос кон себе и другите, па и кон сопствените вредности и цели.

Во Ниш е спроведено истражување од страна на Станојевиќ (Stanojevic) на примерок од 100 жени чија возраст била помеѓу 40 и 55 години и 100 студентки на возраст помегу 19 и 22 години со цел да се утврди дали постои поврзаност помеѓу партнерската афективна врска кај родителите и воспитниот стил кој тие го негуваат. Карактеристично за истражувањето е односот помеѓу мајките и ќерките, при што мајките го проценувале квалитетот на нивната поврзаност со нивните сопрузи, а ќерките со нивните мајки, но и татковци. Резултатите покажуваат дека лицата кои со партнерот имаат сигурна афективна врска од своите деца се доживеани како родители кои практикуваат демократски стил. Несигурната афективна поврзаност (окупирачки, избегнувачки и плашлив) статистички значајно се поврзани со либералниот воспитен стил и авторитарен стил.

Односот родител-дете е многу важен за формирање на идентитетот и неговите афективни компоненти на самопочитувањето. Високо и стабилно самопочитување се развива во одредени семејни услови низ воспитно влијание на кое детето е изложено. Прикажани се резултатите од истражувањето за улогата на различните воспитни стилови во формирањето на стабилно самопочитување кај адолесцентите. Истражувањето е изведено во 8 средни училишта во Ниш на примерок од 280 ученици. Се покажало дека стабилното самопочитување е во корелација со емоционалната топлина и прифатеност на мајката; нестабилното самопочитување се поврзува со недоследност и презаштитување како воспитен стил, додека отфрлувањето како воспитен стил е поврзано со стабилно, но ниско самопочитување (според Todorović).

### 3.4.3 Ризични фактори поврзани со влијанието на училиштето

Како што семејството е прва 'природна' социјална група која го одгледува новороденчето, така училиштето е прва општествена институција со која детето се сретнува. Училишето придонесува за стекнување на знаења, вештини и навики кои му се потребни за негово вклучување во оштественот живот. Со растот и развојот

на децата, се менуваат и околностите на социјалната интеракција која е најизразена во школскиот период. После детството децата интензивно воспоставуваат социјални контакти надвор од семејството, пред се во училишното опкружување, каде се зголемува влијанието на врсниците врз нивното однесување, социјалниот и емоционалниот развој (Watkins & Wagner, 2000).

Во училиштето детето за првпат се среќава со општетвена дисциплина и општествен авторитет кои се многу поразлични од оние што ги стекнале во однос на дисциплината и авторитетот во своето семејство. Во рамките на училиштето, одделенскиот клас како посебна социјална група со своите врсници стекнува нови социјални вештини и навики кои му се потребни за неговото функционирање во новиот социјален амбиент. Во модерната цивилизација школскиот систем е еден од главните патишта за општествена мобилност за идните граѓани.

На учениците им е потребно големо внимание и грижа како од семејството така и од воспитно образовните институции - училиштата за да се изградат како комплетни личности.

Но фактот дека традиционалниот дух на домашното воспитување како да е во неповрат изгубен, модерниот живот со неизбежната трка за профит најчесто е на штета на младите генерации. Така што родителите наместо воспитувањето на децата да го прифатат како лична, морална и законска обврска се чини дека тоа целосно им го препуштаат на воспитно-образовните институции, училиштата.

Родителската љубов и попустливост во училиштата треба да се замени со пропишани норми на однесување и исполнување на поставените задачи.

Општеството на училиштето му доверило задача на младите да им обезбеди што поквалитетно усвојување на знаењата и умеењата, кои ќе овозможат да се развијат моралните, културните и работните способности, како и други пожелни навики и квалитети.

Затоа, природно е што недостатоците на училиштето, а уште повеќе неговите неуспеси се ставаат во врска со јавувањето на различните видови на промени во однесувањето кај младите, но во иста насока делуваат и лошите интерперсонални односи во училишната средина.

Лошиот однос на наставниците спрема поедини ученици доведува до разни фрустрации со кои тие рационално не можат да се борат. Разни нерешени и неуспешно решени конфликти на учениците во училишната средина негативно се

одразуваат и врз нивното однесување надвор од училиштето. Често учениците поради одмазда предизвикуваат и прават престапи а понекогаш тоа го прават и за лична афирмација и самопотврдување.

Неодмерените и престроги казни, субјективноста во оценувањето на занаењата и други неправилности кои училиштата им ги нанесуваат на учениците претставуваат сериозна пречка во нивното успешо интегрирање во училишниот живот, а понекогаш го оттуѓуваат од него и создаваат аверзија и чувство на омраза.

Учениците кои во училиштето доживуваат неуспех во училишните постигнувања и кои во него се чувствуваат непожелни, од било кои причини имаат аверзија спрема училиштето и се отуѓуваат од него.

Истражувањата покажале дека причина за школскиот неуспех може да се многубројни неповолни социјални фактори, од кои повеќето се поврзани со социјалниот и економскиот статус на семејството. Меѓутоа, се покажало дека некои фактори за кои досега не се водело доволно сметка, имаат многу неповолно дејство врз личноста на ученикот, ако школскиот неуспех е присутен подолг временски период доаѓа до пад на самопочитувањето (Брковиќ,1991).

Низ резултатите на бројни истражувања се утврдува поврзаноста помеѓу слабиот школски успех и деликвентното однесување кај младите Шејдер, Андрјус и Бонта, Васерман,Фарингтон (Shader, 2004; (Andrews и Bonta, 2006; Wasserman, 2003; Farrington, 2005 и др.), истакнуваат дека деликвентите можеме да ги окарektеризираме како ученици со слаб успех и голем број на неоправдано изостанување од училиштето.

Многу американски автори нагласуваат дека „етикетирањето" на учениците е значаен предуслов за нарушено однесување и дури и криминално однесување (Sarnecki, 1985; Moore et al., 1979; Stouthamer и Loeber, 1988; Graham и Bowling, 1996; според White и sur., 2001).

Со оглед на тоа дека децата значително голем дел од времето го минуваат во училиштето за усвојување на општествените норми, вредности, правила на однесување како и стекнувањето на знаења, училишното опкружување можи да се смета како ризичен и како заштитен фактор за појава на нарушено однесување.

Фарингтон (Farrington, 2005) истакнува дека деликвентите непропорционално повеќе посетуваат училишта во кои е присутна поголема стапка на деликвенција во кои има помало ниво на доверба помеѓу наставниците и учениците и во кои

учениците не се поврзани со училиштата во кои не постојат јасни и конзистентни правила.

Роберт Агнев (Robert Agnew, 2001:158-161; според, Andrews и Bonta, 2006) ги истражувале карактеристиките на училиштата кои се поврзуваат со деликвентното однесување на нивните ученици.

Стапката на деликвенција според овој автор е поголема во училишта со повисок процент на сиромашни ученици, машки и припадници на малцински групи. Исто така наведува дека училиштата со пониска стапка на деликвенција има во „топли, но цврсти", опишувајќи ги од една страна квалитетни односи помеѓу наставниците и учениците, меѓусебното почитување, покажување интерес за учениците, овозможување успех и напредок на учениците, пофалби за специфини успеси и слично, а од друга страна постоење на јасни и конзистентни правила и очекувања на академски успех. Исто така и изрекувањето на педагошките мерки со цел коригирање на нарушеното однесување кај адолесцентите има различно влијание.

Во однос на изрекувањето на казнени мерки врз учениците кои покажуваат нарушено однесување согласно со политиките на училиштата, некои истражувања покажуваат дека привременото отстранување од училиштето и како крајна мерка отстранување од училиштето се крајно лоши механизми за контрола на однесувањето на младите, и дека таквите постапки се уште во поголема корелација со покасните криминални активности (Shader, 2004).

### 3.4.4 Ризични фактори поврзани со влијанието на групата врсници

Врсниците се социјална група која има значајно влијание во процесот на социјализација поради релациите кои детето ги има воспоставено со своите врсници. Овој процес поминува низ неколку фази (прва, втора и трета) и секоја од нив има свои карактеристики. Последната фаза во која влијанието е од исклучителна важност за адолесцентот таа е т.н. „хетеросексуална", што се карактеризира по тоа што таа има најсилно влијание врз адолесцентот „да се биде рамноправен и прифатен член на таква група ('клапа'), претставува најважен проблем во тој период и за барањата на групата врсници младата личност во тие години е спремен да ги отфрли сите

други авторитети и влијанија - училиштето и родителите, па се до Законот и полицијата" (Zvonarević ,стр. 212).

Во групата врсници адолесцентот за првпат се чувствува слободно без притисок од некој авторитет како што се родителите и наставниците, за да може сам со своите активности да стекни одреден статус во групата врсници. Во таа група адолесцентот учи многу добри, но и многу недозволени работи, како што е пушењето, скитањето, тепањето и многу други недозволени престапи кои му се многу блиски и потребни за неговото самопотврдување. Во оваа група се учат и многу позитивни работи за неговото самостојно социјално функционирање на поединецот во општеството. Социјалните контакти со врсниците претставуваат битен елемент во претставата за неговото опкружување и погледот кон светот воопшто во сите негови аспекти. Тука не смее да се запостави улогата на семејстовото и училиштето, но мора да се нагласи дека контактите со врсниците и пријателите имаат исклучително значење, а на моменти е одлучувачко тоа влијание во понатамошниот развој на адолесцентот.

Влијанието на врсниците расте со возраста на децата, и во раната и средната адолесценција го постигнува својот максимум, а опаѓа со осамостојувањето од родителите и со формирањето на сопствен идентитет, т.е со формирањето на лични ставови (Berndt и Ladd, 1989). Литературата за развојот на децата зборува дека покрај семејството училиштето, и врсниците е најважна комопнента во социјализацијата (Vazsonyi и Flannery, 1997; Hann & Borek (ur), 2001).

Какви ќе бидат тие односи зависи и дали може да се очекува појава на некое нарушување. За тоа во прилог може да се поврзи и истражувањето кое ја истакнува значителната поврзаност помеѓу агресивното однесување на детето и неговата отфрленост од страна на врсниците за што зборуваат Толан и Лејбер (Tolan и Loeber, 1993). Хан и Борек (Hann и Borek, 2001), и истакнуваат дека децата кои се агресивни и отфрлени од врсниците покажуваат и друг проблеми во однесувањето, посебно антисоцијално однесување, во однос на децата кои не се агресивни, но не се ни отфрлени. Тие понатаму нагласуваат дека агресивните и отфрлени деца склопуваат пријателства со слични врсници. Односите со врсниците може да се набљудуваат на начин што адолесцентите бираат група врсници со кои ќе се дружат и имаат карактристики слични на нив.

Најчесто сличностите по кои адолесцентите ги бираат своите врсници се особините на личноста, семејните вредности, образовен статус, социјалниот статус и

етничкото потекло (Garnier и Stein, 2002). Претходните истражувања кои ги направиле Браун, Класен и Ејхер (Brown, Clasen и Eicher, 1986) и новите истражувања во Р. Хрватска кои ги спровеле Лебедина - Манзони, Лотар и Рицијаш (Lebedina - Manzoni, Lotar и Ricijaš, 2008) покажуваат дека адолесцентите се подложни на врсничкиот притисок за ризични однесувања.

Психолозите секогаш давале значајно внимание на односите во групата и истакнувале дека општествено прилагодените деца имаат поповолни услови за формирање на личноста и задоволување на своите социјални потреби (Смиљанић, 1999). Истражувањето кое го спровеле Гарниер и Стеин (Garnier & Stein, 2002) покажуваат дека адолесцентите кои не се блиски со своите родители често се дружат со врсници кои имаат различни вредности од нивните родители, поради и што се ризични за ризично однесување. Саливан ( Sullivan, 2006) во своето лонгитудинално истражување истакнува како врсниците имаат многу силно влијание на адолесцентите во поглед на нивно вклучување во антисоцијално однесување, меѓутоа истакнува дека и семејните прилики се силен заштитен фактор со поглед на врската и влијанието на врсниците.

Групата врсици допринесува да се развие социјабилност, нормално однесување, да се сфатат и прифатат општествените цели и воопшто да се осигура нормалниот развиток на младиот човек. Според некои автори највлијателен фактор за формирање на ставовите на адолесцентот после семејството се групата врсници.

### 3.4.5 Ризични фактори поврзани со влијанието на средината - општествениот систем

Секое влијание кое настанува со размена и интеракција од средината спаѓа во фактори кои влијаат и доаѓаат „од надвор" - надвор од индивидуата. Влијанието на индивидуалните и срединските фактори се неодвоиви, но некои се клучни за формирање на личноста.

Секој пединец со самото раѓање станува дел од одредена општествена заедница, која има свои карактеристични начини на регулирање на животот и карактеристични норми на однесување т.е своја култура (Rot, 1972). Личноста не е продукт на општествените односи, туку нејзин творец и активен учесник.

Се смета дека нивóто на општествената организација е значаен за присуството на нарушеното поведение кај младите. Исто така и карактеристиките на пошироката

општествена заедница како што се местото, градот, регионот во кој живее младото лице може да има влијание врз неговиот развој. Бројни истражувања во областа на криминологијата потврдуваат дека деликвентната популација се разликува од неделиквентната во однос на местото каде тие живеат пр. соседството, неповолни и запуштени средини, слабата социјална поврзаност со соседите и високото нивó на дезорганизираност во заедницата. Фарингтон (Farrington, 2005), истакнува дека според многу криминолошки истражувања средината има индиректно влијание на нарушеното однесување преку влијанието на индивидуалните карактеристики и карактеристиките на семејството.

Срединските ризични фактори може да се разгледуваат низ неколку нивóа: соседството каде младите живеат со нивните семејства, пошироката општествена заедница, државата со своите специфични обележја, општествените услови и потешкотии како и социјална политика во поширок глобален контекст.

Социјалната средина наметнува стандарди во однос на која нас не оценува средината во позитивна или негативна смисла. Општо е позанто дека општествената заедница како одговор за сите проблеми кои влијаат врз оштествената заедница а се однесуваат на проблемите со однесувањето на децата и младите се бараат во семејството и семејните односи. Но колкава одговорност има семејството, толкава одговорност имаат и многубројните општествени фактори надвор од семејството. Социјализацијата на децата навистина започнува во семејството, но истата продолжува во текот на целиот живот под влијание на социјалната средина, културата, образовните институциии, групата врсници, медиумите со кои младите непосредно се во активна интеракција.

Културата е фактор од кој зависи формирањето на основните карактеистики и организација на животот на луѓето. Рускиот научник Виготски ја поставил хипотезата дека комплетната човекова личност настанува низ неговата соработка со општествено опкружување. Тој културата ја сфатил како најшироко општествено влијание кое делува на сите аспекти на личноста.

Општеството не смее да заборави на моралните вредности врз кои големо влијание имаат и мас медиумите и средствата за масовна комуникација (книгите, дневниот печат, телевизијата, интернетот и слично.)

Децата во нив изнајдуваат модел и се идентификуваат со ликовите од мас медиумите и не ретко према нив ги формираат и сопствените ставови.

Прикажувањето на несоодветни содржини како и премногу насилство на медиумите негативно влијае врз нивниот развој.

Јасно е дека улогата на општествената средина особено преку образовниот систем има важно влијание во воспитувањето на децата и младите во формирањето на просоцијални ставови и вредности, но и стекнување на искуство и учење од нив, надвор од семејството. Важно е кај децата во текот на образовниот процес да се формираат и навики на морално однесување. Училиштето има обврска да ги поттикнува позитивните навики на морално однесување но истовремено да го спречува и отстранува лошото и негативното.

Денес, очигледно недоволно се посветува внимание на моралот, и се чини како тој да го изгубил значењето. Моралните норми кои се разликуваат од едно до друго општество во последно се модернизираат и во повеќе животни сфери тие се во негативна смисла променети. Но тие и натаму имаат исто значење како и законските норми кои поединецот во едно општество теба да ги почитува, бидејќи доколку истите ги крши и не ги почитува истото се санкционира преку изрекување на соодветни казни. Моралното воспитување кај децата и младите треба да е приоритет во текот на целокупното воспитување.

На крај треба да нагласиме дека односот на родителите спрема децата е навистина еден од најзначајните фактори врз развојот на децата и формирањето на младата личност. Квалитетот на тие односи, односно од нивните усвоени морално – општествени вредности во голема мера зависи воспитувањето на децата, бидејќи влијанието на семејството е перманентно во текот на целиот живот од што зависи и целокупниот процес на формирање на младата личност и насочување на неговото однесување.

## 4. ПРЕВЕНЦИЈА - СПРЕЧУВАЊЕ НА НАРУШЕНОТО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИТЕ

Кога се во прашање нарушувањата во однесувањето и превенцијата, тоа е сложен систем на трајно и сеопфатно сложено и мрежно делување на сите нивóа – микро (поединецот), мезо (семејството) и макро (локална заедница, регион држава). За остварување на овие цели треба да се почне многу рано бидејќи позитивните навики од раното детство го поткрепуваат и го поттикнуваат здравјето низ цел живот.

***Основната цел*** на примарната превенција е создавањето услови за здрав развој на личноста, односно намалување на патогените фактори што можат да доведат до нарушување на однесувањето на децата и младите.

***Втората цел*** - претставува стручна заштита на менталното здравје на младите, преку постоење на стручни тимови, составени од психолог, социјален работник и педагог во училиштето што е од приоритетно значење. Активностите на овие тимови во училиштата треба да е примарно превентивно насочена во оспособување на младите од заштита на разни социопатолошки појави, деликвенција алкохолизам, злоупотреба на дрога, преку индивидуален третман и кај секој да се откријат посебните потреби, како што се емоционалните потреби кои се резултат од различната психолошка, социјална, педагошка и економска структура на нивните семејства.

***Третата цел*** - опфаќа активности на примарна превенција што се остварува во рамките на веќе постојните советовалишта за ментално здравје, во предбрачните и во брачните советовалишта.

Мерките кои ги презема државата треба да бидат дефинирани во законите во кои се регулира заштитата на детето.

Исто така во превенцијата од нарушувањата во однесувањето кај адолесцентите битна улога има и општествената контрола. Општествената контрола е продолжување на социјализацијата која е составена од низа методи и техники со кои заедницата го тера поединецот да остани конформистичен, односно да остани во колосек со постоечките вредности. Општествената контрола покрај постојаниот надзор таа го опфаќа и поимот казна како општествена санкција предизвикана со појавата на нарушеното однесување.

Општествената контрола од нас не бара правилата на однесување да се општи начела, туку да се придржуваме на општествено позитивно прифатените норми на однесување.

Постојат повеќе видови на општествена контрола.

- неформална и формална;
- позитивна и негативна;
- групна контрола и
- институционална контрола,

***Неформална и формална контрола*** - неформалната контрола е карактеристична за мали посебно за примарни групи. Тоа се семејството, неформалните групи и т.н. неформалните групи немаат институционални правила и тие не се изведуваат по пат на институции и агенции, туку тоа е контрола на 'јавното мислење', заснована на народни и вообичаени правила на некои субкултурни вредности. Неформалната контрола е дифузна и присутна насекаде и може да се изрази со исмејување, избегнување, озборување и сл.

***Формалната контрола*** е карактеристична за сложени општества и секундарни групи. Формална е секоја контрола која настанала на основа на припреми и разработка на норми и постапки, кои потоа институционално се изведува по пат на социјални агенции (политички, верски, норми во јавни организации и слично.)

***Позитивните механизми на контролата*** - се состојат во одобрување, уверување и наградување, со кои се настојува луѓето да се задржат во саканиот тек со кои се настојува да се зацврсти и вниманието за општествено признати и сакани цели.

***Негативните механизми на контролата*** - се заповеди, присилби, закани, казни со кои луѓето директно се присилуваат за одреден начин на однесување.

***Групната контрола*** - е олеснета со човековата потреба за статусот, бидејќи можеме да го стекнеме само во група, па затоа групата поради тоа е силно средство за општествена контрола.

***Институционалната контрола*** - овде се работи за контрола на некои општествени институции. Всушност институционализираното однесување е воспоставено однесување, однесување кое се очекува.

Превенцијата на нарушеното однесување кај децата и младите е дел од широките активности кон заштита и унапредување на менталното здравје на поединецот.

Неопходно треба да се посвети значително внимание и на сите клучни точки пресудни за обезбедување на минимални услови потребни за здрав раст и развој на децата и младите (припрема за квалитетен брак, одговорно родителство, ран постнатален развој, предшколски развој, поаѓање во училиште, почеток на пубертетот, преодот во средно училиште, адолесцентската криза и нивоата за превенција (примарна, секундарна и терцијарна).

Превентивната работа со младите не може да се изведува изолирано и во

рамките на посебни служби, ниту во неа треба да се занимаваат само стручњаци. Таа треба да биде поставена во најширока основа, од специјализирана советодавна - превентивна служба (советовалишта за млади, предбрачни советовалишта, советовалишта за планирање на семејство) во училиштето, семејството и локалната заедница.

Превенцијата кај адолесцентите како најосетлива група на негативни влијанија мора да има највисоки цели за да се остварат неопходните услови за развој на психички здрава здрела личност, што ќе ја задржи својата посебност и единственост.

Современите теории во врска со превенцијата во периодот на адолесценцијата како и во сите други периоди, предлагаат позитивни мерки: примери пофалби, поттикнување на одговорноста за сопственото здравје, односно се предлага превентивна работа да ја развива самосвеста, сфаќањето на самиот себе, самопочитувањето, како и да ги развива позитивните вредности. Големо значење има и поддржување на позитивниот афективен став кон себе, на прифаќањето на себеси како и соодветно вреднување на сопствените квалитети и развивањето на чувството на одговорност на своите постапки. Позитивното мислење за себе е главната превентивна мерка против нарушеното поведение.

Многу значајни за успешна превенција се и активностите на превентивен план во училиштата: организирани плански предавања со теми актуелни за младите. Значајно е едукативните превентивни програми да имаат свој континуитет бидејќи со предавања кои се случуваат од време на време или само со еден разговор со адолесцентот не се постигнува очекуваниот резултат. Превентивната работа е повеќе од давање на сувопарни информации низ предавања за одредени проблеми или информации проследени со забрани, со заплашување, со наметнување на туѓи ставови за тоа што е добро или лошо.

Остварувањето на овие цели пред се бара широки и општествени активности на примарно превентивен план. Основно е постоење на превентивна програма на ниво на држава во која се предвидени организирање и координирани општствени активности што имаат за цел:

- Обезбедување услови за здрав развој на децата и на младите во семејството и во општеството;
- Обезбедување стручни служби при училиштата и при установите за социјална заштита и превентивно делување во смисла на спречување на појава на нарушено

однесување, идентификување на деца со ризик и соработка со државните и другите институции за воспитание и образование, за социјална заштита како и правосудните органи.

Превенивните мерки во рамките на семејството и училиштето треба да се посвети внимание на следниве аспекти: зајакната соработка со родителите, емоционална поддршка на децата, градење на доверба помеѓу родителите и децата, препознавање на потребите во склад со возраста на детето, јакнење на самодовербата на детето, континуирана поддршка на децата во одгледувањето и образованието, истакнување на позитивните особини и вредности на детето, топла семејна атмосфера во семејството, меѓусебно разбирање на брачните партнери, родителско усогласување во воспитните ставови.

Имајќи ја предвид важноста на сите субјекти во воспитно образовниот процес, а со тоа и улогата на стучните соработници - психолозите во училиштата, Министерството за образование и наука во 2011 година донесе посебна Програми за советување на родителите.

Во Законот за основно и средно образование[1] советувањето на родителите се применува со родителот/старателот ако:

- ученикот во текот на наставната година има негативна оценка по три или повеќе предмети, покажуваат повеќе видови на промени во однесувањето како што се:
- ученикот има направено повеќе од десет неоправдани или 100 оправдани изостаноци,
- ученикот е недисциплиниран,ученикот го навреди наставникот,
- ученикот учествува во тепачки или други форми на насилство,
- ученикот покажува асоцијално или антисоцијално однесување,
- ученикот се однесува неморално или неетички и
- во краток период на ученикот значително му опадне успехот.

Многу важна улога во советувањето има психологот и педагогот во училиштето, односно *Педагошката служба* кои имаат обврска да изготвуваат неделен и месечен план за одржување на советувањето со родителите. Но доколку родителот/старателот од било кои причини не се јави на советување, се известува Центарот за социјални работи, кој како старателски орган има обврска да постапи

[1] „Сл. Весник на РМ" број 18 од 14 февруари 2011 год. во член 64-а, б, в ,г д и ѓ

согласно своите надлежности да го даде својот придонес во насока на надминување на проблемите кои се јавиле кај ученикот во однос на неговото нарушено однесување.

Покрај програмата за советување на родители со цел поефикасна превенција од ризични облици на однесување во 2013 година со измените во Законот за основно и средно образование[2] е предвидена и *Програма за советување на ученици.*

Програмата има за цел да го поттикни психосоцијалниот развој кај учениците, да се подобри училишниот успех и да се корегираат одредени облици на однесување како и нивна адаптација во училишната средина и превенција од ризични облици на однесување.

Програмата се однесува за ученици од основно и средно образование кај кои е забележано дека нередовно ја посетуваат наставата, значително го намалуваат успехот во учење и/ или манифестираат различни форми на несоодветно однесување во училиштето. Се очекува дека програмата за советување на учениците ќе придонесе во превенцијата на промените во однесувањето кај учениците. Соглесно оваа програма за несоодветно однесување на учениците се сметаат следниве постапки;

- попречување на наставата (самоволно напуштање или влегување на часот, не ги почитува барањата од професорот;
- уништува, оштетува, преправа или допишува податоци во педагошката евиденција во училиштето;
- не ги почитува одлуките донесени од страна на училиштето;
- манифестира непримерно или насилничко однесување кон вработените и учениците;
- поседува или користи оружје или други направи со кои се загрозува безбедноста на другите;
- поседува, користи или дели алкохол, дрога и др. психотропни супстанци;
- сексуално ги вознемирува другите;
- неетички ги користи електронските средства со што им нанесува штета на другите луѓе или ја попречува нивната работа;
- подолго време покажува апатија, незаинтересираност за наставата и

[2] („Сл.Весник на РМ" 160/2013)

- подолго време одбегнува контакти со другите ученици и професорите.

Советувањето го реализираат психолозите во согласност со програмата и тоа може да се изведува индивидуално или во група на ученици.

На ваков начин се очекува дека може навреме да се идентификуваат промените во однесувањето кои се јавуваат кај учениците и да се делува превентиво.

## 4.1 Примена на педагошки мерки за учениците кои покажуваат промени во однесувањето

Во насока на навремена превенција од подлабоки нарушувања во однесувањето кај учениците како и заштита на сите вклучени во образовниот процес во рамикте на средните училиштата се предвидени и педагошки мерки кои ги донесе Министерството за образование и наука во вид на Упатсто за начинот за изрекување на педагошки мерки[3] .

Со ова упатство се пропишува начинот на изрекување на педагошките мерки на ученикот за повреда на должностите и неисполнување на обврските.

Педагошките мерки се изрекуваат со цел: спречување повреда на должностите и неисполнувањето на обврските во согласност со Законот за средно образование. Тие се изрекуваат објективно, одмерено, праведно и педагошки одговорно и секогаш се изречени индивидуално. Мерки кои се изрекуваат кон учениците заради повреда на должностите и неисполнување на обврските се:

- *писмена опомена*,
- *опомена пред отстранување и*
- *отстранување од училиште.*

Во постапката при изрекувањето на педагошките мерки се вклучува и родителот/старателот, односно истиот е информиран со цел и тој да придонеси во делот на превентивното делување и прилагодување на однесувањето на ученикот во рамките на училиштето.

Педагошката мерка ***писмена опомена*** се применува за:

- почесто задоцнување на наставата;
- неоправдано изостанување од училишните часови и други форми на организирана работа;

[3] („Сл.весник на РМ“ 47 од 21.06.2005)

- колективно изостанување од училишни часови и други форми на организирана работа;
- нарушување и попречување на наставата или други форми на образовна работа;
- однесување кое е штетно за угледот на училиштето;
- непримерно однесување со другите ученици во паралелката и училиштето;
- непримерен однос кон наставниците и кон другите вработени лица во училиштето;
- неодговорно однесување кон училишниот имот;
- нарушување на училишниот ред и др.

Педагошка мерка ***опомена пред отстранување*** се изрекува за:

- крадење или лажење во училиштето;
- доаѓање во училиштето под дејство на алкохол или дрога;
- поседување и уживање на алкохол, дрога или алкохолизираност на ученикот во училиштето;
- уништување на училишниот имот или имотот на соучениците или вработените во училиштето;
- преправање на резултати од писмени работи, фалсификување потпис на родител;
- нелегално искористување (пробивање) на тестови, писмени задачи и сл.;
- непочитување на соодветни правила за заштита при изведување на практична настава, професионална практика и противпожарна заштита во училиштето;
- внесување средства со кои се загрозува сигурноста на луѓето и имотот во училиштето;

Најстрогата педагошка мерка е ***отстранување од училиштето*** и истата се применува за:

- тенденциозни потешки повреди на училишниот ред и нивното натамошно зголемување;
- психичко, физичко и полово насилство;
- насилно изразување на нетрпеливост кон другите во училиштето;
- неоправдано изостанување од настава над 25 часа во учебната година;
- намерно прекршување на правилата за заштита при изведување на практична настава, професионална практика и заштита од пожари;
- продажба на дрога или наведување на други лица кон уживање на дрога поради што се загрозува животот на другите ученици;
- фалсификување или уништување на педагошката евиденција и документација,

дневникот за работа на паралелката, свидетелство, диплома, ученичка книшка, евидентни листови за успехот или други службени документи;

- закана со средства со кои лесно се загрозува сигурноста на луѓето и имотот.

Ученикот кој ќе биде отстранет од училиште поради горенаведенето однесување може да го продолжи образованието под еднакви услови и рокови кои важат за другите ученици во наредната учебна година во истото или во друго училиште.

## 5. РЕЛЕВАНТНИ ЕМПИРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА

Поврзаноста на нарушеното однесување и семејството, односно семејната средина е истражувано, но поврзаноста на нарушеното однесување конкретно со дисфункционалноста на семејството и родителските стилови, кај нас не е доволно истражувано. Бројни странски истражувања упатуваат на тоа дека семјството и семејната средина имаат најголемо влијание врз однесувањето на децата. Со тоа се потврдува и искажувањето на голем број експерти од оваа област дека „сè почнува во семејството". Врз основа на тие истражувања се согледува значењето на семејството, односите помеѓу членовите во него и за тоа како истите влијаат врз однесувањето на децата и младите.

Едно од првите значајни истражувања за тоа како начинот на негување и подигање на децата влијае врз однесувањето на петгодишните деца е реализирано во 1951 година од Сирс, Макоби и Левин (Sears, Maccoby& Lewin, 1979), (според Тодоровић, 2005). Нивното истражување се одвивало во контекст на тогашните распространети медицински и теориски убедувања дека строгоста и казнувањето се најважни воспитни методи во растењето на децата. Резултатите од овие методи на воспитување биле прилично неубедливи. Наместо тоа истражувачите откриле дека топлото однесување на мајката има најголемо влијание врз однесувањето на децата на возраст од пет години. Емоционално ладниот однос бил придружен со низа емоционални проблеми, ноќни мокрења, зголемена агресивност и забавен развој на совеста.

Уште пред 20 год. Лејбер и Статхамер (Loeber и Stathamer, 1986) направиле истражување за поврзаноста на семејството и антисоцијалното однесување кај децата, при што објавиле резултати кои укажувале дека најсилен индикатор за нарушеното однесување се семејните услови.

Резултатите од нивното истражување покажале дека агресивните деца секогаш биле изложени на неадекватна родителска грижа, недоволно внимание и во најголем број случаи децата биле изложени на насилно и агресивно однесување од родителите проследено со физичко малтретирање.

Семејното насилство е „интергенерациско" (Rudo, Powell, 1996, с. 8). Во дисфункционални семејства и жртвите и насилниците влијаат врз децата со малтретирање или запуштање. Истражувањето за родителите кои злоставуваат дава доказ дека и самите имаат доживеано некаква форма на насилство во детството. Возрасните кои доживеале или биле сведоци на семејно насилство во детството има поголема веројатност дека и тие ќе станат насилници. Децата, растени во средина на семејното насилство не се во можност да се здобијат со социјално адекватни вештини за решавање на проблемите и најверојатно ке станат „проактивни" или „агресивни" (Perry, 1997 р. 11) кон луѓето над нив и спрема нивните врсници (Fraser, 1996, р. 349).

Дорнбуш, (Dornbusch, 1987) во своето истражување утврдил дека авторитарниот воспитен стил и попустливиот воспитен стил биле негативно поврзани со оценките на адолесцентите. Авторитативниот воспитен стил бил позитивно поврзан со академската перформанса.

Стрејџ, (Strage, 1999) ја испитувал улогата на воспитните стилови во животот на студентите. Резултатите покажале дека воспитните стилови продолжуваат да влијаат и кај студентите, како кај учениците и адолесцентите. Колку повеќе автономија и поддршка покажале родителите, студентите имале повеќе самодоверба и постојаност во своето однесување.

Со оглед на тоа дека семејството каде што има алкохоличар е прототип за дисфункционалноста во семејствата, во ова истражување се поаѓа од фактот дека влијанието на овој порок е директно и непоттикнувачко во смисла на нормален психолошки развој на членовите на таквото семејство. Според резултатите од добиената анализа, на емоционалната и когнитивната ориентација за морално расудување адолесцентите од семејства каде што има алкохоличар постигнале значајно пониски скорови ($p<0.01$ за емоционална ориентација и $p<0,05$ за когнитивна ориентација) во однос на врсниците од семејствата каде што нема алкохоличар. Деструктивноста на алкохоличарските семејства се гледа во фактот дека кај адолесцентите од такви семејства постои стагнација во развојот на зрелите

форми во моралното расудување во однос на нивните врсници од неалкохоличарските семејства (Младенович, Димитријевич, 2007).

Стросхајн (Strohschein) ги споредува децата чии родители останале 'заедно' и оние чии родители се разведени помеѓу 1994 и 1998 година.

Националната лонгитудинална анкета на деца и млади во Канада продолжува да го анкетира примерокот од 17.000 деца еднаш во две години. Антисоцијалното однесување, заедно со анксиозноста и депресијата е доста честа појава кај децата чии родители се пред разделување.

Родителите кои се разведуваат исто така, покажуваат повисоки нивоа на депресија и дисфункција во семејствата, која исто така, има ефект врз менталното здравје на детето. Истражувањето покажало дека покрај разводот и проблематичните семејства се причина за нарушување на менталното здравје на детето.

Една друга студија укажува на врската меѓу негативната семејна средина и агресивното однесување на децата. Во оваа студија биле опфатени околу 250 семејства кои имаат 8 - годишни деца. Притоа е разгледуван семејниот контекст и агресивното однесување на децата. Подоцна, освен семејството, во истражувањето биле вклучени и групата врсници, училиштето и пријателите за да се испита и нивното влијание врз однесувањето на децата. По спроведеното истражување, се заклучило дека децата кои манифестирале агресивно однесување, не растеле со родителите, туку биле одгледувани од страна на тетки или чичковци, баби или дедовци. Како фактори кои најмногу придонесле за ваквото однсување, а биле присутни во овие семејства се:

- отсуство на родителите од животот на децата;
- строга дисциплина спроведена само од таткото, но не и од мајката;
- ограничување - толеранција;
- воспитна нееднаквост (двојство во воспитувањето);
- стрес;
- перцепција дека има неправда при распределба на домашните задолженија;
- слаба почетна предиспозиција за татковство.

Направено е друго истражување на тема: Карактеристики на семејната структура и комуникацијата во семејства со деца со пореметување во однесувањето спроведено од Марковиќ, Митровиќ, Ивановиќ – Ковачевиќ, Шобот, Срдановиќ

(Marković, Mitrović, Ivanović-Kovačević, Šobot, Srdanović, ,2011). Со ова истражување биле опфатени 30 семејства, карактеристични по тоа што имаат најмалку два сина на возраст меѓу 12 и 18 години, од кои едниот манифестирал агресивно однесување, а другиот не. Родителите и детето пополнувале прашалници, чија анализа требало да ги претстави карактеристиките и структурата во семејството. Резултатите покажале дека семејствата ги карактеризираат: функционална кохезивност, низок степен на ригидност, просечно учество во конфликти, просечно образовно ниво на родителите, висок степен на хаотичност, низок социо - економски статус, лоши родителски вештини, и еден од родителите употребувал психо - активни супстанци, имал психичко пореметување или манифесирал насилно однесување меѓу останатите членови на семејството.

Лејбер и Дишон (Loeber и Dishon, 1984) ја истражувале поврзаноста помеѓу физичката агресија и насилството кај децата, како и агресивноста кај родителите. Резултатите од нивното истражување покажале дека агресивните деца секогаш биле изложени на неадекватна родителска грижа, недоволно внимание и во најголем број случаи децата биле изложени на насилно и агресивно однесување од родителите проследено со физичко малтретирање.

Во Р. Хрватска, во текот на 2006 год., како проект на Министерството за наука и култура на Р.Хрватска од страна на Лилјана Микша - Тодоровиќ, Невен Рицијаш и проф. д-р Младен Сингер спровеле истражување на тема „Разликите во семејните односи и малолетничката деликвенција, од аспект на нарушени односи во семејството". Целта на истражувањето било да се утврдат разликите во семејните односи кај малолетни деликвенти, со оглед дека семејството покажувало форми на нарушени односи. Проблемот на истражувањето било да се утврди дали постои статистички значајна разлика помеѓу варијаблите: семејна структура, социо-економски статус и социопатолошки појави во семејството. Според нив семејството со нарушени односи има значајно неповолно влијание врз однесувањето на децата и појава на нарушено и деликвентно однесување.

На територија на Р. Босна и Херцеговина било спроведено друго истражување на тема „Причините, условите и феноменот на нарушено однесување и семејството". Поконкретно, истражувањето било направено во Бања Лука, од Матејевиќ, во ноември 2007 год. Предмет на истражувањето било да се испитаат ставовите кои ги имале добрите учениците во споредба со ученици кои покажувале нарушено

однесување во средината.

Цел на истражувањето било да се согледа дали ставовите се позитивни или негативни спрема деца со нарушено однесување. При истражувањето се поаѓало од главната хипотеза дека ставовите на испитаниците спрема учениците со нарушено однесување се позитивни. Од методологијата, била користена метода на теориска анализа и Сервеј метода, а од техниките – анкетирање, со инструмент - анкетен лист. Тестот се состоел од 20 прашања приспособени според проблемот на истражување. Резултатите од ова истражување покажале дека повеќе од 95% испитаници сметаат дека во нивна близина има деца со нарушено однесување и знаат дека тие деца потекнуваат од семејства со нарушени односи.

Најголемиот број испитаници сакале да се дружат со тие ученици или морале да се дружат ако се во нивно друштво. Во делот за тоа како гледаат на решавањето на проблемот и нудење можно решение давале најголема предност на семејството, потоа стручните лица од училиштето, а сметале дека општествените институции не водат доволно грижа за овој проблем.

# Б. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

## 1. ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Нарушувањата во однесувањето кај адолесцентите претставува проблем во сите општества и општествени заедници, оттаму и општествено оправдано е заедницата да вложи напор во истражувања од кои би можело да се дознае што е можно повеќе за овој проблем. Меѓу другото, важно е и истражувањето за влијанието на дифункционалноста на семејството и родителските воспитни стилови како фактори за појава на нарушено однесување во средната адолесценција.

Врз основа на расположивите информации за состојбите кај нас, може да се констатира дека не е спроведено ниту едно систематско истражување во кое дисфункционалноста на семејството и родителските стилови се централен истражувачки проблем. Во ова истражување ќе бидат прикажани објективни и систематски собрани податоци за дисфункционалните обрасци во семејството и видот на родителскиот воспитен стил кој родителите го користеле во воспитувањето на децата.

Оттука, главниот проблем кон кој е насочено ова истражување е да се утврди ***дали дисфункционалноста на семејството и одреден вид родителски стил влијаат на појавата на нарушување на однесувањето кај младите во периодот на средната адолесценција?***

Како форми на нарушување во однесувањето во ова истражување се земаат: бегање од училиште, лажење, крадење, агресивно однесување, непочитување на нормите во училиштето, непристојно и некоректно однесување кон своите врсници и наставниците, претерана активност и слаб училишен успех.

***Основниот проблем ќе се елаборира низ анализа на семејните односи и воспитните стилови кои ги применуваат родителите кон своите деца и појавата на нарушеното однесување.***

## 2. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на ова истражувањето е да се откријат причините за појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите, да ги испита релациите помеѓу адолесцентските процени на реалната состојба за функционалноста на нивните семејства и нивното однесување и нивното влијание за појава на нарушено однесување и тоа: квалитетот на односите во семејството, стиловите на воспитување кои ги применуваат родителите врз адолесцентите и социо демографските карактеристики на испитаниците и нивните семејства.

### 2.1 Задачи на истражувањето

Истражувањето е спроведено на примерок млади во период на средна адолесценција од Битола кои имаат нарушено однесување и ги има следниве задачи:

- да утврди колку одредени причини во семејството се поврзани со појавата на нарушено однесување кај адолесцентите;
- да се утврдат факторите кои довеле до појава на нарушено однесување,
- да се утврди каква е поврзаноста на дисфункционалноста на семејството со појавата на нарушеното однесување.
- да се идентификуваат воспитните стилови кои ги применуваат родителите со адолесцентите кои имаат нарушено однесување како и
- да се оцени дали и во колкава мера воспитните стилови имаат влијание врз појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите.

## 3. ПРАКТИЧНА ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Сознанијата кои ќе се добијат од истражувањето ќе послужат да се откријат причините за појавата на нарушеното однесување кај младите во средна адолесценција.

Ваквите сознанија ќе послужат да се делува превентивно на истите со цел да се намали бројот на млади во средна адолесценција кои покажуваат нарушување во однесувањето и да им се помогне на истите да не се втурнат во малолетничкото престапништво.

Исто така, овие сознанија ќе можат да помогнат во подготовка на соодветни програми во Центрите за социјална работа и средните училишта за превенирање на појавата на нарушеното однесување.

Податоците добиени од ова истражување ќе бидат сублимирани во труд кој ќе биде дистрибуиран до сите надлежни институции со цел превенција од појавата на нарушено однесување кај младите.

## 4. НАУЧНА ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Ова истражување ќе послужи да се надополнат постојните научни сознанија за причините за појавата на нарушеното однесување кај младите во средна адолесценција

Податоците до кои ќе се дојде во ова истражување ќе послужат како појдовна основа на идните истражувачи на оваа проблематика кај нас и пошироко.

## 5. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### а) Теоретско определување

Досегашаните истражувања од областа на појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите биле насочени кон ризичните фактори кои доведуваат до тоа, со цел се добијат повеќе сознанија за самиот проблем. Ова истражување има за цел од една страна да ги разгледа ризичните фактори за појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите, да се добие увид во тоа колкаво влијание имаат дисфункционалните односи во семејството и влијанието на воспитните стилови кои ги применувани родителите врз своите синови и ќерки.

Предмет на ова истражување се карактеристиките на дисфункционалните семејства и воспитните стилови кои родителите ги применувале во одгледувањето на нивните деца и нивното влијание за појавата на нарушено однесување кај адолесцентите.

Ова истражување треба да одговори на прашањето дали дисфункционалноста во семејството и примената на различните воспитните стилови е во директна врска со појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите.

Конкретно би се задржале на одговор на прашањата, колкаво е влијанието на функционалноста на семејството и воспитните стилови на родителите врз формирањето на однесувањето на адолесцентите, и кои мерки треба да се преземаат да не дојде до појава на нарушено однесување кај адолесцентите.

## а) Дефинирање на основните поими од истражувањето

***Нарушено однесување*** – „Нарушувањата во однесувањето и потешкотиите во прилагодувањето се минливи или трајни отстапувања од вообичаените обрасци на однесување и реални или симболични активности како израз на немоќ на детето и младинецот да ги усогласи своите внатрешни потреби и потребите на надворешната средина" (Тадиќ ,1985).

*Поради разноликоста во дефинирањето на поимот* ***нарушено однесување*** во *нашето истражување нарушеното однесување го дефинираме како збир на активности кои ги презема едно лице и битно се разликуваат од однесувањето на останатите, му нанесуваат штета на лицето и средината во која тоа живее и функционира, и неможат да се надминат без соодветен третман од семејството и пошироката општествена средина.*

Оваа дефиниција кореспондира со дефиницијата на Узелац (Uzelac, 1995) кој нарушувањата во однесувањето ги дефинира како однесувања кои значително се разликуваат од вообичаеното однесувања на повеќето млади од одредена средина, однесувања кои се штетни и/или опасни како за лицето кое така се однесува, така и за неговата поширока околина, поради и што таквото однесување бара дополнителна стручна и поширока општествена помош заради социјална интеграција на тоа лице (Uzelac,1995).

***Лошо поведение*** – со овој поим се подразбира активност или однесување на поединецот што на било кој начин го погодува неговиот живот, интерес, односите, материјалните добра на другите луѓе и општеството.

***Терминот потешкотии во прилагодувањето*** се употребува бидејќи оваа група на нарушувања ја карактеризираат неприлагоденоста на детето, младинецот, девојката спрема сопствените внатрешни потреби и потребите на надворешната средина. Неприлагоденоста е последица на судир меѓу младата личност и неговата средина.

***Семејството***, Вукасовиќ (Vukasović, 1999), го дефинира како „најмала социјална станица, темелна установа за животот на секое општество" која се темели на „заеднички живот на лица кои се во крвно сродство, најчесто родители и *деца", а која ја карактеризира „интимна атмосфера и емоционална поврзаност".*

***Функционално*** семејство - е она семејство кое ги задоволува основните негови функции и во кое семејните обрасци овозможуваат достигнување на семејните цели

кои само себе си ги поставува.

***Дисфункционално семејство*** - е она во кое има конфликт, несоодветно однесување и злоупотреба, кои се случуваат често од страна на одделни членови на семејството, така што останатите во домот се приморани да се приспособат на ваквите дејствија (Stoop & Masteller,1997).

***Под воспитен стил на родителите*** се подразбира релативно доследен начин на однесување на родителите, со кој се воспоставува однос кон децата (Matejevic, 2000).

## *6.* ХИПОТЕЗИ

Во согласност со целите на истражувањето, хипотезите во истото ќе бидат поделени во три групи - А, Б и В група хипотези.

**Во првата група (А група) на хипотези спаѓаат:**

**Главната хипотеза во рамки на ова група гласи:**

***Постои поврзаност помеѓу дисфункционалните односи во семејството и нарушеното однесување кај адолесцентите, односно, поголем број од адолесцентите со нарушување во однесувањето потекнуваат од дисфункционални семејства.***

**Во рамките на главната хипотеза се поставени осум посебни хипотези: А1-А8**.

**А.1.** Адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални/ дисфункционални) во различна мера манифестираат ризично однесување;

**А.2.** Адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални/ дисфункционални) во различна мера манифестираат недоразбирање со врсниците;

**А.3.** Адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални/ дисфункционални)во различна мера манифестираат недоразбирање со наставниците;

**А.4.** Адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални/ дисфункционални) имаат различен однос кон врсниците;

**А.5.** Адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални/ дисфункционални) имаат различен однос кон пушењето цигари;

**А.6.** Адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални/ дисфункционални) имаат различен однос кон пиењето алкохол;

**А.7.** Адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални/ дисфункционални) се разликуваат во однос на тоа колку често доаѓаат во спротивставеност со законот;

**А.8.** Адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални/ дисфункционални) се разликуваат во однос на тоа колку често се повикувани од стручните служби во училиштата.

**Во втората група (Б група) на хипотези спаѓаат:**

**Б.1.** Постои поврзаност помеѓу дисфинкционалноста на семејството и родителските воспитни стилови;

**Б.2.** Постои поврзаност помеѓу воспитните стилови кои ги користат родителите и појавата на нарушено однесување кај адолесцентите;

**Б.3.** Постои поврзаност помеѓу појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите и казнувањето;

**Во третата група (В група) на хипотези спаѓаат:**

Во рамките на В групата на хипотези, наведени се една општа и седум посебни хипотези: В1-В7.

**Општа хипотеза**

***Постојат разлики меѓу адолесцентите со различни демографски карактеристики (возраст, пол, место на живеење, степен на образование на родителите, економки статус, семејство со алкохолизам, казнување) во однос на застапеноста на различни индикатори на нарушеното однесување.***

**В.1.** Постојат разлики меѓу адолесцентите од различен пол во однос на застапеноста на различни индикатори на нарушеното однесување;

**В.2.** Постојат разлики меѓу адолесцентите со различно место на живеење во однос на застапеноста на различни индикатори на нарушеното поведение;

**В.3.** Образованието на родителите има значајно влијание на зачестеноста на различни видови нарушено однесување;

**В.4**. Кај адолесцентите чии мајки имаат повисоко образование процентот на зачестеност на негативни поведенија е значајно понизок во споредба со оние чии мајки се со пониско образование;

**В.5.** Постојат разлики во економскиот статус на семејствата на адолесцентите кои манифестираат нарушеното однесување. Адолесцентите од семејства со повисок економски статус имаат помала зачестеност на неприлагодено однесување во однос на оние од семејства со низок економски статус;

**В.6.** Постојат разлики во однесувањето на адолесцентите од семејства со проблем на алкохолизам и од семејства кои немаат ваков проблем;

**В.7.** Постојат разлики меѓу адолесцентите кои биле казнувани и оние кои не биле казнувани во однос на застапеноста на различни индикатори на нарушеното однесување.

## 7. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### Независни варијабли

- Пол,
- Возраст,
- Воспитните стилови и
- Семејната структура и семејната динамика.

### Зависни варијабли

- Промени во однесувањето

## 8. МЕТОД И ТЕХНИКИТЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во истражувањето ќе се користи квантитативниот метод кој ќе овозможи прецизно мерење на зависноста и можните промени кај испитуваните варијабли, подобро воочување на воспоставување на причинско - последичните врски меѓу испитуваните варијабли.

Овој метод ќе овозможи собраните податоци да ги изразиме во бројки, индекси, коефициенти т.е. ни даде прецизни и стандардизирани мерења. Квантитативниот приод бара објективни, прецизни и систематски податоци.

За таа цел се спроведе анкета со употреба на два **анкетни прашалници** кои

наменски се конструирани за потребите на ова истражување и содржат прашања од отворен, полузатворен и затворен тип, а кај дел од прашањата со опции за еден или повеќе одговори, рангирање на одговори. Анкетниот прашалник број 1 за испитаниците (Прилог 1) е составен од три дела. Во првиот дел се бараат општи податоци и социо-економкиот статус на семејството. Во вториот дел се прашањата кои се однесуваат на семејните односи, а во третиот дел се сместени прашањата кои се однесуваа на нарушеното однесување. Анкетниот прашалник број 2 (Прилог 2) беше насочен за школските педагози, психолози, социолози и содржи 7 прашања кои се однесуваат на школскиот успех на учениците со нарушено однесување, нивното поведение, изречени мерки од страна на педагошко - психолошката служба, казни, опомени и кои видови најчести нарушувања испитаниците манифестираат во училиштето.

- Дескриптивна метода - покрај собирање, средување, обработка и презентација на податоците вклучува и интерпретација на податоците од истражувањето и изведувањето на заклучок.
- Компаративна анализа на адолесцентите од функционални и дисфункционални семејства.
- За целите на ова истражување се користеше и скала за проценување на воспитните стилови на родителите (ЕМБУ скала).

***ЕМБУ скалата*** (**Egna Minnen av Bardnoms Uppfostran**) (превод: едно сеќавање за воспитувањето) ***е наменета за проценување на воспитните ставови на родителите од страна на своите деца.*** Оваа скала од ликертов тип ја сочинуваат 64 ајтеми, формулирани во форма на тврдења со четиричлена скала на избор. Процената на воспитниот стил ја прават децата бидејќи од досегашните истражувања се покажува дека родителите се склони кон давање на социјано пожелни одговори за нивниот начин на воспитување, а за разлика од нив децата се однесуваат во согласност со својата субјективна слика за родителите, а не во согласност со тоа што родителите го мислат за себе. Оваа скала е конструирана од шведскиот истржувач Перис (Perris,1978) и е адаптирана во Холандија од страна на Ариндел (Arrindell,1983). Оваа скала е од Ликертов тип и содржи пет субскали: емоционална топлина и прифаќање, претерана заштита, отфрлање, недоследност и фаворизирање. Адаптираната верзија која е користена во ова истражување, содржи 5

субскали: ***емоционална топлина, отфрлање, презаштитување, фаворизирање на детето и недоследност***. ЕМБУ скалата е дадена во Прилог 3.

**Воспитните стилови на родителите** во ова исражување се базират на проценките на учениците на воспитниот стил на нивните родители, односно постапките кои произлегуваат од базичното прифаќање и сакање на детето или од отфрлувањето и условната љубов. За проценување на воспитните стилови на родителите од страна на децата се користи EMBU скала од која се добиваат показатели за следниве воспитни стилови:

Субскалата ***емоционална топлина и прифаќање*** е сочинета од ајтеми кои се однесуваат на покажување љубов, топлина и внимание, давање поддршка, отсуство на недоверба, помагање, високо почитување на мислењето и чувствата на детето, давање на интелектуална стимулација. Максимален скор за оваа скала е 68, а минимален 17.

Субскалата ***отфрлање*** е високо заситена со ајтемите кои се однесуваат на казнување и навредување. Највисок скор на субскалата е 100, а најнизок 25 .

Субскалата ***презаштитување*** содржи ајтеми кои се високозаситени со мешање, насочување, предизвикување чувство на вина, посрамотување, презаштитување и делумна толеранција. Родителското сваќање се одликува со заштитување на децата на авторитативен начин, релативно висок степен на наметливост, желба да се знае се што прави детето, поставување на високи стандарди на успешност во однесувањето и училиштето, наметнување на строги правила и барање безусловна послушност. Максималниот скор за оваа субскала узнесува 60, а минималниот 15.

Субскалата ***недоследност*** се однесува на тенденцијата родителите различно да се однесуваат кон детето од ситуација во ситуација. Од аспект на детето родителските постапки се непредвидливи и независни од неговото однесување. Индикатори на ова однесување се неисполнување на ветувањата, несигурност на детето во однос на тоа што родителите очекуваат од него и условеност на однесувањето на родителите од нивното моментално расположение. Оваа субскала се покажала како релативно независна од останатите субскали, и затоа нејзините ајтеми се издвоени од 1а до 7а.

Субскалата ***фаворизирање*** подразбира привилигирана положба на детето во однос на другите деца во семејството. Највисокиот скор на оваа субскала е 20, а најнискиот е 5.

Испитаникот ги проценува воспитните стилови на своите родители на тој начин што впишува ознака X под алтернативата која најмногу се однесува на неговата мајка и ознака √, под алтернативата која најдобро го опишува таткото. Понудени се следниве алтернативе на одговори: **не, никогаш**; **да, но ретко**; **да, често** и **да, секогаш**. Секоја алтернатива на одговори носи различен број на бодови, од 1 до 4. Скоровите за секоја субскала се добиваат како сума од бодовите за соодветните прашања, за секој испитаник поединечно.

**За проценка на релевантните димензии на реалната состојба на функционалност на семејниот систем** е користен стандардизиран инструмент (FACES III, Olson, Portner & Levi, 1985), односно дескриптивна научно-истражувачка метода, скалирање како истражувачка техника.

**Иструментот (FACES III, Olson, Portner & Levi, 1985)** е **скала за проценување на функционалноста на семејниот систем** на димензии на **кохезивност** и **адаптабилност,** односно **флексибилност** и истиот содржи 20 тврдења со петстепена скала на избор. Понудени се пет алтернативи на одговори и тоа: **секогаш**, **ретко**, **понекогаш**, **често**, **скоро секогаш**.

Испитаникот одговара на тој начин што заокружува одреденото тврдење хоризонтално на скалата која се однесува на неговото семејство. Парните броеви се однесуваат на семејната адаптабилност, односно флексибилност додека прашањата означени со непарни броеви се однесуваат на семејната кохезивност. Според Circumlex моделот значајни димензии на семејно функционирање се семејната кохезивност и семејната адаптабилност, односно флексибилност. Според Olson постојат четири степени на адаптабилност кои се движат од ригидност (многу ниско нивó) преку, структуралност (низок до умерен), флексибилност (умерен до висок), до хаотичност (многу висок).

Врз основа на Circumlex модел, многу висок степен на кохезивност (вмреженост) и многу низок степен на кохезивност (необврзаност) можат да претставуваат проблем како за развојот на поединецот, така и за развојот на меѓусебните односи. Семејните односи каде има умерено нивó на кохезивност (одвоеност и поврзаност) се способни да го избалансираат времето поминато самостојно и времето поминато заедно на многу функционален начин.

Иако не постои апсолутно најдобар степен на кохезивност кога е во прашање

било која врска, семејните системи можат да имаат проблеми ако премногу долго функционираат на било кои екстреми од овие модели (било вмреженост или необавезност).

***Дисфункционалните семејни системи*** на димензии на кохезивност означуваат семејства во кои е присутна умреженоста која карактеризира дифузни граници, нејасна диференцијација и голем притисок кон заедништво, што укажува на недостаток на автономност, додека на спротивното поле се наоѓаат дезангажирани семејни системи во кои е присутна дистанца и ригидни граници.

Преку примена на овој инструмент може да се утврди дали е присутна дисфункционалност во обрасците на семејното функционирање во семејствата на адолесцентите со пореметено однесување. Инстументотот FACES III е даден во Прилог 4.

## 9. ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето е спроведено на репрезантативен примерок на ученици - адолесценти со нарушено однесување кои беа евидентирани во стручните (педагошко - психолошки) служби во 6 средни училишта во Битола и тоа: СОУ „Јане Сандански", СОТУ „Ѓорѓи Наумов", СОУ „Кузман Шапкарев"., ДСУ „Музичко училиште", СОУ „Таки Даскало" и СОУ „Јосип Броз Тито". За истражувањето беа селектирани ученици и тоа секој 4-то евидентиран ученик во педагошко - психолошките служби, односно ученици кои манифестирале нарушено однесување и на кои им е изречена воспитно педагошка мерка.

Вкупно беа евидентирани 420 ученици кои манифестирале нарушено однесување и од нив беа селектирани 105 ученици.

Во ова истражување во натамошната обработка земени се предвид само целосно потполнети прашалници односно на **90 испитаници**.

Истражувањето беше предвидно да се реализира во сите 7 средни училишта во Битола, односно и во Средното медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи", но директорката на училишето не дозволи да се врши истражување со ученици од ова училиште без образложение и официјален одговор на нашето барање и покрај одобрувањата од Министерството за образование, Бирото за развој на образованието - сектор за средно образование и Филозофскиот факултет „Св. Кирил и Методиј" Скопје .

## 10. ОБРАБОТКА И АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ

Анализата и интерпретацијата на податоците што ги добиеме од спроведеното квалитативното и квантативното истражување содржат:

- групирање на податоците,
- табеларно прикажување на резултатите,
- графичко прикажување на резултатите и
- методи на статистичка анализа.

Методите на статистичка анализа кои се применети во анализа и обработка на податоците и интерпретација на резултатите добиени од истражувањето се:

- Дистрибуција на фрекфренција,
- Мерки на корелација - Пирсонов коефициент на корелација – r и t,
- $X^2$ тест и
- Како значајни ќе се земат разликите на ниво на значајност $p<0,05$.

## 11. ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањто е реализирано индивидуално на примерок од адолесценти кои покажале нарушено однесување и истите биле евидентирани од стручните лица (педагог, психолог, социолог) во стручните (педагошко - психолошки) служби во шест средни училишта од Битола и тоа: СОУ „Јане Сандански", СОТУ „Ѓорѓи Наумов", СОУ „Кузман Шапкарев", ДСУ „Музичко училиште", СОУ „Таки Даскало" и СОУ „Јосип Броз Тито" со претходно одобрување од директрите и во договор со психолозите и педагозите на училиштита во текот месец **февруари - мај 2013 година.** За истражувањето беа селектирани ученици кои манифестирале нарушено однесување и на кои им е изречена воспитно педагошка мерка, односно секој 4-то евидентиран ученик. Истражувањето се спроведуваше од авторот во соработка со стручните лица од стручните служби (педагог, психолог, социолог). Исто така со посебен прашалник подготвен за стручните лица од стручните служби се бараше потполнување на истиот за секој ученик кој беше предмет на ова истражување. Потполнувањето на прашалниците за учениците траеше од 40-50 мин. Редоследот на задавање на прашалниците беше по следниот редослед: Прашалник бр. 1 во кој се бараа општи податоци за ученикот, социо-економкиот статус на

семејството, семејните односи и прашања кои се однесуваа на нарушеното однесување, потоа се задаваше ЕМБУ скалата и на крај тестот FACES III за функционалноста на семејстото. Прашалниците за стурчните лица се потполнуваа од стручните лица во стручните (педагошко - психолошки) служби од училиштата за нив беше потребно време од 10-15 мин.

Истражувањето беше анонимно, согласно со правилата во училиштата и со претходно одобрување од раководните лица (директорите) на училиштата и со усна согласност на испитаниците за вклучување во истражувањето.

Пред задавањето на прашалниците на испитаниците им беше објаснето дека станува збор за истражување кое е дел од докторски труд и кое е во потполност анонимно. Испитаниците беа замолени да напишат свои шифри на трите прашалника при што и на сите три прашалника требаше да ја стават истата шифра. Испитаниците беа замолени за соработка, да бидат искрени во одговорите и внимателно да одговорат на сите прашања. На сите испитаници им беше детално објаснето упатството за трите прашалника.

Испитаниците беа информирани доколку од било кои причини не сакаат да продолжат со анкетирањето можат да го прекинат пополнувањето на прашалниците. Истражувањето се вршеше во самите училишта.

Вкупно беа евидентирани 420 ученици од страна на стручните лица од Стручните (психолошко – педагошки) служби во училиштата, кои манифестирале различни видови на нарушено однесување. Од вкупниот број на ученици со нарушено однесување во истражувањето беше земен секој четврто евидентиран ученик. Така беа селектитирани 105 ученици, но во ова истражување во натамошната обработка се земени само целосно потполнетите прашалници односно **90 испитаници**.

## 12.ТЕХНИКИ ЗА СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

За да се проверат поставените хипотези во врска со проблемот на истражувањето, користени се следниве статистички постапки:

- Најпрво се пресметани Аритметички средини (M) и стандардни отстапувања (SD) за сите испитаници на сите варијабли вклучени во истражувањето. Исто така, прикажан е и опсегот на скорови кои ги постигнале испитаниците за секоја варијабла.

- Во следниот дел од обработката на податоците пресметан е Пирсонов коефициент на корелација и t- тест за значајност на разлики и АНОВА.

## 13. ОПИС НА ПРИМЕРОКОТ

Со истражувањето се опфатени деведесет (90) адолесценти со нарушено однесување кои се евидентирани во Стручните (педагошко – психолошки) служби во 6 средни училишта во Битола и тоа: СОУ „Јане Сандански", СОТУ „Ѓорѓи Наумов", СОУ „Кузман Шапкарев", ДСУ „Музичко училиште", СОУ „Таки Даскало" и СОУ „Јосип Броз Тито".

Како што може да се забележи од табела 1, процентот на машки ученици во ова истражување е далеку поголем (82.2%) што е и доволен податок за тоа дека момчињата во поглема мера и манифесетираат нарушено однесување.

*Табела 1. Опис на примерокот според полот*

| | F | % |
|---|---|---|
| Машки | 74 | 82,2 |
| Женски | 1 6 | 17,8 |
| Вкупно | 90 | 100,0 |

Во графикон 1 е даден опис на примерокот според возраста и видливо е дека најголем процент 32,2 % од адолесценти со нарушено однесување се на возраст од 16 и 17 години.




*Графикон 1. Графички приказ на примерокот според возраста*

Во табелата 2 е даден опис на приемрокот во однос на тоа дали учениците живеат во урбана или рурална средина. Поголемиот број од нив (3/4) односно 74,4% се од градска средина.

*Табела 2. Опис на примерокот според средината на живеење*

| | F | % |
|---|---|---|
| Градска | 67 | 74,4 |
| Рурална | 23 | 25,6 |
| Вкупно | 90 | 100,0 |
| | | |

## 14. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Од зададените мерни инструменти, за секој испитаник се добиени скорови од прашалникот за процена на воспитните стилови на родителите (EMBU) и скорови од прашалникот за функционалност на семејството (FACES III).

Во табела 3. се прикажани резултатите од дескриптивната анализа добиени за воспитните стилови на родителите, а во табела 4 се прикажани резултатите од дескриптивна анализа добиени за функционалноста на семејството.

*Табела 3. Дескриптивни показатели добиени за воспитните стилови на родителите (N = 90)*

| N=90 | M Емпири-ски | M Теорет-ски | σ | Најнизок скор | | Највисок скор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Емпир-иски. | Теорет-ски | Емпир-иски | Теорет-ски |
| Отфрлувачки | 38,36 | 62,50 | 10,421 | 27 | 25 | 74 | 100 |
| Претерана Заштита | 33,70 | 37,50 | 5,062 | 20 | 15 | 47 | 60 |
| Емоционала Топлина | 46,98 | 42,50 | 8,791 | 28 | 17 | 65 | 68 |
| Недоследност | 13,24 | 17,50 | 3,751 | 7 | 7 | 23 | 28 |
| Фаворизирање | 8,97 | 12,50 | 3,101 | 5 | 5 | 20 | 20 |

Од добиените податоци во табелата 3 може да се забележи дека само аритметичките средини на емоционално топлиот воспитен стил на мајката и на таткото ги надминуваат теоретските аритметички средини, односно M=46,98 за воспитниот стил емоционална топлина е скор кој е добиен, а теоретската вредност M=42,50. Останатите аритметички средини за воспитните стилови на родителите се наоѓаат под теоретските аритемтички средини. Најголемо отстапување од апсолутните теоретски вредности се јавува кај воспитниот стил отфрлање за двајцата родители, односно таму скорот кој е добиен M=38,36 е речиси дупло помал од средниот теортски скор M=62,50.

Другиот прашалник на FACES III ја мери семејна кохезивност и адаптибилност. **Семејната кохезија**, се дефинира како емоционална врска која постои меѓу членовите на семејството (Олсон, 1999), односно како степен на посветеност, помош и поддршка која членовите на семејството ја обезбедуваат едни со други (Moos,

1981: 2). Всушност, кохезијата се фокусира на одржување на рамнотежа помеѓу независноста на членовите на семејството и внатре во него. Тоа се мери со користење на одредени индикатори (променливи) како емотивни врски, граници, пријатели, донесување одлуки (Олсон, 1989 : 3). Моделелот на Олсон (кој е користен во емпирискиот дел од документот) покажува четири различни нивоа на кохезија: кои одат од многу ниска (***раздвоеност***), ниска до просечна (***независност, одвоеност***), просечна (***поврзаност***), до висока кохезија **(умреженост - *заедништво*)**. Многу ниската кохезија (раздвоеност) укажува на фамилијарен систем кој се карактеризира со ограниченост и малку посветеност на семејството, при што членовите на семејството функционираат „секој за себе" , односно, таа е присутна како ниво на индивидуалност и независност на членовите. Поединците се оставени сами на себе, одвоено го поминуваат своето време, имаат индивидуални интереси и секој од другите не бара никаква помош во решавањето на нивните проблеми или некое лице за поддршка. Ниската кохезија (независност, одвоеност) укажува на присутна емотивна поделба, но не на таков екстремен степен како во раздвоените семејни системи. Тука, членовите на семејството, функционирааат понекогаш одделно, понекогаш заедно - но со постојано обезбедување на поддршка и заедничко донесување на одлуки. Просечната кохезија е опишана како емоционална блискост и лојалност меѓу членовите на семејството. Акцентот е ставен на единството, бидејќи времето кое се поминува заедно е поважно од времето поминато надвор од семејството.

Многу високото ниво на кохезија значи голема зависност и вмрежување меѓу членовите на семејството - но премногу малку независност во него. Во оваа смисла постои екстремно ниво на емоционална блискост, придружувана од голема зависност на членовите на семејството едни со други.

**Семејната адаптибилност (флексибилност)** исто така е од голема важност за семејното функционирање и таа се дефинира како способност брачниот или семејниот систем да ја промени својот структура на моќ, врз основа на односите и правилата на овие односи, како одговор на ситуацијата на „развоен стрес" (Кнежевиќ, 1994: 226). Со други зборови, под адаптибилност се имплицира подготвеност на семејствата да го променат лидерство, правилата и улогите. Оваа димензија во моделот Cirkumplex, е мерена користејќи ги следниве индикатори:моќ (контрола, дисциплина), преговарачки стилови, односи врз основа на улогите и

правила со кои се регулираат односите меѓу членовите на семејствата (Олсон,1989: 4). Во овој модел се разликуваат четири типови на адаптибилност, кои може да варираат помеѓу: ***ригидна*** (многу ниска), **структурирана** (ниско да просечно ниво), **флексибилна** (умерено ниво ) и високо флексибилна (**хаотично**) семејство. Фамилијарниот систем со крута адаптибилност (многу ниско) подразбира силна контрола, централизиран модел на одлучување (одлука носи еден член), со ограничена можност за преговори. Кај семејтвата со цврста адаптибилност, се одразува тенденција да се задржи статус кво (status quo) во семејството. Кај структурираната адаптибилност (ниско да просечно ниво) се води сметка за децата. Одразува стабилна поделба на улогите, со можност за промена на семејните правила. Флексибилната адаптибилност (умерено нивó), подразбира рамноправно лидерство со демократски пристап во донесувањето семејни одлуки. Улогите се поделени, но тие како и правилата може да се модифицираат, кога е потребно, и децата се вклучени. Високо флексибилната адаптибилност (хаотична), се гледа во несоодветното или ограничено раководство. Одлуките се донесени импулсивно.

Како што може да се види на табела бр. 4 раздовениот тип од семејна кохезија најмалку е застапен и тоа со 3,02%, како независни се 11,61% од семејствата. Поврзани семејстава се во 32,8% од семејствата, додека најмногу имаме заеднички врски, 53,5% од семејствата. Значи примерокот по семејствата во помала мера може да се опишат како емотивно ладни, и во најголема мера (доминантна) во нив е емоционална блискост и поврзување.

*Табела 4. Вредности за четири видови на кохезија*

| **Четири типа на кохезија** | **Процент ( %)** |
|---|---|
| Раздвоеност | 3,02 |
| Независни - одвоени | 11,61 |
| Поврзани | 32,8 |
| Умрежени | 53,5 |
| **Вкупно** | 100,00 |

Резултатите од табела 4 укажуваат на тоа дека членовите на семејствата во голема мера се поврзани едни со други. Ваквиот образец на семејно функционирање

каде и цела енергија на поединецот е насочена внатре во семејството каде има адолесцент со нарушено однесување и тоа да функционира вмрежено може да е резултат на тоа што семејството се обидува да изнајди решение за надминување на проблемот со нарушеното однесување кај адолесцентот. Овие семејства дури може да се изолираат од надворешната средина и на тој начин семејството да се обиде да остави впечаток кај околината дека тоа „нормално функционира".

Врз основа на статистичката обработка дојдовме до податок дека со ниско нивό на адаптибилност се регистрирани во 6,5% од нашите семејства, со структурирана адаптибилност присутни во 21% од семејствата. Флексибилни односи забележани се во 34,3% и 38,9% се семејства со хаотична адаптабилност (Табела 5).

*Табела 5. Вредности за четири видови на адаптибилност*

| **Четири типа на адаптиблиност** | **Процент(%)** |
|---|---|
| Ригидна | 6,5 |
| Структурирана | 21 |
| Флексибилна | 34,34 |
| Хаотична | 38,9 |
| **Вкупно** | 100,00 |

Резултатите од табела 5 укажуваат на застапеност на голем процент на семејства кои функционираат хаотично, односно без јасни граници за улогите на секој од членовите во семејството, кое може да биде и причина за појава на нарушено однесување кај адолесцентите.

Хаотичните семејни системи се многу проблематични за семејното функционирање кога тие се присутни подолго во животниот циклус на семејството, посебно кога во семејството има адолесцент со нарушено однесување. Овие семејства ги карактеризира недостаток на лидерство, непостојана дисциплина, драматична поделба на улогите и присуство на многу промени. Исто така и ригидните семејни обрасци со ниско нивό на адаптибилност каде само едно лице е главно и има висок степен на контрола негативно влијае за успешно функционирање на семејството. Промените во семејниот систем кои настануваат кога во семејството има адолесцент со нарушено однесување може да наметни и

ригиден образец на семејно функционирање со цел да се одржи функционалноста на семејството и да се воспостави ред во семејната структура, со што повеќето одлуки се наметнати од страна на лидерот во семејството, обично тоа е таткото или мајката. Ригидните и хаотичните семејни обрасци се екстремни нивоа на функционирање на семејството и се проблем посебно кога семејството преминува од еден животен циклус во друг, како што се тоа и семејствата со адолесцент.




*Сл. 1. Cirkumplex модел на семејна адаптибилност и кохезивност според Олсон*

*Табела 6. Дескриптивна анализа на резултатите за функционалноста на семејството (N = 90)*

| N=90 | M Емпириски | M Теоретски | σ | Најнизок скор | | Највисок скор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Емпири-Ски | Теоретет-ски | Емпири-ски. | Теорет-ски |
| FACES III Вкупен скор | 63,73 | 60,00 | 11,164 | 38 | 30 | 94 | 100 |
| Семејна Кохезија | 36,34 | 30,00 | 5,091 | 16 | 15 | 47 | 50 |
| Семејна адаптибилност | 27,38 | 30,00 | 7,734 | 15 | 15 | 50 | 50 |

Ако се земат предвид нормите за семејна адаптибилност, семејна кохезивност кои се дадени од Олсон, а се однесуваат на млади лица може да се види дека кога станува збор за семејна адаптибилност добиениот скор за групата во нашиот примерок изнесува M=27,38 што и не се разликува во голема мера со табелата на

Олсон М=24,3. Од друга страна и скорот кој алудира на семејна кохезија во рамки на истражувањето М=36,34 е речиси идентичен со нормите кои ги дава Олсон, односно М= 37,1.

Ова во голема мера значи дека добиените скорови на табела 6 и табела 7 се идентични со светските норми во однос на овој прашалник и распределноста во светската популација.

*Табела 7. Норми и бодувања според FACES III*

| | Возрасни Родители | | Семејство со адолесцент | | Млади парови | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **M** | **SD** | **M** | **SD** | **M** | **SD** |
| **Кохезија** | **39.8** | 5.4 | **37.1** | 6.1 | **41.6** | 4.7 |
| **Адаптибилност** | **24.1** | **4.7** | **24.3** | **4.8** | **26.1** | **4.2** |

Дисфункционалните семејни системи на димензии на кохезивност означуваат семејства во кои е присутна умреженоста која карактеризира дифузни граници, нејасна диференцијација и голем притисок кон заедништво, што укажува на недостаток на автономност, додека на спротивното поле се наоѓаат дезангажирани семејни системи во кои е присутна дистанца и ригидни граници. Врз основа на Circumlex модел, многу висок степен на кохезивност (умреженост) и многу низок степен на кохезивност (необврзност) можат да претставуваат проблем како за развојот на поединецот така и за развојот на меѓусебните односи, односно дека тие се оние кои манифетираат нарушено однесување.

За да се утврди процентот на семејства кои манифестираат дисфинкционално однесување се направи интеркорелација на одговорите од FACES скалата и одговорите на испитаниците од прашалникот за ученикот и се утврди дека фреквенцијата на функционалните семејства е многу голема односно 84, но сепак овој број може да се должи на не секогаш искрените одговори на децата и од друга страна тенденцијата на давање на социјално пожелни одговори или пак присуство на некои други проблеми во семејството.

*Табела 8. Дескриптивен приказ на фрекефенцијата на функционални и дисфункционални семејства*

| | F |
|---|---|
| Дисфункционално семејство | 6 (6,67%) |
| Функционално семејство | 84 (93,33%) |
| Вкупно | 90 (100%) |

Резултатите од табела 8 говорат дека во нашиот примерок само 6 односно 6,67% од испитаниците своето семејство го опишале како дисфункционално, додека најмногу, односно 84 своите семејства ги опишале како функционални.

Од друга страна, нарушеното однесување на адолесцентите ќе биде мерено низ неколку сегменти кои се додадени во третиот дел од анкетниот прашалник кои подоцна ќе бидат земени предвид при обработката на хипотезите и тоа:

## А1. Самопроценка на сопственеото однесување

Кога станува збор за самопроценката на сопственото однесување адолесцентите истото можеа да го проценат на третостепена скала како добро, лошо и многу лошо. Како што може да се види од табела 9, најголем процент (3/4) го оценуваат своето однесување како добро.

*Табела 9. Самопроцена на сопственото однесување*

| | F | % |
|---|---|---|
| Добро | 68 | 75,6 |
| Лошо | 22 | 24,4 |
| Вкупно | 90 | 100,0 |

## А2. Недоразборање со своите врсници

Наредниот сегмент од нарушеното однесување се однесува на недоразбирањето со врсниците каде дури 78,9% одговориле дека немаат недоразбирање со своите врсници (табела 10), а нешто помалку (72,2%) дека немаат недоразбирање со наставниците (табела 11).

*Табела 10. Недоразбирање со врсниците*

| | F | % |
|---|---|---|
| Да | 19 | 21,1 |
| Не | 71 | 78,9 |
| Вкупно | 90 | 100,0 |

## А3. Недоразбирање со наставниците

*Табела 11. Недоразбирање со наставниците*

| | F | % |
|---|---|---|
| Да | 25 | 27,8 |
| Не | 65 | 72,2 |
| Вкупно | 90 | 100,0 |

Резултатите од табела 11 покажуваат дека скоро една третина 27,8% имаат недоразбирање со своите наставници, но повеќето 72,2 % се изјасниле дека немаат недоразбирање со наставниците.

## А4. Однесување со врсниците

Кога станува збор за однесувањето со своите врсници, испитаниците имаа можност да го оценат своето однесување како добро или како лошо. Интересно е дека само 3 адолесценти сметаат дека се однесуваат лошо со своите врсници (табела 12).

*Табела 12. Однесување со врсници*

| | F | % |
|---|---|---|
| Добро | 87 | 96,7 |
| Лошо | 3 | 3,3 |
| Вкупно | 90 | 100,0 |

## А5. Отсуство од училиште

Еден од сегментите кои се однесува на нарушеното однесување е и отсуството од училиште. На табела 13 може да се види дека 62,3% отсуствуваат ретко и понекогаш што не е воопшто мал процент на остсутсво од настава.

*Табела 13. Отсуство од училиште*

| | F | % |
|---|---|---|
| Често | 33 | 36,7 |
| Ретко | 24 | 26,7 |
| Понекогаш | 32 | 35,6 |
| Никогаш | 1 | 1,1 |
| Вкупно | 90 | 100,0 |

Од вкупниот број на адолесценти со пореметено однесување 36% често отсуствуват од редовниот образовен процес а 26,7% ретко, што е показател дека отсуството од настава во голем процент е застапено кај овие адолесценти.

*Табела 14. Отсуство на учениците според одговорите од стручните служби*

| Неоправдани отстуства | F | % |
|---|---|---|
| Не дале одговор | 13 | 14,4 |
| 1-10 | 4 | 4,4 |
| 11-20 | 29 | 32,2 |
| 21-30 | 28 | 31,1 |
| 31-40 | 5 | 5,6 |
| 41-50 | 4 | 4,4 |
| 51-60 | 4 | 4,4 |
| 61-70 | 1 | 1,1 |
| 71-80 | 1 | 1,1 |
| 81-90 | 1 | 1,1 |
| Вкупно | 90 | 100,0 |

Резултатите од табела 14 кореспондираат со претходната табела, односно и овие резултати кои ги дале стручните лица од педагошко-психолошката служба во училиштата покажуваат дека адолесцентите често отсуствуват од училиште и тоа најголем процент 32,2% неоправдано остуствуват од 11-20 часа во текот учебната година, но исто така висок е процентот од 31,1% на отсуства на адолесцентите од настава и тоа од 21-30 часови.

## А6. Пушење цигари

Пушењето цигари и конзумирањето алкохол се аспекти кои во голема мера укажуваат на пореметено однесување. Речиси половина од адолесцентите редовно пушат цигари, а 18,9% пијат алкохол (табела 15).

*Табела 15. Пушење цигари*

| | F | % |
|---|---|---|
| Да | 39 | 43,3 |
| Сум пробал | 16 | 17,8 |
| Не | 35 | 38,9 |
| Вкупно | 90 | 100,0 |

## А7. Пробатори на алкохол

*Табела 16. Број на испитаници кои пробале алкохол*

| | F | % |
|---|---|---|
| Да | 17 | 18,9 |
| Сум пробал | 42 | 46,7 |
| Не | 31 | 34,4 |
| Вкупно | 90 | 100,0 |

Податоците на табела 16 укажуваат на тоа дека најголем процент испитаници пробале алкохол, помал процент 34,4% не пробале, но загрижувачки е податокот од 18,9% од адолесцентите кои се изјасниле дека пијат алкохол.

## А8. Спротивставеност со законот

Спротивставеноста со законот (повикување од МВР, ЦСР) исто така алудира на нарушено однесување, па радува фактот што само 12,2% од адолесцентите биле во спротивставеност со законот (табела 17). Сепак тој број е многу поголем кога станува збор за ученици кои биле повикани од стручните служби во училиштата (83,3%), според табела 18.

*Табела 17. Спротивставеност со законот*

| | F | % |
|---|---|---|
| Да | 11 | 12,2 |
| Не | 79 | 87,8 |
| Вкупно | 90 | 100,0 |

**А9. Повикан од психолог или педагог**

*Табела 18. Повикани од стручните служби во училиштето*

| | F | % |
|---|---|---|
| Да | 75 | 83,3 |
| Не | 15 | 16,7 |
| Вкупно | 90 | 100,0 |

Податоците изнесени на табела 18 укажуваат на тоа дека најголем процент 83,3% од адолесцентите кои покажуваат пореметено однесување се повикувани од стручните лица од стручната служба во училиштето со цел да се придонеси во надминување на проблемите со однесувањето кое го манифестираат адолесцентите.

# 15. Дискусија на резултатите

## Хипотези група A

### Главна хипотеза:

**Главната хипотеза во ова истражување гласи:** ***постои поврзаност помеѓу дисфункционалните односи во семејството и нарушеното однесување кај адолесцентите, односно, поголем број од адолесценти со нарушување во однесувањето потекнуваат од дисфункционални семејства.***

Во рамките на оваа хипотеза се испитуваат разликите кои постојат помеѓу адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални /дисфункционални) во однос на манифестирањето нарушено однесување со цел да се утврди дали постои поврзаност помеѓу дисфункционалните односи во семејството и нарушеното однесување кај адолесцентите.

Ова хипотеза ќе биде обработена со помош на $X^2$ со цел да се утврди дали постојат разлики помеѓу очекуваните и добиените фрекфенции, односно, да се утврди дали навистина адолесцентите кои потекнуваат од дисфункционални семејства во поглема мера манифестираат нарушено однесување.

Од оваа главна хипотеза изведени се осум посебни хипотези за кој ќе биде пресметан $X^2$ по следната формула:

$$X^2 = \sum \frac{(o-e)^2}{e}$$

**А1. Адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални/ дисфункционални) во различна мера манифестираат ризично однесување.**

Со цел да се направи споредба помеѓу фреквенциите на одговорите на учениците кои потекнуваат од функционални и оние кои потекнуваат од дисфункционални семејства во однос на проценката на сопственото однесување пресметна е $X^2$ за значајност на разлики.

*Табела 19. Разлики помеѓу очекуваните и добиените фрекфенции во однос на функционалноста на семејството и самопроценката на однесеувањето на учениците*

| | | Однесување | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Добро | Лошо | |
| Семејство | Функционално | 65 (72,22) | 19 (21,11%) | 84 (93,33%) |
| | Дисфункционално | 3 (3,33%) | 3 (3,33%) | 6 (6,67%) |
| Вкупно | | 68 (75,55%) | 22 (24,44) | 90 (100%) |

$X^2 = 2,273$, $p>0,05$

Резултатите од табелата 19 покажуваат дека според добиениот резултат на Хи кавдратот тестот не постојат статистички значајни разлики во однос на самопроценката на адолесцентите на своето однесување.

*Резултатите* ***не ја потврдија А1 хипотезата која гласеше дека адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални/ дисфункционални) манифестираат ризично однесување.***

Ваквата самопроценка на адолесцентите укажува на недоследноста во одговорите или можеби на недоволна критичност за сопственото однесување, бидејќи иако се свесни дека нивното однесување не е во рамките на очекуваното ниту според проценките од наставниот кадар ниту од нивните врсници, тие сепак не сакаат себеси да си признаат дека со нив има некаков проблем. Ова може да се должи и на адолесцентскиот бунт, односно отфрлање на вообичаените и очекувани норми на однесување од средината во која живеат.

Во однос на недоследноста на одговорите и при други светски истражувања се забележуваат потешкотии во толкувањето на податоците кои се добиваат од сопствената самопроцена на однесувањето. Во насока на оваа потврда е Марфиевиот закон кој вели: „Кога имаш еден саат знаеш колку е часот, но кога имаш два никогаш не си сигурен”, со што добро се опишуваат тешкотиите на истражувачите кога користат специфични и глобални самопроцени за утврдување на нечии статус.

Овие тешкотии се јавуваа поради тоа што проценката доаѓа од истата личност во однос на иста појава, кога би требало обично помеѓу нив да има поклопување на резултатите. Меѓутоа, во пракса поклопувањето на резултатите е далеку од реално.

Така и во нашето истражување тоа се потврди дека недоследноста на одговори на испитаниците се покажува секогаш кога за тоа ќе се укаже можност.

Од друга страна, резултатите укажуваат на тоа дека за појавата на нарушено однесување кај адолесцентите не е пресудна само фукционалноста на семејството, туку и многу други причини.

**А.2. Адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални/ дисфункционални) во различна мера манифестираат недоразбирање со врсниците.**

Со цел да се направи споредба помеѓу фрекфенциите на одговорите на учениците кои потекнуваат од функционални и оние кои потекнуваат од дисфункционални семејства во однос на манифестирањето недоразбирање кон врсниците пресметна е $X^2$ за значајност на разлики.

*Табела 20. Разлики помеѓу очекуваните и добиените фрекфенции во однос на функционалноста на семејството и манифестирањето недоразбирање со врсниците*

| | | Недоразбирање | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | |
| Семејство | Функционално | 16 (17,78%) | 68 (75,55%) | 84 (93,33%) |
| | Дисфункционално | 3 (3,33%) | 3 (3,33%) | 6 (6,67%) |
| Вкупно | | 19 (21,11%) | 71 (78,89%) | 90 (100%) |

$X^2 = 3{,}221, p<0{,}05$

*Резултатите од табела 20* **ја потврдија А2 хипотезата** *која* гласеше: ***дека адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални/ дисфункционални) манифестираат недоразбирање со врсниците, односно оние кои потекнуваат од функционални семејства, процентно во помала мера манифестираат недоразбирање кон врсниците.***

Овие податоци сами по себе зборуваат дека адолесцентите кои живеат во неповолна семејна средина, односно дисфункционално семејство во поголема мера манифестираат недоразбирање со своите врсници. Ваквиот однос на адолесцентите кон своите врсници можеби се должи и како резултат на несоодветен однос на родителитете, односно насилното и агресивно однесување на таткото кон

адолесцентот. Во прилог на ова толкување може да се земе истражувањето кое го спровеле Роналд Рохер и Престон Бритнер (Ronald Rohner и Preston Britner, 2001) за поврзаноста и перцепцијата и отфрлањето на активните проблеми кај децата и адолесцентите. Тие наведуваат дека придонесот на родителите и децата за појавата на пореметувањата во однесувањето се подеднакви. Отфрлањето од страна на родителите го поттикнува адолесцентот на непријателско и агресивно однесување, но ако децата продолжат така да се однесуваат родителите во однос на детето покажуваат се́ помалку топлина и поддршка. Без оглед на реципрочните односи, истражувачите ги занимавало дали е можно да се утврди доминантната поврзаност. Се укажало дека отфрлањето од страна на родителите претходи на појавата на нарушувања во однесувањето кај децата.

При анализата за влијанието на семејните процеси за појава на промените во однесувањето кај децата и адолесцентите не смее да се запостави следното: негативните интеракции не се специфичност само за семејствата во кои растат деца со емоционални проблеми. Во секое семејство може да се сретнат конфликти, караници, недоразбирања, закани, викање и сл. Разликата е само во тоа што во здравите семјства постои рамнотежа меѓу позитивните и негативните односи кои недостасуваат во семејствата во кои расте адолесцентот каде се присутни промени во однесувањето.

За добрите релации со врсниците големо значење имаат добрите семејни односи. Тоа го потврдуваат и податоците од истражувањето на младите од Белград (Јоксимовиħ, 1988, 1992) покажуваат дека кон врсниците се повеќе насочени млади кои со родителите поретко доаѓаат до недоразбирање и оние кои афективните односи во семејството ги оценуваат како балансирани и реципрочни. Истиот автор во друго истражување (Јоксимовиħ, 1986), вели дека хармоничната семејна атмосфера придонесува за нивна поврзаност со врсниците. Тој наведува дека големата поврзаност на младите со родителите и врсниците и тоа дека младите кои имаат хармонични односи со родителите обично се во добри односи и со другарите, додека оние кои имаат извесни проблеми во односите со родителите почесто доаѓаат до недоразбирање со пријателите.

Ова упатува на тоа дека адолесцентите во нашето истражување кои манифестираат недоразбирање со врсниците веројатно потекнуваат од семејство со дисхармонични односи, или се во конфликт со своите родители.

Резултатите на други истражувања ја потврдуваат нашата претпоставка , дека односите со врсниците во значајна мера зависат од општата атмосфера што владее во семејството но и во училиштето/одделението. Магнус, Дунер и Зитерблон (Magnusson, Duner и Zetterblom, 1975), укажуваат дека потешкотиите кои непопуларните деца ги доживуваат при воспоставувањето и одржувањето на пријателството се само дел од еден многу комплексен проблем на личноста и интерперсоналните односи.

Изворот на овие проблеми авторите ги препишуваат на климата која преовладува во семејството што ја потврдува нивната лонгитудинална студија. Во студијата се следени деца од двата пола, со висока, просечна и ниска популарност. Овие три групи не се разликувале по интелегенција, образовниот статус на родителите или други фактори. Резултатите укажале на значењето на семејната атмосфера како битна функција на популарност на нивните деца.

Најчесто овие деца потекнуваат од семејства во кои е присутно незадоволство на родителите од животот и воспитувањето на децата, и конфликт помеѓу родителите и децата. Резултатите на оваа студија укажуваат на висок степен на корелација помеѓу емоционалните односи во семејството и детските пријателства.

За важноста на семејството и адолесцентната група на врсници во многу истражувања е дискутирано, бидејќи во одредени ситуации, семејството е фактор на заштита во однос на групата, додека во други случаеви групата преовладува во отсуство на семејните односи (De Leo, 1992; 1998).

**А3. Адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални/ дисфункционални) во различна мера манифестираат недоразбирање со наставниците.**

Со цел да се направи споредба помеѓу фрекфенциите на одговорите на учениците кои потекнуваат од функционални и оние кои потекнуваат од дисфункционални семејства во однос на манифестирањето недоразбирање кон наставниците пресметна е $X^2$ за значајност на разлики.

*Табела 21. Разлики помеѓу очекуваните и добиените фрекфенции во однос на функционалноста на семејството и манифестирањето недоразбирање кон наставниците*

| | | Недоразбирање | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | |
| Семејство | Функционално | 21 (23,33%) | 63 (70%) | 84 (93,33%) |
| | Дисфункционално | 4 (4,44%) | 2 (2,22%) | 6 (6,67%) |
| Вкупно | | 25 (27,78%) | 65 (72,22%) | 90 (100%) |

$X^2 = 4,846$, $p<0,05$

*Резултатите од табела 21* ***ја потврдија А3 хипотезата која гласеше дека адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални/ дисфункционални) манифестираат недоразбирање кон наставниците, односно оние кои потекнуваат од функционални семејства, процентуално во помала мера манифестираат недоразбирање кон наставниците.***

Анализата на резултатите укажува дека во дисфункционалните семејства е поголема можноста да се очекува да се манифестираат различни видови на нарушено однесување во случајот адолесцентите да доаѓаат често до недоразбирање со своите наставници, тоа може да се должи и на не почитување на авторитет во овој период но исто така и како резултат на дисфункционалноста во семејството. Оваа поврзаност упатува на претпоставката дека лошите односи во семејството се пренесуваат и во училиштето, затоа е пожелно да се негуваат добри односи во семејството да се укажува на тоа што во стварност кај адолецентот може да предизвика дисфункционалноста во семејството, во релациите со личностите од непосреднатасредината.

За застапеноста на овој вид нарушено однесување кон наставниот кадар зборуваат и други истражувања како што говорат и податоците на одделението за образование во 1933, кога 44% наставници во САД кажале дека учениците со недисциплина ја попречувале наставата, односно 19% од наставниците биле вербално навредувани, 12% биле загрижени за својата безбедност, 8% доживеале закани и физички напад, а 2% биле физички нападнати (Hyman и ораб., 1997).

Во поглед на насилството од страна на учениците во австриските средни училишта Папхази (Paphazy, 2005) наведуваат дека се случувало наставниците,

посебно во средните училишта, да се жалат на провокација и навредување, заканувања и физички напади, што резултирало со донесување на закон со кој се забранува проблематичните ученици да доаѓаат во училиштата.

## А4. Адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални /дисфункционални) имаат различен однос кон врсниците

Со цел да се направи споредба помеѓу фрекфенциите на одговорите на учениците кои потекнуваат од функционални и оние кои потекнуваат од дисфункционални семејства во однос на односот кон врсниците пресметна е $X^2$ за значајност на разликите.

*Табела 22. Разлики помеѓу очекуваните и добиените фрекфенции во однос на функционалноста на семејството и односот кон врсниците*

| | | Однос | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Добар | Лош | |
| Семејство | Функционално | 82 (91,11%) | 2 (2,22%) | 84 (93,33%) |
| | Дисфункционално | 5 (5,55%) | 1 (1,11%) | 6 (6,67) |
| Вкупно | | 87 (96,67%) | 3 (3,33%) | 90 (100%) |

$X^2 = 3{,}547$, $p<0{,}05$

*Резултатите од табелата 22* ***ја потврдија А4 хипотезата која гласеше дека адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални/ дисфункционални) имаат различен однос кон врсниците, односно оние кои потекнуваат од функционални семејства, имаат подобар однос кон врсниците.***

Многу често за агресивното однесување на адолесцентот во училиштето причината може да се бара и во присуството на насилство во семејството, каде децата се сведоци на тоа насилство. Ова толкување го потврдуваат и голем број истражувања како што е и истражувањето на Канадската национална лонгитудинална студија за децата и младите (Canadian National Longitudinal Survey of Children and Youth - според Bardly,2002), каде резултатите упатуваат на тоа дека децата кои се сведоци на насилството во домот во голема мера директно или индиректно ги злоставуваат своите врсници. Друг воспитен фактор кој влијае врз појавата на насилство кај децата се наведуваат и бројни стресори (развод на родителите, алкохолизам на родителите, тешки хронични заболувања, смрт во

семејството) на кои може детето да биде изложено одреден период од животот и кои можат да резултираат со зголемена агресивност кај детето (Simić, 2004, според Popadić, 2009).

Агресијата која адолесцентите ја манифестираат кон своите врсници може да се толкува и преку специфичните општествени односи кои детето ги има со својата околина. Притоа може да се земи предвид и насилното и агресивното однесување на родителите кое како модел на однесување го усвојуваат и децата, на некој начин може да се каже дека насилното однесување е предизвикано од однесување на родителите кон своите деца. Кога децата доживуваат отфрлање од страна на родителите и врсниците тие стануваат фрустрирани, лути а потоа и агресивни (Weiss и Catron, 1994.).

**А5. Адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални /дисфункционални) имаат различен однос кон пушењето цигари.**

Со цел да се направи споредба помеѓу фрекфенциите на одговорите на учениците кои потекнуваат од функционални и оние кои потекнуваат од дисфункционални семејства во однос на нивниот однос кон пушењето цигари пресметна е $X^2$ за значајност на разлики.

*Табела 23. Разлики помеѓу очекуваните и добиените фрекфенции во однос на функционалноста на семејството и односот кон цигарите*

| | | Цигари | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Да | Сум пробал | Не | |
| Семејство | Функционално | 36 (40%) | 14 (15,56%) | 34 (37,78%) | 84 (93,33%) |
| | Дисфункционално | 3 (3,33%) | 2 (2,22%) | 1 (1,11%) | 6 (6,67%) |
| Вкупно | | 39 (43,33%) | 16 (17,78%) | 35 (38,89%) | 90 (100%) |

$X^2 = 1,757$, $p>0,05$

*Резултатите од табела 23* ***не ја потврди А5 хипотезата која гласеше дека адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални/ дисфункционални) имаат различен однос кон пушењето цигари, односно без оглед дали потекнуваат од функционални или дисфункционално нивниот однос кон цигарите е идентичен.***

Ваквиот однос кон пушењето е од причини што адолесцентите најчесто пушат заради што тоа го прават и нивните другари, некои сметаат дека со пушењето ќе ја намалат напнатоста, заморот и дека  ќе се релаксираат. Кај младите пушењето ја задоволува потребата да го пробаат забранетото, да ја покажат својата независност и отпор кон забраните што им ги поставуваат возрасните и поради потребата порано да се вклучат во светот на возрасните (Трајкова Стаменкова, 2001).

Кон факторите што го поттикнуваат пушењето кај младите влијание имаат семејните фактори. Најчесто во семејствата каде родителите пушат многу е веројатно да се очекува е дека и нивните деца ќе пушат. Исто така значаен фактор за да се почне со пушење е влијанието од групата врсници, односно притисокот што го прави таа врз адолесцентот.

**А6. Адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални/ дисфункционални) имаат различен однос кон пиењето алкохол.**

Со цел да се направи споредба помеѓу фрекфенциите на одговорите на учениците кои потекнуваат од функционални и оние кои потекнуваат од дисфункционални семејства во однос на нивниот однос кон пиењето алкохол пресметна е $X^2$ за значајност на разлики. Во 84 функционални семејства 14 односно 15,56% адолесценти веќе конзумираат алкохол, 41 адолесцент или 45,56% пробале алкохол и 29 или 32,22% не пробале алкохол, додека во 6 или 6,67% дисфункционални семејства 3 односно 3,33% адолесценти конзумираат алкохол 1 или 1,11%  адолесцент пробал и 2 односно 2,22% не пробале алкохол.

*Табела 24. Разлики помеѓу очекуваните и добиените фрекфенции во однос на функционалноста на семејството и односот кон алкохолот*

| | | Алкохол | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Да | Сум пробал | Не | |
| Семејство | Функционално | 14 (15,56%) | 41 (45,56) | 29 (32,22%) | 84 (93,33%) |
| | Дисфункционално | 3 (3,33%) | 1 (1,11) | 2 (2,22%) | 6 (6,67%) |
| Вкупно | | 17 (18,89%) | 42 (46,67%) | 31 (34,44%) | 90 (100%) |

$X^2 = 4{,}536$, $p>0{,}05$

*Резултатите од табела 24* ***не ја потврди А6 хипотезата која гласеше дека адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални/ дисфункционални) имаат различен однос кон алкохолот, односно без оглед дали потекнуваат од функционално или дисфункционално смејство нивниот однос кон конзумирање на алкохол е идентичен.***

Овие резултати се како резултат на формиран позитивен став на младите кон алкохолот подеднакво и во функционалните и дисфункционалните семејства, но поверојатно е дека во дисфункционалните семејства почесто може да се очекува дека и децата од овие семејства почесто можат да посегнуваат по алкохолот со цел да ја намалат напнатоста од семејната средина.

Најчесто припадноста на групата, како примарната така и секундарната, се клучни фактори за формирање на тие ставови, особено за формирање позитивни ставови спрема алкохолот и алкохолизмот. Семејството е централно место на пренесување на културните навики за употреба на алкохол. Често родителскиот став за третманот на алкохолните пијалоци како прехранбени производи често и како лек, исто така и пиењето на алкохол пред децата се предуслови за формирање на позитивен став на адолесцентите кон алкохолот. Како значаен фактор за вака позитивен став може да биде и слободната продажба на алкохолните пијалоци.

Во оваа насока оди и истражувањето на Бојкоска (1991), направено со скалата со тврдења од Ликертов тип на 115 испитаници од кои 59 ученици од средните училишта во Битола и 56 студенти, каде е потврдено дека процентот на студенти кои имаат позитивен став кон алкохолот е 21,8 % , додека кај учениците тој процент изнесува 23,7% што не е за запоставување, додека оние кои имаат најнегативен став

е 6,1 %, што укажува на влијанието на семејството и средината во однос на формирањето ставовите кон алкохолот и алкохолизмот

Во конзумирањето на алкохол младите бараат решение, смирување, олеснување, охрабрување, утеха и бегство од реалноста на животот. Според едно истражување на Сакоман (Sakoman,1998) направено меѓу средношколци покажува дека употребата на алкохолот е честа појава, односно 80% од испитаните ученици барем еднаш во тој период пиеле, а скоро половината навеле дека пиеле алкохолни пијалоци во последните 30 дена, а не е за запоставување и бројот на оние кои во наведениот период биле под силно влијание на алкохолот. Ова истражување како најважен предуслов за употреба на алкохолот го наведува позитивниот (попустливиот) став кон алкохолот, слабиот школски успех, етикетирањето, дружењето со врсниците кои пијат. Ова истражување укажува на честото и интензивно користење на алкохолни пијалоци кое се поврзува со голем дел од општествената активност, кое исто така се поврзува и со промените во однесувањето и лошото функционирање во училиштето.

Оттуѓеноста и слабата комуникација во семејството како и родителскиот став за конзумирање на алкохол имаат големо влијание на однесувањето на адолесцентите (Patton, 1995; Sieving, 1996; Straus и Kantor,1994;Windle,1994).

Врз основа на друго истражување може да се види дека постои поврзаност на појавата на алкохолизмот и проблемите во однесувањето кај адолесцентите со функционирањето на семејството, како и со нивниот однос кон училиштето и врсниците Сивинг (Sieving (1996), докажал дека родителскиот став кон конзумирањето алкохол има поголемо влијание на однесувањето на адолесцентот, а оттуѓеноста и непотполноста на семејството директно влијае на прекумерното пиење на алкохол.

Постојат и такви истражувања кои укажуваат на тоа дека конфликтните во семејството влијаат на зголеменото пиење кај децата. Пиењето на мајките има директно влијание за зголемено пиење кај децата, за разлика од татковците каде влијанието не е толку директно. Пиењето на татковците има индиректно влијание на децата преку пореметените односи во семејството (Narusk, 1991).

Во основа дали се работи за функционално или дисфункционално семејство според нашата култура и традиција скоро во секое семејство е оправдано и пожелно да се има алкохолни пијалоци, дури се оди до таму да постојат и такви убедувања

дека доколку во семејството нема алкохол таа не може да се смета за „домаќинска куќа".

**А7. *Адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални/ дисфункционални) се разликуваат во однос на тоа колку често доаѓаат во спротивставеност со законот***

Со цел да се направи споредба помеѓу фрекфенциите на одговорите на учениците кои потекнуваат од функционални и оние кои потекнуваат од дисфункционални семејства во однос тоа дали биле почесто во спротивставеност со законот пресметна е $X^2$ за значајност на разлики. Од вкупно 84 функционални семејства 11 односно 12,22% адолесценти дошле во спротивставеност со законот додека во 6 или 6,67% дисфункционални семејства ниту еден од адолесцентите не дошол во судир со законот.

*Табела 25. Разлики помеѓу очекуваните и добиените фрекфенции во однос на функционалноста на семејството и спротивставеност со законот*

| | | Судир со закон | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | |
| Семејство | Функционално | 11 (12,22%) | 73 (81,11%) | 84 (93,33%) |
| | Дисфункционално | 0 | 6 (6,67%) | 6(6,67%) |
| Вкупно | | 11 (12,22%) | 79 (87,78%) | 90 100% |

$X^2$ = 4,547, p<0,01

*Резултатите од табела 25* ***ја потврдија А7 хипотезата која гласеше дека адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални /дисфункционални) се разликуваат во однос на изложеноста на спротивставување со законот, но во обратна насока, односно оние кои потекнуваат од функционални семејства, почесто биле изложени во спротивност со законот.***

Дури и изненадува податокот што сите одговори на децата кои велат дека биле во судир со законот се дадени од деца кои навеле дека потекнуваат од функционално семејство. Овие реаултати може да се должат на неискрените одговори на децата, нивната желба да го прикажат своето семејство во подобро светло од што вистински е, бидејќи во периодот на адолесценција сакајќи да се претстват себеси и своето

семејство како функционални склони се и да прибегнат кон давање на неискрени одговори.

Но од друга страна ова би можело да се толкува и од аспект на статусот на детето кое го зазема во семејството. Обично во функционалните семејства статусот на детето е  на повисоко нивó во однос на детето кое расте во дисфункционално семејство. Од тие причини,  доколку на детето уште во текот на развојот не му се даде до знаење за она што е дозволено а што не, односно се формира доволна свесност за позитивното  и негативното  однесување, и позитивните норми на однесување во дадената средина, поточно до каде се неговите границни, може да се очекува дека  во периодот на адолесценцијата  кај ваквите деца може да се очекува тие да очекуваат и таков попустлив однос и од општестената средината при што заради неприлагоденото однесување ќе дојдат во судир со законот.

## А8. Адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства (функционални/ дисфункционални) се разликуваат во однос на тоа колку често  се повикувани од стручните служби во училиштата

Со цел да се направи споредба помеѓу фрекфенциите на одговорите на учениците кои потекнуваат од функционални и оние кои потекнуваат од дисфункционални семејства во однос колку често биле повикани од стручните служби во училиштата пресметна е $X^2$ за значајност на разлики.

*Табела 26. Разлики помеѓу очекуваните и добиените фрекфенции во однос на функционалноста на семејството и повикувања од стручните служби*

| | | Повикан од стручна служба | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | |
| Семејство | Функционално | 70 (77,78%) | 14 (15,56%) | 84 (93,33%) |
| | Дисфункционално | 5 (5,55%) | 1 (1,11%) | 6 (6,67%) |
| Вкупно | | 75 (83,33%) | 15 (16,67%) | 90 100% |

$X^2 = 7{,}547, p<0{,}01$

*Резултатите од табелата 26* ***ја потврдија А8 хипотезата која гласеше дека адолесцентитекои потекнуваат од различни семејства (функционални/***

***дисфункционални) се разликуваат во однос на повикувањето од стручните служби, но во обратна насока, односно оние кои потекнуваат од функционални семејства, почесто биле повикувани од психиологот и педагогот во училиштата.*** Ова може да укажува на тоа дека родителите на адолесцентите кои потекнуваат од функционални семејства имаат поголема свесност во однос на поставеноста на системот на заштита на децата со нарушено однесување во рамките на училиштата. Наша претпоставка е дека нивната доволна информираност за улогата на стучните служби во училиштата и нивната потреба да направат што е можно повеќе за своите деца за да го надминат проблемот со однесувањето на свите деца почесто се во контакт со стручните служби во училиштето. Ваквата соработка ги охрабрува стручните сорабтници (педагози, психолози и социјални работнци) и при помал проблем со кој се соочува адолесцентот да ги повикаат на разговор да ги советуваат со надеж дека повикувањето би влијаело воспитно и превентивно во насока на надминување на проблемите со кои се соочува адолесцентот. Стручните соработници од училиштата постигнуваат помалку успех во надминувањето на проблемите кај адолесцентите кои поттекнуваат од дисфункционални семејства, од самиот факт што веќе во семејството е присутен еден проблем тие се обесхрабрени дека нешто повеќе можат да направат, но и поради слабата соработка на наставник-родител со родителите од дисфункционалните семејства.

*Резултатите прикажани погоре* ***делумно ја потврдија основната хипотеза дека постои поврзаност помеѓу дисфункционалните односи во семејството и нарушеното однесување кај адолесцентите****, односно дисфункционалните односи во семејството се поврзани со недоразбирањето со наставниците и врсниците, лошиот однос со врсниците, односот кон алкохолот.*

Едена од најчестите констатации за нарушеното однесување кои се споменуваат во литературата се дека децата и адолесцентите кои потекнуваат од семејства кои се дисфункционални покажуваат нарушено однесување и тоа на повеќе нивоа.

Во прилог на оваа претпоставка говори и истражувањето направено на тема: „Карактеристики на семејната структура и комуникацијата во семејства со деца со пореметување во однесувањето" спроведено од Marković (2008) и сор. Истражувањето било спроведено со структуриран прашалник подготвен за таа намена и прашалник за процена на семејството FACES. Во истражувањето биле опфатени 30 семејства, карактеристични по тоа што имаат најмалку два сина на

возраст меѓу 12 и 18 години, од кои едниот манифестирал агресивно однесување, а другиот не.

Резултатите покажале дека семејствата ги карактеризираат: функционална кохезивност, низок степен на ригидност, просечно учество во конфликти, просечно образовно нивó на родителите, висок степен на хаотичност, низок социо-економски статус, лоши родителски вештини, еден од родителите употребувал психо - активни супстанци, има психичко пореметување или манифесира насилно однесување меѓу останатите членови на семејството. Испитаниците во 50% случаеви процениле дека нивните семејства имаат просечно присуство на конфликтни ситуации, околу 33% мислат дека конфликтите се многу чести и околу 17% кажуваат дека многу ретко имаат конфликти помеѓу членовите во семејството. Кога е во прашање родителската контрола околу 47% родители имаат слаба контрола, околу 43% средна, а само 10% родители добра родителска контрола.

Бројна литература ја опишува тесната врска помеѓу ризик факторите, поврзани со нарушеното однесување на младите и одлучувачката улога на семејството за психолошкиот развој на младите во специфичниот период на адолесценцијата.

Студиите на оваа тема упатуваат на заклучок дека дисфункционалното семејство делува само како ризичен фактор за појава на нарушено однесување, но не е пресуден за самата појава на нарушувањето.

Од ова може да се заклучи дека дисфункционалноста во семејството не е клучниот фактор и единствена причина за појавата на нарушеното онесување. Вистински дисфункционалните односи во семејството се ризик фактори за појава на пореметеното однесување, но сами по себе без постоење и на други причини не се единствената причина поради што се јавува нарушено однесување кај адолесцентите.

# ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИ ОД ХИПОТЕЗИ ОД ГРУПАТА - Б

## Б1. Постои поврзаност помеѓу дисфинкционалноста на семејството и родителските стилови

Првата хипотеза во рамките на ова група гласи дека постои поврзаност помеѓу дисфункционалноста на семејството и родителските стилови.

Со цел да се испита дали постои поврзаност помеѓу споменатите варијабли, спроведен е Пирсонов коефициен на корелација од каде може да се види дека функционалноста на семејството е позитивно поврзана со емоционалната топлина (r=0,371, p<0,01), односно колку функционалноста на семејството е поголема толку и емиоционалната топлина што ја пружаат родителите е поголема. Од друга страна, дисфункционалноста на семејството е негативно поврзана со емоционалната топлина (r=-0,681, p<0,01), а позитивно со отрфрлањето (r=0,364, p<0,01) и недоследноста (r=0,447, p<0,01) односно колку семејството е подисфункционално, толку отфрлањето и недоследноста од страна на родителите се поголеми, а емоциионалната топлина е помала.

*Табела 27. Пирсонов коефицент на корелација за поврзаноста помеѓу дисфункционалноста на семејството и родителските стилови*

| | 1 Отфрлање | 2 Претерана заштита | 3 Емоционална топлина | 4 Недоследност | 5 Фаворизиран субјект |
|---|---|---|---|---|---|
| Функционални семејства | ,145 | ,195 | ,371** | ,007 | ,042 |
| Дисфункционали семејства | ,364** | ,132 | -,681** | ,447** | ,169 |

Ова тврдење укажува на фактот дека адослецентите кои потекнуваат од дисфункционално семејство биле отфрлани во детството, биле изложени на недоследно однесување од родителите и имале недостатокот на емоционална топлина.

Од друга страна пак, адолесцентите од функционалните семејства, во детството имале емоционална топлина од страна на двајцата родители.

*Резултатите од табела 27* ***ја потврдија хипотеза Б1 и докажаа дека постои поврзаност помеѓу дисфинкционалноста на семејството и родителските стилови кај адолесцентите, и тоа кај функционалните семејства со***

***емоционалната топлина, а кај дисфункционалните со отфрлањето, недоследноста и недостатокот на емоционална топлина.***

Поддршката, прифаќањето и родителската топлина од родителите е од исклучителна важност за правилниот развој на децата.

Најдобро родителство е тоа каде освен силната контрола постои и емоционална топлина, љубов и поддршка. Од таквиот однос децата стануваат креативни, сигурни во себе и одговорни.

Доколку постои недостиг од емоционална поддршка и недоволна или неправилна грижа за детето во најраната возраст, тогаш шансите за нарушување во однесувањето со поаѓање во училиште се многу големи. Децата кои растат во семејни средини со посиромашно емоционално искуство, покажуваат пореметување во љубовта, самопочитта и покажуваат недоверба кон другите и агресија (Singh, N.N. Ollendick, T.H. , Singh, A.N 2002).

Емоционалното запоставување од страна на децата се перцепира дека тие се одбиени или запоставени од возрасните личности кои се важни во нивниот живот (Anderson, 2000). Најверојатно ваквата ситуација трае подолг временски период кога родителите манифестираат отпор кон нивните деца при што им е ускратена потребната заштита и наклоност. Ваквата запоставеност со текот на времето кај децата доведува тие да изгубат надеж дека ќе можат да ја добијат сакната родителска грижа и наклоност.

Во отсуство на родителска контрола овие деца се приморани „да успеат“ сами и често пати „на штета на другите личности“. Децата кои се емоционално запоставени се склони кон манифестирање на нарушувања во однесувањето поради тоа што ваквата манифестација е резултат на фрустрацијата, гневот и незадоволството односно механизам со кој се заштитуваат себе си и својата автономија од влијанието на другите (Mayseless, 1996).

Други истражувачи, како што се Дековиќ и Меус (Deković & Meeus, 1997) истакнуваат дека родителското прифаќање и одбивање е поврзано со проблемите во однесувањето, со стекнувањето на слика за себе, со слаб школски успех, со анксиозност и несигурност.

Истражувачите како што се Сиерс, Бекер и Бронштајн (Siers, Beker и Bronstein според Vizek-Vidović, Štetić, Rijavec и Miljković, 2003) испитувајќи го влијанието на родителските постапки на однесување и личноста на детето упатуваат на три

димензии на родителско однесување: прифаќање наспроти одбивање, контрола наспроти автономија и на доследно однесување наспроти недоследно. Димензијата на контрола се однесува на ограничување кога родителите им ги поставуваат на своите деца во различни ситуации (однесување на маса, уредност, послушност, агресивно однесување).

Во истражвањата кои се спроведни пред 10-тина и повеќе години кои ги спровеле Кутеровац - Јагодиќ Керестеш, Сошковиќ, Ајдуковиќ, Главак, Турчинов, Радиќ, Вулиќ-Прториќ, Кларин, (Kuterovac-Jagodić, Keresteš, 1997; Sočković, 1998; Ajduković, 1990; Glavak, 1998),(Turčinov, 2000); (Radić, 1999.; (Vulić-Prtorić, 2000a;), (Klarin, 2000.), се потврдило дека отфрлањето од таткото е најмногу поврзано со различни форми на агресивно, деликвентно, зависничко однесување, депресивност, анксиозност, безнадежност како и  прилагодување во училиштето и меѓу своите врсници.

Марковиќ и сораб. (Marković и сораб.,2008), во своето истражување за „Карактеристиките на семејната структура и комуникација на смејствата на деца со пореметено однесување", родителските вештини ги издвоил како едни од најважните обележја на семејставата со деца со пореметено однесување, бидејќи скоро 90% од родителите имале лоши родителски вештини. На поединечните ајтеми каде се проценувал квалитетот на родителските вештини како што се усогласеност на родителските ставови, доследноста во воспитните ставови, казнување и наградување на децата, контрола над децата, исто така биле добиени резултати кои зборуваат во прилог на лошите родителски вештини – 80% родители немале усогласени воспитни ставови, само 10% биле доследни во примената на воспитните ставови а 90% од родителите го казнувале лошото однесување на детето, а само 13% секогаш го наградувале доброто однесување и само 10% родители имаат добра контрола врз своите деца.

Петерсон (Peterson) исто така се занимавала со истражување за влијанието на родителските вештини за појавата на нарушеното однесување кај децата.

Резултатите од нејзините истражување покажале дека родителите на децата со нарушено однесување се однесуваат недоследно во спроведувањето на воспитните ставови, правилата на однесување и барањата во однос на децатата не им се јасни, родителите биле склони да реагираат според моменталното расположение, а не според моменталното однесување на детето. Во истражувањето исто така се

потврдило дека слаба е родителската контрола при што не го подржуваат просоцијалното однесување на детето.

Како друга причина за нарушеното однесување освен дисфункционалноста во семејството може да се бара и во слабата родителска контрола, строгата дисциплина, склоноста кон физичко казнување кое може да биде поврзано и со антисоцијалните карактеристики на личноста.

## Б2. Постои поврзаност помеѓу воспитните стилови кои ги користат родителите и појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите

*Табела 28. Приказ на воспитните стилови кои ги користат родителите и видовите на нарушеното однесување кое го манифестираат адолесцентите*

| | Отфрлање | Претерана заштита | Емоционална топлина | Недоследност | Фаворизиран субјект |
|---|---|---|---|---|---|
| Однесување | 2 | 2 | 3 | 8 | 7 |
| Недоразбирање – ученици | 12 | 20 | 2 | 26 | 11 |
| Недоразби-рање – наставници | 10 | 12 | 6 | 23 | 14 |
| Однос врсници | | | 3 | | |
| Однос цигари | 2 | 3 | 7 | 14 | 13 |
| Однос алкохол | 11 | 1 | 1 | 2 | 2 |
| Судир закон | 7 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Стручни служби | 13 | 21 | 7 | 24 | 10 |

$X^2 = 161{,}55$

$p<0{,}01$




*Графикон 2. Видовите на нарушеното однесување.и воспитните стилови*

*Резултатите од табела 28 и графикон 2* ***ја потврдија хипотезата Б2 односно дека постои поврзаност помеѓу воспитните стилови кои ги користат родителите и појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите.***

Постојат разлики во родителските стилови и однесувањето на адолесцентот. Оние кои сопственото однесување го проценуваат како лошо (вкупно 22) биле најмногу изложени на недоследност.

Оние кои покажуваат недоразбирање со учениците (вкупно 71) и недоразбирање со настваниците (65) исто така најмногу биле изложени на недоследно однесување од страна на родителот. Само тројца адолесценти одговориле дека имаат лош однос со врсниците и сите тие имале преголема емоционална топлина во текот на детството.

Од нив 39 адолесценти пушеле цигари и најголем број – 14 биле изложени на недоследно однесување и од родителите.

Од 17 адолеценти кои конзумираат алкохол, 11 биле отрфлани во текот на детството од родителите, 11 адолесценти биле во спротивност со законот, а 7 од нив како деца биле изложени на отфралање од родителите, додека 75 биле повикани од стручните служби и најголем број од нив биле изложени на недоследно однесување од стрна на родителите.

Оние кои имаат недоследно однесување од родителите почесто манифестираат нарушено однесување.

Овие резултати укажуваат на тоа дека тенденцијата родителите различно да се однесуваат кон детето од ситуација до ситуација, кај детето предизвикува нестабилност во манифестирањето на позитивни и негативни емоционални реакции. Со недоследното однесување на родителите кон децата односно еднаш да го наградуваат некој вид на однесување, а друг пат да не реагираат на истото однесување или го казнуваат, детето нема да има стабилни критериуми врз основа на кои ќе ги насочува и корегира своите постапки. Недоследноста во воспитувањето често се сретнува кај многу ангажираните родители. Преголемите обврски на родителите на работното место и во домот, недоволното време да се посветат на своите деца понекогаш може да доведе тие да манифестираат и нетрпеливост кон сопствените деца. Променливото расположение на родителите во зависност од обврските доведува до недоследно однесување кон постапките на децата, при што за иста постапка некогаш детето добива казна во друг случај поминуваат без казна. Ваквата недоследност во постапките на родителите кај детето ствара конфузија за тоа што смеат а што не смеат, стануваат конфузни, несигурни. Исто така недоследниот став на родителите може да произлези и од меѓусебните несогласувања за начинот на кои треба да се воспитува детето, така што во спротивно тоа нема да научи што смее што не смее и што е дозволено а што не. Тоа секогаш ќе се навали кон попустливиот родител но во подоцниот период и во периодот на адолесценција неговото функционирање во пошироката општествена средина може да има негативни последици. Често неисполнувањето на ветувањата од страна на родителите, несигурноста на детето во однос на тоа што родителите очекуваат од него и условеноста на однесувањето на родителите од нивното моментно расположение се причина за зголемена емоционална инхибиција и нестабилност кај детето. Како резултат на недоследното воспитување во текот на развојот, адолесцентот може да манифестира промени во однесувањето во различни видови.

Како позитивен воспитен стил е т.н. демократскиот воспитен стил каде прифаќањето, емоциналната топлина, контролата и доследноста во начинот и увидот во однесувањето на децата и поттикнувањето на психолошка независност придонесува за поздрав психолошки развој, т.е поголемо ниво на општествена

компетентност, самопочитување и одговорност и присуство на ниско ниво на проблематично однесување (Brown и сораб.,1993; Windle, 1992).

## Б3. Постои поврзаност помеѓу појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите и казнувањето

*Табела 29. Нарушеното однесување кај адолесцентите и казнувањето*

| | **КАЗНУВАЊЕ** | |
|---|---|---|
| | Да | Не |
| Однесување самопроценка | 20 | 2 |
| Недоразбирање – ученици | 60 | 11 |
| Недоразбирање – наставници | 50 | 15 |
| Однос врсници | 3 | |
| Однос цигари | 29 | 10 |
| Однос алкохол | 11 | 6 |
| Судир закон | 7 | 6 |
| Стручни служби | 63 | 12 |

$X^2 = 13{,}061$

$P<0{,}05$




*Графикон 3. Видови на пореметено однесување кое го манифестираат адолесцентите*

*Резултатите од табела 29 и графикон **3 ја потврдија хипотезата Б3, односно дека постои поврзаност помеѓу појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите и казнувањето.***

Резултатите укажуваат на тоа дека адолесцентите кои почесто се казнувани манифестираат различни видови на нарушено однесување како што се недоразбирање со своите врсници, недоразбирање со наставниците, лош однос кон врсниците, почесто конзумираат алкохол, почесто доаѓаат во судир со законот и почесто се повикани кај стручните служби заради неприлагоденото однесување.

Ова може да се должи поради неможност адолесцентите својот револт поради казнувањето од страна на родителите својата агресија да ја пренасочат кон средината во која најчесто престојуваат а тоа е школската средина. Често родителите сакајќи да го превоспитаат детето како воспитна мерка го користат казнувањето.

Воспитните мерки кои родителите ги користат во вид на казнување и присилба можат да послужат како неадекватен модел кои децата покасно го емитираат и го користат во своето опкружување во други ситуации. Постојат докази дека децата кои не се сакани и со помалку љубов и топлина од родителите (или на било кој начин се фрустрирани или со отсуство на емоции) покажуваат непријателско однесување во однос на своите врсници (Feshbach,1970).

## ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИ ОД ХИПОТЕЗИ ОД ГРУПАТА – В

***Постојат разлики меѓу адолесцентите со различни демографски карактеристики (возраст, пол, место на живеење, степен на образование на родителите, економки статус, казнување, семејство со алкохолизам) во однос на застапеноста на различни индикатори на нарушеното поведение.***

**В1. Постојат разлики меѓу адолесцентите од различен пол во однос на застапеноста на различни индикатори на нарушеното поведение.**

За да се утврди дали постојат разлики помеѓу учениците од машки и женски пол во табела 29 пресметан е т-тест за значајност на разлики меѓу двата пола. Утврдено е дека меѓу машките и женските не постојат статистички значајни разлики иако женските имаат тенденција да покажуваат повисоки скорови.

*Табела 30. Значајност на разлики помеѓу адолесцентите со различен пол во однос на нарушеното однесување*

| | Пол | N | M | SD | T тест | P |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Однесување | Машки | 74 | 62,91 | 10,922 | -1,499 | >0.05 |
| | Женски | 16 | 67,50 | 11,854 | | |
| Недоразбирање – ученици | Машки | 74 | 26,94 | 5,109 | -1,797 | >0.05 |
| | Женски | 16 | 29,43 | 4,618 | | |
| Недоразбирање – наставници | Машки | 74 | 35,97 | 7,559 | -,980 | >0.05 |
| | Женски | 16 | 38,06 | 8,543 | | |
| Однос врсници | Машки | 74 | 38,39 | 10,703 | ,053 | >0.05 |
| | Женски | 16 | 38,23 | 9,319 | | |
| Однос цигари | Машки | 74 | 33,81 | 5,008 | ,445 | >0.05 |
| | Женски | 16 | 33,18 | 5,443 | | |
| Однос алкохол | Машки | 74 | 46,75 | 8,814 | -,537 | >0.05 |
| | Женски | 16 | 48,06 | 8,887 | | |
| Судир закон | Машки | 74 | 13,25 | 3,864 | ,067 | >0.05 |
| | Женски | 16 | 13,18 | 3,290 | | |
| Стручни служби | Машки | 74 | 9,00 | 3,230 | ,145 | >0.05 |
| | Женски | 16 | 8,87 | 2,500 | | |

*Резултатите од табела 30* ***не ја потврдија В1 хипотезата која гласеше: постојат разлики помеѓу адолесцентите од различен пол во однос на***

***застапеноста на различни индикатори на нарушеното поведение, односно помеѓу учениците од машки и женски пол нема статистички значајни разлики во однос на индикаторите за нарушеното однесување.***

Нашето истражување е поткрепено и со истражувањето на Парк и Салби (Parke & Salby,1983) кои истакнуваат на подеднаква агресивност на машките и женските, но во одредени услови. Според нив жените се подеднакво агресивни како и мажите но во услови кога постои слаб надзор на нивното однесување, кога пстои групен контекст кој дозволува дифузија на одговорноста за индивидуали агресивни реакции, кога постои анонимност на агресорот или пак кога некој експлицитно се поставува како одговорен за нивната агресивност. Во друго истражување „Училиште без насилство", се потврдило дека машките почесто манифестираат физичка агресија, но добиената разлика била далеку од тоа да се опише дека „машките ги удираат другите, а девојчињата не", така што во осмите одделенија, каде таа разлика била најголема, барем еднаш некој кој удрил биле 27% момчиња и 12% девојчиња – по што би можело да се каже дека меѓу момчињата имало двојно повеќе физичка агресија одколку меѓу девојчињата.

Многу други студии покажуваат дека, почнувајќи од школската возраст, машките почесто манифестираат физичка агресија отколку девојчињата и таа разлика со времето се зголемува. Најголема разлика е на возраст од 18-30 години, после што разликите се смалуваат (Archer, 2000).

Спротивно на нашето истражување е истражувањето на Краиг (Craig, 1993). Болтон и Андервуд (Boulton и Underwood,1992) нашле дека во 65% епизоди на малтретирање, насилниците биле момчиња, а 15% девојчиња, и во останатите 19% момчињата и девојчињата заедно.

Меѓутоа, има и некои наоди, кои покажуваат дека ни физичкото насилство не е реткост меѓу девојчињата. Ен Кембел (En Kembel), кој во осумдесетите години се занимавала со агресијата кај помали девојчиња и девојки во САД и Англија, утрдила во некои студии дека дури 89% девојчиња кажале дека барем некогаш се степале, најчесто исто така со девојчиња (Campbell, 1986).

Долго време под влијание на стереотипите се поддржува уверувањето дека агресивноста кај машките е поголема. Овие стереотипи придонесуваат да опстојуваат оние форми на агресија кои навистина доминираат кај машките, при што ги занемаруваат оние облици на агресивност кои се карактеристични за женскиот

пол односно т.н индиректна и релациона агресивност.

Меѓутоа, со зголемувањето на бројот на истражувања во оваа насока, за половите разлики се покажувале како релативно мали и недоследни, поготово на возраст пред 8-та година. Покасно во други студии други истражувачи, користејќи исти постапки не нашле полни разлики во релационата агресија (Rys и Bear, 1997; Espelage и сор., 2003). Арчер и Којн (Archer и Coyne, 2005: 222) заклучиле: „Иако овие наоди покажаа дека девојчињата не се секогаш релационо поагресивни од момчињата, девојчињата секогаш повеќе манифестираат релациона отколку физичка агресија, додека кај момчињата често е утврдено спротивното".

**В2. Постојат разлики меѓу адолесцентите со различно место на живеење во однос на застапеноста на различни индикатори на нарушеното поведение**

За да се утврди дали постојат разлики помеѓу адолесцентите кои живеат во урбана и рурална средина во табела 31 пресметан е т-тест за значајност на разлики помеѓу двете споредувани групи. Утврдено е дека помеѓу адолесцените од рурална и урбана средина постојат статистички значајни разлики во неколку сегменти и тоа во недоразбирањето со наставниците ($t=1,933$, $p<0,05$), односот со врсниците ($t=-3,262$, $p<0,01$), односот кон алкохолот ($t=3,007$, $p<0,01$) и средината на живеење ($t=-2,196$, $p<0,05$). Овие резултати покажуваат дека учениците од урбаната средина имаат полош однос со наставниците и повеќе конзумираат алкохол, а оние од рурална средина имаат полош однос со врсниците и почесто се во судир со законот.

*Табела 31. Значајност на разлики помеѓу адолесцентите со различно место на живеење во однос на нарушетено однесување*

| | Средина | N | M | SD | T тест | P |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Однесување | Урбана | 67 | 64,26 | 10,038 | ,775 | >0.05 |
| | Рурална | 23 | 62,17 | 14,089 | | |
| Недоразбирање – ученици | Урбана | 67 | 27,01 | 4,813 | -1,192 | >0.05 |
| | Рурална | 23 | 28,47 | 5,806 | | |
| Недоразбирање наставници | Урбана | 67 | 37,25 | 6,931 | 1,933 | <0.05 |
| | Рурална | 23 | 33,69 | 9,382 | | |
| Однос врсници | Урбана | 67 | 36,37 | 8,259 | -3,262 | <0.01 |
| | Рурална | 23 | 44,17 | 13,686 | | |
| Однос цигари | Урбана | 67 | 33,31 | 5,141 | -1,240 | >0.05 |
| | Рурална | 23 | 34,82 | 4,754 | | |
| Однос алкохол | Урбана | 67 | 48,55 | 8,196 | 3,007 | <0.01 |
| | Рурална | 23 | 42,43 | 9,054 | | |
| Судир закон | Урбана | 67 | 12,74 | 3,504 | -2,196 | <0.05 |
| | Рурална | 23 | 14,69 | 4,138 | | |
| Стручни служби | Урбана | 67 | 8,85 | 3,105 | -,661 | >0.05 |
| | Рурална | 23 | 9,34 | 3,127 | | |

*Резултатите од табела 31* ***делумно ја потврдија В2 хипотезата која гласеше дека постојат разлики кај адолесцентите од различно место на живеење во однос на застапеноста на различни индикатори на нарушеното поведение.***

Ова укажува на тоа дека подеднакво како кај адолесцентите од урбана така и кај адолесцентите од рурална средина се присутни нарушувањата во однесувањето, но во различни аспекти. Оние адолесценти од урбаната средина имаат полош однос со наставниците и се склони кон конзумирање на алкохол, додека адолесцентите од рурална средина имаат полош однос со врсниците и почесто доаѓаат во судир со законот. Се смета дека кај адолесцентите од урбана средина почести се нарушувањата во однесувањето како резултат на тоа што тие се повеќе се опкружени и имаат полесен контакт со врсниците кои исто така манифестираат нарушено однесување, отколку адолесцентите кои живеат во рурална средина, но во

нашето истражување таа разлика не беше потврдена.

Тоа се должи како резултат на она што во последните години не постои драстична разлика во однос на животот во урбана и рурална средина, сé повеќе младите ги имаат истите можности за живот како и младите од урбаните средини (пристап до интернет, дружење, забава, и сл.) така што овие разлики во однос на урбана рурална средина имаат исто значење во однос на појавата на нарушеното однесување.

**В3. Образованието на родителите има значајно влијание на зачесте- носта на различни видови нарушено поведение кај адолесцентите**

Кај учениците чии татковци имаат повисоко образование процентот на зачестеноста на негативни поведенија е значајно понизок во споредба со оние чии татковци се со пониско образование. За да се утврди дали постојат разлики помеѓу учениците чиј татко има различен степен на образование во табела 31 пресметана е АНОВА за значајност на разлики помеѓу споредуваните групи (татковци со различен степен на образование). Утврдено е дека помеѓу учениците чиј татко има различен степен на образование постојат статистички значајни разлики во неколку сегменти и тоа во вкупниот скор за однесување на учениците ($F=2,319$, $p<0,05$) и недоразбирањето со наставниците ($F=2,680$, $p<0,05$). Овие резултати покажуваат дека учениците чии татко има повисок степен на образование имаат подобар начин на однесување и помаку недоразбирање со наставниците.

Табела 32. *Значајност на разлики помеѓу адолесцентите чии татко има различен степен на образование во однос на нарушеното однесување*

| | | Сума на квадрати | Df | Среден квадрат | F | Значајност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Однесување | Помеѓу групите | 1345,442 | 5 | 269,088 | 2,319 | <0.05 |
| | Во групите | 9748,158 | 84 | 116,050 | | |
| | Вкупно | 11093,600 | 89 | | | |
| Недоразбирање ученици | Помеѓу групите | 128,213 | 5 | 25,643 | ,988 | >0.05 |
| | Во групите | 2179,176 | 84 | 25,943 | | |
| | Вкупно | 2307,389 | 89 | | | |
| Недоразбирање – наставници | Помеѓу групите | 732,432 | 5 | 146,486 | 2,680 | <0.05 |
| | Во групите | 4591,890 | 84 | 54,665 | | |
| | Вкупно | 5324,322 | 89 | | | |
| Однос врсници | Помеѓу групите | 348,277 | 5 | 69,655 | ,628 | >0.05 |
| | Во групите | 9318,409 | 84 | 110,933 | | |
| | Вкупно | 9666,686 | 89 | | | |
| Однос цигари | Помеѓу групите | 71,902 | 5 | 14,380 | ,547 | >0.05 |
| | Во групите | 2208,998 | 84 | 26,298 | | |
| | Вкупно | 2280,900 | 89 | | | |
| Однос алкохол | Помеѓу групите | 912,315 | 5 | 182,463 | 2,569 | >0.05 |
| | Во групите | 5966,674 | 84 | 71,032 | | |
| | Вкупно | 6878,989 | 89 | | | |
| Судир закон | Помеѓу групите | 138,182 | 5 | 27,636 | 2,083 | >0.05 |
| | Во групите | 1114,440 | 84 | 13,267 | | |
| | Вкупно | 1252,622 | 89 | | | |
| Стручни служби | Помеѓу групите | 34,237 | 5 | 6,847 | ,700 | >0.05 |
| | Во групите | 821,719 | 84 | 9,782 | | |
| | Вкупно | 855,956 | 89 | | | |

*Резултатите од табелата 32* ***делумно ја потврдија В3 хипотезата која гласеше дека кај адолесцентите чии татковци имаат повисоко образование процентот на зачестеност на негативни поведенија е значајно понизок, во споредба со оние чии татковци се со пониско образование.***

Како можна причина за ваквите резултати треба да се бараат поради преголемата ангажираност на татовците кои се со повисоко образование во однос на

оние со пониско образовно ниво и недоволно посветено внимание на децата во средна адолесценција. Брзото темпо на живот, трката по профитот и повисока заработувачка за подобар општествен статус може да е причина за помала посветеност кон своите деца, а тоа да резултира со појавата на различни видови на нарушено однесување.

Образовното нивó на родителите е исто така уште еден фактор кој влијае врз однесувањето на детето.

Уште од самото раѓање децата на татковците кои се со повисоко образование се повеќе се ангажирани во одгледувањето на децата и е поверојатно дека нивните деца ќе бидат емоционално посигурни, ќе имаат доверба да ја запознаат нивната средина и кога ќе пораснат ќе имаат подобри социјални врски со нивните врсници. Овие деца имаат помала веројатност да имаат проблеми во домот во училиштето или на улица. На децата на кои им е пружена љубов од нивните татковци воспоставуваат посигурни односи, кое му овозможува да ја осознаат средината обично кога нивниот родител е во нивна близина и се утешуваат кога разделувањето и враќањето на неговиот родител е кратко. Бројни студии покажуваат дека овие деца воспоставуваат подобра комуникација со своите врсници, се подруштвени и попопуларни во споредба со другите деца.

Исто така од досегашното наше искуство во работата со деца и комуникацијата со родителите со сигурност може да се каже дека татковците кои имаат повисоко нивó на образование активно се вклучуваат и во детските игри на своите деца. А начинот на кој таткото си игра со детето има важно влијание во неговиот емотивен и социјален развој. Татковците најчесто поминуваат многу поголем дел од времето „еден со еден" преку интерактивни, стимулирачки, разиграни активности, отколку мајките. Од ваквите интеракции децата учат како да ги контролираат своите чувства и однесување. Татковците ги поттикнуваат децата на самостојност и подобра ориентација кон надворешниот свет. Како резултат на тоа, поверојатно може да се очекува дека децата ќе воспостават самоконтрола и подобро социјално однесување.

Постојат студии кои покажуваат дека во школска возраст децата на вклучените татковци имаат помали изгледи за депресија, помалку лажат, помалку пројавуваат насилно однесување и се подруштвени. Истата студија покажала дека синовите на вклучените татковци имале помалку проблеми на училиште, а ќерките имале поголема самодоверба.

Но, тука мора да се истакни фактот дека родителите со повисоко образование поповолно влијаат врз развојот и однесувањето на своите деца, насочувајќи ги и поттикнувајќи ги да учат, да се образуваат и да поставуваат повисоки цели. Тие влијаат врз формирањето и зголемувањето на свеста за значењето на образованието од што ќе зависи и нивниот понатамошен живот.

**В4. Кај адолесцентите чии мајки имаат повисоко образование процентот на зачестеност на негативни поведенија е значајно понизок во споредба со оние чии мајки се со пониско образование.**

За да се утврди дали постојат разлики помеѓу адолесцентите чии мајки имаат различен степен на образование во табела 32 пресметана е АНОВА за значајност на разлики помеѓу споредуваните групи (мајки со различен степен на образование). Утврдено е дека помеѓу адолесцентите чии мајки има различен степен на образование постојат статистички значајни разлики во неколку сегменти и тоа во недоразбирање со наставниците ($F=2,680$, $p<0,05$), односот кон алкохолот ($F=3,757$, $p<0,01$) и средбите со стучните служби ($F=3,590,p<0,01$). Овие резултати покажуваат дека учениците чии мајки имаат повисок степен на образование ***имаат помалку недоразбирање со наставниците, помалку кознумираат алкохол и поретко се повикуваат од страна на стручните служби.***

*Табела 33. Значајност на разлики помеѓу адолесцентите чии мајки имаат различен степен на образование во однос на нарушеното однесување*

| | | Сума на квадрати | Df | Среден квадрат | F | Значајност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Однесување | Помеѓу групите | 1012,465 | 4 | 253,116 | 2,134 | >0.05 |
| | Во групите | 10081,135 | 85 | 118,602 | | |
| | Вкупно | 11093,600 | 89 | | | |
| Недоразбирањеуч еници | Помеѓу групите | 144,677 | 4 | 36,169 | 1,422 | >0.05 |
| | Во групите | 2162,712 | 85 | 25,444 | | |
| | Вкупно | 2307,389 | 89 | | | |
| Недоразбирање – наставници | Помеѓу групите | 544,451 | 4 | 136,113 | 2,420 | <0.05 |
| | Во групите | 4779,871 | 85 | 56,234 | | |
| | Вкупно | 5324,322 | 89 | | | |
| Однос врсници | Помеѓу групите | 795,649 | 4 | 198,912 | 1,906 | >0.05 |
| | Во групите | 8871,037 | 85 | 104,365 | | |
| | Вкупно | 9666,686 | 89 | | | |
| Однос цигари | Помеѓу групите | 43,787 | 4 | 10,947 | ,416 | >0.05 |
| | Во групите | 2237,113 | 85 | 26,319 | | |
| | Вкупно | 2280,900 | 89 | | | |
| Однос алкохол | Помеѓу групите | 1033,601 | 4 | 258,400 | 3,757 | <0.01 |
| | Во групите | 5845,387 | 85 | 68,769 | | |
| | Вкупно | 6878,989 | 89 | | | |
| Судир закон | Помеѓу групите | 90,632 | 4 | 22,658 | 1,657 | >0.05 |
| | Во групите | 1161,991 | 85 | 13,670 | | |
| | Вкупно | 1252,622 | 89 | | | |
| Стручни служби | Помеѓу групите | 123,711 | 4 | 30,928 | 3,590 | <0.01 |
| | Во групите | 732,244 | 85 | 8,615 | | |
| | Вкупно | 855,956 | 89 | | | |

*Резултатите од табела 33* ***делумно ја потврдија В4 хипотезата која гласеше дека кај адолесцентите чии мајки имаат повисоко образование процентот на зачестеност на негативни поведенија е значајно понизок во споредба со оние чии мајки се со пониско образование.***

Образованието на родителите како социо-економска карактеристика на семејството во многу истражувања е поврзана со појавата на нарушеното однесување но во нашето истражување на индиректен начин. Како единствена причина за појава на нарушено однесување само степенот на образование неможе да се смета. За разлика на ова истражување во истражувањето за пореметувањата во однесувањето во рана адолесценција Бојкоска, (1998), е потврдено дека постои

статистички значајна разлика во однос на образованието на мајката и пушењето цигари, недоразбирањата со врсниците со кои доаѓаат адолесцентите во рана адолеценција што укажа дека поголема е можноста за појава на пореметено однесување чии мајки се со пониско образовно ниво. Во ова истражување беше заклучено дека нивото на образование на родителите како многу важен фактор во современите услови, каде има нови барања на планот на воспитанието на младите можат повеќе да одговорат родителите со повисоко образование. Односно повисокото образование на родителите а посебно на мајката претполага подобри услови за воспитание на нивните деца, го менува нивниот однос кон децата, а со тоа и нивното поведение.

Високо образованите мајки поседуваат лингвистичка компетентност и се стремат да бидат строги и да го потиснат агресивното однесување кај своето дете (Seth, Saksena & Srivastava, 1978).

Реј (Rai ,1979), потенцира дека истите тие мајки користат систематски начини на награда и казна и имаат воспоставено интеракција со децата. Синг и Каур (Singh & Kaur, 1981), укажуваат на тоа дека економската сигурност им нуди можност на родителите да посветат енергија, време и внимание во процесот на воспитување.

Некои други истражувања покажуваат дека постои поврзаност помеѓу нивото на образование на мајката и социјалното однесување на децата, односно образовното ниво на мајката во голем број од случаеви влијае на однесувањето на детето. Дел од причините за оваа појава треба да се бараат и во воспитните стилови на мајките, односно мајките со различно образовно нивό имаат различни воспитни стилови. Мајките кои имаат повисоко образовно ниво, се претпоставува дека имаат и повеќе познавања за правилниот развој на детето. Родителите со повисоко образование најверојатно имаат и повисок материјлен статус што им овозможува на децата поголеми можности за подобра грижа на децата.

**В5. Постојат разлики во економскиот статус на семејствата на адолесцентите кои манифестираат нарушено однесување: Адолесцентите од семејства со повисок економски статус имаат помала зачестеност на неприлагодено поведение во однос на оние од семејства со низок економски статус.**

За да се утврди дали постојат разлики помеѓу адолесцентите со различно однесување во табела 34 пресметан е t-тест за значајност на разлики помеѓу групите кои се поделени на групи со низок и висок екомонски статус. Економскиот статус беше поделен во две категории низок и висок. Низок економски статус се сметаше износ во денари по член од семејството во износ од 4 000,00 мкд. а за висок, се сметаше приход во семејство во износ од 10 000,00 мкд. по член во семејството. Оваа поделба ја направивме по наша проценка и категориите се земени апроксимативно. Во истражувањето утврдено е дека помеѓу учениците кои потекнуваат од нисок економски сатус има разлика во однос на неколку аспекти и тоа однесувањето на врсниците ($t=3,608$, $p<0,01$), недоразбирањето со наставниците ($t=2,192$, $p<0,05$), недоразбирањето со учениците ($t=3,717$, $p<0,01$), односно учениците со семејства од низок економски статус манифестираат полошо однесување со врсниците и поголемо недоразбирање со наставниците и врсницте. Ученицте кои потекнуваат од семејства со повисок економски статус манифестираат полошо однесување кон врсниците ($t=-2,288$, $p<0,05$)

*Табела 34. Значајност на разлики меѓу адолесцентите со различен економски статус во однос на нарушеното однесување*

| | Еконосмки статус | N | M | SD | T тест | P |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Однесување | Низок | 68 | 66,00 | 10,429 | 3,608 | <0.01 |
| | Висок | 22 | 56,72 | 10,637 | | |
| Недоразбирање – ученици | Низок | 68 | 28,04 | 5,167 | 2,192 | <0.05 |
| | Висок | 22 | 25,36 | 4,359 | | |
| Недоразбирање – наставници | Низок | 68 | 37,95 | 6,890 | 3,717 | <0.01 |
| | Висок | 22 | 31,36 | 8,226 | | |
| Однос врсници | Низок | 68 | 36,96 | 10,017 | -2,288 | <0.05 |
| | Висок | 22 | 42,68 | 10,692 | | |
| Однос цигари | Низок | 68 | 33,86 | 4,929 | ,550 | >0.05 |
| | Висок | 22 | 33,18 | 5,543 | | |
| Однос алкохол | Низок | 68 | 47,73 | 8,815 | 1,424 | >0.05 |
| | Висок | 22 | 44,68 | 8,498 | | |
| Судир закон | Низок | 68 | 12,85 | 3,694 | -1,761 | >0.05 |
| | Висок | 22 | 14,45 | 3,750 | | |
| Стручни служби | Низок | 68 | 8,92 | 3,173 | -,275 | >0.05 |
| | Висок | 22 | 9,13 | 2,932 | | |

*Резултатите од табелата 34* ***делумно ја потврдија В5 хипотезата која гласеше дека постојат разлики во економскиот статус на семејствата на адолесцентите кои манифестираат нарушено однесување. Адолесцентите од семејства со повисок економски статус имаат помала зачестеност на неприлагодено поведение во однос на оние од семејства со низок економски статус.***

Со цел да се идентификуваат факторите во рамките на семејството го анализиравме материјалниот статус на семејствата, образовното нивó на родителите и нивното влијание врз појавата на нарушено однесување во средна адолесценција.

Што се однесува до материјалниот статус на семејството, ова истражување, главно, ги потврди резултатите на поголем број истражувања, и тоа дека децата со наушување во однесувањето најчесто потекнуваат од семејства со низок социо-

економски статус, односно повеќе од третина (68) семејствата се со низок социо-економски статус, а само 22 со висок социо-екнономски статус. Голем број на истражувања ја докажуваат врската на материјалниот статус и нарушеноста во однесувањето, но ова влијание главно е посредно и е поврзано со други проблеми како што се лошите родителски вештини, лошата комуникација, конфликтите помеѓу брачните другари.

Друго истражување кое оди во прилог на нашето истражување е спроведено кон крајот на 2000 - та година на територија на Нови Сад и истото било реализирано со цел да се утврди, дали постои поврзаност помеѓу социо-економскиот статус на семејствата и малолетничката деликвенција. Резултатите од истражувањето покажале дека најголем број деликвенти кои вршеле лесни или потешки кривични дела потекнуваат од семејства со низок социо-економски статус. Оние кои припаѓале на категоријата со среден социо-економски статус вршеле помал број кривични дела, но тие што ги вршеле биле тешки кривични дела, а малолетниците од семејства со висок социо-економски статус вршеле мал број, но истите биле лесни .

Истражувањето на Марковиќ и сор. (Marković, и сораб. ,2008), направено на 30 семејства карактеристични по тоа што имаат два сина на возраст од 12-18 години од кои едниот е со нарушено однесување а другиот не, ја потврдуваат поврзаноста на материјалниот статус и пореметеното однесување, во нивното истражување се увидело дека повеќе од третина семејства биле испод просечниот материјален статус, а само седмина од семејствата имале добар или одличен материјален статус.

Некои други истражувања не нашле врска помеѓу пореметувањето во однесувањето и социо - економскиот статус но овие наоди во повеќето истражувања се реткост (Costello EJ, Angold A. ,1995).

Овие резултати не дават за право како единствена причина за нарушеното однесување да ја препишеме исклучно на материјалниот статус, но секако тие упатуваат дека постои врска помеѓу материјалниот статус и појавата на нарушеното однесување.

**В6. Постојат разлики во однесувањето на адолесцентите од семејства со проблем на алкохолизам и од семејства кои немаат ваков проблем.**

За да се утврди дали постојат разлики во однесувањето помеѓу адолесцентите кои потекнуваат од семејства со алкохолизам и од семејства кои немаат ваков проблем на табела 35 пресметан е т-тест за значајност на разлики помеѓу двете споредувани групи. Утврдено е дека кај адолесцентите кои потекнуваат од семејства со алкохолизам постои лош однос кон врсниците ($t=2,661$, $p<0,05$).

*Табела 35. Значајност на разлики во однесувањето на учениците од семејства со алкохолизам и од семејства кои немаат ваков проблем*

| | Алкохолизам | N | M | SD | T тест | P |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Однесување | Да | 19 | 61,73 | 13,975 | -,876 | >0.01 |
| | Не | 71 | 64,26 | 10,338 | | |
| Недоразбирање – ученици | Да | 19 | 27,42 | 4,476 | ,031 | >0.05 |
| | Не | 71 | 27,38 | 5,273 | | |
| Недоразбирање – наставници | Да | 19 | 34,31 | 11,050 | -1,292 | >0.01 |
| | Не | 71 | 36,88 | 6,576 | | |
| Однос врсници | Да | 19 | 43,83 | 11,295 | 2,661 | <0.05 |
| | Не | 71 | 36,90 | 9,747 | | |
| Однос цигари | Да | 19 | 33,94 | 5,049 | ,239 | >0.05 |
| | Не | 71 | 33,63 | 5,099 | | |
| Однос алкохол | Да | 19 | 43,89 | 9,791 | -1,747 | >0.05 |
| | Не | 71 | 47,81 | 8,385 | | |
| Судир закон | Да | 19 | 14,52 | 4,439 | 1,694 | >0.05 |
| | Не | 71 | 12,90 | 3,501 | | |
| Стручни служби | Да | 19 | 10,15 | 3,131 | 1,894 | >0.05 |
| | Не | 71 | 8,66 | 3,037 | | |

*Резултатите од табелата 35* ***делумно ја потврдија В6 хипотезата која гласеше дека постојат разлики во однесувањето на адолесцентите од семејства со проблем на алкохолизам и од семејства кои немаат ваков проблем.***

Причината за вакви резултати односно лошиот однос на адолесцентите кон своите врсници може да се бараат во лошиот модел за идентификација во семејството каде е присутен алкохолизмот, најверојатно поради присуството на насилство во вакви семејства адолесцентите како модел на однесување го прифаќаат насилното однесување. Во овие семејства децата се сведоци на лоша комуникација помеѓу членовите во семејството посебно помеѓу нивните родители, така да тие и немаат можност да научат добар модел за комуникација. Како последица на присуството на алкохолизам во семејството и тоа семејство не е способно да ги врши основните функции (биолошки, економска) нити пак психо-социјалните функции на општествено прифтлив начин.

Оттаму во овие семејства реално се очекува дека најголеми последици ќе има врз развојот на децата. Во нашето истражување тоа се покажа како една од причините за појавата на нарушено однесување и тоа во односите со своите врсници. Тоа е како резултат на отсуство на јасна општествена вредносна ориентација и здрава животна филозофија. Вредносниот систем е изменет во зависност од фазата на алкохолизмот. Оваа разлика во вредносниот систем кај брачните другари е различен и тоа се манифестира како „синдром на два света" (Vuletić, 1988).

Децата од алкохоличарските семејства се однесуваат како да не смеат да стекнат доверба во ниту еден од родителите, бидејќи ќе бидат отфрлени тогаш кога прифаќањето поддршката ќе им биде најпотребна а од друга страна да одржат било каков поволен однос со било кој од родителите. Тие во основа мораат да ја корегираат сопствената претстава за своите родители. На таков начин тие прават постојан притисок врз детето за тоа да ги прифати онака како им одговара на родителите. Како резултат на ова можно е да се очекува во овие семејства појава на бројни психолошки и психијатриски проблеми кај адолесцентите како што е: социјална изолираност, зголемена напнатост, ривалство помеѓу браќа сестри, зависност, аграсивност, параноидност, аморално однесување, суицидни гестови, 80% од обидите за самоубиство во адолесцценцијата биле направени од деца на алкохоличарски семејства, „accting-out" однесување, кршење на нормите на однесување пониско интелектуално и сознајно нивó, лојалност, несигурност, стереотипност (Vuletić 1988).

Исто така, во алкохоличарските семејства кај децата постои можност тие да

формираат и позитивен став кон конзумирањето на алкохолни пијалоци и од најрана возраст да вкусат алкохол. Бројни истражувања покажуваат дека просечната долна граница на првата конзумација на алкохол е између 13-15 год. Раното експериментирање со алкохолот лежи и во желбата кај младите да се социјализираат и да бидат прифатени во светот на возрасните. Постои верување помеѓу младите дека тие мора да пробаат алкохол бидејќи и сите пијат и тоа дека не може ништо лошо да им се случи. Но во реалноста ситуацијата е сосема друга, алкохолот кај младите предизвикува безброј промени како на телесен така и на психички план. За жал младите брзо согледуваат дека под дејство на алкохол помалку се срамат и се охрабруваат  полесно да воспостават контакт со девојките или врсниците, односно посакуваат да бидат подобро прифатени од врсниците.

Посегнувањето на младите по алкохолот се должи и на слабата родителка контрола како една од причините и за други видови на нарушено однесување што е карактеристично и за семејствата каде е присутен алкохолизмот.

Според едно истражување на Министерсвото за здравство на Хрватска изнесено во прирачникот за родители „Како да се биде разумен и да не се пие", како последици од пиењето ги наведуваат следниве последици: младиите под дејство на алкохол почесто стапуваат во сексуални односи и без заштита, алкохолот е една од причините за несреќи во сообраќајот, алкохолот предизвикува проблеми со учењето и ја успорува мозочната активност, памтењето и концентрацијата, долготрајното пиење ги намалува можностите за повисоки образовни постигнувања, доведува до пореметување на односите во семејството и комуникацијата со пријателите, имаат послаб школски успех, почесто неоправдано отсуствуваат од училиштето, почесто го прекинуваат школувањето и манифестираат други видови на нарушено однесување.

Според друго истражување 60% од лицата кои не завршиле редно образование почнае да пијат пред 16-та година.

**В7. Постојат разлики помеѓу адолесцентите кои биле казнувани и оние кои не биле казнувани во однос на застапеноста на различни индикатори на нарушеното поведение.**

За да се утврди дали постојат разлики помеѓу адолесцентите кои биле казнувани и оние кои не биле казнувани во однос на застапеноста на различни

индикатори на нарушеното поведение во табела 36 пресметан е t-тест за значајност на разлики помеѓу двете споредувани групи. Утврдено е дека оние ученици кои се казнувани покажуваат поголемо недоразбирање со наставниците (t=-1,966, p<0,05), полош однос кон врсниците (t=2,159, p<0,05) и во поглема мера конзумираат алкохол. (t=-1,641, p<0,05).

*Табела 36. Значајност на разлики помеѓу учениците кои се казнувани во однос на нарушеното однесување*

| | Казнување | N | M | SD | T тест | P |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Однесување | Да | 25 | 61,24 | 12,073 | -1,319 | >0.05 |
| | Не | 65 | 64,69 | 10,738 | | |
| Недоразбирање – ученици | Да | 25 | 27,44 | 4,574 | ,059 | >0.05 |
| | Не | 65 | 27,36 | 10,310 | | |
| Недоразбирање – наставници | Да | 25 | 33,80 | 9,403 | 1,966 | <0.01 |
| | Не | 65 | 37,32 | 6,821 | | |
| Однос врсници | Да | 25 | 42,11 | 11,874 | 2,159 | <0.05 |
| | Не | 65 | 36,92 | 9,516 | | |
| Однос цигари | Да | 25 | 32,88 | 5,325 | -,952 | >0.05 |
| | Не | 65 | 34,01 | 4,963 | | |
| Однос алкохол | Да | 25 | 44,56 | 12,429 | 1,641 | <0.05 |
| | Не | 65 | 47,92 | 8,423 | | |
| Судир закон | Да | 25 | 14,60 | 4,654 | 2,170 | >0.05 |
| | Не | 65 | 12,72 | 3,233 | | |
| Стручни служби | Да | 25 | 9,24 | 3,688 | ,495 | >0.05 |
| | Не | 65 | 8,87 | 2,869 | | |

*Резултатите од табелата 36* ***делумно ја потврдија В7 хипотезата која гласеше дека постојат разлики меѓу адолесцентите кои биле казнувани и оние кои не биле казнувани во однос на застапеноста на различни индикатори на нарушеното поведение.***

Родителите, сакајќи правилно да го насочат воспитувањето на своите деца, кога тоа неможат да го направат на добар начин прибегнуваат кон применување на казни кон своите деца.

Алем Каздин, (Alem Kazdin), професорот на Универзитетот „Jejl“ во САД и

експерт за нарушување во однесувањето кај децата, смета дека со казнувањето не може многу да се постигни. Тој наведува дека родителите сакаат да го казнат детето и на тој начин да го научат што смее а што не смее, но тие треба да водат сметка за тоа казната да не биде престрога и да не трае долго. Подобро е детето да се пофали и награди кога детето добро се однесува, отколку да се казни кога тоа згреши, бидејќи казната води кон ескалација, провокација и построги санкции.

Имено, научно е докажано дека таквото однесување на родителите негативно влијае на развојот на централниот нервен систем. Научниците на Кралскиот колеџ од Лондон утврдиле деке умот на детето е многу осетлив на вербалните напади, особено во периодот на пубертетот. До тој заклучок дошле врз основа на магнетна резонанца на мозокот кај деца на возраст од 11-14 години, кои биле изложени на вербално злоставување. Тие снимки откриле промена во структурата помеѓу двете можданi хемисфери кои наговестуваат дека кај таквите деца почесто се јавуваат бројни психички проблеми. Тоа значи дека секое манифестирање на агресија кон детето сериозно го нарушува неговиот психички развој и го руши позитивниот однос со неговите родители.

Додека директорот на Клиниката за намалување на стресот во Масачутес нагласува дека заемното почитување и сочуствувањето се темели на доброто воспитување. Професорот Мартин Тајчлер (Martin Tajčler) на *Универзитетот Харвард* тврди дека вербалното понижување, исмејувањето и постојаното критикување кај детето доведува до појава на депресија, кај адолесцентите значително го зголемува ризикот од појава на болестите на зависност.

**Хипотезите В1-В7 делумно ја потврдија В Хипотезата** според која ***Постојат разлики меѓу адолесцентите со различни демографски карактеристики (возраст, пол, место на живеење, степен на образование на родителите, економки статус, казнување, семејство со алкохолизам) во однос на застапеноста на различни индикатори на нарушеното поведение.***

# РЕЗУЛТАТИ ОД ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПРАШАЛНИКОТ ЗА СТРУЧНАТА СЛУЖБА (ПСИХОЛОГ, ПЕДАГОГ, СОЦИОЛОГ)

Во овој дел од трудот ќе бидат прикажани резултатите кои се однесуваат на прашањата дефинирани во хипотезите и поединечните хипотези, поточно добиените резултати кои се однесуваат на резултатите добиени од стручната служба.

За појасно презентирање на резултатите и статистичка анализа на податоците добиени од истражувањето, релевантни за изведување заклучоци во врска со истражувачките хипотези, ќе бидат дадени табеларни прикази на добиените резултати.

Кога станува збор за ***школскиот успех*** многу често се смета дека тој е оној кој е во корелација со деликвентното однесување и порметеното однесување на учениците.

Така и одговорите од стручните соработници укажуваат дека адолесцентите со пореметено однесување покажуваат најчесто слаб успех.

*Табела 37. Приказ на учениците според постигнат успех*

| Успех | F | % |
|---|---|---|
| Слаб | 42 | 46,7 |
| Доволен | 21 | 23,3 |
| Добар | 16 | 17,8 |
| Многу добар | 6 | 6,7 |
| Одличен | 5 | 5,6 |
| Вкупно | 90 | 100,0 |

Најголем процент или речиси половина од адолесцентите имаат слаб школски успех.

Слабиот школски успех може да се должи и на недоволната ангажираност и помош од страна на родителите во текот на образовниот процес. Едно такво истражување кое било спроведено од истражувачи во Њу Хемпшир во САД, поакажало дека учениците чии родители се активно вклучени во нивното образование имаат значително подобар школски успех. Родителите посебно покажале интерес на школското постигнување кај нивните ќерки.

Авторите претпоствуваат дека тоа е така заради тоа што најверојатно девојчињата имаат подобри комуникации со татковците па и на родителите им е полесно да разговараат со ќерките и за училиштето.

Националната асоцијација на родителите во САД пред неколку години укажала на придобивките од вклученоста на родителите во образованието на децата.

Кога се родителите вклучени, учениците имаат повисоки образовни постигнувања без оглед на социо-економскиот статус, етничка или расна припадност, или образовното ниво на родителите. Колку е поголема вклученоста на родителите толку се поголеми постигнувањата на учениците, тие имаат поголемо внимание, поредовно ги извршуваат домашните задачи, тие ученици исто така покажуваат и позитивни ставови и однесување, во поголем број завршуваат училиште и се запишуваат на повисоко образование, однесувањата како што се користење алкохол, насилство и други социјално непожелни форми на однесување се намалуваат во однос колку што расте родителско вклучување, придобивките од вклученоста на родителите се присутни во сите возрасти и сите нивоа на образование.

Недоволната вклученост на родителите во однос на образованието и постигнатиот успех во училиштето може да се должи на недоволна посветеност на родителите кон своите деца или примена на воспитниот стил на отфрлање или занемарување на потребите на детето.

Училиштето има голема улога во психичкиот развој на ученикот а посебно во неговиот интелектуален и социјален развој и другите промени на личноста на адолесцентот доведуваа до големи можности во образованието. Левитов (Levitov,според Đorđević, 1978.) наведува дека тоа доведува и до промени не само на личните мотиви туку и социјални, односно да добие признание од другарите да го подигне својот авторитѐт во одделението и училиштето, но и за напредок на својата земја. Левитов предупредува дека некои ученици негативно се однесуваат спрема учењето и тоа особено кога училиштето и семејството не обрнуват доволно внимание на организирана работа со учениците а посебно во организирање на слободното време на учениците.

Поради тоа што често адолесцентите кои покажуваат нарушено однесување не ретко тие се преместуваат од едно во друго одделение или во друго учиилиште, тоа може да предизвика уште поголем отпор на ученикот за неговото вложување во

неговото образование. Сето ова укажува на потребата за индивидуален пристап кон секој ученик кој покажува слаб школски успех.

Општо прифатена слика е дека децата кои имаат нарушно однесување имаат слаб школски успех, ова скоро да е „еден од најпотврдените факти за антисоцијалното и агресивно однесување" (Moeller, 2001). Исто така се верува дека слабиот школски успех води кон агресивно однесување. Обично децата кои имаат проблем со школскиот успех се чувствуваат неуспешни, неадекватни и отфрлени од другите деца. Тоа доведува помалку да се приврзани за училиштето, повеќе да се дружат со свои врсници кои исто така покажуваат послаб успех во училиштето. Како причина за ваквиот успех можи да се бара и во слабата мотивација кај учениците, за што е потребна да му се помогне на ученикот за совладување на наставната програма, да го подобрат школскиот успех со што би се заинтересирале повеќе за училиштето, полесно ќе бидат прифтени од своите врсници при што ќе се намали фрустрацијата која предизвикува агресија.

Во некои истражувања спроведени во Хрватска од Ајдуковиќ, Шакиќ и сор. (Ajduković, 1988.; Šakić и сор.,2002.; Ajduković и сор., 2008.), слабиот школски успех како ризичен фактор за пореметеното однесување сметаат дека се јавува кај постарите адолесценти и средношколци. Поведенито исто така е фактор кој е поврзан со поведението според целокупната литература.

*Табела 38. Одговори на стручните служби за поведението на адолесцентите*

| Поведение | F | % |
|---|---|---|
| Незадоволително | 50 | 55,6 |
| Добро | 23 | 25,6 |
| Примерно | 13 | 14,4 |
| Задовлително | 4 | 4,4 |
| Вкупно | 90 | 100,0 |

Резултатите од табела 38 укажува на тоа дека поведението кај повеќе од половината или 55,6% адолесценти е незадоволително.

Кога станува збор за изречените педагошки мерки, може да се види дека најголем број добиле писмена опомена или опомена пред отстранување.




*Графикон 4. Изречени педагошкимерки врз адолесцентите со пореметено однесување*

Најчесто применувана педагошка мерка е опомената пред отстранување од училиште, една од потешките педагошки мерки и тоа во 45,6%, потоа писмената опомена со 43,3 %. кои се изрекува за повеќе видови на неприлагодено однесување во училиштето. Ова укажува дека најголем број се потешки нарушувања во однесувањето во училиштето, непочитувањето на нормите и сл. Сметаме дека иако педагошките мерки на надлежните во образовните институции се обврзани да ги применуваат согласно законските обврски, дека истите не го постигнуваат посакуваниот ефект. Како што истакнува Крнета (Krneta, 1978), иако целта на овие педагошки мерки е со цел реконстурирање на неприлагоденото однесување на учениците согласно со општествените норми и вредности, како и воспоставување на еден конструктивен однос спрема општествените норми и вредности, за да се постигни посакуваната цел неопходно е поголем ангажман и од наставниот кадар, а секако и од родителите.

Правилата на однесување мора безусловно да се почитуваат во спротивно, ќе следат дисциплински мерки од страна на наставниот кадар во образовните институции. Сметаме дека само со изрекувањето на педгошки мерки не се прави промена во однос на нивната мотивација за промена, туку само површно ученикот се прилагодува согласно дисциплината која се бара без некои промени во самата личност.

Затоа ако се сака да се формираат позитивен став, тогаш тоа треба да се направи во процесот на учењето надвор од забраните, односно не само со примена на дисциплински казни и награди, туку по пат на советување, убедување, личен

пример, менување и прилагодување во потесната или пошироката општествена средина.

Во ова истражување кај учениците беше оценувано и видот на нивното агресивно однесување.

*Табела 39. Агресивно однесување на адолесцентите*

| | F | % |
|---|---|---|
| Нарушување на училишниот ред | 16 | 17,8 |
| Непримерен однос кон наставниците | 8 | 8,9 |
| Непримерно однесување со другите ученици | 11 | 12,2 |
| Крадење | 3 | 3,3 |
| Лажење | 11 | 12,2 |
| Непочитување на нормите во училиштето | 40 | 44,4 |
| Вкупно | 89 | 98,9 |

Резултатите од табелата 39 покажуваат дека најзастапена форма на агресивно однесување е непочитувањето на нормите во училиштето, односно со 44,4 % потоа следи нарушувањето на училишниот ред со 17,8 %, а најмалку е застапено е лажењето со 3,3%.

Согласно со манифестираните видови на нарушено однесување, наставниот кадар во училиштата ги изрекува педагошките мерки, како и согласно со правилниците за изрекување на педагошки мерки и советувањето со родителите и учениците. Но, од нашите контакти со стучните лица во училиштата не стекнавме впечаток дека тие го постигнуваат посакуваниот ефект, поради што треба да се бараат и нови механизми за намалување на бројот на ученици со нарушено однесување.

## 16. ЗАКЛУЧОЦИ

Од изнесеното истражување, што беше направено со цел да се утврди влијанието на дисфункционалноста во семејството како причина за нарушено однесување кај адолесцентите може да се извлечат следниве заклучоци:

- Адолесцентите кои потекнуваат од различни семејства функционални/дисфункционални во различна мера манифестираат различно нарушување во однесувањето;
- Постои поврзаност помеѓу дисфункционалните односи во семејството и нарушеното однесување кај адолесцентите;
- Адолесцентите покажуваат недоволна критичност при самопроценката на сопственото однесување;
- Во дисфункционалните семејста почесто адолесцентите манифестираат недоразбирање со наставниците и врсниците отколку во функционалните семејства;
- Односот кон пушењето кај адолесцентите е подеднаков и кај адолесцентите од функционалните и дисфункционалните семејства;
- Адолесцентите и од функционалните и дисфункционалните семејства имаат позитивен став кон алкохолот, односно најголем процент адолесценти пробале алкохол но и значителен процент пијат;
- Почесто се повикуваат на советување или разговор адолесцентите кои манифестирраат нарушено однесување од функционални семејства;
- Постои поврзаност помеѓу дисфункционалноста на семејството и родителските стилови кај адолесцентите;
- Во функционалните семејства почесто е присутна емоционалната топлина, а во дисфункционалните отфрлањето како воспитен стил, недоследноста и недостатокот на емоционална топлина;
- Постојат разлики во родителските стилови и однесувањето на адолесцентот, оние кои имаат недоразбирање со врсниците биле изложени на недоследно однесување од страна на родителите;
- Адолесцентите кои пушат или конзумираат алкохол во текот на развојот биле отфрлање од родителите;
- Родителите често ги казнуваат адолецентите заради нарушеното однесување;

- Почесто доаѓаат до недоразбирање со своите врсници адолесцентите кои се казнувани;
- Во однос на полот поголем е бројот на машки адолесценти кои манифестираат нарушено однесување;
- Не постојат разлики според пол во однос на застапеноста на различни индикатори на нарушеното однесување;
- Образовниот статус на родителите има значајно влијание на зачестеноста на различни видови на нарушено однесување;
- Повисок е процентот на зачестеност на негативни поведенија кај адолесценти чии татковци имаат пониско образовно ниво;
- Понизок е процентот на зачестеност на негативни поведенија кај адолесцентите чии мајки имаат повисоко образовно нивó;
- Во семејствата со повисок економски статус помала е зачестеноста на неприлагодено однесување во однос на семејствата со понизок економски статус;
- Постојат разлики во однесувањето на адолесцентите од семејства со проблем на алкохолизам и од семејства кои немаат ваков проблем;
- Полош е односот кон своите врсници кај адолесцентите кои потекнуваат од семејство каде е присутен алкохолизмот;
- Не постои разлика во застапеноста на нарушено однесување кај адолесцентите од урбана и рурална средина;
- Најчесто адолесцентите со нарушено однесување покажуваат слаб школски успех и имаат непримерно поведение;
- Најчесто применувана педагошка мерка кај адолесцентите со нарушено однесување е опомена пред отстранување од училиште и писмена опомена;
- Најзастапена форма на пореметено однесување е непочитувањето на нормите во училиштето;
- Најголем број на адолесценти кои имаат нарушено однесување се на возраст од 16-17 години;
- Дисфункционалноста во семејството не е единстената причина за појава на нарушено однесување кај адолесцентите.

## 17. ПРЕДЛОЗИ И ПРЕПОРАКИ ОД РАЗГОВОРОТ СО ВРАБОТЕНИТЕ ВО СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ

Со ова истражување се добиени многу информации и изведени се многу заклучоци кои предизвикуваат различни асоцијации, отвараат многу прашања, а не ретко и сугерираат на многу решенија. Испитаниците во ова истражување дадоа многубројни предлози и сугестии, од кои повеќето беа добро формулирани, убедливо образложени и оправдани. Затоа наместо заклучок наведени се сите оние предлози и препораки кои се од системски карактер и се однесуваат на младите во средна адолесценција вклучени во образовниот процес:

- Заедничко дефинирање на нарушеното однесување за да може да се оствари дијалог за креирање на превентивни активности и активности за справување со истото;
- Преземање одговорност и учество на сите чинители во креирањето и спроведувањето превентивни мерки и мерки за справување со нарушеното однесување;
- Воспоставување на национална политика, процедури и механизми за превенција и справување со овој проблем во училиштата;
- Развивање на политики, процедури и протоколи за превенција и справување со учениците кои манифестираат нарушено однесување;
- Промовирање на знаење и вештини за брза идентификација на промените во однесувањето;
- Организирање на едукативни предавања во училиштата преку подготовка на превентивни програми за промените во однесувањето во која активно ќе бидат вклучени и родителите;
- Спроведување активности и програми за запознавање и почитување на различностите, соработка и заеднички активности меѓу учениците од различни групи;

- Поголема соработка на училиштата со локалната заедница, други институции и организации, со цел овозможување целосна општествената грижа и заштита на правата на децата;
- Потребна е поинтензивна соработка на училиштата со Центрите за социјална работа и службите за заштита на менталното здравје за навремено делување и спречување на нарушувањата во однесувањето кај адолесцентите;
- Треба да се воспостави формален систем (уреден според посебни закони) за соработка на надлежните институции;
- Развивање на критериуми за преземање соодветни дејствија при манифестирање на нарушено однесување кај адолесцентите;
- Подготовка на службени упатства и протоколи што го уредуваат упатувањето и преземените дејствија со учениците кои манифестираат нарушено однесување;
- Потребно е установите за образование и воспитание да изготват Правилник за протоколот на постапување во установата во одговор на насилството, бидејќи во најголем број нарушеното однесување се манифестира преку агресија и насилство, кој ќе биде секогаш достапен за учениците, вработените во училиштето и родителите/старателите на учениците;
- Потребно е установите за образование и воспитание, во преземањето на мерките за превенција и заштита од насилство да остварат соработка со органите за старателство, полицијата, здравствените установи, правосудните органи и со други органи, организации и установи и согасно тоа да бидат иницијатори за заеднички средби, конференција каде ќе биде дискутирано за овој значаен проблем;
- Потребно е Министерството за образование и наука, во соработка со другите органи, организации, установи и правни лица, да им обезбедат на сите ученици редовна едукација за развивање на толеранција и ненасилна комуникација, појавни облици на насилство, злоставување и занемарување, како и ефикасни начини за спротивставување и спречување на насилството;
- Потребно е Министерството за образование и наука, во соработка со другите органи, организации, установи и правни лица, да им обезбедат на сите наставници посебни периодични едукации за развивање на толеранцијата,

ненасилната комуникација, насилството, злоставувањето и занемарувањето, неговите појавни облици и ефикасни начини за превенција и сузбивање на насилството;

Секако овде не се изложени сите предлози и идеи со кои се соочив во рамките на ова истражување, туки само оние кои се поврзани со резултатите од истражувањето. Некој од нив се темелат на податоци, а дел се дискутабилни идеи, отворени прашања за кои долго може да се дискутира.

Во секој случај, ова истражување ја наметнува потребата од една широка, стручна (а не само политичка) дебата кога станува збор за реформи во системот на заштита на децата во училиштата во Македонија.

## ПРАКТИЧНИ ИМПЛИКАЦИИ ОД НАОДИТЕ

И покрај наведените недостатоци, можеме да кажеме дека потврдивме одредени наоди од досегашните истражувања.

Нарушеното однесување меѓу учениците и причините кои доведуваат до вакви форми на однесување интензивно се проучуваат во последните години бидејќи одделни видови на нарушено однесување меѓу учениците добиваат некои нови димензии. Истражувањата на оваа тема треба да послужат да се создадат услови за квалитетно растење на децата во семејството и да се поттикнат прифатливи обрасци на однесување, а училиштето да стане сигурно место за сите ученици.

Ова истражување може да претставува поттик за некои идни истражувања на овие многу сложени проблеми. Некои ограничувања и слабости во нашето истражување можеби ќе инспирираат и поттикнат некои други исти или слични истражувања да ги проверат. Исто така, може да се истражува поврзаноста на пореметеното однесување и дисфункционалноста на семесјтвото во основно училиште поаѓајќи од поинаква концепција и со користење на други техники и методи.

Да се работи со учениците за развивање позитивна слика за себе, да се унапредува здравата комуникација во училиштето и семејството, јасно да се истакнува ставот за неприфаќање на насилството се многу важни активности кои би можеле превентивно да влијаат на намалување на нарушеното однесување меѓу учениците во основните и средните училишта.

Нашето истражување имаше цел да укаже на некои од причините кои довеле до појава на нарушено однесување. Училиштето треба да има цел да се намали колку што е можно насилството во рамки на училиштето и надвор од него, да се спречи појавата и на други видови антисоцијално однесување, кои во голема мера се присутни кај учениците и да се пренасочи во општествено прифатливо однесување. До денеска има голем број на истражувања, но и понатаму не е потполно разјаснета етиологијата на нарушеното однесување, а уште е посложено да се спречи оваа појава. Нарушеното однесување се јавува во сите аспекти од животот на личноста, почнувајќи од семејството, преку училиштето се до слободното време, а најподложни на нарушено однесување се сметаат младите кои се во процес на созревање и формирање на идентитет и животни ставови. Сите сегменти на општеството мора да го согледаат нарушеното однесување на децата како сериозен општествен проблем на чија појава во голема мера влијае општата атмосфера во семејството, ставовите на родителите кон детето, како и самопочитувањето. Училиштето за да влијае превентивно потребно е да развие програма за работа со родителите и програма за работа со учениците. Исто така од исклучителна важност неопходно е во наредниот период превентивно да се делува како на активните така и на пасивните форми на нарушено однесување кај адолесцентите. Во работата со учениците потребно е да се дизајнира програма за развивање на комуникациските вештини и да им се даде јасна и цврста поддршка на општествените вредности, работејќи особено на градење на емоционален однос кон нив. Истражувањата во светот во последниве години, сé повеќе се насочени кон лонгитудинално следење на децата кои манифетираат нарушено однесување и нивното натамошно прилагодување. Еден од методолошките проблеми на ова истражување може да биде и тоа што резултатите се темелат на самопроценка на децата. Во идните истражувања би можеле да се вклучат и други мерки кои би придонесле за објективноста, како набљудување на децата во природни услови.

## 18 . РЕЗИМЕ


Нарушувањата во однесувањето кај адолесцентите се сериозен проблем, за што досега на нивó на Р. Македонија не се направени посериозни опсежни анализи за да се испитаат причините за појавата на истиот.

Овој труд е посветен за идентификување на етиолошките причини за појавата на нарушеното однесување со посебен осврт на влијанието на семејството односно неговата функционалност како и кои воспитни стилови што ги применуваат родителите кај адолесцентите кои манифестираат нарушено однесување се со цел да се дизајнираат превентивни програми за спречување на појавата на нарушеното однесување.

Етиолошкиот пристап се темели на утврдување на факторите поврзани со теориите за развојот на личноста како и социјалните фактори кои придонесуваат за појава на нарушеното однесување низ објективни емпириски постапки за постоењето на ризичните факторите на појава на нарушеното однесување кај адолесцентите. Направени се испитувања во областа на поедини карактеристики на семејните односи, родителските воспитни стилови, социо-економскиот статус и видовите на нарушено однесување кои ги манифестираат адолесцентите во средна адолесценција.

Мора да истакнеме дека основна цел на овој труд беше да го покажеме значењето на семјството и неговите функции и влијанието врз однесувањето на адолесцентите како и примената на воспитните стилови од страна на родителите.

Овој труд се обиде да даде одговор на прашањето дали дисфункционалноста во семејството е клучен фактор за појавата на нарушеното однесвање.

Нарушеното однесување кај адолесцентите се манифестира на повеќе начини и тоа преку лош однос кон врсниците, недобар однос кон наставниците, слаб школски успех, конзумирање на алкохол, пушење, кршење на нормите во училиштето, отсуство од часови и доаѓање во судир со законот.

Трудот е поделен во два дела. Во првиот дел, А) теоретскиот, се обидовме да ги презентираме содржините кои сметавме дека ќе дадат поцелосна слика за проблемот што го обработуваме. Дадовме поцелосно објаснување во дефинирањето на проблемот нарушено однесување, и класификацијата на пореметеното однесување каде и ги презнтиравме најчесто застапените активни нарушувања.

Посебен акцент е посветено на адолесцентниот период, идентитетот во адолесценцијата и односите со родителите во периодот на адолесценција. Исто така во овој труд ги презентиравме причините за појава на нарушеното однесување од психолошки, биолошки и социјален аспект каде најголем дел се посвети на влијанието на семејството.

Од причини што нарушеното однесување кај адолесцентите некако е заобиколена тема на секојдневието, посветено е внимание и во делот на примарната превенција со цел да се елиминираат ризичните однесувања на адолесцентите.

Вториот дел содржи: Б) емпириска анализа на добиените податоци од спроведеното анкетирање со кое дојдовме до сознанија за најчестите видови на нарушено однесување кое го манифестиаат адолесцентите и нивната поврзаност со функционалноста/дисфункционалноста на семејството, и воспитните стилови .

Со сите презентирани резултати се дојде до сознание дека дисфункционалноста во семејството има влијание за појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите, но не како единствена причина туку како ризик фактор, кој заедно со други околности како што се социо-економскиот статус, образовното ниво́ на родителите, средината каде живеат адолесцентите, начинот на воспитување, воспитните стилови кои ги применуваат родителите, присуството и на други болести на зависност пр. алкохолизмот во семејството, придонесуваат за појавата на нарушено однесување кај адолесцентите.

Од се што е изнесено во нашиот труд се добива впечаток дека причините за појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите не треба да се бараат исклучно во дисфункционалноста на семејството.

Иако дисфункционалните семејства се јавуват како ризик фактор за појавата на нарушеното однесување, но исто така и родителиските воспитни стилови се во директна корелација со промените во однесувањето.

## 19. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Арнаудовски Љ. (1983), *Предавања по социјална патологија,* Скопје, Новинско - издавачка куќа стр. 237.
- Ajduković, M., Ručević, S. i Šincek, D. (2008.), *Istraživanje rasprostranjenosti rizičnog i delinkventnog ponašanja djece i mladih u ur- banim sredinama - dodatni poticaj za ciljanu prevenciju.* Dijete i društvo, 10 (1/2): 27-47.
- Белевска Д. (1999) *Психолозите и семејството.* Скопје: НИП „Ѓурѓа".
- Бојкоска S.(1988), *Социо-психолошките причини за нарушено однесување во рана адолесценција,* Скопје: Универзитет „Свети Кирил и Методиј".
- Blazević D. & Stranić – Cividini M, Dvorzak - Beck M., *Medicinska psihologija* , Zagreb: Jugoslovenska medicinska naklada.
- Bouillet, D., Uzelac, S., (2006): *Osnove socijalne pedagogije,* Zagreb: Skolska Knjiga.
- Boullet, D. (2008) *Institut za drustvena istrazivanja u Zagrebu.*
- Bouillet D. & Uzelac S. (2007), *Osnove Socijalne Pedagogije,* Zagreb: Skolska Knjiga.
- Varga E. (1985), *Na putu ka odraslosti*, Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.
- Vigotski L, (1987), *Osnovi defektologije,* Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.
- Георгиевски Р., (1972), *Социјалното потекло и животната ориентација на средношколската младина,* Скопје: Институт за социолошки и политички истражувања, стр. 35,41.
- Golubović Z.,(1981), *Porodica kako ljudska zajednica,* Naprijed, Zagreb.
- Gudelj M., *Skolska omaldina, alcohol,duhan,droga,*Stvsrnost, Zagreb.
- Gudjons, H., (1994), *Pedagogija, Educa,* Zagreb.
- Giesecke, H., (1993.), *Uvod u pedagogiju, Educa,* Zagreb
- Гордон, Т. (1997), *Умеће родитељства – како подизати одговорну децу.* Креативни центар, Београд.
- Goodman F.R. & Gurian, A. (2001), Parenting styles/ Children's temperaments: The Match. NUY Child Study Center.
- Грандић, Р. (1996), *Проблеми породичног васпитања и њихов утицај на васпитање деце.* Нови Сад: Педагошка стварност, стр. 7-8, 373-385.
- Грандић, Р. (1997), *Породична педагогија.* Нови Сад: Филозофски факултет.
- Darling, N. (1999). Parenting styles and its correlates. Clearinghouse on elementary and early education.
- Dolland,J., (1961) *Frustration and Aggression* (University of Cologne).

- Dweck, C. S. (1999) Self-Theories: Their Role in Motivation, Personality, and Development. 2000, Philadelphia: Taylor & Francis.
- Ђорђевић, М. и сарад. (1994): *Како успешно васпитавати.* Ниш: Градина.
- Dzordzevic, B.(1981), *Razvojna psihologija,* Београд: Dečje novine.
- Đorđevič D., (1981), *Razvojna psihologija-trece prosireno izdanje,* Gornji Milanovac: Decje novine.
- Еванс, Ф. (1975), *Мотивација,* Скопје: Филозофски факултет Скопје.
- Erik, L & ćurcić, V. (priredili) (1997). Adolescencija. Identitet, psihopatologija, psihoterapija. Zbornik radova, IP Zarko Albulj Beograd.
- Erlanger A. Turner, B.S. & Robert W. Heffer, (2005). Ph.D.Texas A&M University.
- Ерик Љ. Ќурик В.,(1989), *Адолесценција* Клиничко болнички центар „Др. Драгиша Мишовиќ" , Дедиње, Клиника за психијатрију стр.7-11.
- Ekerman N., (1987), *Psihodinamika porodićnog života – dijagnoza i lećejne semejnih odnosa,* Titograd Grafićki zavod, Титоград.
- Жлебник Л.,(1972), *Детета и младих* III део адолесценција, Делта прес, Београд.
- Zvonarevic M. (1981), *Socijalna psihologija,* Zagreb Skolska kniga, str.210,211, 580.
- Zvonarevic M. (1985), *Socijalna psihologija,* Zagreb, Skolska kniga, str.135.
- Илић, М., Николић, Р., Јовановић, Б. (2006): *Школска педагогија.* Бања Лука, Ужице: Учитељски факултет у Ужицу, Филозофски факултет Бања Лука.
- Јовановић, Б. и Николић, Р. (2003), *Школска и породична педагогија – практикум.* Јагодина, Учитељски факултет.
- Јовановић, Б. прир. (1998), *Породично васпитање, изабрани текстови.* Јагодина: Учитељски факултет у Јагодини.
- Kapor-Stanulović, N. (1988), *Na putu ka odraslosti,* Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.
- Котева – Мојсовска, Т. (2006), *Семејното воспитание и социјалното однесување на децата* ,Академски печат, Скопје.
- Košiček, M. (1990), *Antiroditelji.* „Svjetlost", OOUR Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Sarajevo, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd.
- Košiček, M. i Košiček, T. (1965), *I vaše dijete je ličnost.* Zagreb: Panorama.
- Kecmanović D., (1975), *Socijalna psihijatrija sa psihijatriskom sociologijom* Sarajevo: „SVIJETLOST", Izdavaćko preduzeće.
- Kecmanovič D., (1983), *Psihijatrija,* Beograd-Zagreb: Medicinska knjiga стр. 573,574,579-582.

- Kreć D., Kracfild R., Elementi psihologije, (1978), Naućna knjiga ,Beograd стр. 605-612,638-642.
- Košiček, M. (1990), *Antiroditelji.* Beograd „Svjetlost", OOUR Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Sarajevo, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.
- Лацковић-Гргин, К. (1982), *Родитељски стил васпитања и социјално понашање* Београд : ученика. Зборник ИПИ, бр.15.
- Лазаревски Ј., (1980), Основи на педагошката психологија, Скопје: Универзитет „ „Св.Кирил и Методиј", стр.315-318.325-328,313-333.
- Marković Jasminka, Dragan Mitrovićl, Svetlana Ivanović-Kovačevićl, Valentina Šobotl, Jelena Srdanovićl, (2008), *Karakteristike porodicne stukture i komunikacija porodicama sa decom sa poremecajem ponasanja* UDK 616.89-053.2:316.356.2.
- Mikšić, D (1987) Čovjek i njegova društvena okolina, Sveučilišna naklada Liber, Zagreb стр.123.
- Matić V., (1980), Psihopatologija detinjstva i mladosti, Savez drustva psihologa S.R.Srbija, Beograd стр. 14-15.
- Mladenović N.,(1974), *Uvod u sociologiju porodice,* Beograd, Rad стр. 32-33.
- Matejević, M. (2007), *Vrednosne orijentacije i vaspitni stil roditelja,* Niš, Univerzitet u Nišu, Filozofski fakultet.
- Медић, С. и сар. (1997), *Школа за родитеље,* Београд: Институт за педагогију и андрагогију Филозофског факултета.
- Matejević, M. (2007), Vrednosne orijentacije i vaspitni stil roditelja. Univerzitet u Nišu, Filozofski fakultet, Niš.
- Milojković M. & Srna J. &Mićović (1997), *Porodična terapija,* Beograd: Centar za brak i porodicu, стр.7.
- Mavis K., (1994), *Uspešan roditelj,* Beograd: „BEOGRAF".
- Morić – Petrović S., (1987), Psihijatrija – Udzbenik za student medicine, Medicinska knjiga, Beograd – Zagreb.
- Нагулић, М (1998), Развој детета. Виша школа за образовање васпитача предшколских установа, Крушевац.
- Николић, Р. (1998), Континуитет успеха ученика основне школе. Институт за педагогију и андрагогију Филозофског факултета Београд, Београд.
- Несторовска –Арсовска К., ( 1997), Битола, *Соработка на училиштето со родителите* „Микена" стр.42-47.
- Нешић, Б. и Радомировић, В. (2000), *Основе развојне психологије.* Јагодина: Учитељски факултет.

- Нешиħ, С:, Радомировиħ, В. (2003): Основе развојне психологије. Јагодина, Учитељски факултет у Јагодини.
- Нагулиħ, М (1998), *Развој детета.* Виша школа за образовање васпитача предшколских установа, Крушевац.
- Николиħ, Р. (1998). *Континуитет успеха ученика основне школе.* Институт за педагогију и андрагогију Филозофског факултета Београд, Београд.
- Pečjak V.,(1984), *Stvaranje psihologije-knjiga razgovora,* „Svetlost", OOUR Zavod za udžbenike i nastavna sredstva Sarajevo- Beograd стр.216-217.
- Petrovič D., (1979), *Prestupništvo maloletnika – kakoa nastaje u kako ga sprećiti?,* Zbornik institute za kriminološka istraživanja, vol 5,Beograd.
- Prodanović, Lj. (1981), Dete hoće, a vi? „Svjetlost", OOUR Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Sarajevo.
- Рот, Н. (1994), *Психологија личности.* Завод за уџбенике и наставна средства, Београд.
- Rot N., (1987), *Osnovi socijalne psihologije,* Zavod za udžbenike i nastavna sredstva Beograd стр.113-126.
- Rot, N. (1978), *Psihologija lićnosti,* Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd.
- Сулејманов З. & Стојановски Н., (2002), *Социјална патологија,* Филозофски факултет, Скопје.
- Sovak M., (1979), *Specijalna pedagogika,* Pobjeda, Novinsko izdavacko poduseče Titogad стр. 154-158.
- Singer M. : *Kriminologija,* (1996), Друго izdanie, Globus, Zagreb, str 220.
- Станојловиħ, Б.(1988), *Актуелност педагошких схватања А. С.Макаренка* о породици и породичном васпитању. Београд, Настава и васпитање, 3, стр. 299-302.
- Станојловиħ, Б. (1992), *Породица и васпитање деце.* Научна књига, Београд.
- Stanojlović, B. (1999), *Porodica i razvoj ličnosti deteta.* Beograd, Pedagogija, 1-2, str. 86-93.
- Трајкова - Стаменкова В.,(1995), Психологија, Универзитетска печатница „ Св. Кирил и Методиј" ,Скопје стр.392.
- Трајкова - Стаменкова В., (1997), Ментална Хигиена, НИП „Студентски збор", Скопје стр. 161-164,170-174.
- Трајкова - Стаменкова В,(1990) *Поремеќени породични односи – узрок запуштања и злостављања деце,* во Зборник 2, Меѓународен конгрес за правата на децата, Шибеник.
- Tadić N., (1971), *Psihijatrija detinjstva i mladosti,* Naućna knjiga, Beograd стр.9-18,28,30-32,46,57,235,237.
- Tadić N.,(1981),*Psihijatrija detinjstva i mladosti,* Naućna knjiga, Beograd стр. 236.

- Tomić R., (2006), *Savjetodavni odgojni rad,* Nacionalna i univerzitetska biblioteka Bosne i Hercegovine,Tuzla.
- Hadži Antonović, O. (1979), *Malo dete – velika zagonetka.* Vuk Karadžić, Beograd.
- Hrnica S.(1981), *Opsta psihologija za psihologijom licnosti,* Drugo izdanje,Naucna knjiga, Beograd.
- Hrnica S.,(1978), *Opšta psihologija sa psihologijom ličnosti,* Štamparija „Bakar", Bor, стр. 209-210.
- Čuturič N., (1970), *Razvojne smetnje u razvoj dečjoj dobi,* Jugoslovenska pedijatrija, Zagreb стр.114-115.
- Čuturič N., (1972), *Današanje dete i poremečaji ponašanja,* Beograd стр. 356,359.
- Шкариќ – Мурџева О., (2009 ),*Психологија на детството и на адолесценцијата* (Развојан психологија I), Скопје : Филозофскин факултет, стр. 265.


## Други извори:


- Adolescence, vol. 32, Number 125, Spring 1997, Libra publischer, Inc., 3089c. Clairemont dr.suite 389, San Diego,CA 92 117.
- Develop-mental *Psychopathology.* Vol 1:23-56. New York, NY: John Wiley & Sons.
- *Društvena kriza i deca* (1991), Prilozi istraživanjima problema porodice i dece u uslovima krize,Institut za sociološku politiku, Beograd стр.3-5.
- Истражување - Институт за социолошки и политичко правни истражувања, *Ефикасноста на мерките што се применуваат спрема малолетните лица* Уницеф Скопје 2005,) стр.16,62.
- *Педагошки лексикон* (1996), Београд,.Завод за уџбенике и наставна средства.
- Pedagoška enciklopedija 2 (1989), Zagreb, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd; IRO „Školska knjiga", SOUR „Svjetlost", OOUR Zavod za udžbenike i na-stavna sredstva, Sarajevo; Republički zavod za unapređivanje vaspitanja i obrazovanja, OOUR Izdavanje udžbenika i udžbeničke literature, Titograd; Zavod za izdavanje udžbenika, Novi Sad.
- *Социјализација* – во сп.Прилози Зборник на трудови (1992), Друштво за наука и уметност, Друштво за психолози, Битола.
- Costello EJ, Angold A. (1995). *Developmental epidemiology.* In: Cicchetti D and Cohen D, (*Eds.*)
- H.B. Inglis и A.Inglis: (1972) Obuhvatni recnik psiholoskih pojmova,Svremena administracija, Beograd, Според (S.Hrnica, 1981 стр.16).
- Закон за социјална заштита Сл.весник бр. 23/2013, Сл.весник бр. 148/2013

- Закон за семејство Сл.весник бр.80/92, Сл.весник бр. 115/2014, Сл.весник бр. 153/2014
- Закон за заштита на деца Сл.весник бр.170/2013, Сл.весник бр. 23/2013, Сл.весник бр. 22/2014
- Закон за правда на децата Сл.весник бр.29/2013
- Закон за изменување и дополнувње на законот за основно образование Сл.весник бр.18/2011
- Закон за основно образование Сл.весник бр.103/2008, Сл.весник бр. 135/2014
- Закон за средно образование Сл.весник бр.44/1995, Сл.весник бр. 135/2014
- Закон за педагошката служба Сл.весник бр.10/2011
- Програма за советување на ученици во средни училишта Сл.весник бр.160/2013
- Програма за советување на ученици во основни училишта Сл.весник бр.160/2013
- Упатство за изрекување на педагошки мерки Сл. весник бр.47/2005


## Интернет:


- http://www.feministvoices.com/augusta-fox-bronn... -- 01.06.2014
- http://www.psihijatrija.com/.../POREMEcAJI%20L..) 09.05.2014
- http://www.simplypsychology.org/bowlby.html za teorijata na John Bowwlby 1907-1990) 01.06.2014
- http://www. onlinelibrary.wiley.com › . 01.06.2014
- http://www.getcited.org/pub/102896398. 01.06.2014
- http://www.uws.edu.au/staff.../doctor_sue_roffey 01.06.2014
- http://www.aktuelnosti.org/.../2008%5B3-4%5D0... 08.-6.2014
- http://www.antenazagreb.hr/.../pokazimo%20im%...08.-6.2014
- http://www.medvescak.com/.../Pokazite%20im%2...08.06.2014
- http://www.novosti.rs/.../zivot_+.75.html:325578-...08.06.2014
- http://www.fpn.bg.ac.rs/wp.../alk_porodica.doc. 15.06.2014
- https://www.ncjrs.gov/html/.../page3.html 16.06.2014
- http://www.sanamed.rs/sanamed_pdf/sanamed_2/ZRELE_ORIJENTACIJE_U_MORALNOM_RASUDJIVANJU 06.09.2014
- http://www.suboticke.net/arhiva/broj%2011/strane/oni%20dolaze.htm 21.12.2013
- http://www.pedagog.org.yu/GTZ/adolescencija/adolescencija.pdf 08.04.2014
- http://edrev.asu.edu/reviews/rev88.htm 21.05.2013
- http://psychology.tamu.edu/posters/earlturner2005.pdf.22.03.2013
- http://findarticles.com/p/articles/mi_m2294/is_n9-10_v29/ai_14983171 10.04.2014

- http://www.poliklinika-djeca.hr/aktualno/teme/adolescencija-%E2%80%93-izazovi-odrastanja/ 20.04.2014
- http://www..ffos.hr/.../Psihosocijalni_aspekti_nasilja_u_suvremenom_drustvu_z...
- http://www.slideshare.net/.../pojmovna-odreenja-p... 10.05.204
- http://www.os-kastanjer-pu.skole.hr/.../ALKOHOL 26.08.2014
- http://www.researchgate.net/.../27204586_IMBEN 05.09.2014
- http://vsipfze.weebly.com/.../3._handout-_poreme... 23.07.2014
- http://www.poliklinika-djeca.hr/aktualno/teme/adolescencija-%E2%80%93-izazovi-odrastanja/ 12.08.2014
- http://web.ffos.hr/.../Psihosocijalni_aspekti_nasilja_u_suvremenom_drustvu_z...)25.08.2014
- http:// www.slideshare.net/.../pojmovna-odreenja-p...) 20.07.2014
- http://www.psihologijans. org/godisnjak 2005-6.pdf.06.10.2013
- http://www.psihologijans.org/ godisnjak 2004 .pdf.09.10.2013
- http://www.wglasser.com 08.09.2013
- http://www.medindia.net/news/view_news_main.asp?x=6331 04.03.2012
- http://www.aphorisms-galore.info/category/life-and-death/page8.html.08.05.2012
- http://www.athealth.com/Practitioner/ceduc/parentingstyles.html 05.05.2012
- http://www.aboutourkids.org/aboutour/articles/parentingstyles.html. 05.05.2012
- http://www.usewisdom.com/sayings/kids.html. 08.05.2012
- http//en.wikipedia.org/wiki/Adolescent_psyhchology. 05.05.2012
- http://www.dnevnik.mk 01.11.2012
- http://www.k-state.edu/counseling/topics/relationships/dysfunc.html 10.01.2012
- http://www.ncbi.nim.gov/ pumbed10611781 03.02.2012
- http://theparentszone.com 01.12.2011

## 20. ПРИЛОЗИ

Прилог 1- Прашалник за ученикот,

Прилог 2 - Прашалник за стручните соработници,

Прилог 3 - ЕМБУ скала,

Прилог 4 - Faces III

Прилог – 1

# ПРАШАЛНИК - ЗА УЧЕНИКОТ

**I.**

1. Иницијали и возраст ______________________________________________
2. Место на живеење ______________________________________
3. Број на членови во семејството _____________________________
4. Број на деца __________,редослед 1.прво; 2.второ; 3.трето; 4.четврто

**II.**

1. Живеете во 1. Ваша куќа 2. Изнајмена куќа

3. Ваш стан 4. Изнајмен стан

2. Број на членови во соба: 1. 4 и повеќе 2. 2-3 членови 3. 1 член

**III.** Образование на родителите

1. Татко: 1.Без образование 2. Основно 3. Средно 4. Виша 5. Високо 6.___________________
2. Мајка: 1.Без образование 2. Основно 3. Средно 4. Виша 5. Високо 6.___________________

**IV. Примања**

1. Вкупен приход _______ на член по __________ мкд
2. Прима социјална помош 1. Да 2. Не

**V. Вработеност и работно место на родителите**

1. Татко 1. Вработен 2. Невработен 3. Технолошки вишок

2. Работно место: __________________________________

3. Мајка : 1. Вработена 2.Невработена 3. Технолошки вишок

4. Работно место: __________________________________

**VI.**

1. Какви се меѓусебните односи во семејството? 1. Добри 2. Лоши
2. Дали во твоето семејство доаѓа до чести несогласици (кавги)?

1. Да 2.Не

3. Наведи што е најчеста причина во семејството за кавгите (несогласици):
______________________________________________________________

4. Дали твојот родител секојдневно користи алкохол „неможи без да се напие"?
5. 1. Да 2.Не
6. Моите родители често ме казнуваат
   1. Да 2.Не
7. Која казна најчесто ја применуваат врз тебе ?
______________________________________________________________
8. Кој од родителите се однесува подобро кон тебе?
   1.Татко 2. Мајка
9. Од кој родител си повеќе казнуван?
   1.Татко 2. Мајка
10. Заради кои причини најчесто те казнуваат?
______________________________________________________________
11. Дали можеш да го процениш сопственото однесување и тоа како?
   1. Добро 2. Лошо 3. Многу лошо

12. Дали често доаѓаш до недоразбирање со твоите врсници?
   1. Да 2.Не
   - Наставници
   1. Да 2.Не
13. Какво е твоето однесување кон врсниците?
   1. Добро 2. Лошо
14. Каков успех покажуваш во училиштето? ______________________

15. Колку често отсуствуваш од училиштето? ______________________
   1.Често 2.Ретко 3.Понекогаш 4.Никогаш

16. Каде и како го користиш слободното време?
______________________________________________________________

17. Дали пушиш цигари 1.Да 2.Сум пробал 3.Не

18. Дали пиеш алкохол 1.Да 2.Сум пробал 3.Не

19. Си дошол ли досега во судир со законот (повикан од полиција, центар за социјална работа) заради твоето однесување ______________________

20. Дали си бил повикан од страна на психологот и педагогот во твоето училиште:
   1. Да 2 .Не
21. Ако си бил повикан наведи зошто?

______________________________________________________________

Прилог - 2

**П Р А Ш А Л Н И К за стручната служба**

**(педагог, психолог, социолог)**

1. Иницијали на ученикот и возрст ______________________________

2. Школски успех ___________________________________________

3. Поведение _____________________________________________

4. Изречени педагошки мерки:

    - Писмена опомена
    - Опомена пред отстранување
    - Отстранување од училиште
    - Друго ______________________________________________

    _______________________________________________________

    _______________________________________________________

5. Агресивно однесување во училиштето:

    - Нарушување на училишниот ред
    - Непримерен однос кон наставниците
    - Непримерно однесување со другите ученици
    - Крадење
    - Лажење
    - Уништување на училишниот инвентар
    - Непочитување на нормите во училиштето
    - Доаѓање во училиштето под дејство на алкохол

6. Неоправдано изостанување од часови (број на неоправдани часови) _____

7. Ваша описна оцена за поведението на ученикот ____________________

    _______________________________________________________

    _______________________________________________________

Прилог – 3

ЕМБУ – скала

*Овој прашалник ги испитува воспитните стилови во семејството. Кога ќе кажеме* ***семејство*** *мислиме на Вашите родители или старатели, т.е. луѓето кои Ве подигнале и воспитале. Ваша задача е да процените колку секое тврдење се однесува на Вашите мајка и татко. Ставете го знакот „X„ под оној одговор кој е најсоодветен за Вашата мајка, а знакот „S„ под одговорот најсоодветен за Вашиот татко. Доколку по Ваша проценка родителите постапуваат на ист начин, означете истовремено и со „X„ и „S„. Обидете се да одговарате искрено.*
*ВИ БЛАГОДАРАМ НА СОРАБОТКАТА.*

| | мајка | | татко | |
|---|---|---|---|---|
| *ТВРДЕЊА* | *не, никогаш* | *да, но ретко* | *да, често* | *да, речиси секогаш* |
| 1а. Ми беше тешко да им угодам на моите родители, мајка ми од мене очекуваше едно, а татко ми друго. | | | | |
| 2а. Моите родители меѓу себе имаа несогласувања околу тоа што ми е дозволено, а што не ми е. | | | | |
| 3а. Се случувало моите родители да не го исполнат ветувањето што ми го дале. | | | | |
| 4а. Имав чувство дека моите родители всушност не знаат што сакаат од мене. | | | | |
| 5а. Се случувало да не знам како моите родители ќе реагираат на тоа што сум го направил/а. | | | | |
| 6а. Се случувало моите родители да имаат свои проблеми (на работа, дома и сл.) и затоа да бидат лути и нерасположени кон мене. | | | | |
| 7а. Кога родителите беа добро расположени ми дозволуваа работи кои вообичаено не смеев да ги правам. | | | | |

| ТВРДЕЊА | мајка | | татко | |
|---|---|---|---|---|
| | *не, никогаш* | *да, но ретко* | *да, често* | *да, речиси секогаш* |
| 1. Мислам дека родителите ми се мешаа во сè што правам. | | | | |
| 2. Моите родители со зборови и дела покажуваа дека ме сакаат. | | | | |
| 3. Родителите ме разгалија повеќе во споредба со моите браќа и сестри. | | | | |
| 4. Моите родители подолго време одбиваа да зборуваат со мене кога ќе направев нешто што не треба. | | | | |
| 5. Родителите ме казнуваа и за ситници. | | | | |
| 6. Родителите се обидуваа да влијаат врз мене за да станам некој многу важен човек. | | | | |
| 7. Мислам дека барем едниот од моите родители сакаше да бидам поинаков/ва. | | | | |
| 8. Родителите ми овозможуваа работи кои на моите браќа и сестри не им ги овозможувале. | | | | |
| 9. Кога ќе направев некоја глупост сè се средуваше доколку ги замолев родителите за прошка. | | | | |
| 10. Родителите сакаа да одлучуваат што треба да облечам и како да изгледам. | | | | |
| 11. Имам чувство дека моите родители повеќе ги сакаа моите браќа и сестри. | | | | |
| 12. Моите родители кон мене се однесуваа неправедно (лошо) во споредба со моите браќа и сестри. | | | | |
| 13. Се случувало родителите нешто да ми забранат од страв дека нешто лошо може да ми се случи, а истото тоа да им го дозволат на моите браќа и сестри. | | | | |
| 14. Се случувало да ме тепаат како дете и да ме понижуваат во присуство на други луѓе. | | | | |
| 15. Моите родители водеа грижа за тоа што правам јас навечер. | | | | |
| 16. Кога нешто лошо ќе ми тргнеше, чувствував дека родителите се обидуваат да ме смират и охрабрат. | | | | |
| 17. Родителите физички ме казнуваа повеќе отколку што било потребно. | | | | |
| 18. Родителите ми се лутеа доколку не помагав дома како што ми било кажано. | | | | |
| 19. Моите родители беа тажни или на друг начин се обидуваа да ми покажат дека лошо сум се однесувал/а, така што имав чувство на вина. | | | | |
| 20. Чувствував дека е тешко да се доближам до моите родители. | | | | |
| 21. Се случуваше моите родители да им | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| раскажуваат на другите што сум рекол/-ла или направил/-ла така што се чувствував засрамен/-на | | | | |
| 22. Чувствував дека родителите ме сакаат повеќе од моите браќа и сестри. | | | | |
| 23. Моите родители покажуваа желба да имам добри оценки. | | | | |
| 24. Ја чувствував поддршката од моите родители кога наидував на некоја потешкотија. | | | | |
| 25. Бев „црна овца„ или „жртвено јагне“ во семејството. | | | | |
| 26. Се случуваше моите родители да сакаат да бидам како некој друг. | | | | |
| 27. Моите родители ги критикуваа моите пријатели со кои често се гледав. | | | | |
| 28. Имав чувство дека моите родители ме сметаат за виновен/на за нивната несреќа. | | | | |
| 29. Моите родители се обидуваа да ме форсираат да бидам најдобар/ра. | | | | |
| 30. Родителите покажуваа дека ме сакаат. | | | | |
| 31. Мислам дека родителите го почитуваа моето мислење. | | | | |
| 32. Чувствував дека моите родители со задоволство го минуваат времето со мене. | | | | |
| 33. Мислам дека моите родители беа зли и ладни кон мене. | | | | |
| 34. Моите родители знаат да кажат „Ако го направиш тоа ќе ни биде многу жал„. | | | | |
| 35. Кога ќе се вратев дома морав да кажам каде сум бил/а и што сум правел/а. | | | | |
| 36. Мислам дека моите родители се трудеа да имам интересен живот и да научам што е можно повеќе (на пр. ми купувале книги, ме праќале на летување). | | | | |
| 37. Родителите ме фалеа. | | | | |
| 38. Се случувало да имам грижа на совест затоа што не се однесувам онака како што моите родители би сакале. | | | | |
| 39. Мислам дека родителите ми поставуваа високи барања за училишен успех и спортски резултати. | | | | |
| 40. Сум можел/а да побарам утеха од родителите кога сум била тажен/на. | | | | |
| 41. Се случувало родителите да ме казнуваат иако ништо не сум направил/а. | | | | |
| 42. Родителите ми дозволуваа работи што им беа дозволени и на моите пријатели. | | | | |
| 43. Родителите ми зборуваа дека не го одобруваат моето однесување дома. | | | | |
| 44. Родителите ме критикуваа и ми зборуваа дека сум мрзелив/а и некорисен/а во присуство на други | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| луѓе. | | | | |
| 45. Кога нешто ќе се случеше, од сите браќа и сестри родителите ме обвиниуваа мене. | | | | |
| 46. Родителите беа груби кон мене. | | | | |
| 47. Родителите многу ме казнуваа, дури и за ситници. | | | | |
| 48. Се случувало родителите да ме тепаат без причина. | | | | |
| 49. Ми се случувало да посакам моите родители помалку да се грижат за тоа што го правам. | | | | |
| 50. Моите родители се вклучуваа во моите интереси и хобиа. | | | | |
| 51. Родителите ме тепаа. | | | | |
| 52. Ми беше дозволено да одам каде што сакам а моите родители многу да не се грижат за тоа каде сум. | | | | |
| 53. Моите родители поставуваа јасни граници што смеам а што не смеам да правам и строго се придржуваа до нив. | | | | |
| 54. Однесувањето на моите родители кон мене ми предизвукуваше срам. | | | | |
| 55. Моите родителите на моите браќа и сестри им дозволуваа работи што мене не ми ги дозволувале. | | | | |
| 56. Мислам дека грижата на моите родители дека може да ми се случи нешто беше претерана. | | | | |
| 57. Мислам дека во моите односи со родителите владееше топлина и нежност. | | | | |
| 58. Моите родители ме почитуваа затоа што имам поинакви ставови од нивните. | | | | |
| 59. Се случувало моите родители да бидат нерасположени кон мене, а да не ми кажат зошто. | | | | |
| 60. Ми се случувало моите родители да ме испратат на спиење без вечера. | | | | |
| 61. Чувствував дека моите родители се горди на мојот успех. | | | | |
| 62. Бев омилено дете на моите родители. | | | | |
| 63. Моите родители ме бранеа обвинувајќи ги моите браќа и сестри и тогаш кога јас бев виновен/на. | | | | |
| 64. Родителите ме гушкаа и галеа. | | | | |

# Прилог – 4

## FACES III

**Името и иницијалот од презимето____________________ Датум_____________**

Овде се изнесени тврдења со кои луѓето обично го опишуваат своето семејство.Ве молам да го прочитате секое од нив и да го опишете вашето семејство такво како што е сега , така што ќе оцените колку често сето тоа се случува во вашето семејство. Ова ќе го направите со запишување на соодветниот број ( од 1до 5) на цртичката пред секое од тврдењата.

| РЕЧИСИ НИКОГАШ | РЕТКО | ПОНЕКОГАШ | ЧЕСТО | РЕЧИСИ СЕКОГАШ |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |

_____ 1. Членовите на семејството бараат помош едни од други.

_____ 2. При решавање на проблемите се уважуваат предлозите на децата.

_____ 3. Ги прифаќаме пријаттелите на секого од членовите на семејството.

_____ 4. Се почитува зборот на децата во нивното воспитување.

_____ 5. Сакаме работите да се одвиваат само во кругот на семејството.

_____ 6. Повеќе наши членови се однесуваат како глава на семејството.

_____ 7. Нашите членови се чувствуваат меѓусебно поблиски отколку со луѓето надвор од семејстото.

_____ 8. Нашето семејство ги минува начините на извршување на задолженијата.

_____ 9. Членовите на семејството сакаат заедно да го поминуваат слободното време.

_____ 10. Родителите и децата заедно расправаат околу дисциплинските мерки.

_____ 11. Членовите на семејството се чувствуваат меѓусебно многу блиски.

_____ 12. Децата учествуваат во донесување на одлуките.

_____ 13. Кога нашето семејство треба нешто заеднички да направи сите се присутни.

_____ 14. Нашите семејни правила се менуваат.

_____ 15. Лесно можеме да го наброиме она што како семејство заеднички го правиме.

_____ 16. Се сменуваме во извршувањето на домашните работи.

_____ 17. Членовите на семејството меѓусебно се советуваат во донесувањето на лични одлуки.

_____ 18.Тешко е да се определи кој е кај нас глава на семејството.

_____ 19. Семејното заедништво нам ни е многу важно.

_____ 20. Тешко е да се каже кој која домашна работа ј извршува.